УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

# *Игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус*

*(докторска дисертација)*

**Ментор:**

Проф. д-р Лена Дамовска

**Кандидат:**

м-р Алма Тасевска

Скопје, 2012

## Содржина

Вовед . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1

*I Теоретски дел*

***Системска и концепциска поставеност на основното образование во Р. Македонија.*** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

1. Историски развој на системската поставеност на основното образование во Р. Македонија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

2. Стратешки, концепциски и системски промени на основното образование во Р. Македонија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .10
   2.1 Стратешката определба на основното образование. . . . . . . . . . . . . . . . . 10
   2.2 Концепциска и системска промена на основното образование. . . . . . . 16
      2.2.1 Теоретска рамка на деветегодишното основно воспитание и образование во Р. Македонија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .18
      2.2.2 Системска и содржинска организација на наставата во новото деветгодишно основно училиште. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 21
      2.2.3 Фази во процесот на имплементација на задолжителното деветгодишното основно образование. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28

3. Потреби и можности за имплементација на игоровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 31

***Методска концептуализација на игровната активност.*** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 41

4.Историски развој на игровната активност. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 42

5. Идеолошки и теоретски основи на игровната активност. . . . . . . . . . . . . . . . . 46
   5.1 Идеолошка традиција на игровната активност. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 46
   5.2 Игровната активност во контекст на различните теории . . . . . . . . . . . . . . 49
      5.2.1 Психоаналитичка теорија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 50
      5.2.2 Когнитивно-развојната теорија и игровната активност. . . . . . . . . . 51
      5.2.3 Културно-еколошката теорија и игровната активност. . . . . . . . . . . 57
      5.2.4 Еволутивно-компаративни теории и игровната активност. . . . . . .58

6. Значењето и улогата на игровната активност во раниот училишен период. . . 60
   6.1 Од игра до игровна активност. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .64

7. Игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус. . . 71
   7.1 Проблемот на дидактичкиот префикс на игровната активност. . . . . . . . . .73
   7.2 Блумовата таксономија во функција на методско конципирање на игровната активност. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 77

7.3 Игровна активност базирана на наставните програми. . . . . . . . . . . . . . . .83
7.4 Методска артикулација на игровната активност. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .86
7.4.1 Специфичности на методската конципираност на игровната активност во одделните програмски подрачја од првиот образовен циклус. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .103
7.5 Педагошките компетенции на наставниците во функција на методско конципирање и реализација на игровната активност. . . . . . . . . . . . . . . .126

Резиме . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..138

*II Методологија на истражување*

1. Предмет на истражување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 142
2. Цел и карактер на истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 143
3. Задачи на истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 144
4. Хипотези . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .147
5. Варијабли на истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 149
6. Методи, техники и инструменти на истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . .151
7. Популација и примерок . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 154
8. Анализа и интерпретација на податоците . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 163
9. Организација и тек на истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .164

*III Анализа и интерпретација на податоците од истражувањето*

1. Анализа на наставните програми од првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно воспитание и образование . . . . . . 166
1.1 Анализа на наставната програма за I одделение. . . . . . . . . . . . . . . . .173
1.2 Анализа на наставната програма за II одделение. . . . . . . . . . . . . . . . 216
1.3 Анализа на наставната програма за III одделение. . . . . . . . . . . . . . . .252

Заклучни согледувања . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .297

2.Анализа на податоците добиени од прашалникот за воспитувачи и наставници. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .299

Заклучни согледувања . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .327

3. Анализа на податоците добиени од протоколот за набљудување на методската артикулација на игровната активност. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .330

Дискусија на резултатите добиени по пат на набљудување. . . . . . . . . . . . . . .382

*IV Препораки*. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .386

Користена литература . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 390

Прилози. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .398

## Вовед

Современата педагошка теорија и практика постојано трага кон изнаоѓање на нови воспитни и образовни решенија што истата ќе ја иновираат и развијат. Постојните научни достигнувања и практични согледувања се темел врз кој се надоградуваат новите идеи и новите пристапи во педагогијата. Неопходноста од промени главно е иницирана од принципите за почитување и задоволување на потребите, интересите и можностите на секое дете и секој ученик. Целокупната воспитно-образовна стратегија во современи услови е насочена токму кон остварување на таа цел. Општествените процеси на демократизација, но и се поистакнатиот индивидуален пристап во секојдневното живеење се рефлектира и на воспитно-образовната дејност. Во таа насока научниците и практичарите се во постојана размисла за пристапи и концепти кои ќе бидат во чекор и ќе кореспондираат со општествениот статус и третман на индивидуата. Првите вакви обиди во педагогијата можеби донесоа сосема спротивен ефект, каде од крајно традиционален пристап со строго дефинирано автократско раководење, се премина на педагошки пристапи кои нудат сосема слободно, до одредена мера и анархично реализирање на воспитно-образовниот процес. По одреден временски период во кој се разгледуваа сите можни педагошки решенија, праксата се повеќе покажува интерес кон балансиран пристап. Од една страна дефинираната структура на воспитно-образовниот процес и самата настава долги години се покажа како значајна која дава високи образовни резултати. Но од друга страна почитувањето на индивидуалните карактеристики на детето и ученикот, следењето на неговите внатрешни вродени сили и природниот развој во добра мера го компензира недостатокот од социо-емоционалниот развој во традиционалниот пристап наспроти постојаното внимание на когнитивниот развој. Можеби овој обид е комплексен заради спојување на две спротивности, но токму тие се посочуваат како недостатоци во двата правци. Оваа тенденција нема статус на една педагошка концепција која ќе ги изнајде сите можни

решенија и ќе понуди заокружен систем на воспитно-образовно делување. Напротив тенденцијата е насочена кон формирање на пристап, стратешко решение кои треба да ги иземе недостстоците и да ги пополни празнините во двата екстремни случаи.

Еден модел кој ги содржи тие карактеристики е игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус. Основните карактеристики на овој модел се делат на две нивоа. Првото ниво се однесува на потребата од имплементација на игровната активност во првиот образовен циклус, а тоа се однесува на I, II и III одделение на задолжителното деветгодишно основното образование. Второто ниво се однесува на креирање на методски концепт на игровната активност. Потребата од реализација на игровната активност во првото, второто и третото одделение на основното образование се покажа како мноу значајна особено во услови на системска и концепциска видоизменетост на потсистемот на основното образование. Долгогодишната структура на осумгодишно основно образование кое функционираше во рамки на системот 4+4, веќе е заменет со деветгодишно основно образование со систем 3+3+3 во кој децата со 5 години и 8 месеци поаѓаат во училиште. Развојните карактеристики на децата во тој период особено упатуваат на потребата од поинтензивна примена на играта и игровните активности како најсоодветен пристап во процесот на стекнување на знаења, умеења, вештини и навики и тоа треба да се почитува и во училишни услови. Игровната активност дава можност за дидактичко-методска компатибилност на двата подсистеми: предучилишно и основно образование, таа е соодветна на детските развојни можности и потреби (во однос на начинот на учење и развој), нуди можност за креативно изразување на наставникот и воспитувачот, но и слобода во интегрирањето на различни програмски подрачја и аспекти на развој. Во својот методски концепт игровната активност треба да го понуди соодветниот премин на учениците од игровно стекнување на искуство кон систематско стекнување на сознанијата.

Методската конципираност на игровната активност е особено значајна бидејќи има за цел да ја даде потребната структура на дидактичко-методската реализација на игровната активност. Структурата во наставниот процес се

покажа како многу корисна во традиционалниот систем, таа беше основа на која се изгради здравиот темел на традиционалната настава која долги години опстои во многу образовни системи и зад себе продуцираше ученици со високи квалитетни знаења. Притисокот на демократизацијата и слободата се чувствува и во образованието што рефлектира негирање на било каква структура. Тоа се покажа како крајно неефикасно, некорисно и со низок степен на усвоеност на потребните знаења, способности и вештини. Дидактичко методската структура, меѓу другото, и во игровната активност нуди конкретен увид на наставникот кон неговата работа, особено кон работата и активностите на учениците. На тој начин и двата субјекти и наставникот и учениците се чувствуваат сигурни во својот ритам на реализација на наставниот процес. Но она што е многу битно е начинот на кој ќе се сфати и толкува структурата на методскиот концепт на игровната активност. Таа не претставува готова форма која е еднаш засекогаш зададена и ќе се применува со многу, многу генерации на ученици и ќе биде универзиална за сите програмски подрачја и аспекти на развој.

Во оваа докторска дисертација игровната активност како методски концепт се темели на сите подрачја, дисциплини и науки кои се занимаваат со прашањата за развојот на децата. Таа исто така дава можност за слободен избор на наставникот од целокупната расположлива дидактичко-методска апаратура. Литературата навистина дава широк избор на дидактичко-методски понуди и решенија, но умешноста на добриот наставник е нив да ги одбере, да ги комбинира и креира како би можеле да го понудат стручниот максимум во практиката. Со овој модел ќе се надмине долгогодишната критика упатена кон готовите продукти, начини како да се реализираат активностите или часот. Методски концепт за игровната активност нуди сосема поинаква димензија на наставникот и неговите компетенции, можности, креативност, инвентивност, и од друга страна наставниот процес неговиот тек, организација, значење во дадено одделение, група на ученици со нивните можности, интереси, потреби.

Докторската дисертација на тема Игровната активност како методски концепт има тенденција да го пронајде вистинското место, значење и можности, да ја утврди моменталната позиција, применливост и ефективност на игровната

активност и се разбира да даде препораки на кој начин може да се организира и реализира игровната активност како методски концепт во различни наставни предмети од првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование.

# Прв дел
# Системска и концепциска поставеност на основното образование во Р. Македонија

# 1. Историски развој на системската поставеност на основното образование во Р. Македонија

Основното образование во Р. Македонија има долга традиција. Првите училишта се појавиле во IX век но долго време биле неразвиени и функционирале во несоодветни услови. Во предвоениот период системската организација на образованието се однесувала на задолжително четиригодишно основно училиште. Опфатот на деца на возраст од 7 до 11 години бил минимален и голем дел од нив предвреме го напуштале своето четиригодишно основно образование. Во периодот на предвоена Југославија основни карактеристики на системот на воспитание и образование во Македонија биле „недемократичност, дуализам, строга селективност, слаба развиеност на мрежата и видовите на училишта, национална и социјална дискриминација на одделни народи и народности и крајно неразвиен." [1] Податоците говорат дека „во учебната 1939/40 година во Македонија постоеле 850 основни училишта со 1808 паралелки, 95 010 ученици и 1561 учител." [2]

Во периодот помеѓу двете светски војни сите владеачки режими во Македонија единствено се грижеле за своите класни интереси и не воделе никаква грижа за просветата и културата на населението. Ниту пак во периодот на фашистичката окупација нема голем пораст на писменоста, иако бугарската власт создала поширока мрежа на основни училишта. Македонскиот народ не ги праќал своите деца во тие училишта заради отпорот кон политиката која бугарската власт ја спроведувала во тој период.

"По ослободувањето, во услови на слободен национален и социјален живот, настојувањата на народната власт биле насочени кон ширењето на мрежата на основни училишта и зголемување на опфатот на учениците во нив, ликвидирањето на неписменоста и по пат на совладувањето на историската заостанатост на македонското школство да се создаде широка основа за

[1] Камберски, К.(1994), *Од буквар до универзитет*, Скопје: Просветно дело, стр.23
[2] Исто, стр.24

издигнување на образованието и културното ниво на народот." [3] Во таа смисла во овој период во Македонија се одвиваат два паралелни процеси на развиток. Од една страна се развива младата македонска држава, а од друга страна се развива системот на воспитание и образование.

Системската поставеност на основното воспитание и образование во Македонија бележи неколку значајни точки. Во 1958 година се донесени големи промени кои ќе ја претставуваат базата на идното основно образование во поглед на неговата организација, содржина и дејност. Сите документи кои произлегуваат од оваа реформа се однесуваат на следново: "осумгодишното основното училиште да биде единствена школска институција за основно воспитание и образование, и тоа во цела Југославија, да дава воспитно-образовна основа за секое понатамошно образование и да остварува единствени воспитно-образовни задачи и ниво на образование." [4]

Во периодот од 1958 до 1974 година се преминува кон програмско-содржинско иновирање и унапредување на основното училиште. Ученикот во наставата во овој период почнува да ја добива својата активна улога како субјект преку примена на активни методи и форми на работа.

„Со првиот Устав на Македонија, донесен на 31. 12. 1946 година, основното воспитание и образование е прогласено за задолжително и бесплатно, а училиштето е одделено од црквата (чл. 37)." [5] Во 1948 година донесен е првиот законски документ според кој основното воспитание и образование трае седум години и е задолжително за сите деца на возраст од 7 до 15 години. Иницијативата за продолжување на основното воспитание и образование за уште една година се реализирала во учебната 1950/51 година со отворањето на првите осумгодишни училишта, популарно наречени осмолетки. Оваа форма на задолжително основно воспитание и образование во времетраење од осум години комплетно е воведено во 1958 година кога е донесен и Општиот закон за

[3] Кантарџиев, Р. (2002), *Историја на образованието и просветата во Македонија*, Скопје:Просветно дело, стр. 565
[4] Камберски, К.(1994), *Од буквар до универзитет*, Скопје: Просветно дело, стр.88
[5] Институт за педагогија. (2000), *Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи)*, Скопје: Филозофски факултет, стр.37

школство. Основни карактеристики кои го одбележаа осумгодишното основно училиште се однесуваат на следново:

- Осумгодишното основното училише е задолжително и него го посетуваат ученици на возраст од 7 до 15 години
- Во текот на осумгодишното основно образование структурата на наставата е 4 + 4, односно наставата е поделена на одделенска и предметна
- Тоа е минимум образование со кое треба да се стекне секоја личност
- Во текот на осум години секој ученик се стекнува со општо образование кое претставува основа за идното школување;
- Основното образование дава еднаков пристап на сите ученици и обезбедува еднакви права за сите

Долги години во Р. Македонија основното воспитание и образование како задолжително се реализираше во времетраење од осум години и функционираше на горенаведените основи.

Следната иницијатива за системска промена се забележува во 2006 година со почетокот на воведувањето на задолжителното деветгодишно воспитание и образование во Р. Македонија. Во овој период практично започна структурната преобразба на основното образование од моделот 4 + 4 кон моделот 3+3+3. Целиот процес на имплементација на новата структура на основното образование се реализираше во неколку етапи.

Во учебната 2006/07 година беше воведена подготвителна година со цел да се обезбеди соодветен премин од осумгодишно кон деветгодишно задолжително воспитание и образование. Во концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование почетокот на школувањето е одредено така што "во основното училиште се запишуваат сите деца што ќе наполнат 6 години до крајот на календарската година кога се запишуваат во училиштето." [6] На таа основа следната година, во учебната 2007/2008 година се запишуваа нова генерација ученици во т.н. ново I (прво) одделение. Исто така во оваа учебна

[6] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (2007). Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 77

година во I одделение се запишуваа и деца кои посетувале подготвителна програма во учебната 2006/2007 година но за нив беа подготвени иновирани програми различни од т.н. ново I одделение, бидејќи тие веќе стекнале одредени знаења од подготвителната година.

Во следната 2008/2009 учебна година учениците кои посетуваа подготвителна година учеа по програми за т.н. ново III одделение, бидејќи зад себе имаат веќе две години образование, една година подготвителна и една година иновирано I одделение. Иновирани програми се реализираа и во VI, VII и VIII одделение, а учениците имаа можност да изберат и предмети од листата што е подготвена за деветгодишно училиште. Овие наставни програми подоцна ќе бидат наменети за учениците од VII, VIII и IX одделение. На овој начин сите наставни програми предвидени за деветгодишното основно воспитание и образование ќе се реализираат во период од пет години кај различни генерации на ученици.

Во овој период во стручната, јавност се водеше дискусија за начинот на кој се остварува преминот, дали овие генерации на ученици ќе бидат ускратени за одредени содржини, знаења, вештини, способности и слично. Секоја промена во образовниот систем носи свои позитивни и негативни страни. Но ваквата иновација на особено гломазниот потсистем на основното образование своите ефекти треба да ги покаже веднаш по завршувањето на првата генерација која ќе произлезе од задолжителното деветгодишно училиште, во учебната 2015/2016 година.

# 2. Стратешки, концепциски и системски промени на основното образование во Р. Македонија

## 2.1 Стратешката определба на основното образование

Глобалните општествени промени кои диктираат новини и во образовниот систем несомнено се дел и од македонската општествена и образовна клима. Во последните децении се забележува потребата од изнаоѓање нови и соодветни решенија кои ќе ги следат современите трендови и текови на полето на образованието. Теоријата и практиката тежнеат кон креирање на разни стратегии, материјали и документи кои ќе го дадат својот придонес кон ваквата тенденција. Се побројни и погласни се светските организации (UNESCO, UNICEF, Европскиот совет, Европската комисија) кои се занимаваат со областа на образованието, во понудата на цели, принципи, насоки, препораки кои треба да претставуваат темел на новата поставеност на образованието. Во обидот да се одржува чекорот, Р. Македонија креира национални документи на кои го поставува сопственото образование. Последен и тековен документ е Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придржуни програмски документи, издадена во 2004 година од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија. Овој значаен стратешки документ се однесува на целта, предизвиците, националната образовна визија, мисија, вредности, принципи и клучни подрачја за интервенција. Направен е план за начинот на кој може да се оствари една од позначајните глобални образовни цели, а тоа е образование за сите, потоа начинот на унапредување на интелектуалниот раст и учење, зголемувањето на можностите за партиципација, како и можностите за зголемување на компетитивноста на македонското општество. Националната стратегија се однесува на сите образовни потсистеми но големо внимание се посветува и на други особено значајни сегменти на овој систем. Современата нишка како тенденција на овој документ се пресликува во сите програми почнувајќи од развојот на предучилишното воспитание и образование, програма

за развој на основното образование, развојот на средното и на постсредното образование, развојот на високото образование, програмата за професионален развој на училишниот кадар, преку програмата за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието, програмата за развој на институционална подршка на реформите во образованието, до програмата за развој на ИКТ во образованието и програмата за образование на возрасните во Р. Македонија во контекст на доживотното учење.

Предмет на интерес во овој докторски труд е потсистемот на основното образование, заради што на оваа програма и се посветува поголемо внимание. Програмата за развој на основното образование е дел од Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 и во неа јасно се поставени сите аспекти кои имаат за цел да го осовременат овој значаен потсистем од системот на образование. Според оваа програма мисијата на основното образование треба да биде насочена кон:

- “развој на личност која може да преземе индивидуална, семејна и граѓанска одговорност;
- образование кое ги почитува и развива индивидуалните потреби интереси и афинитети на личноста;
- развој на културата на живеење, т.е. стекнување на знаења, вештини и способности, ставови и вредности за променливиот свет на трудот и општествениот живот;
- образование кое ќе овозможи развој на независна, отворена, критичка и демократска личност со вештини и компетенции за акција;
- развој на демократијата и граѓанското општество;
- образование кое го зајакнува чувството на припадност на заедницата;
- социјализација во духот на општествено прифатените вредности и идеали со негување на духовното, културното и историското наследство;
- развој на подготвеност и свест за доживотно образование.” [7]

[7] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 101

Целите на основното образование во Р. Македонија поместени во програмата произлегуваат од одредбите препорачани од ЕФА (EFA-Education for All) извештајот, а тоа се:

- Пристап до основното училиште;
- Подобрување на постигањата во учењето;
- Обука во суштинските животни вештини;
- Обезбедување култура на живеење во основното образование.

Основните приницпи на кои треба да се базира современото основно образование, според Националната програма за развој на образованието во Р.М., се однесуваат на: квалитетот, опфатот, еднаквоста, рамноправноста и пристапноста.

Една од главните тенденции поместени во овој стратешки документ се однесува на структурно менување на основното образование, што би значело директно влијание и реорганизирање на два потсистеми, а тоа се: предучилишното и основното воспитание и образование. Националната програма нуди свои причини и решенија за оваа исклучително сложена и комплексна проблематика. Програмата за развој на основното образование преку сегментот на клучните подрачја на интервенција постави две основни цели, а тоа се:

1. Зголемување на траењето на задолжителното образование
2. Промоција на ефективно основно училиште

Според бројните анализи направени за потребите на Националната програма, а се однесуваат на современите трендови во образованието на земјите во светот, и моменталната состојба на основното образование во нашата земја, се соглеедала потребата од зголемување на траењето на задолжителното образование во Р. Македонија. Веќе во 2004 година во Р. Македонија беа донесени измени на Законот за основно образование (Службен весник на РМ, број 63, 2004) каде е предвидено воведување на подготвителна година во сновното образование со што постојното осумгодишно ќе се зголеми за една година и ќе се воспостави задолжително деветгодишно основно воспитание и

образование. Главните причини за оваа интервенција во системот се однесуваат на:

- " Неповолната образовна структура на населението;
- Малиот опфат и загрижувачки процент на осипување на учениците во редовните степени на образование;
- Потреба од зајакнување на компетенциите за работна и социјална инклузија на населението." [8]

Податоците покажуваат дека опфатот на децата пред поаѓање на училиште е минимален а се рефлектира на нискиот степек на предзнаења и воопшто речиси и целосна неподготвеност за животот во училиште. Статистиката покажува загрижувачки процент од 16% на ученици кои не го продолжуваат своето образование во следниот степен т.е средното образование. Во ваква состојба општеството се соочува со млада работна сила која е неконкурентна на пазарот на трудот. Измените во законската регулатива на основното образование во Р. Македонија претставува само почеток на еден долг процес на работа и имплементација на поставените мерки во националната програма кои се одесуваа на следново:

1. "Креирање на нова и адаптирање на постојната педагошка документација:
    - Административна училишна документација
    - Стручна училишна документација
    - Правилници за регулација на дејноста
    - Наставен план и програм (нацрт)
    - Наставни програми за прво одделение
    - Норматив за наставен кадар за реализација на програмата
    - Концепција за изработка на учебници и други материјали
    - Упатство за дизајнирање на локален курикулум
    - Наставен план и програм за образование на возрасните

[8] Исто, стр. 105

2. Измена на курикулумот во задолжителното образование
3. Систематизација на работните места за директори, наставници и стручни соработници
4. Имплементација на моделот за напредување на наставниците
5. Спроведување на акциони истражувања во неколку пилот училишта
6. Обука на училишниот кадар за новата улога
7. Имплементација на промените“ [9]

Очекувањата поставени во програмата се однесуваат на воведување на универзално основно образование, 100% опфат на децата во година пред поаѓање на училиште, подобрување на образовната структура на населението, јакнење на базичното образование, зголемување на можностите за профсионална ориентација, полесен премин кон средното образование, минимим стручна квалификација, програмска сукцесивност и користење на капацитетите во руралните средини.

Доколку првата цел се однесува на системска промена на основното образование, втората цел, а тоа е промоцијата на ефективно основно училиште има задача суштински и содржински да го осовремени овој подсистем на обазование. Нејзина главна определба е редизајнирање на основните училишта во училиште по мерка на детето кое на своите ученици ќе им овозможи развој и поттикнување на животните стилови во согласност со индивидуалните потреби и интереси, како животни вредности и цивилизациски придобивки. Операционализацијата на оваа цел треба да овозможи:

- “Подобрување на здравјето и добросостојбата на децата;
- Зголемување на опфатот во школувањето и стапката на неговото завршување;
- Подигнување на моралот и мотивацијата на наставниците;
- Гарантирање на безбедна и заштитничка околина за децата;
- Обезбедување на поддршка од локалната заедница;
- Охрабрување на социјалната инклузија и партиципација.” [10]

[9] Исто, стр. 108
[10] Исто, стр. 111

За да може успешно да се остварува ефективното основно училиште потребни е да се обезбеди развој на наставните планови и програми водено според одредбите во Концепцијата за задолжително деветгодишно воспитание и образование. При тоа неопходно е соодветно да се применат квалитетни учебници и дидактички пакети во наставата кои ќе бидат изработени според дефиниран концепт и стандарди. Ефективноста се постигнува и со перманентно унапредување на наставата преку внесување на нова и современа дидактичко-методска апаратура. Перманентното усовршување како дел од професионалниот стил на живот на секој наставник го дава својот удел кон оваа цел. Системот за обезбедување и контрола на квалитетот се остварува преку екстерна контрола од страна на Државниот просветен инспекторат и Државниот испитен центар при Министерството за образование и наука и интерна контрола од страна на локалната самоуправа и основното училиште. Пристапот кон ранливите групи не се однесува само на физичко присуство во училиштето, многу повеќе на сензибилитетот и начинот на работа со овие групи. Ефективното училиште треба во целост да се отвори кон инклузија и образовна партиципација на учениците со посебни образовни потреби. Во овој контекст талентираните ученици треба да го добијат својот заслужен третман. Потребно е да се дефинира улогата на училишните одбори и цивилното општество, како и да се создадат можности за основање на приватни основни училишта.

Создавањето на ефективно основно училиште е исто толку комплексен и сложен процес како создавањето на задолжително деветгодишно основно воспитание и образование. Доколку во вториот процес зборуваме за стратешки, системски и административни промени, во првиот процес зборуваме за филозофијата, за суштината и за основната тенденција на воспитанието и образованието во Р. Македонија. Оваа докторска дисертација проучува еден сегмент на овој спој кој има за цел да го осовремени основното воспитание и образование. Првиот образовен циклус има за цел да го поткрепи значењето на раната училишна возраст во концептот на деветгодишно основно воспитание и образование, а игровната активност како методски концепт да го даде својот научен придонес, анализиран во теоријата и потврден во практиката, во идеата

за ефективно училиште особено во делот на перманентно унапредување на наставата преку внесување на нова и современа дидактичко-методска апаратура но и перманентното усовршување на секој наставник како дел од професионалниот животен стил.

## 2.2 Концепциска и системска промена на основното образование

Како една од двете основни цели во клучните подрачја на интервенција поместени во Националната програма за развој на образованието во Република Македонија за 2005-2015 беше поставено зголемување на траењето на задолжителното образование, поточно дотогаш задолжителното основно образование од 8 години да се зголеми на 9 години. Главните определби за ваквата иновативна реформа на основното училиште во Р. Македонија произлегоа од две иницијативи. Првенствено идејата беше да се обезбеди системска и содржинска компатибилност на предучилишното и основното воспитание и образование со што ќе се овозможи посоодветен (за учениците) премин од еден кон друг потсистем, но истовремено ќе се надминат сите проблеми со недоволниот опфат на деца во годината пред поаѓање на училиште. "Следејќи ги современите трендови во другите европски земји, се направени напори и во оваа земја да се применат одредени системски иновации во прилог на остварувањето на компатибилноста на основните потсистеми, предучилишното и основното воспитание и образование. Задолжителното воспитание и образование, наместо сегашните 8 години, ќе се продолжи на времетраење од 9 години, со тоа што годината пред поаѓање на училиште ќе биде задолжителна за сите деца"[11]

Од друга страна пак Р. Македонија се наоѓа во еден период на постојани реформи, како во сите области па така и во образованието, со кои се настојува да се задоволат сите европски критериуми и стандарди за квалитет.

[11]Дамовска,Л.(2001),Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование,Скопје:Круг,стр.29

Идејата за задолжително деветгодишно образование, првенствено почна да се реализира преку креирање на Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование (издадена од страна на Бирото за развој на образованието во 2007 година) како теоретска рамка, а потоа следуваше и нејзино имплементирање во воспитно-образовната практика. Моделот на деветгодишното основно воспитание и образование во Република Македонија претставува дел од тенденцијата на надлежното Министерство за образование да се создаде еден европски концепт на задолжително основно воспитание и образование кое ќе биде во тек со европските развојни трендови во оваа област. Ваквата идеја во нашата земја започна да се реализира најпрво врз основа на бројни научни, теоретски, и практични истражувања, анализи, како и добиените препораки од страна на Советот на Европа и на други меѓународни организации.

Институционализирањето на концептот за деветгодишно основно воспитание и образование само по себе наметна неколку потреби кои не се однесува единствено на креирање на нов наставен план и наставни програми. Потребно беше да се интервенира и во другите елементи на системот на основното образование како што се:

- едновремено донесување на нов закон за основно образование,
- подобрување на условите во училиштата преку обезбедување соодветна опрема,
- создавање на просторни услови,
- зголемување на финансискиот буџет и сл.

Меѓутоа, за успешно спроведување на вака замислената идеја не беа доволни само горенаведените барања. Неопходно беше интензивно координирано делување меѓу државните и локалните органи за образованието, училиштата и родителите. На овој начин се создаде добра основа за постепено практично применување на новиот наставен план и наставни програми кои треба да водат кон подобрување на воспитанието и образованието на учениците кои ќе посетуваат основно училиште.

### 2.2.1 Теоретска рамка на деветгодишното основно воспитание и образование во Р. Македонија

Моделот на задолжителното основно деветгодишно воспитание и образование во Р. Македонија во голема мера се темели и го следи истиот кој веќе е инкорпориран во системот на основното образование во Р. Словенија. Надлежните органи ја одбраа токму оваа држава од неколку причини: "...земајќи ги предвид долгогодишната традиција и искуството во развојот на образованието во Република Македонија и Република Словенија (развивани на исти основи и принципи во поранешниот систем), како и промените што се воведуваа во предучилишното, основното и средното образование во периодот на транзициите на двете држави, кои во почетниот период се одвива според приближно слични цели, се процени дека најкорисно може да биде искуството на Република Словенија во развојот и градењето на системот на основното воспитание и образование во Република Македонија"[12] Исто така во двете држави долг период се реализираа наставни планови за задолжително осумгодишно образование чии дефинирани цели и принципи беа во насока на оспособување на младите за живеење и работа во демократско граѓанско општество.

Законските регулативи ја подржуваат оваа иницијатива за развој на образованието и тоа преку Законот за основно образование каде врз основа на измените поставена е реална основа за развивање на нов наставен план со нови наставни програми за задолжително деветгодишно воспитание и образование. Основното образование во Р. Македонија подлежеше на бројни анализи, но исто така се разгледуваа карактеристиките на задолжителното образование во другите Европски држави (Данска, Финска, Австрија, Германија, Грција, Словенија, Хрватска,Италија, Шведска, Франција, Велика Британија, Норвешка, Португалија, Луксембург[13]). Разликите за поаѓање и траење на задолжителното образование на повеќе Европски држави се претставени на следната табела:

[12] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (2007), Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 66
[13] www.mon.gov.mk

**Табела бр.1** Прегледи за основното (и нижото средно) образование во други држави[14]

Возраст на училишните обврзници и траење на задолжителното образование

| Држава | Возраст кога започнува и траење на задолжителното образование | Должина на задолжителното образование во години |
|---|---|---|
| **Словенија** | 6-14 | 9 |
| **Италија** | 6-14 | 9 |
| **Португалија** | 6-14/15 | 8/9 |
| **Шпанија** | 6-14/16 | 8/10 |
| **Данска** | 7-16 | 9 |
| **Грција** | 5,5-14,5 | 9 |
| **Белгија** | 6-15/16 | 9/10 |
| **Германија** | 6-15/16 | 9/10 |
| **Франција** | 6-16 | 10 |
| **Луксембург** | 4-15 | 11 |
| **Холандија** | 5-16 | 11 |
| **Англија** | 5-16 | 11 |
| **Швајцарија** | 7-16 | 9 |
| **Австрија** | 6-15 | 9 |
| **Хрватска** | 7-15 | 8 |
| **Шведска** | 7-16 | 9 |

Врз основа на бројни анализи од страна на надлежните органи беше создаден предлог за редефинирање на целите, како и основите за создавање на нов наставен план и наставни програми за основните училишта со тенденција на подобрување на квалитетот на основното воспитание и образование. Во Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование во Р. Македонија поставени се принципите и развојните цели врз кои треба да се заснова новиот модел на основно воспитание и образование.

Воспитно-образовна работа во секое основно училиште треба да се темели врз следниве поставени принципи:

- Принцип на демократичност
- Принцип на недискриминација
- Принцип на почитување на индивидуалните разлики меѓу учениците
- Принцип на целосен развој на личноста на ученикот

[14] Bela knjiga o vzgoji in izobrazevanju u Republiki Sloveniji, Ljubljana,(1995), str. 77

- Принцип на најдобар интерес на детето
- Принцип на активно учество на учениците во животот на училиштето
- Принцип на квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата
- Принцип на општообразовен карактер на основното училиште
- Принцип на подготвување на учениците за доживотно учење
- Принцип на разбирање на другите и мултикултурност
- Принцип на вклучување на учениците со посебни образовни потреби во основното образование
- Принцип на физичка безбедност и здравје
- Принцип на автономност, компетентност и одговорност
- Принцип на партнерство помеѓу училиштето, родителите и локалната средина

Според Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование во Р. Македонија целта на основното воспитание и образование е насочена кон:

1. "Хармоничен развој на учениците (когнитивен, емоционален, социјален и психомоторен) во сообразност со нивните индивидуални способности и развојните законкитости и развој на личноста на ученикот врз основа на принципите на почитување на основните човекови права и слободи; и
2. Оспособување на учениците да усвојуваат систем на знаења и вештини за независно, ефикасно и креативно делување во општествената и природната околина.
3. Развивање граѓанска свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на нивниот национален и културен идентитет во духот на почитување на луѓето без разлика на нивната социјална, културна, родова и верска припадност и физичките или менталните способности.

4. Развивање на свест и грижа кај учениците за сопственото здравје и за значењето на здравата околина. "[15]

Поставената теоретска рамка претставува добра основа во обидот да се конкретизира и операционализира идејата за задолжително деветгодишно основно воспитание и образование. Бројните анализи и подготовки, поставените принципи и развојни цели се во функција на подршка на системската и содржинската организација (нови наставни планови и програми, планирањето на наставата и вонаставните активности во училиштето и сл.) на наставата во новото основно воспитание и образование

### 2.2.2 Системска и содржинска организација на наставата во новото деветгодишно основно училиште

Задолжителното деветгодишно основно училиште се карактеризира со сосема нова структурно-системска организација на наставата. Моделот 4+4 се напушта и се преминува кон адаптација на моделот 3+3+3. Тоа значи дека во рамките на овој подсистем постојат три воспитно-образовни периоди и секој од нив одделно се разгледува како релативно заокружена целина. Нивната практична имплементација треба да биде во согласност со: "...развојните карактеристики на учениците и законитостите во учењето, како и според начинот на проверување и оценување на знаењата на учениците, облиците на индивидуализирана и групна настава, нивоата на знаења и вештини и напредувањето на учениците." [16]

Новата структурно-системска поставеноста на наставата во основното образвание треба да обезбеди постепен и поедноставен премин на учениците од пониските кон повисоките одделенија. За оваа цел придонесуваат и новите

[15] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (2007), Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 74
[16] Исто, стр. 76

наставни планови и програми, структурата и улогата на наставниците и воспитувачите, како и современиот статус и третман кој ученикот го добива во текот на целиот воспитно образовен процес. За поуспешна адаптација на учениците во основното училиште и полесен премин од одделенската кон предметната настава ангажирани се наставници за предучилишно воспитание и образование, одделенски наставници и предметни наставници. Наставниците за предучилишно воспитание и образование единствено можат да ја реализираат наставата од I одделение, а потоа во II одделение учениците од истата паралелка ги презема одделенскиот наставник. Одделенскиот наставник може да реализира настава од I одделение до III, односно до IV и V одделение. Но и наставниците за предучилишно воспитание и образование и одделенските наставници треба бидат дополнително оспособени за планирање и реализирање на содржини и активности со деца од раната училишна возраст.

Токму ваквиот пристап на системско-структурната организација на основното образование сама по себе поставува барања за менување на позицијата и улогата на ученикот, но и на наставникот, и промена на атмосферата и климата за работа низ текот на воспитно-образовниот процес. Станува збор за имплементација на се она што во литературата се нарекува активна позиција на ученикот кој постојано ќе биде во можност на учење преку искуство, самостојно добивање податоци, проверување на нивната веродостојност, поврзување на научното со сопственото искуство, испитување на причинско-последичните односи, кооперативно учење, подготвување за живот во социјална средина ит.н.

Концептот за тестирање на децата за зрелост и подготвенст за поаѓање во основно училиште (кој долги години беше застапен во Р. Македонија) се напушти. Стручната служба во состав на педагог, психолог и наставник за предучилишно воспитание или за одделенска настава преку разговор со децата и родителите обезбедуваат соодветни податоци за развојот на детето, здравствената состојба, како и за посебните интереси на децата. Така добиените податоци ќе послужат за понатамошната воспитно-образовна работа со учениците. Планот за целата учебна година е преземен од досега постоечкиот, а

кој се однесува на следнава организација: една учебна година ќе трае 38 недели, всушност 180 училишни работни дена. Учебната година е поделена на три тримесечја во рамките на кои се предвидени два пократки одмори за учениците. Првото тримесечје трае од 1 септември до 30 ноември; додека второто од 1 декември до 15 март (вклучувајќи го и првиот пократок одмор за учениците); и третото тромесечје од 16 март до 10 јуни (вклучувајќи и втор краток одмор за учениците). Од 11 јуни до 1 септември учениците имаат летен одмор. Наставата се реализира во пет работни дена во текот на една недела, еден наставен час трае 45 минути (но за учениците од рана училишна возраст часовите имаат флексибилно времетраење кое е во зависност од планираните цели). Во секој период, односно во секое одделение бројот на задолжителни предмети се зголемува според следниов план: "Во првиот период на наставата учениците за задолжителните предмети имаат од 20 наставни часа во I до 22 во III одделение, во вториот период од 25 наставни часа во IV одделение до 27 во VI одделение и во завршниот период од 27 наставни часа во VII до 31 во IX одделение."[17] Системската организација поставена на овој начин дава јасни рамки за микро системската организација на секој од трите периоди на задолжителното деветгодишно основно училиште во Р. Македонија.

- **Прв образовен циклус (од I до III одделение)**

Целокупната организација на првите три години на воспитно-образовна работа во основното училиште главно се базира на научните сознанија за когнитивниот развој на децата во овој период. "Всушност, во прво одделение развојот на предоперативното ниво на мислење кај децата поминува кон степенот на конкретни операции." [18] Заради тоа се прифаќа ставот дека промените кои настануваат кај децата во овој период не се истовремени и еднакви кај сите деца, тие имаа своја карактеристика на видлива индивидуалност кај секој поединец. Во очекуваните резултати согласно

[17] Исто, стр. 82
[18] Исто, стр. 79

наставните програми, не е предвидено сите ученици едновремено да ги постигнат предвидените знаења во рамките на читањето, пишувањето и сметањето до крајот на наставата во прво одделение. Напротив се остава можност истите да бидат достигнати до крајот на третото одделение со цел почитување на индивидуалните разлики кај учениците во поглед на постигнувањата. Главниот мотив е да им се овозможи на учениците стекнување на знаење кое ќе го постави темелот за понатамошното учење, а истото ќе се базира на сопственото искуство, манипулација со предмети, поставување на прашања и самостојно изнаоѓање на одговори.

Содржинската организација на првиот период од деветгодишното основно училиште тежнее кон имплементација на дидактичко-методските барања за индивидуализација и диференцијација на наставата. "Принципот на индивидуализација бара наставата да се диференцира до тој степен како би можело да се задоволат разликите помеѓу учениците по однос на психофизичкиот развој и можностите, интересите, темпото на работа, искуството и другите особини. Со тоа би требало да им се помогне на учениците до максимум да го искористат својот потенцијал заради личен развој" [19] Прилагодување на наставата кон можностите на различните ученици се нарекува диференцијација на настава. Во педагошкиот лексикон терминот диференцијација на образованието се дефинира како: "подесување на образованието и наставата (содржините, облиците, методите, средствата, траењето, темпото напредувањето, евалуацијата) според можностите на поединецот (индивидуализација на образованието и наставата), односно според можностите на групата (ученик, студент, возрасни) формирани според одредени критериуми."[20] Всушност овој термин е многу близок на терминот индивидуализација на наставата, но станува збор за различен пристап кон различни ученици, додека пак треминот индивидуализација се однесува на потребата да се земаат во обзир индивидуалните разлики, а не само разликите меѓу различни категории на ученици. Во таа смисла диференцијацијата во

[19] Вилотијевич,М.(2000),*Дидактика I*, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, стр.412
[20] Педагошки лексикон,(1996),Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, стр.123

наставата се спроведува во најразлични елементи. Почнувајќи од наставните планови и програми каде соржините се диференцирани по предмети, а во рамките на предметите пак тие се диференцирани по наставни теми.

Голем акцент на почитување на индивидуалното темпо на секој ученик се забележува во клучните дидактичко-методски проблематики, а тоа е примарното описменување, т.е читањето, пишувањето и сметањето. Со овој концепт се надминува крутоста која беше присутна во минатата системско-содржинска организација на осумгодишното основно образование каде постоеше пократок и точно определен рок на описменување кој важеше за сите ученици.

Сите горенаведени аспекти континуирано следени од развојните карактеристики на учениците ја нудат можноста и потребата игровната активност да биде често применувана како методски концепт преку кој учениците ќе се стекнат со знаења, способности и вештини потребни за нивното природно напредување во воспитно-образовниот процес. На тој начин може да се задоволи потребата од активна позиција на ученикот, природна состојба на учење и стекнување нови искуства, и постепено преминување од предоперативното ниво на мислење кон степенот на конкретни операции. Примената на игровната активност во овој период исто така овозможува соодветна дидактичко-методска и содржинска компатибилност помеѓу двата подсистеми (предучилишно и основно воспитание и образование) и со тоа да се заокружи една микро целина, микро циклус во процесот на основното воспитание и образование.

- **Втор образовен циклус (од IV до VI одделение)**

Вториот период учениците го започнуваат на деветгодишна возраст и претставува природен континуитет на усвојување на ново искуство, знаења, вештини и способности кои беа започнати во првиот образовен циклус. Следејќи ги научни сознанија кои се однесуваат на когнитивниот развој, во концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование се вели: “Мисловните операции кај учениците можат да се одвиваат и реверзибилно во спротивна

насока со т.н. "интернализирање" на операциите, а тоа покажува дека детето не мора и понатаму да ги решава проблемите само со методот на обиди и грешки, туку да напредува со развивање на способностите за конзервација." [21] Големо внимание се посветува на специфичностите во когнитивниот развој на учениците во овој период, што директно влијае врз креирањето на новите наставни програми. Процесите на самостојни операции, класификација, групирање, распоредување се анализирани со голема грижа во делот на теоретско организирање на усвојувањето на системот на знаења, целите, наставните содржини и методите на работа. Овој период незначи и исклучиво апрстрактно ниво на мислење од страна на учениците. Наставниците треба да бидат доволно искусни во третманот на ова прашање и точно да го идентификуваат соодветниот приод во наставниот процес кога е потребно да се очекува конкретно, а кога апстрактно нивно на мислење од страна на учениците.

- **Трет образовен циклус (од VII до IX одделение)**

Наставните програми наменети за учениците од 11 до 14 години, односно од седмо до девето одделение е насочена кон поставување на цели и содржини кои ќе водат кон поттикнување на развојот на способностите за апстрактно-логичко мислење. И во овој период се забележува потребата од континуитет во следењето на сознанијата за когнитивниот развој, па оттука очекуваните резултати се однесуваат на изведување заклучоци врз основа на дедуктивно мислење, објаснување, интерпретација и развивање хипотези. Во овој период особено голема важност се придава на организацијата и реализацијата на целокупната наставна програма која треба да се заснова на интерактивна настава и методи на работа, активно учење, и при тоа постојано водејќи грижа за возраста и индивидуалниот напредок на учениците. Секој период носи свои карактеристики и специфичности особено во когнитивниот развој и токму поради тоа потребна е голема посветеност, индивидуален пристап и поврзување на

[21] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (2007), Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 80

научно-теоретските сознанија со практичното искуство од страна на наставниците.

Бирото за развој на образованието[22] при Министерството за образование и наука на Р. Македонија ги даде следниве основни карактеристики на трите образовни циклуси од задолжителното деветгодишно воспитание и образование, а тие се:

*Прв образовен циклус:*

- Неделниот фонд на часови изнесува 22 часа,
- Просторно-временската организација треба да биде пофлексибилна и заснована на потребите и можностите на учениците,
- Оценувањето на знаењето и напредувањето на учениците ќе се остварува по пат на описно оценување според однапред подготвени обрасци,
- Учениците од влашката, ромската и бошњачката заедница својот јазик и културата можат да го изучуваат од III одделение.

*Втор образовен циклус:*

- Неделниот фонд на часови за задолжителни предмети 27 часа,
- Постепено зголемување на бројот на предемети и наставници кои ја изведуваат наставата
- Тековното оценување на знаењето на учениците наставниците ќе го изведуваат описно и бројчано, а на крајот на секоја учебна година, учениците ќе добиваат светдителства со бројчани оценки,
- Учениицconfigure the от влашката, ромската и бошњачката заедница својот јазик и културата ќе го изучуваат во текот на целиот циклус,
- Изборните предмети постепено се воведуваат, како творештво во IV и V одделение, предметот албански јазик во VI одделение, додека пак во VI одделение се нуди предметот запознавање на религиите или етика.

*Трет образовен циклус:*

- Неделниот фонд на часови за задолжителни предмети 31 часа,

[22] Ново деветгодишно основно училиште, информации за родителите 2007/2008 (2007), Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 4

- Наставата ја реализираат само предметни наставници,
- Понудена е листа со најмалку три изборни предмети, а ученикот избира најмалку еден, а најмногу два изборни предмети,
- Оценувањето на знаењето на учениците е исклучиво бројчано,
- Во третиот образовен циклус постои можност за фузирање на оние ученици кои имаат истакнати знаења и способности по одделни предмети, (особено по предметите: македонски, албански, турски или српски јазик, математика и странски јазик). Овие категории на ученици се распоредуваат во групи според сличноста на нивото на знаења и способности и работат по друга програма наменета за нив и нивните потреби, најмногу во обем од 25% од вкупните часови за овие наставни предмети. Во останатиот дел на наставата учениците се враќаат во матичните паралелки во своето одделение.

### 2.2.3 Фази во процесот на имплементација на задолжителното деветгодишното основно образование

Заради комплексноста на основното образование како подсистем, надлежните органи во Р. Македонија поставија рамка со која го одредија планот и распоредот за постепено воведување на задолжителното деветгодишно воспитание и образование. Постојат три фази во целокупниот процес на системска и содржинска реорганизација на основните училишта во Р. Македонија, и тоа:*почетна фаза, моментална состојба и завршна фаза.*

Периодот на воведување на деветгодишното основно образование во училиштата ја претставува *почетната фаза.* Во оваа фаза се одвиваше паралелно школување на неколку генерации според различни програми и тоа:

- "Генерации запишани во осумгодишно основно образование
- Генерации запишани во задолжително основно образование кое што вклучува подготвителна година

- Генерација која што ќе го започне образованието по новите програми за задолжително деветгодишно основно образование"[23]

Во учебната 2006/07 година беа воведени иновирани наставни програми за I одделение, кои главно се засноваа на стандардите поставени со програмата за подготвителна година (ова генерација на ученици посетуваа подготвителна година). Додека пак во учебната 2007/08 година се воведоа сосема нови наставни програми за I одделение за оние ученици кои се запишаа во деветгодишното основно училиште. Планот за понатамошната имплементација се однесуваше на воведување на нови наставни програми за II и III одделение во учебната 2008/09 година. Во овој период се воведоа иновирани наставни програми за 6 одделение втемелени на стандардите за деветгодишното училиште, а наменети за генерацијата 2003/04 година. Во следната учебна година 2009/10 се воведоа нови наставни програм за IV одделение според кои наставата ја реализираа учениците од генерацијата 2006/07. Во ова учебна година се воведоа и иновирани програми за VII одделение.

*Моменталната состојба* во имплеметацијата на задолжителното деветгодишно воспитание и образование се придржува кон поставената рамка и го следи предвидениот план според кој во учебната 2010/11 се воведуваат нови наставни програми за V одделение и иновирани наставни програми за VIII одделение. Додека пак во учебната 2011/12 година следува воведување на нови наставни програми за VI одделение.

*Завршната фаза* се однеува на соодветна имплементација на иновираните програми наменети за VII, VIII и IX одделение на новото деветгодишно основно училиште кои треба да претставуваат еквивалент на иновираните програми за VI, VII и VIII одделение кои треба да се применуваат во периодот од 2008/09 до 2010/11 година.

Оттука може да се заклучи дека сите нови наставни програми за новото деветгодишно основно образование се воведуваат во периодот од пет години, од учебната 2007/08 до 2011/12 година. Комплетната имплементација и реализација

[23] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (2007), Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 129

на новите и иновираните програми во сите девет одделенија од основното образование треба да се оствари заедно со завршувањето на првата генерација ученици во учебната 2015/2016 година.

## 3. Потреби и можности за имплементација на игоровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус

Новите системски и концепциски промени во основното образование во Р. Македонија наложуваат изнаоѓање на современи и соодветни пристапи во реализацијата на наставата со што би се заокружил веќе започнатиот процес на структурно и содржинско редизјанирање на основните училишта. Педагошката теорија и практика постојано трага по можните начини за методски решенија кои истовремено ќе задоволуваат неколку аспекти, како на пример: развојните карактеристики, интереси, потреби и можости на учениците, наставните програми и дидактичко-методската апаратура со која располага наставникот (од стручната оспособеност на наставниот кадар до материјално-технички услови).

Методското решение кое ние го нудиме во овој докторски труд се однесува на игровната активност во бројните нејзини специфичности кои ќе бидат дополнително анализирани. Игровната активност произлегува од играта која во својата почетна и природна форма има одлична педагошка (научна, теоретска и практична) заснованост. Но играта исто така дава можност за педагошко развивање во повисока форма. Методската концепција на игровната активност не поаѓа од почеток, напротив таа се базира на многу здрава и научно заснована стартна позиција на играта и продолжува да се развива во концепт кој е значаен за завршниот период од раното детство, а тоа е раната училишна возраст. Бројните научни и пркатични истражувања за значењето и улогата на играта главно се однесуваат на предучилишниот период. Се повеќе се чувствува потребата од нејзина примена и во раниот училишен период но во поинакви услови, услови на настава, учење, стекнување знаења, вештини, способности и слично. Методската концептуализација на наставата во тие услови дава можност играта да се модифицира во игровна активност.

Потребата од имплементација на игровната активност во раниот училишен период, меѓу другото, се јавува заради задоволување на следниве педагошки компоненти:

1. *Дидактичко-методска компатибилност помеѓу двата подсистеми (предучилишно и основно воспитание и образование);*
2. *Следење и почитување на развојните карактеристики на ученикот, како и нивните потреби, интереси и желби;*
3. *Улогата на наставникот во методското концепирање на наставата во раниот училишен период;*
4. *Следење на препораките зададени во наставните планови и програми.*

*Дидактичко-методската компатибилност помеѓу двата подсистеми (предучилишно и основно воспитание и образование)* е само еден сегмент од целокупната проблематика на компатибилноста помеѓу основните подсистеми од системот на образование. Покрај овој вид во стручната литература се зборува и за системска и програмска компатибилност. Тројното остварување претставува единствена можност да се воспостави полесен и посоодветен премин од еден кон друг подсистем.

По својата суштина дидактичко-методската компатибилност се однесува на "совпаѓање, усогласеност и вклопеност на теоретските основи на воспитно-образовната дејност во двата потсистеми и нивна операционализација во практиката. Основните детски активности во предучилишното воспитание и образование се дефинирани како игра, работа и учење (Програма за воспитно-образовна дејност во предучилишното воспитание и образование стр.8). Во програмите за прво одделение на основното воспитание и образование преовладува самоактивноста на ученикот, внесување елементи на игра во наставата и сл." [24] Бројноста на елементите во дидактичко-методската организација и специфичноста во реализацијата на секој од нив одделно го прават овој вид компатибилност навистина сложен во остварувањето. Тие се однесуваат на наставната тема и содржина, целите и задачите кои треба да се разлизраат, примената на соодветни наставни методи и форма на работа, разновидни стратегии за учење и поучување, насоченоста на активностите,

[24] Дамовска,Л.(2001),Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование,Скопје:Круг,стр.23

видот, формата и текот на истите,како и креирањето на дидактичките средства и материјали, потоа местото на реализација и времетраењето, можностите за интеграција, воспитно-образовните ефекти и очекуваните резултати, но и соодветноста и почитувањето на предзнаења, можности, потреби и интересите на секој ученик, улогата и статусот кој го имаат и градат учениците и наставниците, јазикот, стилот и начинот на вербалната, но и невербалната комуникација меѓу субјектите, се до климата и атмосферата за работа. Почитувањето на сите овие значјни педагошки аспекти водат кон успешна дидактичко-методска компатибилност.

Во услови на системска организација како што е деветгодишното основно воспитание и образование неопходно е продолжување на дидактичко-методската организација од претходниот период особено што учениците влегуваат во наставниот процес во година која до скоро припаѓаше на системот на предучилишното воспитание и образование. "Голем број постапки во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст се препознатливи во наставните методи во прво одделение на основното воспитание и образование." [25] Примарна активност во детската градинката преку која се реализраат голем број на содржини и активности е играта и таа треба да продолжи да се реализира и во првите одделенија од основното образование. Играта и активностите кои произлегуваат од неа се пример на методски решенија кои го овозможуваат дидактичко-методското преминување од еден во друг потсистем. Со сите свои специфичност и карактеристики таа сосема одговара на природата и потребите на учениците кои ги посетуваат овие одделенија.

*Следењето и почитувањето на развојните карактеристики на ученикот* претставува тенденција која се повеќе е присутна во современата педагошка практика. Овој пристап има своја научна заснованост во развојната психологија, во детската психологија, предучилишната и училишната педагогија. Теориите на Л.С. Виготски, Ж. Пијаже, Е. Ериксон, М. Монтесори помагаат во сфаќањето на категоризацијата на детскиот развој, развојот на учењето во тој период и

[25] Исто,стр.23

периодите на осteливост, како значајни индикатори во почитувањето на развојните карактеристики на ученикот во наставата. Теоријата и учењето на Жан Пијаже за развојот на логичките структури, има посебна важност, бидејќи таа е темел на теоретската поставеност на новиот систем на основно образование и воспитание. Според Пијаже развојот на мислењето се категоризира во неколку периоди:

1. *Сензо-моторен период* кој трае од раѓањето до појавата на говорот (до година и пол, две години)
2. *Период на предоперативното мислење*, односно стадиумот на интуитивната интелигенција, спонтаните интериндивидуални чувства и социјални односи на потчинетост на возрасните. Овој период трае од 2 до 7 година или периодот на раното детство.
3. *Периодот на конкретни мисловни операции* го претставува третиот период кој трае од 7 до 11-12 година, а се одликува со отпочнување на логичкото мислење и развојот на моралните и социјалните чувства на соработка
4. *Период на формално-логички операции* кој се карактеризира со брз развој на апстрактното мислење, формирање на личноста и афективно и интелектуалното вклучување во светот на возрасните. Овој период се однесува на адолесценцијата.

Според Пијаже процесот на спознанието нужно произлегува од интеракцијата на субјектот со објектите и во контекст на тоа вели: „Да се спознае објектот, значи да се дејствува врз него. Да се спознае, значи, објектот да се модифицира, трансформира, да се разбере процесот на оваа трансформација, и како последица на тоа, да се разбере начинот на кој објектот е конструиран. Затоа, операцијата претставува суштина на спознанието: таа е интериоризирана акција која го модифицира објектот на спознанието."[26] Активноста на учениците ја има клучната улога во процесот на сознание. Преку непосреден контакт и лично искуство кај нив се развива мислењето, моториката и доживувањето, односно интелектуалното, емоционалното и волевото. Игровната активност како методски концепт ја обезбедува желбата и потребата на учениците за движење,

[26] Пијаже,Ж.(1988),Развој на интелигенцијата (избор на трудови),Скопје:ПРОСВЕТНО ДЕЛО, стр. 34

активност и сознавање според сопствените развојни можности. Манипулацијата со предметите и реалниот свет овозможува стекнување на сознанија кои го поттикнуваат апстрактното мислење.

Првиот образовен циклус на основното образование го опфаќа периодот на предоперативното мислење и периодот на конкретните мисловни операции и токму овој премин во практиката треба да се оствари на начин најдостапен на иднивидуалните карактеристики на секој ученик. Современата наставата полека го премостува тежиштето од просекот кон истакнување на индивидуалноста на секој ученик. Токму тие, развојните карактеристики на учениците се повеќе се разгледуваат како појдовна основа, а не како аномалија која негативно ќе се рефлектира врз реализацијата на наставната програма. Умешноста на добриот наставник е да го забележи моменталниот степен на развој на учениците, да ги категоризира во неколку групи со приближен степен и да примени методика која ќе делува стимулативно на нивниот разој. Тоа е педагошки принцип на работа кој во дидактичката литература се нарекува диференцијација. Најголема улога во неговото ефикасно спроведување му се препишува на наставникот. Бидејќи разликите во сознајните можности на учениците може да имаат голема амплитуда, односно да бидат значително под или над средните вредности, сосема е неприфатливо наставникот да има еднаков пристап кон сите поединци. Заради тоа наставата мора да се диференцира, но не толку во обемот и сложеноста на содржините, колку во помошта предвидените активности успешно да се остварат. На некои ученици им е потребна поголема, на некои помала помош, а некои пак можат и самостојно да работат под раководство на наставникот. Она што е особено важно за овој принцип на работа е тоа што важи за сите ученици.

*Улогата на наставникот во методското конципирање на наставата во раниот училишен период* долги години се темелеше на крутиот пристап поставен во старата Хербартова школа. Планирањето и организацијата на наставата беше ориентирана кон строга реализација на наставниот план и програм, при тоа неводејќи сметка за потребите, можностите и развојните карактеристики на учениците. Крајот на IX и почетокот на XX век донесе значајни промени и се

правеа првите обиди да се отстапи од дотогашната концепција на интелектуалистичката школа. Улогата на наставникот видно се изменува, од единствен извор на знаења преминува во поттикнуивач, медијатор и соработник во истражувањата на учениците, монометодизмот во методското конципирање преминува кон избор на методи за различни потреби. Учениците стануваат партнери на наставниците во изборот на активности, содржини и водење на процесот. Во Р. Македонија овој процес на промени во образованието, започна во 1994 година со реализацијата на два значајни проекти: Чекор по чекор и Активна настава и интерактивно учење. Нивната образовна филозофија создаде простор за осовременување на тогашниот воспитно-образовениот процес, а особено влијаеше на редизајнирање на дидактичко-методската и просторно временската организација. Денес постојат и други проекти и проектни активности речеси во сите степени на образованието кои имаат заедничка цел, а тоа е осовременување на наставата преку изнаоѓање методски решенија за поактивна позиција на ученикот во процесот на стекнување на нови знаења, вештини и способности.

Игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус ги следи чекорите на современите пристапи. Има за цел да го ослободи наставникот во изразување на креативноста, своите професионални знаења и во тој правец да ги поттикнува учениците. Умешноста на наставникот за креативно обликување на наставата произлегува од неговата квалитетна дидактичко-методска оспособеност (одлично познавање и соодветен избор на дидактичко-методската апаратура), потребите, интересите и можностите на учениците, и наставните содржини. Квалитетниот наставник "...го користи сопственото знаење, расудување, и експертиза, за да организира за децата учење преку искуство, а кога се случуваат непредвидени ситуации (како што секогаш се јавуваат), тој може да препознае наставни можности, и ќе биде способен истите да ги примени." [27] Кога постои квалитетно иницијално образование на наставниците, следење на обуките за професионално усовршување, соработката

[27] Epstein, A.S. (2007), *The Intentional Teacher*, Washington, DC: National Association for the Education of Young Children, pg. 1

и тимската работа помеѓу нив, иновирање на наставните програми и учебниците од една страна и интересот и учеството на учениците, дидактичките средства и материјали, и дидактичко-методската подготовка на наставниците од друга страна, се создава добра основа за креирањето на игровната активност како современа практика. Овој методски концепт нуди сосема поинаков третман на улогата на наставникот, во однос на почитувањето на неговите стручни компетенции, професионални можности, креативност и инвентивност. Наставникот треба да создаде услови во кои "...игровните активности ќе им обезбедат различни можности на децата да се чувствуваат инспирирани, ентузијасти и повластени во нивната игра." [28] Игровната активност сама по себе не нуди готов продукт кој само треба да се оствари во наставата, нејзиното методско значење е во тоа што наставникот има слобода во целокупното нејзино дизајнирање. Од самиот избор на содржина, дидактичко-методско обликување, до реализацијата која треба да води кон одредена цел. Во основа тоа треба да претставува добра комбинација на содржините кои произлегуваат од наставните програми, потребите, интересите и можности на учениците и соодветна дидактичко-методска стратегија. Примената на овој концепт има тенденција да го надмине шематизмот, формализмот и крутоста кои се карактеристика на традиционалниот пристап во наставата.

Во првиот циклус на основното воспитание и образование веќе се во функција нови *наставни планови и програми* креирани согласно концепциските измени во овој степен на образование. Во наставниот план за деветгодишно основно образование зададена е листа на предмети (задолжителни и изборни), како и неделниот и годишниот фонд на часови за секое одделение. Во првиот образовен циклус има вкупно 7 задолжителни предмети, и можност како изборен предмет учениците во трето одделение (во согласност со родителите) да започнат со изучување на наставниот предмет работа со компјутер, додека пак учениците припадници на влашката, ромската и бошњачката заедница во согласност со родителите може да го изучуваат влашкиот, ромскиот или

[28] Wood, E.,Attfield, J. (2006), *Play, Learning and the Early Childhood Curriculum (2$^{nd}$ edition)*, London: Paul Chapman Publishing, pg. 217

бошњачкиот јазик и култура. Овој наставен план се применува и во паралелеките со настава на албански, турски и српски јазик.

**Табела бр.2** Задолжителни и изборни предемети од прво, второ и трето одделение со неделен и годишен фонд на часови се следниве[29]:

| **Наставни предмети**<br>**Задолжителни предмети** | **одделение** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | |
| | Н | Г | Н | Г | Н | Г |
| **1.Македонски јазик**<br>**-За учениците од другите заедници нивниот мајчин јазик, албански, турски, српски** | 6 | 216 | 6 | 216 | 6 | 216 |
| **2. Математика** | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 |
| **3. Англиски јазик** | 2 | 72 | 2 | 72 | 3 | 108 |
| **4.Ликовно образование** | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| **5.Музичко образование** | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| **6.Запознавање на околината** | 2 | 72 | 3 | 108 | 3 | 108 |
| **7.Физичко и здравствено** | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 |
| **Вкупен фонд на часови** | 21 | 756 | 22 | 792 | 23 | 828 |
| **Број на задолжителни предмети** | 7 | | 7 | | 7 | |

| **Наставни предмети**<br>**Изборни предмети** | **одделение** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | |
| | Н | Г | Н | Г | Н | Г |
| **1.Јазик и култура на Власите**<br>**- Јазик и култура на Ромите**<br>**- Јазик и култура на Бошњаците** | | | | | 1 | 36 |
| **2. Работа со компјутер** | | | | | 2 | 72 |
| **Вкупен фонд на часови** | | | | | 1-3 | |
| **Број на изброни предмети** | | | | | 1-2 | |

[29] www.bro.gov.mk

Наставните програми за за првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование во себе содржат неколку компоненти. Секој наставна програма одделно содржи:

- цели за развојниот период од I до III одделение по даден предмет;
- цели на наставата за наставниот предмет и одделение;
- Конкретни цели за дадено програмско подрачје за секој предмет;
- Секое програмско подрачје содржи цели, содржини, поими, активности и методи;
- Дидактички препораки со посебен осврт на насоките за меѓупредметното поврзување, препораки за користење на годишниот фонд на часови, методи, форми и средства на наставната работа, индивидуален приод во наставната работа и наставни средства;
- Оценување на постигањата на учениците преку дијагностичко проверување и оценување, формативно оценување, микросумативно оценување, сумативно оценување, достапност и проодност на портфолиото и начини на проверување и оценување;
- Просторни услови за реализација на наставната програма;
- Норматив за наставен кадар;
- Комисија за подготовка на наставната програма;
- Решение и датум на донесување на наставната програма.

Новата структура на наставните програми, но и иновираните насоки и препораки за реализација на предвидените содржини даваат можност за примена на современи практики во наставниот процес. За сите програмски подрачја на наставните предмети дадени се препораки за активности и методи кои може да се применуваат за успешна реализација на предвидените содржини. Честа е појавата на предлогот за игра и игровна активност со дадена содржина која одговара на наставната содржина. Особено во дидактичките препораки на наставните предемти од првото одделние се препорачува комбинирање на интерактивни, актуелни и современи методи, форми и средтсва со голем акцент врз методот на игра, решавањето на проблеми, истражувачките методи. Ваквата ситуација во голема мера го охрабрува и поттикнува

наставникот во создавање на активна и работна атмосфера која ќе одговара на детскиот равој во овој период. Оттука и оправданоста за примената на игровната активност како методски концепт кој покрај играта во себе ќе носи методска позадина значајна за реализација на наставните програми и постигнување на очекуваните резултати.

# Методска концептуализација на игровната активност

## 4.Историски развој на игровната активност

Во стручната литература нема точни податоци за појавата на првите форми на играта, но едно е сигурно дека таа постои многу одамна. Историски гледано, првичната форма, функција и значење на играта биле интуитивни, таа единствено била водена од желбите на децата, нивната фантазија и предметите во околината кои делувале стимулативно. Свеста за значењето на воспитувањето го донесе и значењето на играта во тој процес, на тој начин започна повисоката форма на примена на играта и активностите во неа. Блиското минато укажува на една сосема поинаква перцепција и анализа на играта како активност која содржи развоен потенцијал и воспитно-образовна функција. Развојот на играта несомнено бил условен од развојот на општеството и промените во него, но и од општиот развој на детската личност. Деталите од историскиот развој на играта и игровните активности најдобро се воочуваат преку мислите, ставовите и предлозите на истакатите научници кои дале свој придонес низ историјата.

Во античкиот период се забележуваат првите мисли за детската игра. Античкиот филозоф Платон зборува за детската игра како одлична можност за вежбање и движење, како активности преку кои детето најдобро ќе ги запознае сопствените природни склоности. Според Аристотел играта има голема улога во развојот, воспитувањето и образованието на децата и неа ја инкорпорира во класните основи, велејќи дека таа е достојна само за слободниот човек. Квинтилијан играта ја издигнува на ниво на наставен метод со чија помош детето учи со задоволство.

Во средниот век играта добива сосема поинакво значење и третман. Од активност која е природна, посакувана и својствена на децата, таа станува недостапна и недозволива. Црквата има доминантна улога во сите сфери на живеење, па така и во образованието. Учењето и работата претставувале облик на патење, а не можност за овоземски радости. Дури во XVI век Језуитите ја согледуваат вистинската функција на играта. Тие создале педагошки систем кој во своите програми отстапува место на играта како системска можност за

остварување на воспитно-образовните цели. "Игрите внимателно се одбираат, преработуваат и контролираат. Се издаваат цели прирачници посветени на играта, најнапред физичките, а потоа и игри за духот. Нив ги вовел (според податоците Rabecq-Millard: 1969, 9-10) Иганција Лајола ги користел за натпреварувања помеѓу одделенијата во вежбите за латински јазик. Значајно е и тоа што големо внимание е посветено на поговорките, симболичките изреки и енигматиката преку кои учениците вежбале итрина на мислењето и досетливост."[30]

Во периодот на хуманизмот и ренесансата играта и игровните активности го добиваат своето вистинско место и значење. Педагозите, научниците и мислителите во овој период се повеќе ја истакнувале потребата од применета на играта во процесот на воспитанието и образованието на децата. Коменски како еден од позначајните претставници во овој период сметал дека на децата постојано треба да им се дава можност за игра преку која ќе го вежбаат здравјето, спретноста и брзината, како и свежината и оштрината на духот. Мора да се нагласи фактот што Коменски своевремено укажувал на потребата од примена на играта во наставата. Таквиот пристап според него обезбедува големо задоволство во процесот на учење. Фенелон е уште еден мислител кој дели сличен став со Коменски. Тој бара "...мешање на наставата со игра и "прикривање" учење под изгледот на слободата и задоволството" [31] Фенелон играта ја применувал како медот преку кој учениците учат да читаат. Монтењ пак на играта и давал третман на најсериозна активност на децата.

Англискиот претставник Џон Лок целта на воспитанието и образованието ја гледа во формирање на џентлмен. Според него игрите и играчките треба да се применуваат во воспитни и образовни цели, а играта и учењето треба да бидат меѓусебно поврзани, т.е "учењето да претставува одмор од играњето и играта да е одмор од учењето." [32]

[30] Kamenov, E. (1997), *Intelektualno vaspitanje kroz igru*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, str. 58
[31] Ibid, str. 58
[32] Алабашовска-Дамовска,Л.(1995),*Играта и нејзиното организирање во предучилишните установи*, Скопје: Догер, стр.12

Жан Жак Русо не посветува исклучиво внимание на играта. Но во својата теорија за природниот и слободниот развој на детето посветува внимание на одредени суштински карактеристики на играта. Активностите кои детето самостојно и слободно ги изведува му овозможуваат искуства значајни за неговиот развој и учење.Овој пристап е основа на бројни теории кои се јавуваат со движењето за новата школа.

Фридирх Фребел има големо значење за поставување на играта во воспитните постапки. За него играта претставувала почеток на детскиот развој и творештво, а води кон саморазвој и ослободување на детските внатрешни сили. Игрите ги класифицирал според возраста на децата, но дидактичките игри ги издвојувал како особено значајни.

Крајот на XIX и почетокот на XX век се јавува потреба за големи промени во образованието со што би се надминале недостатоците на концепцијата на интелектуалистичката школа, односно старата или Хербартовата школа. Во овој период се јавува несомнено најмасовниот педагошки правец кој во литературата се препознава по терминологијата на *движење за нова школа* или *реформска педагогија*. Приговорите меѓу другото биле насочени и кон дидактичко-методските решенија во наставата кои не дозволуваат активна позиција на ученикот.

Почетокот на XX век носи нова енергија во образованието. Под влијание на движењето за нова, активна школа играта добива доминантна позиција во креирањето на училишните активности. Неа ја доживуваат како најмоќен сојузник во желбата да се раздвижи латентната енергија кај учениците која долги години ја негуваше дотогашниот систем. Во центарот на наставата е играта која обезбедува активност и успех. Може да се констатира дека движењето за новата школа ги постави современите концепции за воспитување и образование преку игра и игровни активности. За жал овој приод во образованието неуспеа целосно да ги искорени темелите на традиционалната настава. Се покажа како тешка задачата да се надмине доминантниот традиционален приод во наставата чие присуство се забележува и денес. Можеби причините за тоа се јавуваат во пренагласениот индивидуализам во

новата школа, материјалниот аспект на практичната реализација но и духот на демократичноста кој тешко се вклопи во духовната клима на традиционализамот.

Токму ваквата состојба се пресликува и во системот на образование во Р. Македонија. Оттука идеата и желбата за повторна актуелизација на овој проблем кој не започнува одново и не го носи теретот на докажување на значењето на играта и игровните активности, напротив таа се развива во методска структура која ќе се обиде да кореспондира на моменталната состојба, односно ќе се обиде во себе да ги обедини структурата и шемата која ја бара традиционалната настава (а се покажа како значајна, корисна, успешна и потребна) и од друга страна почитувањето на детскиот начин на учење преку игра и потреба за активната позиција.

# 5. Идеолошки и теоретски основи на игровната активност

## 5.1 Идеолошка традиција на игровната активност

Концептуализацијата на воспитанието и образованието низ историјата најдобро се согледува преку идеолошката традиција која внимателно е документирана во стручната литература. Меѓу другото таа дава значајни податоци за развојот и третманот на вредноста и улогата на играта и игровните активности во раното учење. Идеолошката традиција на игровната активност нема еднолична форма, бидејќи свој придонес даваат бројни психолози, педагози, развојни психолози и слично."Во центарот на традицијата е работата на Јохан Песталоци (Johann Pestalozzi), Фридрих Фребел (Fridrich Froebel), Рудолф Штајнер (Rudolf Steiner), Џон Дјуи (John Dewey), Марија Монтесори (Maria Montessori), Маргарет и Рејчел Мекмилан (Margaret and RachelmMcMillan), Сузан Исак (Susan Isaacs) и Ана Фројд (Anna Freud), исто така и литературното и филозофското пишување на социјалните и политичките реформатори како Жан Жак Русо (Jean Jacques Rousseau), Вилијам Вордсворт (William Wordsworth) и Чарлс Дикенс (Charles Dickens)." [33] До крајот на XIX век во духот на несоодветниот третман на детството (децата биле разгледувани како човек во мало, без свои права, потреби и интереси) играта не го добила своето потребно место и значење. Но веќе "...во раната 1920 година играта директно беше поврзана со детскиот развој..." [34] Научните истражувања и ставовите и на многу теоретичари како Фребел, сестрите МекМилан, Монтесори, Штајнер и Сузан и Нетан Исак ја поставија играта како никулец на кој треба да се базира целокупниот детски развој. Нивната вредност е уште поголема заради тенденцијата играта и активностите во неа да бидат дел од дидактичко-методската реализацијата на курикулумот.

[33] Wood, E. Attfield, J. (2005), *Play, Learning and the Early Childhood Curriculum*, London: Paul Chapman Publishing, pg. 28
[34] Moyles, J. (2005), *The Excellence of play*, London:OPEN UNIVERSITY PRESS, pg. 4

Фридрих Фребел (1782-1852) е еден од пионерите кои го проучуваат образованието во раното детство. Верувал во детската добра природа која треба постојано да се поттикнува и охрабрува. Детството го разгледува како период значен сам за себе, а не како подготовка за подоцнежниот живот. Сметал дека“...улогата на возрасните е да почне од онаму каде што ученикот е, и внимателно да интервенира во детските активности вклучувајќи ја и играта”. [35] Големо значење и придавал на играта и неа ја разгледувал како духовна активност која предизвикува процес и трансформација. Покрај играта сметал дека развојот кај децата се поттикнува и преку нивното сопствено искуство, активности избрани од самите деца и интринзичната мотивација. Заради тоа во детската градинка која самиот ја основал настојувал на развој, слобода и идеален баланс на природата, внатрешноста и спиритуалноста.

Џон Дјуи (1859-1952) е главен претставник на прагматистичката педагогија која во почетокот на XX век во САД доживува голема популарност и влијание. Главниот слоган за учење по пат на делување (learning by doing) во основа ја содржи неговата тенденција децата и учениците да се гледаат како активни учесници во процесот на учење. Тој сметал дека “...единствена активност која има значење за воспитувањето е онаа која ги опфаќа „сите постапки кои го вклучуваат развојот на моќта-особено моќта да се сфати значењето на она што се прави“. [36]

Маргарет Мекмилан (1860-1931) во својата педагошка дејност внесува елементи на прагматизмот. Таа е основач на Nursery School, воспитно-образовна институција која ги поставува релациите помеѓу грижата, здравјето и образованието. Во работата со децата и учениците фокусот го поставува на сензорните и говорните вежби и активности со акцент на методот на откривање кој има за цел да ги задоволи детските потреби и интереси. Иако воспитно-образовната работа ја збогатува со други содржини главно од здравствено-

[35] Wood, E. Attfield, J. (2005), *Play, Learning and the Early Childhood Curriculum*, London: Paul Chapman Publishing, pg. 29

[36] Миовска-Спасева, С. (2005), *Прагматистичката педагогија и основното образование*, Скопје: Селектор, стр.68

хигиенска природа, сепак настојува учениците преку сопствено искуство и активности да ги реализираат предвидените содржини.

Рудолф Штајнер (1861-1925) како претставник на движењето за нова школа развива сопствена образовна филозофија која во голема мера ги продолжува идеите на Фребел. Холистичкиот развој, социјалната интеракција, развојот на имагинацијата и фантазијата, живеењето на секојдневниот живот, играта, музиката, литературата и движењето преку еуритмијата се главни сегементи на неговата педагогија. "Важно е при движењето во одреден ритам да не работат само нозете туку и рацете. Така може учителката, доколку сака потполно без исправувања и без било какви уметнички барања да ги донесе децата до тоа да само на основа на набљудување и имитрирање изведат некои едноставни еуритмички движења: заштитничката буква Б, или пак гневната буква Ф; или пак ослободената буква А ит.н. "[37] Покрај еуритмијата, играта и игровнат аактивност се застапени во многу други методски решенија како на пример, слободните игри, драмските игри, уметничкото вежбање и слично.

Марија Монтесори (1869-1952) е уште еден претставник на движењето за нова школа која има големо влијание во педагошката наука и практика. Во центарот на нејзината педагогија се монтесори материјалите како главен двигател на бројните активности на децата и учениците. Таа верувала во подготвена околина, поларизација на внимание и периодите на осетливост во детскиот развој. Игрите на фантазија биле составен дел од нејзината практика, а во средината по мерка на детето се учеле вистинските животни вештини без поголема интервенција на возрасните. За улогата на игрите, активностите во нив и наставникот, Монтесори вели: "Ликот на учителот е уште една од иновациите кои побудиле голем интерес и дискусија: новиот учител е пасивен учителкој пред детето ги уништува препреките на сопствените активности, кој ужива во тоа да го избрише сопствениот авторитет како би ја развил активноста на детето и кој целосно е задоволен кога го гледа детето како само работи и напредува, а за тоа да не си препишува себе си заслуга, како возрасен."[38]

[37] Carlgren,F.(1990),*Odgoj ka slobodi*, pedagogija Rudolfa Steinera, Zagreb:Društvo za waldorfsku pedagogiju, str.47

[38] Montessori, M. 2 izdanie, *Djete-tajna djetinstva*, Zagreb: Naklada Sklap, str.151

Сузан Исак (1885-1948) повеќе дава теоретска нишка на оваа проблематика, обидувајќи се да ги потврди своите ставови во филозофијата, психологијата и психоанализата. Реализирала бројни системстаки обсервации на деца на возраст од две до девет години. Играта ја објаснува како "централна во курикулумот која на децата им обезбедува можности за решавање на проблеми и развивање на вештините во читање, пишување и сметање." [39] Особено ги истакнува вредностите на спонтаната, имагинативната и манипулативната игра. Улогата на наставникот според неа се состои во обсервација и идентификација на детските потреби и интереси.

## 5.2 Игровната активност во контекст на различните теории

Проучувањето на играта и активностите во неа се предизвик на голем број научници, истражувачи и теоретичари. Нејзиното влијание врз детскиот развојот се проучувал од различни акспекти. Педагошката и психолошката литература нудат богат фонд на етаблирани научни теории кои меѓу другото даваат свое објаснување и за потеклото, суштината и значењето на играта и игровната активност. Секоја од теориите открива нова димензија и ја образложува нејзината специфичност. Не постои теорија која играта и игровната активност ги проучува во својата целост и комплементарност. Со тоа се потврдува комплексната структура на игровната активност која секогаш ја задржува својата развојна карактеристика. Таа не е еднаш засекогаш даден и завршен феномен, напротив нејзината суштина сеуште претставува голем предизвик и за современите научници и истражувачи. Постојните научни теории кои даваат свој придонес во конституирањето на игровната активност како методски концепт се:

- Психоаналитичката теорија
- Когнитивно-развојната теорија
- Културно-еколошката теорија
- Развојната и компаративната теорија

[39] Wood, E. Attfield, J. (2005), *Play, Learning and the Early Childhood Curriculum*, London: Paul Chapman Publishing, pg. 32

### 5.2.1 Психоаналитичката теорија и игровната активност

Психоаналитичката традиција се градела преку научни и емпириски истражувања на бројни психолози, меѓу кои позначјани се Фројд (Frojd), Ериксон (Erikson), Есман (Esman) и Виникот (Winnicott). Во основата на сфаќањето на играта во психоаналитичката теорија се наоѓаат чувствата. Бидејќи човекот е емоционално битие а децата се во период кој се карактеризира со интензивен, разгранет и бурен емоционален развој, често се наоѓаат во ситуација кога не можат да ги искажат и да се справат со надојдените чувства. Оваа теорија дава свои објаснувања за влијанието на чувствата врз создавањето на *интрапсихички конфликти*. Проблемот на појавата и справувањето со интрапсихичките конфликти е комплексен и сложен за секој возрасен период. Особено децата се соочуваат со многу непријатни сиутации во моментите кога не знаат како да го надминат интрапсихичкиот конфликт. Играта според претставниците на оваа теорија претставува одличен механизам кој ќе им даде можност на децата да научат да управуваат со чувствата за време на интрапсихички конфликт. Од една страна преку играта може да се откријат детските борби со чувствата кои си противречат, но од друга страна психоаналитичката теорија вели дека децата можат да ја искористат играта како би ги совладале сите свои чувства. Овие ставови најдобро се илустрираат во еден пример од познатиот психоаналитичар Сигмунд Фројд во периодот кога го развивал својот концепт за нагонот за повторување. Тој сакал да објасни и докаже зошто голем дел од неговите пациенти постојано зборувале за своето тешко минато но истовремено ги повторувале истите грешки. Во тој период престојувал во дом во кое едно дете проодувало и Фројд секојдневно го набљудувал. " Фројд забележал дека детето фрлало предмети, кои потоа ги снемувало зад други предмети како каучи и столици, и потоа ги пронаоѓало, а тоа постојано се случувало. Фројд тоа го објаснил преку фактот што детето ги совладало чувствата кои ги имало секој пат кога неговата мајка ќе го напуштела. Како и повеќето деца на оваа возраст, и ова дете немало контрола врз тоа кога неговата мајка ќе заминела и доаѓала. Но тоа сепак имало контрола врз заминувањето и доаѓањето на предметите кои ги

фрлало. Преку игра детето можело да ги совлада чувствата на фрустрација и беспомошност кои му биле тешки да ги совлада надвор од играта." [40]

Психоаналитичката теорија дава значајни податоци за влијанието на играта и игровните активности во еден аспект од развојот на личноста, а тоа е емоционалната сфера. Во наставата за жал многу малку се посветува внимание на емоционалниот, наспроти интелектуалниот аспект од развојот на учениците. Доколку игровната активност во првиот образовен циклус добие методска намена ориентирана кон емоционалната сфера на учениците, тогаш може да се очекува нивна емоционална стабилност и развој, справување и контрола на чувства, разрешување на интрапсихички конфликти и слично.

### 5.2.2 Когнитивно-развојната теорија и игровната активност

Групата теории кои ја сочинуваат когнитивно-развојната теорија го прифаќаат ставот за значењето и улогата на играта и игровните активности во развојот на детската личност, но појдовна точка во нивните толкувања е когницијата, со што се означува процесот на сознавање. Позначајни претставници на оваа теорија се Пијаже (Piaget), Виготски (Vygotsky) и Брунер (Bruner). Тие се обидуваат да ја докажат улогата на игровната активност во развојот на свеста, мислата и размислувањето, но и нејзината симболичка и сознајна функција.

Познатиот психолог Жан Пијаже долго време работел на својата теорија која имала за цел да го објасни развојот на логичкото мислење. Сфаќањата за играта и активностите во неа добро ги инкорпорирал во својата теорија. Сметал дека играта е во функција на развојот на когнитивните способности и како сознајна дејност таа е од големо значење за развојот на симболичката функција. "...според него истите фактори кои го одредуваат интелектуалниот развој го одредуваат и развојот на играта, таа е феномен која го прати развојот

[40] Scarlett, W.G, Salonius-Pasternak, S.N.D., Ponte, I. (2005), *Children's Play*, London:SAGE Publications, pg. 7

на интелектуалните функции и ги рефлектира главните карактеристики на одделните етапи." [41]

Според него постојат три етапи кои се карактеристични за интелектуалните структурни промени кај децата од аспект на примената на играта, а тоа се: *вежбање, симбол и правила.*

**Табела бр.3** Фази на игра според Пијаже [42]

| *Возраст (Приближна)* | *Карактеристики* |
|---|---|
| **Рано до доцно детство** | Несимболички игри за вежбање |
| **Рано детство (пред 6 годишна возраст)** | Игри на фантазија и симболички игри |
| **Доцно детство (пред 12 годишна возраст)** | Игри со правила |

Овие три фази го објаснуваат начинот на кој се развива играта, а се однесуваат на развојниот капацитет на децата симболички да размислуваат. "Движењето од првата кон втората фаза претставува движење од прасимболичка кон симболичка игра. Движењето од втората кон третата фаза претставува движење од симболизирање од само една гледна точка кон симболизирање од повеќе гледни точки, како што децата сфаќаат дека правилата на игрите се направени за да можат игрите да бидат играни на фер и постојан начин. " [43] За нас особено значаен е ставот на Пијаже дека овие фази се однесуваат исклучиво на формата или структурата на играта, а не содржината и темата на самата игра. Со тоа се потврдува и нашето гледиште за потреба од методска конципираност на игровната активност особено во втората фаза која го опфаќа периодот на доцното детство (пред 12 годишна возраст) кога доминантни се игрите со правила. Според Пијаже "Во овој период се одбележуваат формалните или пропозиционалните операции. Тоа значи дека операциите повеќе не се применуваат само на манипулирање со конкретни објекти туку сега се опфаќаат и хипотези и искази кои детето може да ги користи

[41] Kamenov, E. (1977), *Intelektualno vaspitanje kroz igru*, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, str.53
[42] Scarlett, W.G, Salonius-Pasternak, S.N.D., Ponte, I. (2005), *Children's Play*, London:SAGE Publications, pg. 9
[43] Ibid, pg. 9

како апстрактни хипотези преку кои може да се изведуваат заклучоци со логички или формални средства." [44]

Пијаже во својата теорија исто така зборува за природниот развојот на играта во предучилишниот период до игровна активност во раниот училишен период. Според него играта претставува процес на образование на симболите како посредник меѓу човекот и стварноста. Развојот на детето го разгледува преку два комплементарни процеси, а тоа се: акомодација и асимилација. Процесот на акомодација се однесува на повторување и одземање од надворешниот свет обрасци кои му се потребни на детето за да го структурира својот внатрешен свет. Асимилацијата се однесува на чистиот облик на играта и претставува процес во кој се менуваат влезните информации за да би одговарале на личните потреби на децата.

Во текот на асимилацијата и акомодацијата играта се јавува во функција на примена на обрасците стекнати преку имитацијата на новите ситуации, а како резултат на тоа настануваат симболите. Низ играта детето ги задоволува интересите и желбите и ја изразува својата индивидуалност на конкретен начин. Во тој процес настанува развојот на сфаќањето на светот и со тоа играта ја оправдува својата когнитивна функција. "Во текот на развојот играта се повеќе постанува преработена и организирана. Со пораст на искуствата за физичката и општетсвената средина се преоѓа на точно претствување на стварноста. Тоа зголемено вклучува сензомоторна и интелектуална вежба, така играта станува контсруктивна, прилагодена кон реалноста..." [45]

Теоријата и учењето на Пијаже иако доживуваат одредени критики како: "Тврдењето дека детскиот развој е контролиран од општите логички структури и тврдењето дека преминот од еден развоен степен кон следниот е предизвикан од процесот на урамнотеженост" [46]сепак се забележува големиот придонес во развојот на когнитивните аспекти на педагошката наука. Поврзаноста помеѓу

[44] Pijaže, Ž. Inhelder, B. (1978), *Intelektualni razvoj deteta*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, str. 122
[45] Kamenov, E. (1977), *Intelektualno vaspitanje kroz igru*, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, str.53
[46] Milanović-Nahod, S. (1988), *Kognitivne teorije i nastava*, Beograd: PROSVETA, str.32

структурата на мислењето и развојот на играта ги отвара можностите за проучување на игровната активност од агол на когнитивниот развој.

Лав Виготски како претставник на групата когнитивно-развојни теории дава свој голем придонес кон оваа проблематика. Неговата теорија прави баланс помеѓу когнитивната тенденција но и афективното влијание на играта и игровните активности врз личноста на детето. Играта ја разгледува како етапа во развојот на сознајните процеси но се обидува да го отстрани нејзиното целосно интелектуализирање. Кон прашањето за мотивите на играта Виготски наспроти интелектуалната љубопитност, во прв план ги поставува афективните конфликти со кои детето се соочува кога не може да ја задоволи сопствената цел. Виготски разликува двостепена функција на играта во процесот на развој на детето: развој на сознајните функции и развој на вољата. Играта ја определува како "водечка активност" која го одредува развојот на детето.

Основни карактеристики на играта според Виготски се[47]:

- Имагинарна ситуација
- Субординација (подреденост) на правилата
- Ослободување од принудата од околината
- Дефиниција на улогите

Играта по својата форма, значење и функција ја разликува од работата и сите други видови активности. Моќта на играта да го поттикне детето за да се однесува посовршено отколку во секојдневниот живот го објаснува со делувањето на линијата на најголемиот отпор и преминувањето на стадиумот на развој. За нас особено значајна е неговата теорија на зоните на следен развој-ЗСР. Во основа на оваа теорија е разликата помеѓу моменталното развојно ниво и потенционалното развојно ниво на кое треба да се делува за да се достигне. Поточно во теоријата на Виготски наставникот има клучна улога, бидејќи " ...треба добро да ги процени способностите на секој ученик, да утврди а) кои психички функции му се развиени, б) кои се во развој и в) кои се тие функции на

[47] Wood, E. Attfield, J. (2005), *Play, Learning and the Early Childhood Curriculum*, London: Paul Chapman Publishing, pg.108

кои им предстои непосреден развој."[48] Со оваа теорија Виготски се обидува да ги дефинираат оние функции: "...кои се уште не се созреани, но се во процес на матурација, функции кои утре ќе созреат но во моментот се во ембрионална положба."[49] Поврзувањето на оваа негова теорија и играта има голема методска вредност, бидејќи научната тенденција на секое методско решение е да обезбеди услови за развој. Суштината на таквата поврзаност најдобро се согледува преку неговата мисла: ""...парадоксот е во тоа што детето учествува во играта по линија на најмал отпор т.е. тоа го прави она што најмногу го сака, бидејќи играта е поврзана со задоволството. Истовремено учи да делува по линија на најголем отпор...Играта непрекинато, на секој чекор, поставува пред детето барања да делува според непосредните импулси т.е. да делува по линија на најголем отпор... Такво потчинување на правилата е невозможно во животот; во играта тоа станува возможно: така и играта создава зона на најблизок развој на детето. Во играта детето секогаш е над својата средна возраст, над своето обично секојдневно однесување; тоа во играта како да се надвиснува самото себе за една глава (57, 59)."" [50]

Значењето на Виготски за толкувањето на когнитивно-развојната компонента на играта и игровните активности е несомнено голема. Особено значајна е неговата тенденција играта да ја постави во развојна линија со мислење и учење и афективните процеси,а нејзините активности да ги третира како механизам кој дава кохерентност на активностите, релациите, целите и методите.

Џероми Брунер е уште една значајна фигура во когнитивно-развојната теорија. Толкувањето на когнитивниот процес на Брунер од логичко и психолошко гледиште и анализирање на она што се случува позади перцепцијата и кое не може директно да се набљудува, даде свој посебен придонес во истражувањата од т.н. когнитивна револуција. Според Брунер суштината на образованието и интелектуалниот развој е во различниот начин на

[48] Вилотијевић, М. (1996), *Системско-теоријске основе наставног процеса*, Београд: Учитељски факултет, стр.102

[49] Wood, E. Attfield, J. (2005), *Play, Learning and the Early Childhood Curriculum*, London: Paul Chapman Publishing, pg. 96

[50] Kamenov, E. (1977), *Intelektualno vaspitanje kroz igru*, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, str.55

претставувањето, а во таа насока образованието мора да помогне во пренесувањето на искуствата во цврст систем на означување и распоредување. "Целта на наставата е што е можно побрзо на ученикот да му се понуди смисла за основните идеи на некоја дисциплина, принципот кој лежи во основата да создаде структура на одредениот наставен предмет и учениците да ја разберат таа структура како би можеле мисловно да ги поврзуваат другите идеи со тие структури." [51] Според Брунер овие цели на образованието може да се постигнат откако ќе се задоволат четири неопходни услови:

1. интелектуална активност (целосно ангажирање во учењето),
2. организација на знаењата, кои се стекнуваат зависно од способностите на ученикот,
3. распоредување на наставното градиво според критериумите на очекување што детето треба да научи и
4. вид и време на поткрепување.

Џероми Брунер дава свои размислувања и за прашањето на третманот на играта и игровните активности кои се согледува во неговиот концепт за *поддршка*. Овој концепт Брунер го развил со цел да докаже дека учеството на децата во играта директно зависи од поддршката на возрасниот. Во моментите кога родителите и учителите обезбедуваат поддршка, децата и учениците полесно стапуваат во игра и игровна активност и повеќе го задржуваат вниманието во текот на играта. Концептот на поддршка е обезбеден доколку постои импулс и желба на возрасните за игра и прифаќање на партенрска улога во активностите со цел да им помогнат на децата да ја увидат нивната игра како вистинска игра.

Примената на игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус се оправдува и преку ставот на Брунер дека улогата на возрасниот во пристапот кон децата преку игра и игровна активност обезбедува поддршка, позитивна социо-емоционална клима заради вклученоста на сите субјекти и поттик на сите вештини кои се обебзедуваат преку нив.

[51] Milanović-Nahod, S. (1988), *Kognitivne teorije i nastava*, Beograd: PROSVETA, str.46

### 5.2.3 Културно-еколошката теорија и игровната активност

Културно-еколошката теорија се занимава со проучување на културниот контекст на играта и игровните активности. Домот, соседството, училиштето, непосредната околина претставуваат значајни културни и социјални контексти кои во голема мера ја определуваат играта во сите нејзини аспекти (вид, форма, интеракција, статус и слично). Според оваа теорија културата е сфатена како "единствена променлива вредност врзана за одредени географски региони." [52] Ова гледиште ја определува културата во нејзината најопшта смисла, но кога станува збор за нејзината поврзаност со играта, тука веќе може да се најдат специфични обележја кои ја претставуваат суптилната форма на културата. Така на пример за време на една игра или игровна активност можат да се идентификуваат големи специфичности, почнувајќи од видот на куклите и играчките, разговорот помеѓу субјектите, третманот, улогата и статусот кои го добиваат, материјалите за игра, вклученост или исклученост на возрасниот, амбиентот кој се создава, определбата дали некоја игра е соодветна или несоодветна и слично. Овие карактеристики според претставниците на културно-еколошката теорија спаѓаат во т.н. видливи и мерливи специфичности на играта во различни културни контексти. Но секоја игра и игровна активност во себе содржи и т.н скриени вредности, гледишта, пристапи и односи кои се во зависност од различните социо-културни релации.

Поделбата на меѓусебно зависна и индивидуалистичка култура се забележува и во игрите применувани во нив. Во услови на меѓусебно зависна култура (која главно се негува во источните земји), развојот на детето се разгледува во рамки на негово вклопување во животот исполнет со хармонија и почитување на членовите на помалата и поширокета заедница. Игрите кои се применуваат во нивното опкружување ги задржуваат овие карактеристики и се поставени на начин кој не стимулира натпревар и конкуренција. Додека пак индивидуалистичката култура (карактеристична за западните земји) има сосема спротивен пристап. Во нејзината суштина е истакнување на индивидуалноста на секое дете, максимален ангажман на сите потенцијали за да се достигне

[52] Scarlett, W.G, Salonius-Pasternak, S.N.D., Ponte, I. (2005), *Children's Play*, London:SAGE Publications, pg.11

индивидуален успех. Овој пристап добива своја рефлексија и во играта и игровните активности, каде конкуренцијата е побитна од се.

Со културно-еколошката теорија се проучува проблематика која во училишни услови се повеќе добива на значење. Социјалната позадина и социјалниот контекст со кој учениците се опкружени во секојдневниот живот ги рефлектираат социјалните односи помеѓу нив. Игровната активност како методски концепт добива значење дотолку повеќе што во себе ја вклучува и социо-културната компонента како значајна цел во креирањето на позитивна микросоцијалната средина во одделението, односно училиштето.

### 5.2.4 Еволутивно-компаративни теории и игровната активност

Групата еволутивно-компаративни теории се заснова на бројни студии кои се обидуваат да дадат свои толкувања за влијанието меѓу играта и еволуцијата на животинскиот вид. Податоците добиени од бројните истражувања говорат за значењето на еволуцијата и прогресот на играта. Џероми Брунер како еден од претставниците на еволутивната теорија тврди дека: "...играта е главен претходник на појавата на јазикот и симболичкото однесување кај цицачите од повисоко ниво и човекот. Тој обрнувал доста внимание на фактот што мајмуните од стариот свет помалку играат од подоцнежните мајмуни од новиот свет, како и на фактот што се чини дека мајмуните од новиот свет ја користат играта за да имитираат и вежбаат важни вештини." [53]

Компаративните студии и теории се обидуваат да ја надминат погрешната претпоставка за играта како вежба за иднината. Тие сметаат дека играта активностите во играта се идентични со вистинското случување во реалниот свет. Овие теории имаат тенденција да докажат дека играта е секаде присутна и поврзува различни групи како меѓу човечкиот род така и помеѓу различните животински видови. Еволуитивните и компаративните теоретичатри сметаат дека

[53] Ibid, pg.13

токму играта е моментот во кој се спојуваат заедничките точки и се поттикнува чувството на единство помеѓу сите животински видови.

Оваа група теории дава свој голем придонес во сфаќањето на постоењето и примената на играта но во контекст на еволутивните законитости. Теоријата за нејзината моќ на привлекување на различни групи одлично се вклопува во услови на настава каде неопходен е спојот на генерациските, родовите и социо-културните разлики помеѓу учениците и наставниците.

## 6.Значењето и улогата на игровната активност во раниот училишен период

Светската стручна јавност и по долги години сеуште води дебати за улогата и вредноста на играта и нејзиното влијание врз ефективното поучување и учење. Определбите за и против играта во образовен контекст, продуцираат аргументи кои неа ја одржуваат високо во програмата на образовните политики, истражувања и практика. Играта и понатаму добива сериозен третман, а потврда за тоа се современите истражувања кои обезбедуваат нови теоретски рамки и водичи за практиката. Научниците и практичарите со интерес гледаат кон проблематиката на играта особено заради нејзиниот идеален спој на теоријата и практиката, како и обезбедување на квалитет во процесот на учење и поучување.

Толкувањето на улогата и значењето на играта во раното детство започнува од традиционалниот пристап на слободна, спонтата активност која се случува без некаква надворешна нужност. Активност која е природна, основна но и специфична и во чиј процес доаѓаат до израз желбите, стремежите, чувствата, мислите и потребите за активно дејствување. Се смета дека играта по некои особености се разликува од сите останати активности, бидејќи таа произлегува од внатрешните потреби и има своја логика која се разликува од логиката на надворешната реалност. Логиката на играта пак се согледува во нејзината реалност која е преработена и е во склад со детските доживувања. Играјќи детето го запознава светот околу себе, ги запознава односите меѓу луѓето, работата и врз основа на тоа формира свој однос во средината на своето дејствување. Преку играта на децата им се нуди можност да го осознаат светот и околината, да стекнат нови претстави, поими, знаења, искуства и навики, да ги вежбаат сетилата, да го збогатат емоционалното доживување, говорот и сл. Една од целите кои обезбедуваат сигурен старт на децата е: "Сите деца да имаат пристап до високо-квалитетна игра и поучувачки можности, со што ќе се

потпомогне прогресот во насока на достигнување на целите за раното учење во училиште." [54]

Во современата теорија и практика воспитанието и образованието се ставени во контекст на соднос помеѓу играта, учењето и поучувањето. Бидејќи играта секогаш е поврзана со детските внатрешни потреби, интереси и желби, таа претставува нивно специфично задоволување. Заради тоа децата многу поинаку се однесуваат кон задачите и правилата кои се појавуваат во играта, отколку кон оние задачи и правила кои се поставени на друг начин. Во таа смисла игровните активности во себе содржат широк спектар на однесувања кои можат да бидат сместени во различни контексти и да имаат различно значење за децата и возрасните. Игровните активности обезбедуваат различни можности за децата да пристапат помотивирано и помоќно во процесот на учење. Во стручната литература често се користи терминот "*can-do orientations*" која има за цел да ги определи игровните активности како промотор и поддршка во развојот на позитивните диспозиции за учење. Тенденција не се состои во тоа да докаже дека децата учат единствено преку игра или пак дека курикулумот заснован на игра е најдобар или единствен пристап кој го поддржува раното учење. Напротив, целта е насочена кон тоа да ја постави играта како можност за развој на различни активности со различни модели на акција, интеракција и комуникација помеѓу субјектите.

Современата рамка на играта и иговните активности ги нуди следниве нејзини карактеристики:

1. Одбрана од страна на децата
2. Креирана од страна на децата
3. Претставува симулација но се остварена доколку активностите се реални
4. Фокус на работата и процесот, а не на продуктот
5. Реализација од страна на децата, а не од возрасните
6. Претпоставува активно вклучување
7. Предизвикува индивидуална мотивација преку задоволството од активностите

[54] Weinberger, J. Pickstone, C. Hannon, P. (2005), *Learning from Sure Start*, London: Open University Press, pg. 131

8. Предизвикува интерес и забава

Секој обид играта да се дефинира или категоризира наидува на одредени тешкотии кои главно произлегуваат од контекстот во кој таа се остварува, а тој речиси секогаш е различен.Тоа е главната основа за појава на *парадоксалната природа на играта* бидејќи децата играат за да се оттргнат себе си од реалноста, но во исто време да се доближат до реалноста. "Играта овозможува когнитивни, културни, историски социјални и физички интерконекции, вклучувајќи го и дијалогот помеѓу:

- Реалноста и фантазијата
- Реалното и нереалното
- Реалните светови и световите на играта
- Минатото, сегашноста и иднината
- Логичното и апсурдното
- Познатото и непознатото
- Актуелното и можното
- Безбедното и ризичното
- Хаосот и редот" [55]

Покрај парадоксалната природа на играта постои уште една пречка или опасност во секој обид таа да се дефинира и категоризира, а тоа е дека децата имаат сопствена дефиниција за играта. Во секој приод децата заедно да ги етаблираат можностите, начините и правилата во играта и игровните ситуации, тие самостојно креираат симболи, ги редефинираат целите, ги трансформираат идеите и ги детерминираат акциите преку меѓусебни преговори и споделени размислувања.Во основа тие играта ја доживуваат и креираат самите за себе. Во континуитет го трансферираат реалниот свет на знаења, вештини и сфаќања од останатите области на нивните животи.

Во литературата играта често се дефинира како "ексклузивен метод" со помош на кој децата се учат да се концентрираат и да ја постигнат саканата цел.

[55] Wood, E. Attfield, J. (2005), *Play, Learning and the Early Childhood Curriculum*, London: Paul Chapman Publishing, pg. 7

Еден од главните квалитети на играта како метод на еукација е тоа што нуди можности за надминување на спротивностите. Прифатената цел во играта значи потчинување на детето на одредени правила и дисциплина. Сето тоа делува стимулативно."[56] Оттука може да стане збор за една друга димензија на играта која всушност претставува и главен проблем на проучување во оваа докторска дисерттација. Поаѓајќи од фактот дека играта и учењето се комплементарни процеси, вусшност дека од една страна учењето придонесува за промена на однесувањето и богатење на искуството, а пак од друга страна играта го збогатува детето со нови искуства кое тоа подоцна ги применува усовршувајќи ги своите дејства, се поставува прашањето за анализа на потребата и значењето на игровната активност.

Специфичните педагошки и психолошки карактеристики на децата укажуваат на потребата од примена на играта и игровните активности не само во предучилишен период туку и во првите години од основното образование. Разгледувајќи ја игровната активност како специфична методска организација може да се забележи дека нејзината организација и реализација мошне успешно може да ги оствари целите и задачите на интелектуалното, моралното, естетското и физичкото воспитание, и при тоа да се создаваат основи за примарна социјализација и правилен социо-емоционален развој. Токму заради тоа иницијалната мотивација за истражување на проблематиката на игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус од основното образование, произлегува од потребата за еден поинаков, посовремен и покреативен пристап во реализирање на целите и задачите од различните програмски подрачја.

[56] Дамовска, Л. (1995), *Играта и нејзиното организирање во предучилишните установи*, Скопје: Догер

## 6.1 Од игра до игровна активност

Играта и игровната активност меѓусебно се разликуваат не само терминолошки, многу повеќе и содржински. Игровната активност како вид и форма потекнува и се развива од играта. Таа се базира на слободната и спонтаната активност на децата во која се задоволуваат нивните интереси, потреби и можности. Согласно развојните карактеристики на децата се забележува вклучување на дидактичко-методски сегементи во играта кои соодветно ја канализираат истата кон постигнување на некоја воспитно-образовна цел. Главна улога во овој процес ја има воспитувачот или наставникот кој врз основа на интересите, можностите и потребите на децата од една страна и наставната програма од друга страна ја стимулира, иницира или насочува игровната активност. Нејзината структура, содржина треба да ги следат внатрешните потреби на децата како би можеле учењето и играта комплементарно да се реализираат преку истрајноста и упорноста на децата. Во игровната активност се забележува дидактичко-методска поставеност и структура која ќе обезбеди соодветна апликативност, применливост, практичност и дејственос во развој на различните аспекти од детската личност.

Игровната активност претставува умешен спој на инстинктивното однесување на учениците и умереното влијание и водење од страна на наставникот. Истражувањата покажуваат дека учениците се неверојатно чувствителни за сопствените можности, тие го одбираат точно она што знаат и умеат да го направат, но секогаш со една тежина повеќе која стимулира и нуди развој. Нивните лични интереси, желби и можности се задоволуваат преку самата игра, но влијанието на наставникот ја овозможува структурата на активноста во која е изразена образовно-воспитната компоненета и очекуваниот резултат. Преку игровната активност ученикот има одлична можност да одлучува, делува и да ги согледува последиците на своето делување, бидејќи само така може да се развива како целосна личност. Основната функција на игровната активност поаѓа од неколку гледишта за играта како на пример: "Шато вели: "Играта се спротиставува на обичното, секојдневното; таа е младост и

новина" (1955, 17). Меклуан истакнува: "Уметноста и играта ни овозможуваат нам да стоиме по страна од материјалниот притисок на рутината и конвенцијата, набљудувајќи и поставувајќи прашања ...Игра...пренос на познатото искуство во нова форма, фрлајќи изненадувачка светлост на мрачната и матна страна на нештата... Во забавата и играта стануваме интегрални личности, додека во секојдневниот свет или на својата работа, можеме да користиме само дел од своето битие" (1971, 293, 301-302, 292). Во рамките на оваа најширока функција на играта сигурно можеме да откриваме и мноштво на специфични функции, чија разновидност и богатство се совпаѓаат со многуобразноста и вкупниот развоен потенцијал на човечката личност која стапува во живот. А тој е, несомнено, подалеку отколку што тоа до денес е идентификувано во науката која се бави со човекот."[57]

Современата практика треба да обезбеди третман на учениците со кој на нив веќе не се гледа како на личности кои располагаат само со навики и меморија, туку како на активни субјекти кои се способни да испитуваат, да анализираат, да согледуваат разлики, да откриваат сличности, да заклучуваат за односите, да организираат нови синтези и да одат понатаму од дадените информации. Тоа е единствено остварливо доколку им се даде таква можност и се насочат на соодветен начин. Со градењето позитивни односи со останатите субјекти, предметите и околината која го опкружува, ученикот ги испитува своите можности за дејствување во таа стварност, односно го остварува сопствениот идентитет. Игровната активност како современа практика ги стимулира учениците кон сопствена активност со дискретното насочување од страна на наставникот кој им помага да го организраат своето искуство. Тие се ставени во позиција на постојано поттикнување набљудување, експериментирање, поставување и докажување едноставни хипотези, а добиените податоците имаат можност да ги проверат во практиката, на тој начин личната активност и искуство на учениците станува осмислено и предизвикува особено задоволство. Врз основа на игровните активности учениците имаат можност да го опишуваат

[57] Kamenov, E. (1977), *Intelektualno vaspitanje kroz igru*, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, str.64

она што го виделе и доживеале, да манипулираат со предметите и симболите, да ги споредуваат сопствените и искуствата на другите ученици и да ги разменуваат мислењата и заклучоците. Клучата вредност на игровната активност е тоа што не ја гасне љубопитноста, креативноста и желба за слободно изразување и делување на ученикот, напротив таа ја продлабочува и насочува кон нови сознанија, а она што е стекнато го задржува во трајна своина.

Игровната активност се одликува со развојна линија која е во согласност со развојните карактеристики на учениците. Таа треба да биде прилагодена на учениковите можности и усогласена со индивидуалните карактеристики на учениците, но истовремено да биде реализирана на највисоко развојно ниво за секој ученик. Бидејќи во периодот на првиот образовен циклус клучен е преминот од предоперативно кон конкретно ниво на менателен развој на учениците, игровната активност треба да понуди постепен стремеж кон напуштање на активностите од практичната сфера и промовирање на оние активности кои се поврзани со развитокот на повисоките ментални функции. Активностите кои бараат само рутинско ангажирање полека се заменуваат со игровни активности кои ги стимулираат на ангажман позначајните ментални капацитети на учениците. Применливоста на игровните активности не е константна и дава можност за развивање на варијации на дедена содржина и тема. "Компонентите на игровните активности (игровна задача, игровна содржина, игровни правила) имаат строго наменски карактер и не секогаш се врзуваат со одредено програмско подрачје."[58]

Не можеме да ја оспориме тесната поврзаност на игровните активности и учениковите потреби и нивното специфично задоволување. Задачите, правилата и целите кои се поставени во игровната активност учениците сосема природно ги прифаќаат, ги доживуваат како свои и заради нив докрај истрајуваат во постигнувањето на саканата цел. Секоја активност која е блиска на природната, човечката, возрасната се смета за идеален начин на учење и заради тоа што, покрај добрите образовни резултати, предизвикува задоволство кај учесниците, истовремено го олсенува, наградува и мотивира учењето. Прашањето на

[58] Адамческа, С. (1996), *Активна настава*, Скопје: Легис, стр. 83

мотивацијата е уште еден клучен сегмент значаен за позитивниот предзнак на игровната активност. Ученикот ќе го активира целиот свој потенцијал за учеството во игровната активност бидејќи самостојниот избор на играта го зголемува нивото на мотивацијата, а соодветните поставени цели ќе ги стимулираат севкупните можности на учениците во реализацијата на предвидената активност во играта. Игровната активност како заедничко искуство во периодот на детството се согледува како можност учениците да ги развијат своите потенцијали "...преку социјалните компетенции до когнитивните придобивки, вклучувајќи го и развојот на јазикот, имагинацијата и поддршката на детската благосостојба и стекнување физички придобивки. [59]

Високата мотивација и активната позиција на ученикот во игровната активност го мобилизира и насочува вниманието кон целта и при тоа учениците го совладуваат дури и она што им е помалку интересно. Тоа е така бидејќи игровната активност е поврзана со афективното доживување на учениците. Сама по себе таа предизвикува атмосфера и чувство на сигурност, но уште позначајно е отсуството на неизвесност, напнатост, опасност и казна. Поставеноста на учениците во атмосфера од овој вид го намалува притисокот од очекуваниот успех и неуспех, како и фрустрацијата која предизвикува страв од неуспех. Примената на игровната активност во училишен контекст овозможува вистинско менување на односот помеѓу ученикот и наставникот, кој долго време беше под влијание на традиционалната настава. Авторитативниот однос во игровната активност природно се замененува со индиректните методи на влијание. Од доминантна улога наставникот се трансформира во соучесник и соработник кој заедно со учениците ќе се обиде успешно да ја реализира игровната активност. Се поретко се бара од наставникот да ги поставува задачите, правилата и условите на игровната активност, а се почесто тој треба да нуди, дава можности и предлози кои треба заедно со учениците да ги систематизираат.

Наставниците се во добра позиција да креираат игровни активности кои ќе се базираат на образовните практики и теории, бидејќи тие се наоѓаат во срцето

[59] Moyles, J. (2005), *The Excellence of play*, London:OPEN UNIVERSITY PRESS, str. 231

на усовршувањето на квалитетот во учењето и поучувањето во училиштата. Токму квалитетот на учењето и поучувањето преку игра може да се обезбеди доколку наставниците го слегледаат и своите и перспективите на учениците и при тоа прават баланс помеѓу:

**Табела бр.4** Видови активности на децата и возрасните

| **Активности иницирани од децата** | **и** | **активности диригирани од возрасните** |
|---|---|---|
| Играта | и | работата |
| Детската интенција | и | интенцијата на возрасните |
| Детското значење | и | интерпретацијата на возрасните |
| Потенцијалните образовни резултати | и | планираните образовни резултати |
| Индивидуалните потреби | и | групните, потребите на целото одделение |
| Слободата и безбедноста | и | предизвикот и ризикот |
| Флексибилноста и спонтаноста | и | структурата и рутината |

Во стручната литература дадени се предуслови[60] за средина во која ќе се создаде хармонија помеѓу играта, учењето и поучувањето, а тие се следниве:

- Средина за учење која нуди високо-квалитетни, разновидни извори кои водат кон прогрес и продолжување;
- Голема избор на материјали и извори кои ќе ја поддржат креативноста, инвентивноста и оригиналноста;
- Искуство кое промовира себе-доверба, соработка и меѓузависност и на тој начин учениците да се инволвираат во сопственото учење;
- Наставници кои имаат експертиза и имаат време да одиграат улога на соиграчи;
- Наставници кои постојано споделуваат мислења, и постојано споделуваат игра и можат да ги препозна поучувачките моменти;

[60] Wood, E. Attfield, J. (2005), *Play, Learning and the Early Childhood Curriculum*, London: Paul Chapman Publishing, pg. 231

- Наставници кои им помагаат на учениците да остварат контакт помеѓу областите на учење и искуство и ја поддржуваат самостојноста, меѓузависноста, избор и одлука на учениците;
- Менаџерските и организациските стратегии кои ги охрабруваат учениците и ја развиваат нивната самодоверба како вешти учесници;
- Можности учениците да играат сами, во парови, во мали и големи групи;
- Игровни активности кои се богати со содржина, релевантни и значајни;
- Наставници кои го вреднуваат и поттикнуваат детскиот начин на знаење, размислување, резонирање и разбирање;
- Наставници кои им помагаат на учениците да ги совладаат техниките на учење и играње и ги оспособуваат да бидат вешти учесници и успешни ученици;
- Курикулум кој е јасен, кој го вклучува и рефлектира јазикот, традицијата, културата и животниот стил на разлините етнички групи;
- Курикулум кој е соодветен за учениците и наставниците
- Курикулум кој ги вклучува родителите и останатите возрасни субјекти во играта, учењето и поучувањето.

Во вакви услови ученикот развива чувство на сигурност во околината која е предвидлива и достапна за контрола и така може да влијае на сопствената иднина. "Фактот дека детето во играта само поставува задачи, или доброволно ги прифаќа (Пистман: 1959, 13), му овозможува да со возрасните стапи во партнерски однос и да ја има целата потребна иницијатива. Тоа претставува прифатлива помош за возрасниот и делува поттикнувачки на детската активност." [61]

Во целиот процес на дефинирање на специфичностите на игровната активност и нејзината имплементација во училишен контекст, особено значаен сегемент е нејзиното поставување како модел на учење и поучување. Постојат различни толкувања за прашањето на што се однесуваат овие модели, како ти треба теоретски да се развијат и практично да се применат. Бројните студии

[61] Kamenov, E. (1977), *Intelektualno vaspitanje kroz igru*, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, str.62

покажуваат потреба од тријаден однос во процесот на конституирање на еден модел на учење и поучување:

1. "Развој на модел, начинот на функционирање, кому е наменет и како би можеле да се модифицираат индивидуалните разлики во него,
2. Создавање слика за моделот, планирање на активностите на наставникот и активностите на учениците, и начинот на кој се менаџираат инструкциите и социјалната околина,
3. Адаптација кон една содржина и целите на наставната програма за кои моделот најмногу одговара."[62]

Овој пример на структура потребна за развивање на модел за учење и поучување одговара на природата на игровната активност и претставува основа во нејзино методско конципирање во првиот образвен циклус. Методската артикулација на игровната активности засновани на тријадниот однос на овој модел ја рефлектираат нејзината развојна природа како клучна можност на имплементација во различните програмски подрачја, содржини и цели поставени во наставните планови и програми во првиот образовен циклус.

[62] Joyce, B. Calhoun, E. Hopkins, D. (2002), *Models of learning-tools for teaching*, Philadelphia: Open University Press, pg.176

# 7.Игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус

Игровните активности по својата природа се декларираат како апликативни, применливи и практично остварливи. Нивната соодветна реализација во наставниот процес поставува барања за научно-теоретски пристап во методското поставување, развивање и креирање. За таа цел треба да се разгледаат сите можности кои ги нуди дидактиката, методиката, развојната психологија и училишната педагогија и на таа основа да се додадат природа и потребите на ученикот како и програмската поставеност на наставата. Поврзаноста помеѓу теоретската поставеност и практичната имплементација на игровната активност се остварува преку следниве параметри: целта и задачите, содржината, операциите и правилата, активностите на субјектите како и очекуваните резултати. Секоја игровна активност поставена на цврста научно-теоретска сонова дава високи резултати во праксата и со тоа ја оправдува нејзината применливост. Вредноста на методската конципираност на игровната активност се состои во тоа што служи од една страна како средство со кое се постигнуваат одредени образовни излезни резултати, и од друга страна како форма преку која учениците ги развиваат своите знаења, вештини и способности. Преку овој пристап игровната активност се повеќе станува животна практика на ученикот која истовремено претставува и негово учење. Методски конципираните игровни активности се наоѓаат во јадрото на наставниот процес како значајни двигатели на активната позиција на ученикот.

Берлинската школа на структурализмот нуди свој безвременски модел на формална структура на настава која се темели на принципите на дидактиката на поучувањето и учењето. Главен претставник е Паул Хајман кој наведува три димензии на педагошката интенционалност во наставниот процес:

а) “прагматично-динамичка педагошка интенција со која треба да се влијае на дејството, на желбата на ученикот (вештини и навики);

б) когнитивно-активни педагошки интенции со кои се влијае на мислењето на ученикот, а се однесува на рецептивното сознание (усвојување на едноставни информации), мисловно сознание (согледување на причинско-последичните врски) и извесност (највисоко ниво на сознавање);

в) патичко-афективни педагошки интенции со кои се делува на емотивната сфера на ученикот, а влијае на желбата, доживувањето и уверувањето." [63]

Токму ваквата педагошка интенционалност во планирањето и реализацијата на наставниот процес нуди холистички пристап во развојот на личноста на ученикот. Игровната активност и нејзината методска конципираност кореспондира со ваквата определба. Нејзината тенденција е креирање на спектар на игровни активности кои во наставата ќе создадат услови за соодветен развој на сите аспекти на личноста на ученикот.

Често пати игровната активност во својата методска концепција е поставена во иста позиција со дидактичките игри. Меѓу нив постојат сличности и разлики, но главната диференцијација потекнува токму од целта кон која се насочени истите. Таксономијата на наставните цели дава свој голем придонес во расветлувањето на ова прашање. Особено таксонмијата на наставните цели според Блум која е создаден врз основа на Гилфордовата структура на интелектот дава гоем придонес кон научно-теоретското засновање на влијанието на игровната активност во трите области: когнитивна, афективна и психомоторна. Кон оваа позиција потребно е надоплонување на структурата и содржината на наставните програми во првиот образовен циклус и можностите кои тие ги нудат како прв чекор во процесот на имплементација на игровната активност како методски концепт. Основата создадена во националните документи треба да се надогради со концептот за методската артикулација на игровната активност. Структурата на концептот заснована на макрометодските и микрометодските специфичности треба да биде докрај методски диференцирана и јасна како за самиот наставник така и за учениците како главни реализатори. Специфичностите на одредени програмски подрачја се

[63] Вилотијевић, М. (1999), *Дидактика-Дидактичке теорије и теорије учења-2*,Београд:Учитељски факултет, стр. 67

рефлектираат во дизајнирањето на одредени методски компоненти на игровната активност кои се надоплонуваат на поставената базична основа. Главната улога во поврзувањето и преносот од теоријата кон практиката ја има наставникот и неговите педагошки и дидактички компетенции кои постојано треба да се развиваат, осовременуваат и усовршуваат. Сите овие компоненети се меѓусебно зависни и влијаат една на друга. Своето место во мозаикот на наставата го добиваат преку соодветната методска конципираност на игровната активност.

## 7.1 Проблемот на дидактичкиот префикс на игровната активност

Примената на игровната активност во воспитни и образовни цели предизвикува жестоки дебати во светската стручна јавност. Стручњаците се поделени на приврзаници кои ги стеснуваат можностите на примената на игровната активност исклучиво во дидактички цели и ја засноваат на концептот на традиционалната настава. Од другата страна пак се јавуваат приврзаници кои нејзината примена ја толкуваат пошироко, преку нејзино влијание во повеќе области, како дел од концептот за современа настава базирана на активната позиција на ученикот. Двете спротиставени страни нудат свои аргументи со кои се потврдува ваквото гледиште. Можеби тоа се екстремни погледи но нивната анализа е потребна за да се согледаат позитивните придобивки од секој став одделно.

Се смета дека дидактичките игри се подредени на некои специјални воспитно-образовни задачи кои се однапред поставени и во себе содржат бројни елементи на учење. Содржината на дидактичките игри главно е одредена од програмата и таа содржи облик на здача која треба да се реши. Значајно обележје на дидактичката игра се правилата кон кои децата и учениците треба да се придржуваат за да можат да стигнат до саканата цел, а тоа е решавање на задачата и завршување на играта. Во секоја дидактичка игра постои очекуван резултат кој од една страна носи задоволство од постигнатиот успех, а пак од друга страна претставува показател на степенот на развој. Дидактичката игра со

вака поставените параметри нема примарна функција на забава или задоволување на потребите и интересите на учениците, таа е насочена кон решавање на проблем-задача и задоволување на потребите на програмата. Во самата ориентација на дидактичките игри се диференцираат две крајности, две тенденции, а тоа се:

а) "Панлудизам-изразен е така што детскиот развој се препушта исклучиво на детските спонтани активности, а тоа се најчесто детските самосоздадени игри;

б) Дидактизирање на игрите-нејзино потполо преобликување и наклонетост кон строго насочени, однапред поставени воспитно-образовни задачи. Се во играта мора да биде детерминирано, на децата не им останува никаква слобода ниту пак иницијатива" [64]

Оваа состојба е особено значајна за педагошката вредност на играта и игровните активности, бидејќи тие не смеат да преминат во својата крајност на исклучиво дидактизирање. Во основа на оваа проблематика лежи чувството да се направи добар баланс помеѓу природата на играта и остварувањето на програмата. Примената на игровната активност во дидактички цели главно е насочена кон задоволување и зголемување на интересот на учениците во наставниот процес, но не смее да се дозволи таа да прерасне во *единствена* активност преку која ќе се реализираат целите и задачите на различните програмски подрачја. Суптилната разлика помеѓу двете тежишта на игровната активност во дидактички цели е главната причина поради која таа сеуште го нема местото кое го заслужува во педагошката практика.

Кон оваа проблематика се надоврзуваат и група на приврзаници кои се сомневаат во примената на игровната активност во дидактичките цели. Во оваа ориентација постојат две струи, и тоа оние кои сосема ги порекнуваат можностите за дидактичка примена, и други кои во помала или поголема мера истата ја ограничуваат. Негирање на секоја можност на примена на играта и игровната активност во дидактички цели произлегува од ставот дека играта и

[64] Трнавац, Н. "и др." (1991), *Дидактичке игре*, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, Педагошка академија за образовање учитеља, стр, 12

дидактиката се два спротиставени термини. Играта претставува слобода и безпричинска активност, а дидактиката значи структура преку која се бара да се развие некоја способност, вештина или знаење и во тој момент играта ја губи својата примарна функција."Се смета дека игрите се нешто неспоиво и суштински различно од училишните вежби: "играта е дејност која се исцрпува во сопствената активност, која зад себе не остава ништо... Вежбата, напротив, не е избарана туку наметната,... и наспроти играта, зад себе го остава резултатот"" [65] Секако ова гледиште има екстремен приод во крутото толкување на основите на кои се поставени играта и дидактиката. Токму концептот на игровната активност ја нуди средната вредност на ова гледиште и создава простор за компромис и внатрешна поврзаност на различните елементи на играта и дидактиката.

Но постојат и приврзаници кои признаваат одредени развојни вредности на игровната активност во дидактички цели. Аргументот на групата приврзаници на овој став главно е фокусиран кон критика за исклучиво влијае само на одделни особини на ученикот. Акцентот е ставен на логиката и интелектот, поточно надминување на единственото влијание на интелектуалниот развој кој треба да се замени со холистичкиот пристап во развојот на детето.

Широкиот пласман на ставови, определби и толкувања на играта и игровните активност во дидактички цели нуди можност во диференцирање на насоката и влијанието на игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус. Тука се поставува прашањето дали игровната активност може да се ослободи од дидактичкиот префикс или пак таа може да се толкува пoслободно, во холистичкиот дух на современата педагогија? Токму тоа е суштината на надминување на јазот во кој се наоѓа игровната активност помеѓу традиционалната и современата настава.

Традиционалната настава во целокупнта своја структура речиси и да не им дава голема доверба на играта и игровната активност. Интелектуалистичката тенденција на традиционалната настава ја поставува играта во свои рамки согледувајќи го само бенефитот од интелектуалните развојни промени кои таа ги предизвикува кај учениците. Високата позиција која ја ужива строгата

[65] Kamenov, E. (1977), *Intelektualno vaspitanje kroz igru*, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, str.70

дисциплина во традиционалната настава не дава можност за иницијатива, активност, создавање, задоволување на интересите, потребите и можностите на учениците кои се под закрила на современата активна настава. Дисциплината во традиционлната настава претставува пасивен и рецептивен однос на ученикот. Додека пак дисциплината во играта преоизлегува од самата неа во функција на генератор, регулатор на активностите, при тоа создава слобода во богатите и создавачките самоактивности на учениците. Овој пристап е карактеристичен за современата настава каде главно се промовира активен однос на сите субјекти во неа. Потребите и можност за примена на игровната активност во современата настава најдобро се објеснуваат на следниов начин: "Во активната настава посебно значење и примена имаат и игровните активности. Тие претставуваат обележје на овој вид настава и ја имаат улогата на психостимулатори во процесите на учење. Наставникот треба да ги применува и во функција на средство за релаксирачки приод кон задачите што ученикот треба да ги извршува. Компонентите на игровните активности (игровна задача, игровна содржина, игровни правила) имаат строго наменски карактер и не секогаш се врзуваат со одредено програмско подрачје."[66]

Игровната активност како методски концепт има за цел да го промовира ставот дека способностите, вештините и знаењето неможат да се стекнат под страв од авторитетот или казни како што е тоа случај во традиционалната настава. За успех во наставниот процес потребно е да се пробуди интересот и ентузијазмот на учениците кој несомнено се обезбедува преку игровната активност. Бидејќи игровната активност со својата спонтаност и природна наклонетост на учениците го зголемува интензитетот на желбата за учество, тоа пак влијае на желбата за успех, а успехот неизбежно носи задоволство. Задоволството е извор на среќа и нова мотивација и сето тоа се остварува сосема спонатно без присуство на било каква принуда. Исто така игровната активност се базира на интерес, кој предизвикува напор, а напорот носи развој. Со тоа се побиваат сите сомненија дека игровната активност служи напорот да се избегне и да се замени со забава. Игровната активност исто така обезбедува

[66] Адамческа, С. (1996), *Активна настава*, Скопје: Легис, стр.83

природна врска и надоплнување на наставната програма како т.н. вештачки модел на развој и личната програма на ученикот која произлегува од неговите потреби, можности и интереси.

Јазот помеѓу традиционалната и современата настава може да се надмине преку концепирање на игровна активност која од една страна обезбедува интелектуален развој, развој на социјалните вештини, емоционална стабилност и физичка зрелост. Од друга страна пак обезбедува слобода на учениците во нивната активна позиција која не е до крај анархична, сепак во себе содржи структура која е неопходна во еден процес на систематично усвојување на знаењата и способностите, а тоа е наставата.

## 7.2 Блумовата таксономија во функција на методско конципирање на игровната активност

Современата дидактика меѓу другото ја одбележуваат и обидите за т.н. "технологија" на наставата, особено во делот на наставните цели. Овојпристап поставува барања за целосно разработена програма на наставата која опфаќа комплетен список на наставни цели, критериуми за нивно вреднување и оценување, како и одредување на прецизни услови за наставата. Долги години наставните цели беа декларирани како воопштени и непрецизни. Причината се наоѓа во општетствените барања кон системот на образование конципирани врз воопштените цели на наставните планови и програми. Ваквата состојба неповолно влијае на секојдневната практика, бидејќи наставникот не е упатен кон конкретни цели кои треба да се остварат во текот на еден час или серија на часови. Многи научници се занимавале со оваа проблематика и правеле обиди да ги класифицираат сличните и блиските цели и задачи на наставата. Бенџамин Блум (Benjamin Bloom) заедно со своите соработници долги години работел на оваа тематика. Во својата работа тој поаѓа од следнава дефиниција на целите: "Под воспитни цели подразбираме изричита формулација на очекуваните промени кај ученикот под влијание на образовниот процес. Тие промени се

однесуваат на мислењето на ученикот, неговите емоции и нивните активности"[67] Тој смета дека на теоретско ниво можеме да очекуваме многу промени кај ученикот предизвикани од процесот на учење. Но во реалноста училиштата се соочуваат со ограничено време и средства кое го ограничува развојот на ученикот. Заради тоа смета дека: "...важно е основните воспитни цели на училиштето или некои наставни единици јасно да се одредат ако сакаме училишната работа да се одвива по однапред зададен план. Во спротивно може да се дојде до залудно губење на времето и да се даде напор на помалку значајни работи."[68]

Во таа насока Бенџамин Блум заедно со своите соработници врз основа на Гилфордовата Структура на интелектот изработил теоретска концепција за поделба на наставните цели и тоа во три области:

- Когнитивни
- Афективни
- Психомоторни

Теоретската поставеност на поделбата на наставните цели е научна, но и практична бидејќи во овие три области можат да се сместат сите наствни цели и задачи кои исто така кореспондираат со трите аспекти од развојот на личноста на ученикот. На оваа основа е создадена Таксономијата на воспитно-образовните цели. Нејзиното значење е потврдено во теоријата и практиката особено заради методолошката прецизност, влијанието на современата психологија, логички поставената структура, но и хиерархиски поставените вредности.Таксономијата на целите во сите три области понатаму ги класифицира задачите во неколку категории поаѓајќи од поедноставните, кон посложените. Во прилог следи приказ на тексономија на целите во сите области.

[67] Benjamin, S. B. (1970), *Taksonomija ili klasifikacija obrazovnih i odgojnih ciljeva (Knjiga I Kognitivno područje, Preveo s engleskog I. Furlan)*, Beograd: Jugoslovenski zavod za proučavanje školskih i prosvetnih pitanja, str. 25
[68] Ibid, str. 25

➢ Таксономија на целите во когнитивната област




**Слика 1 Таксономија на целите во когнитивната област**

Во делот од Блумовата таксономија наменет за когнитивната област, наставните цели се класифицирани во шест категории оргагнизирани по принципот од едноставно кон сложено, тоа се: знаење, разбирање, примена, анализа, синтеза и евалуација. Токму оваа класификација е наменета за наставникот во процесот на неговото планирање на наставниот процес, особено во делот на поставување на целите и задачите за еден или повеќе часа, но и оценувањето на резултатите и постигнувањето на учениците. Развојниот степен на наведените категории дава голема подршка во поставување на целите и задачите за различна содржина и категорија на ученици зависно од моменталниот степен на развој на секоја индивидуа.

➢ Таксономија на целите во афективната област




**Слика 2 Таксономија на целите во афективната област**

Таксономијата на целите од афективната област била создадена подоцна бидејќи нејзината природа го усложнува дефинирањето, опишувањето и расчленувањето на целите. Во оваа таксономија влегуваат категории кои имаат емоционална основа како на пример: ставовите, интересите и вредностите. Таа е поделена на пет категории и тоа: перцепција, реагирање, усвојување на вредносни ориентации, организирање на вредносните ориентации, практична примена на вредносните ставови. Содржината на целите од оваа област е тешко мерлива и видлива. Но главната тенденција е интернализација, поточно потполна усвоеност на вредносните ориентации, до степен тие да станат составен дел на личноста на ученикот. Оваа таксономија има голем придонес во актуелизирање на проблематиката од афективна природа во услови на наставен процес.

➢ Таксономија на целите во психомотрната област




**Слика 3 Таксономија на целите во психомоторната област**

Психомоторната област своевремено била цел на многу теортичари кои се обидувале да направат одредена таксономија или класификација. Во литературата се сретнуваат бројни обиди, но графичкиот приказ на слика 3 ја прикажува Гилфордовата хиерархија на целите во психомоторната област[69]. Физичките способности во оваа таксономија се класифицирани во седум категории: сила, удар и бутјање, брзина, статичка прецизност, динамичка прецизност, координација и флаксибилност. Како основен критериум во својата тексономија Гилфорд ја поставил координацијата на психомоторните способности која е неопходна во активностите на сите наставни предмети: во пишувањето, говорењето, музиката ликовното образование, физичкото образование, техничките активности, работата со компјутер.

[69] Вилотијевић, М. (1999), *Дидактика-1*,Београд:Учитељски факултет, стр.96

Прашањето на јасно и конкретно поставување на целите и задачите е од суштинско значење за успешна реализација на наставниот процес. Нивното концизно поставување му дава јасна визија на наставникот што точно треба да работи и кон што да ги насочи предвидените активности на еден или повеќе часови. Следниот чекор за секој наставник е изнаоѓање начини како да се стигне до саканата цел. Една таква можност нуди игровната активност поткрепена со соодветна методска конципираност. Поврзаноста на таксономијата на наставните цели во трите области и методското конципирање на игровната активност треба да овозможи излезни резултати кои ќе ги задоволат поставените цели. Доколку наставните цели и задачи се однесуваат на теоретската претпоставка, игровната активност претставува механизам за практичната реализација на истите. Таксономијата на наставните цели е основа за креирање на игровна активност по одделните програмски подрачја но и за одделни етапи од наставниот час. Значењето на игровната активност е во нејзината можност да делува интегрирано во оставрување на целите од неколку области. Со добра методска организација и реализација на игровната активност може да се постигнат наставните цели во сите свои категории. Така на пример со неа може да се стекнуваат знаења, да се разберат истите, или да се применат, потоа да се анализира, синтетизира или оценува. Игровната активност стимулира на перцепција, реакција преку давање одговори, усвојување, организација и примена на вредносните ориентации, но исто така може да води кон развој на силата, ударот, брзината, статичката и динамичката прецизност, како и координацијата и флексибилноста. Но она на што треба да се посвети големо внимание се елементите кои стојат помеѓу таксономијата и игровната активност, а тоа се: наставниот програм, дидактичките помагала, наставникот и неговите дидактичко-методски компетенции. Доколку сите овие параметри се надополнуваат тогаш се очекува вистински успех во наставниот процес.

## 7.3 Игровна активност базирана на наставните програми

Наставните планови и програми претставуваат национални документи кои ги отсликуваат општествените насоки на образовниот систем. Како основен училишен документ наставниот план има за цел да ја одреди содржината и временската рамка за реализација на образованието. Наставната програма пак содржи систематизација на содржините поделени на предмети според наствниот план наменети за образование во соодветен вид или тип на училиште. Постојат различни модели на наставни програми и курикулуми кои имаат различна ориентација кон процесот на образование. Различните пристапи во креирањето на наставните програми зависи од изборот на стратегијата во програмирањето на наставниот процец. Таа се дефинира како: "...план или систем од насоки (правила) за постапките, активностите и начините на нивното извршување, што се применуваат при изработувањето на настваните програми, со намера да се подготват програми со чија реализација ќе се постигнат саканите цели на воспитанието и образованието." [70] Поголем дел од наставните програми содржат исти или слични елемнти со кои се дефинира структурата и содржината на овие документи. Целите, задачите, програмските подрачја, содржините, примери на активности, очекувани и излезни резултати се најчести категории во обликувањето на наставните програми. Процесот на наставната работа главно се реализра врз основа на содржините, препораките и насоките дадени во програмите. Практичната реализација на наставната програма зависи од видот на неговата организација, дали е хоризонтална или вертикална. "Аспектот на курикулумот кој ја опишува корелацијата или интеграцијата на содржината која се учи едновремено се нарекува *хоризонтална организација*. Аспектот на организација на курикулумот кој опишува секвенца на содржината се нарекува *вертикална организација*." [71]

Во процесот на планирање наставникот поаѓа од самата програмата, но начинот на кој што ќе ја реализира наставата зависи од неколку фактори во

[70] Попоски, К. (2000), *Програмирање на воспитно-образовниот процес*, Скопје: Педагошки завод на Македонија, стр. 113

[71] Posner, J. G. (2004), *Analyzing the curriculum*, New York: McGraw-Hill, pg.129

праксата. Почитувањето на развојниот степен, интересите, потребите и предзнаењата на учениците, условите за работа и креативната дидактичко-методска операционализација треба да се надополнат на теоретската поставеност на наставата во наставните програми.

Оттука и потребата игровната активност да се базира, да поаѓа од наставните програми и нејзиното планирање да се темели на постојната теоретска структура на наставната организација. На тој начин игровната активност ќе може да обезбеди излезни резултати за секој ученик. Сепак се поставува прашањето како да се поврзат овие два значајни педагошки аспкети, односно кој е патот или моделот за да се стигне до игровна активност базирана на наставната програма. Кон оваа проблематика особено значаен е Тајлеровиот модел [72] на развој на курикулумот кој во себе вклучува цели, содржини, методи и евалуација. Во неговиот модел тој поставил пет чекори како логички секвенци во реализацијата на моделот на курикулум базиран на целите:

Поставени цели

↓

Селекција на искуствата во учењето

↓

Организирање на поучувачки искуства

↓

Евалуација

Се чини дека наставниците го имаат клучот за решавање на овие проблеми. Тие треба да знаат колку наставниот програм е прифатлив за учениците и нивните моментални развојни карактеристики и како тој треба да биде интерпретиран во праксата. Врз основа на содржината на наставниот програм

[72] Brady, L. (1992), *Curriculum development*, Sydney: Prentice hall, pg.69

тие носат одлука за начинот на реализација на наставниот процес со учениците преку разновидни активности кои треба да бидат иницирани и од двете страни, учениците и наставникот. Игровната активност нема моќ да го менува наставниот програм, но современата практика вели дека таа треба да биде негов интегрален дел на начин на кој ќе обезбеди потенционален простор за учење и развој на учениците.

Се чини наставниците имаат голема слобода и моќ во ова поле. "Моќта може да се опише како надзор. Но кога станува збор за училиште, покорисно е да се разбере моќта како чин или делување. Тоа се прилики кои им се овозможуваат на наставниците за испробување на нови пристапи, решавање на проблеми и испитувања, помош во нивното *овластување*." [73] Наставниците имаат т.н. овластувања да создаде паралелен концепт кој ќе ја промовира игровната активност и нејзината вредност. Првиот чекор се однесува на вклучување на игровната активност во системот на наставниот процес по следниов пример:




**Слика 4 Модел на инкорпорирање на игровна активност базирана на наставен програм**

[73] Marsh, J.C.,(1994), *Kurikulum-temeljni poimovi*, Zagreb: EDUCA, str.63

Меѓузависноста на наставниот програм со наставниот процес, активноста на ученикот и наставникот и игровната активност треба да се оствари уште на ниво на планирање. Методската рамка треба да ги постави целите и задачите на наставниот програм, средината за учење, средствата и материјалите, временската рамка, изборот на учениците и видовите активности во наставата базирана на овој коцепт. Активностите на учениците треба да го следат сопствениот развој, додека пак наставниците преку своите активности треба да остварат двојна перспектива која се однесува на толкување на значењето на игровните активности и анализа на следните методски чекори.

Поставеноста на игровната активност на овој принцп понатаму може да продолжи во нејзина артикулација низ фазите на методско планирање, организација, имплементација и евалуација.

## 7.4 Методска артикулација на игровната активност

Методската поставеност на игровната активност се однесува на нејзино добро планирање но и создавање на структура која ќе ги одреди поединечните елементи во нејзината реализација. Праксата нуди различни интерпретации на терминот структура. Така на пример од една страна структурата може да имплицира тесна методска рамка која го фокусира вниманието на различни поучувачки излезни резултати. Или пак од друга страна, структурата може да имплицира отворена методска рамка која дава сигурност дека игровните активности го вклучуваат процесот кој го поддржува учењето и потенцијално нуди можности за излезни резултати. Двете толкувања зависат од педагошкиот контекст во кој се остварува дадената структура. Наставниците треба да ги препознаваат различните значења за да можат да одлучат кој пристап ќе го применат во функција на создавање на меѓузависен однос помеѓу играта, учењето и поучувањето.

Планирањето и структурата на игровната активност од страна на наставникот треба да се однесува на следниве карактеристики:

“Игровната активност:

- Добро планирани игри се клучен начин по кој младите деца учат со уживање и предизвик,
- Децата не прават разлика помеѓу "играта" и "работата", а не треба ниту наставниците. На децата им е потребно време за да бидат задлабочени и комплетно активирани,
- Креативните и имагинативните игровни активности промовираат развој и употреба на јазикот,
- Наставниците треба да го охрабрат развојот на децата во областа на математиката преку интервенција во нивната игра,
- Креативниот развој вклучува уметност, музика, танц, игра на улоги и имагинативни игри.

Улогата на наставникот е во функција на:

- Планирање и снабдување со материјали на поттикнувачката средина за учење,
- Поддршка на учењето на децата преку плнирани игровни активности,
- Продолжување и поддршка на детската спонтана игра,
- Продолжување и развој на детскиот јазик и комуникација во нивната игра,
- Оценување и евалуација,
- Обезбедување на континуитет и прогрес.” [74]

Структурата на методскиот концепт на игровнта активност треба во себе да содржи елементи кои ќе ја дефинираат игровната активност во своите дидактичко-методски компоненти. Во креирањет на методскиот концепт на игровната активност наставникот поаѓа од општите податоци за наставниот час во кој треба да ја реализира истата. Наставната тема и содржина на одредено програмско подрачје ги одредуваат целите и задачите кои треба да се реалиизраат на наставниот час. Кон овие појдовни елемети треба да се надоврзат учениковите предзнаења, моменталните интереси, потреби и

[74] *Curriculum guidance for the foundation stage-Investing in our future*, (2000), London:Department for Education and Employment & QCA, pg. 25

можности. Во самиот концепт на креирање на игровната активност потребна е дифернцијација на микро и макрометодските компоненти кои имаат за цел да ја дефинират структурата на методскиот концепт во целост.

Во таа смисла под *микрометодски компоненти* на игровната активност се подразбира:

- Методи на наставна работа во игровната активност,
- Форми на наставна работа во игровната активност,
- Насоченост на игровната активност,
- Вид на игровната активност,
- Место на реализација на игровната активност,
- Времетраење на игровната активност,
- Интеграција на игровната активност,

Првата компонента од која се поаѓа кон креирање на методскиот концепт на игровната активност се оденсува на *методите на наставна работа*. Широкиот спектар на наставни методи кој го нуди дидактиката е голем. Според Вилотијевич видови наставни методи се:

1. " Метод на усно излагање,
2. Метод на разговор,
3. Илустративен метод,
4. Метод на демонстрација,
5. Метод на практична и лабараториска работа,
6. Метод на писмена работа
7. Метод на читање и работа на текст" [75]

Изборот на соодветен наставен метод припаѓа на наставникот. Тој треба да биде направен во согласност со целите и задачите кои треба да се постигнат на наставниот час, наставната содржина, содржината на игровната активност, можностите и потребите на учениците како и дидактичките средства и материјали со кои во моментот расолага училиштето.

[75] Вилотијевић, М. (1999), *Дидактика-Организација на наставата-3*,Београд:Учитељски факултет, стр. 213

Втората компонента во микрометодското конципирање на игровната активност се однесува на <u>*формите на наставна работа*</u>. Во литературата постојат слендиве видови форми на наставна работа:

1. " Фронтална форма,
2. Групна форма,
3. Тандемска форма,
4. Индивидуална форма " [76]

Наставникот нема голем избор во однос на формите на наставна работа. Затоа фукост треба да биде насочен кон адекватна примена на конкретна форма која ќе ги задоволи потребите на реализација на содржината на игровната активност, индивидуалните можности на ученикот и неговиот статус и позиција за време на игровната активност. Особено внимание треба да се посвети на соодветно комбинирање на наставните методи и наставните форми на работа, бидејќи нивното взаемно делување во голема мера ја одредува поставеноста на игровната активност, нејзината насоченост, улогата на учениците во неа, како и начинот на постигнување на целта.

Третата микрометодска компонента има тенденција да ја определи <u>*насоченоста на игровните активности*</u> кон:

- Истражувачки постапки,
- Фактографско знаење,
- Критичко размислување,
- Формирање на ставови и вредности,
- Развој на вештини и спсобности
- Развој на навики и умеења

Овој аспект на игровната активност му дава можност на наставникот внимателно да одлучи кон што се стреми игровната активност. Што е потребно да се стимулира кај учениците, односно каква цел има игровната активноста. Оваа компонента во голема мера е поврзана со аспектите од развој на личноста но и целите поставени во Блумовата таксономија. Насоченоста на игровната

[76] Исто, стр. 181

активност има цел да го актуелизира проблемот на развојот на учениците во сите свои потенцијали, и аспекти. Долгото фаворизирање на фактографското знаење кое водеше исклучиво кон интелектуален развој, на овој начин може да се надмине со балансиран пристап кон интелектуалниот, емоционалниот, социјалниот и психофизичкиот развој на личноста на ученикот.

Четвртата компонента во микрометодското конципирање се однесува на *видот на игровната активност*, како на пример:

- Дидактичка,
- Функционална,
- Конструктивна,
- Симболичка,
- Творечка
- Сензомотрна,
- Физичка,
- Конструктивна

Определбата на оваа компонента зависи од насоченоста на игровната активност,нејзината содржина, целта која треба да се постигне, но и степенот на развој на учениците.

Петтата микрометодска компонента претпоставува определба на *местото на реализација на игровната активност*. Таа може да се реализира во училница, во училишен двор или пак во некоја соодветна институција. Претпоставка е дека најчесто место на реализација на игровната активност е училницата или училишниот простор и двор. Но определбата кон оваа компонента зависи од годишното планирање на наставникот особено во делот за соработка со локалната и пошироката општествена заедница. Доколку постои план да се оствари практична настава во место надвор од училиштето, тогаш тоа би претставувало навистина погоден момент да се реализираат поставените цели преку примена на методски конципирана игровна активност.

<u>*Времетраењето на игровната активност*</u> ја претставува шестата компонента. Нејзината реализација може да има различно времетраење, како на пример:

- ✓ Еден дел од наставен час,
- ✓ Цел наставен час,
- ✓ Блок часови,
- ✓ Еден наставен дел

Содржината и намената на игровната активност го одредуваат временскиот период за нејзината реализација. Од оваа компонента директно ќе зависи и структурата на методското конципирање по принцип помало времтраење-поголема структура, и обратно поголема временска рамка-послободна структура. Но и во двата примери треба да постои јасна цел во реализација на игровната активност.

Како последна, седма компоненета во овој блок на микрометодска конципираност се наоѓа и не помалку значајниот проблем на <u>*интеграција на игровната активност*</u>. Интеграцијата и холистичкиот пристап се повеќе го добиваат своето место во современата педагошка теорија и практика. Се позначаен е современиот тренд на сеопфатност, меѓусебна зависност и влијание на содржините и програмските подрачја, како и организирање на активности во тој дух. Во таа насока се движи и оваа компонента. Станува збор за интрегрaција на игровната активност со:

- Содржини од истиот предмет,
- Со содржини од други предмети

За време на методското конципирање на игровната активност наставникот треба да води сметка за предзнаењата на учениците, а тоа се однесува на предходните содржините од истиот предмет, но и на содржините кои следат. Следственост и поврзаност на содржините од еден предмет апсолутно е неопходно. Но холистичкиот пристап претпоставува и поврзување на содржини од различни предмети. Во содржината на една игровна активност секогаш може да се најдат елементи од други предмети но сето тоа да биде насочено кон една

цел. На тој начин ученикот ќе се развива холистички, сеопфатно и ќе има можност врз основа на тој принцип да ги разрешува проблемските ситуации во наставата. Наспроти сепаративниот пристап во решавањето на задачите кој бара дифернцирање на знаењата од различни програмски подрачја.

Во рамките на микрометодската концепција наставникот треба да размислува и за примената на дидактичките средства и материјали со чија помош учениците ќе ја реализираат игровната активност. Изборот зависи од материјалните услови на училиштето но и од креативноста на наставникот да примени материјали од непосредната средина како на пример (камчиња, листови, гранки, цветови, песок, хартија за рециклирање и сл.)

Вторио дел од методската конципираност на игровната активност се оденсува на *макрометодските компоненти*, а тоа се:

- Иницијација на игровната активност,
- Тек и реализација,
- Воспитно-образовни ефекти,
- Компатибилност на игровната активност,
- Улогата и статусот на ученикот,
- Улогата и статусот на наставникот,
- Јазикот и говорот кој се користи во игровната активност,
- Вербалната комуникација меѓу субјектите,
- Невербалната комуникација,
- Климата и атмосферата за време на игровната активност,
- Технолошката подршка во текот на реализацијата на игровната активност.

Првата компоненета макрометодкста структура на игровната активност се однесува на *иницијацијата на игровната активност*. Бидејќи игровната активност треба да претставува спој на потребите на наставниот програм, потребите, интересите и можностите на учениците и методската организација на наставникот се поставува барање од двостепена инцијација:

1. Од страна на наставникот,

2. Од страна на ученикот.

Поведувањето иницијатива од страна на наставникот е неопходно заради следење на параметрите во наставниот програм, осовременување на наставниот процес,примена на разновидна дидактичко-методска апаратура и поттикнување на активна позиција на учениците во процесот на стекнување на знаења, вештини и способности. Иницијативата од страна на ученикот е уште позначајна бидејќи на тој начин ученикот станува вистински партнер во наставниот процес, се почитуваат неговите интереси, потреби и можности и се поттикнува кон критичко размислување.

*Текот и реализација* на игровната активност е следната компонента во макрометодската концепција на игровната активност. Во нејзината основа лежи содржината, теркот и начинот на реализација кој првенствено му служи на наставникот како водичи низ самата реализацијата. Но во оваа компонента треба да се предвидат сите можни ситуации и да постојат неколку можни начини за најсодветно реализирање на игровната активност. Во праксата постојат моменти во кои наставникот забележува недостаток на ефект, интерес или мотивација кај учениците. Во тој случај наставникот нуди втора опција на истата игровна активност која ја предвидел во рамките на оваа компонента.

На листата на макрометодскиот блок на компоненти на игровната активност како трети се наоѓаат *воспитно-образовните ефекти*. Бидејќи во овој концепт станува збор за активност во која се сублимираат играта, учењето и поучувањето, сосема оправдано е да се зборува за воспитно-образовни ефекти. Умешноста на наставникот е нив да ги постави како очекувани резултати од конкретната игровна активност и особено да ја развие способноста за нивно воочување по завршетокот на истата. Можно е одредени воспитно-образовни ефекти да не се појават веднаш по истекот на игровната активност, но да се забележи дека таа придонела кон нивно стимулирање.

Четвртата компонента се однесува на *компатибилноста на игровната активност* со учениците:

- Предзнаења,
- Можности,
- Потреби,
- Интереси,
- Возраст,
- Социјален контекст.

Овие параметри се веќе елаборирани и нивното значење е веќе докажано, но она што е специфика на оваа компонента е фактот дека наставникот секогаш треба да поаѓа од нив. Предзнаењата да бидат основа за нови сознанија, моменталните можности да бидат основа за нови способности, потребите и интересите да бидат задоволени, возраста и нејзините развојни карактеристики како и социјалниот контекст во кој живеат да бидат почитувани.

Петтата компоненета макрометдската поставеност на игровната активност се однесува на *улогата и статусот на ученикот* во текот на игровната активност. Во основа на оваа компонента се наоѓа суштинската опредлба на воспитанието и образованието на традиционално и современо и улогата која ја носи ученикот во нив. Игровната активност има тенденција да ја потврди активната улога на ученикот како значајна и потребна, неговата самоиницијативност, кооперативност, активно учество и слично.

*Улогата и статусот на наставникот* е шестата макрометодска компонента која дава посебен белег на овој концепт. Долги години во наставата акцентот беше ставен на ученикот, неговите активности и неговата улога. Современиот пристап го продолжува овој тренд и го надополнува со развој на современата улога и статус на наставникот која треба се повеќе да биде дефинирана како: медијатор, активен субјект, поттикнувач, мотиватор, охрабрувач, демократичен, динамичен и слично.

*Јазикот и говорот* кој се користи во наставата па така и во самата игровна активност е значаен сегмент кој се наоѓа како седма компонента на макрометодската поставеност.Нема сомнеж дека јазикот и говорот треба да бидат литературни, јасни, концизни, разбирливи и соодветни на учениковата возраст.

*Вербалната и невербалната комуникација* се составен дел од секој интерперсонален однос помеѓу субјектите во наставата. Тие се однесуваат на осмата и деветтата компонента која се однесува на вербалната и невербалната комуникација во рамки на игровната активност. Вербалната комуникација може да се забележи помеѓу сите субјекти, помеѓу учениците и наставникот или помеѓу група ученици. Додека пак невербалната комуникација се забележува преку пратење со поглед, изразени мимики и гестикулација, потврда за следење и внимание, слободно движење низ просторијата.

Десеттата компонента во себе ја вклучува *климата и атмосферата за време на игровната активност*. Доколку игровната активност која се реализира учениците ја доживуваат како своја, ја прифаќаат и со желба се пуштаат во нејзината реализација, но исто така ги стимулира кон одреден развој и кон збогатување на знаењата, тогаш наставникот може да очекува позитивен предзнак кон ова прашање. Во таква ситуација може да се очекува и позитивна клима, стимулативна атмосфера, соработнички дух и интензивна интеракција.

Како последна, единаесетта компонента од овој блок на макрометодски компоненти на игровната активност се наоѓа *технолошката поддршка за време на реализацијата на игровната активност*. Реално постојат такви услови како на пример бројните компјутери во училиштето, се поголемиот број на софтверски програми (Tool kids, Edu buntu[77]), DVD-а со различна содржина и останата аудио-визуелна техника. Но прашањето е како и колку тие програми можат да ја

[77] www.bro.gov.mk

одразат природата на игровната активност во училишен контекст. Можеби прифатливо решени е селективниот пристап во нивната употреба во наставата.

Следно прашање поврзано со оваа проблематика е начинот на моделирање на игровните активности. Покрај дидактичко-методската организација, игровната активност треба да подлежи и на соодветно моделирање. Начинот на кој што ќе се постави секој модел зависи од самиот наставник, од структурата на учениците но и аспектите кои ќе бидат инкорпорирани во него. Реализацијата на игровната активност главно ги содржи следниве аспекти:




Организацијата и реализацијата на игровната активност секогаш започнува со одредена цел и завршува со посакувани ефекти, но она што се случува во средиштето се о однесува на операционализацијата на поставениот концепт и самите активности.

Постојат повеќе варијанти на моделирање на игровната активност. Во продолжение даваме примери на неколку модели:

**Модел 1** Варијантна методска изведба на игровните активности преку компетитивност на две групи со финален продукт




Овој модел се однесува на примената на игровната активност како варијантна методска изведба во која постои комептитвност на две групи со различен вид на активности и различни правила и постоење на финален продукт.

**Модел 2** Варијантна методска изведба на игровните активности со фокус на целите и активностите




Овој модел во својата варијантна методска изведба се разликува од првиот модел бидејќи акцентот е поставен на различноста на целите и видот на

активностите. Секој наставник има можност да креира и други вакви слични видови на методски изведби според конкретни потреби.

Во моделирањето на игровната активност исто така треба да се земат во предвид принципите на кои ќе се заснова таа, како на пример:

1. Игровна интерактивност




Примената на принципот на игровна интерактивност учникот има придобивки во однос на:

- Чувството на сигурност
- Јасност и разбирање на целите
- Правилна изведба на активностите (редослед,траење)
- Рзбирање на очекувањата
- Сфакање на ефектите

2. Методска трансформација




Методската трансформација како принцип дава можности игровната активност да биде во функционална конекција со целите на курикулумот и возрасните потенцијали на учениците. Почитувањето на овој принцип сам по себе претпоставува и пожитување на индивидуализацијата и диференцијацијата во наставата.

3. Мотивирање за учење базирано на игровна активност




Придобивки

Принципот на мотивирање на учење кое е базирано на игровната активност ги нуди следниве придобивки:

- Атрактивност на наставата
- Мотивирани ученици
- Трајност на знаењата
- Развој на вештини
- Разбирање на игровната активност како можност за учење

Ефектите како последен сегмент во моделирањето на наставата можат да се однесуваат на различен аспект од развојот на личноста на учениците, па така може да се очекува ефекти во рамки на когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој. Во продолжение следува пример на можни ефекти во рамки на различните аспекти на развој.

Ефекти во когнитивниот развој



Ефекти во социјалниот развој




Ефекти во рамките на емоционалниот развој



Методската конципираност на игровната активност ги нуди сите компоненти за кои треба наставникот да посвети внимание при нејзиното поставување, организирање и реализирање. Оваа рамка е сеопфатна во дидактичко-методската артикулација на овој концепт, и има задача да ја постави важноста и значењето на секој методски елемент одделно. Секое програмско подрачје, наставна тема и содржина имаат свои специфичности. Методското коципирање на игровната активност треба да ги почитува истите преку можноста да се истакнат одредени методски елементи во однос на други.

7.4.1 Специфичности на методската концепираност на игровната активност во одделните програмски подрачја од првиот образовен циклус

- Македонски (мајчин) јазик

Наставата по македонски и мајчин јазик (албански, српски и турски јазик[78]) во првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование во Р. Македонија се реализира во времетраење од 6 часа неделно, односно 216 часа на годишно ниво. Во наставните програми се зададени конкретни цели на наставата според определени програмски подрачја. Во секое програмско подрачје точно се дефинирани целите, содржините, поимите, активностите и методите. Многу често во делот на понудени активности и методи се дадени примери на игровни активности кои ќе послужат за поуспешно реализирање на содржината. Специфичностите на оваа област се однесуваат на слушањето и говорот, литературата, изразувањето и творењето, медиумската култура но и подготовката за почетно читање и пишување. Спојот на играта и јазикот во дидактичко-методското моделирање на наставата по мајчин јазик е неопходна, бидејќи се смета дека: "Јазикот и играта споделуваат неколку заеднички карактеристики: и двете употребуваат симболи за да се објасни некоја идеја, чувство или искуство, и двете се рефлексија на човечкото мислење и исто така креатори на новите мисли, и двете се дел од нашето генетичко надополнување." [79]



[78] Наставен план за деветгодишно основно образование,(2007), Биро за развој на образованието
[79] Whitehead, M. (2003), *Supporting Language and Literacy Development in the Early Years*, Philadeplhia: Open University Press, pg. 20

Наставната програма по мајчин јазик особено во првиот образовен циклус го носи најголемиот товар особено заради потребата од почетно описменување. Токму затоа треба да се понуди методскиот пристап кој ќе овозможи "...со детето ненаметливо, но системски да се проведуват оние активности кои ќе му овозможат безболно и природно да го усвои начелото на азбуката, претворување на гласот кој го слуша во буква која ја гледа и обратно. Тоа значи дека активностите со детето (во облик на раскажување на приказна, разговор, заедничко читање на сликовница и приказна, предупредување на децата на начинот на запишување и својството на пишаниот текст, на значењето на буквите и врската на буквите и гласовите како и на смислата на приказната) во текот на целото детство дури пред поаѓање на детето во училиште ќе развие кај него подготвеност за брзо усвојување на шифрирањето и дешифрирањето како и за брз речиси незабележлив премин од неписменост кон писменост." [80]

Во методската артикулација на содржините од наставата по македонкси и мајчин јазик големо внимание треба да се насочи кон почетното описменување и формирање на претстава за буквите. Многу истражувања покажуваат дека учениците сакаат да го знаат изворот, потеклото и значењето на сето она што го учат. Оттука и желбата да се даде суштина, потекло и значење на буквите. Таква можност нуди моделот на учење на читањето и пишувањето преку примена на сликата-зборот како индуктивен метод [81]. Овој модел има за цел да создаде методска поставеност на запознавање и учење на




[80] Čudina-Obradović, M. (2008), *Igrom do čitanja-igre i aktivnosti za razvijanje vještina čitanja*, Zagreb: Školska knjiga, str.189
[81] Joyce, B. Calhoun, E. Hopkins, D. (2002), *Models of learning-tools for teaching*, Philadelphia: Open University Press, pg.142

букви со што за секоја буква треба да се понуди соодветна слика. Секоја слика им дава можнос на учениците заедно со наставникот да создадат преку цртеж мала приказна со која ќе и го дадат потребното значење на буквата и по пат на индукција учениците ќе создадат поим и претстава за конкретната буква.

Методиката на наставата по македонски и мајчин јазик се соочува со проблемот на изучување на два јазика. "Во областа на развојот на јазикот, ние знаеме дека децата на шест годишна возраст сеуште не го завршиле когнитивниот развој за својот прв јазик. Кога детскиот развој за првиот јазик е дисконтинуиран пред когницијата да биде целосно развиена, тогаш може да се доживеат негативни когнитивни ефекти во развојот на вториот јазик, и обратно, децата кои имаат можност да учат на својот мајчин јазик, а учат и втор јазик со кој достигнуваат целосен когнитивен развој и во двата јазици уживаат во когнитивниот развој над монолингвалните." [82]

Методското реализирање на содржини од наставата по македонски и мајчин јазик со примена на игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус има за цел да овозможи активна позиција на учениците, иновирање на наставата, осовременување на методскиот пристап и ослободување на креативната енергија на самите наставници. Во продолжение следува пример[83] на игровна активност во рамки на наставниот предмет Македонски јазик.



[82] Quintero, P. E. (2009), *Critical Literacy in Early Childhood Education*, New York: PETER LANG, pg. 61

[83] Примерите на методските концепти се дел од спроведеното истражување за потребите на докторскиот труд

***Наставен предмет:*** *Македонски јазик (I одделение)*

***Програмско подрачје:*** *Слушање и говор*

*Избор на стилско-композициска говорна вежба: раскажување по слики*

***Игровна активност:*** *Измешани секвенци- Трите мечиња*

***Цели на игровната активност:***

- *Збогатување на детскиот речник со нови зборови, со кои се означуваат суштества, дејства, средства за работа, односно нивно именување*
- *Толкувањето на значењето и смислата на научените зборови што ја сочинуваат логичната компонента на говорот,*
- *Своите мисли, чувства, искуства и знаења да ги искажат точно, јасно, разбирливо, гласно, со правилно формулирани реченици и по определен логички редослед-вежбање на поврзаното и логичкото изразување*
- *Оспособување за целосен опис и за негова вербализација*
- *Оживување, поттикнување на емоциите, детската фантазија, љубопитство, говорното творештво*
- *Поттикнување за самостојно раскажување, во кое ќе внесуваат варијанти на оригиналност*

***Средства и материјали***

- *Слики, торбичка, литературен текст: Трите мечиња, ликовни цртачки материјали*

***Наставни методи:***

- *Метод на игра, Метод на разговор, метод на демонстрација, метод на практични работи, метод на усно излагање: објаснување, раскажување, прераскажување*

***Форми на наставна работа:***

- *Фронтална, групна, индивидуална*

***Активности на учениците:***

- *Размислување, согледување, откривање, поставување прашања, споделување на сопствените идеи, искажување на свои ставови, објаснување, опишување, раскажување по серија слики*

***Активности на наставникот:***

- *Усно излагање-објаснување, изразно читање на текстот, давање насоки за работа, задавање задачи, поставување прашања, давање сугестии, предлози*

***Место на реализација на игровната активност:***

- *Во училницата*

***Интеграција со други наставни предмети:***

- *Македонски јазик-раскажување по серија на слики, драматизација на текстот за трите мечиња*
- *Ликовно образование- учениците ликовно се изразуваат врз основа на содржината од литературната творба: подготовка на сценографија за драматизација: на тема Шума*
- *Физичко и здравствено образование- движења на делови од телото, гестови и мимики кои ќе бидат во контекст на содржината од текстот*
- *Математика- поим за број: 3 , овој математички поим децата говорно ќе го изразуваат*
- *Запознавање на околината: запознавање со растенија, дрвја, животни, место на живеење, годишно време*

***Тек и стратегија на реализација-Артикулација на игровната активност:***

***1. Чекор:*** *Мотивирање на учениците со организирање на играта: Погоди што има во волшебната торбичка во која се скриени сликите. Секој ученик влече по една слика и потоа кажува реченица за соодветната слика. Останатите ученици имаат можност да го дополнуваат, да даваат свои идеи, да ја опишат на сопствен начин случката. Опишувањето ќе се одвива низ неколку фази: почнува со именување, па со истакнување на елементите, својствата, продолжува со вербализација на врските и односите за да заврши со целосен опис на зададената слика.*

***2. Чекор:*** *Обид за наоѓање на точниот, логичен редослед.Секој ученик кој извлекол одредена слика ќе излезе на слободниот простор во училницата, и ќе ја држи на соодветна висина сликата. Останатите ученици ќе треба да го определат правилниот редослед на настаните. Еден по еден, учениците ќе истапат напред и ќе стават некој настан/слика на местото кое тие го сметаат за правилно. Наставникот ги наведува на слободно раскажување на начин на кој што тие умеат и мислат, раскажувајќи и со елементи што не се содржани во сликата. (секој ученик има можност да ја раскаже својата верзија)*

***3.Чекор:*** *Акустично и визуелно восприемање на содржината - откривање и доаѓање до вистинската содржина и редослед.Кога целата група ученици повеќе или помалку ќе се согласат со редоследот, наставникот ќе го прочита текстот (изразно читање со паузи), а учениците внимателно ќе слушаат со цел да видат дали редоследот во текстот е ист/се совпаѓа со оној (нивниот) на сликите. Паралелно со читањето се открива и самата слика ( на која слика се однесува прочитаниот текст)*

***4.Чекор:*** *Проверка на точноста. Потоа следува поставување на прашања со цел да се започне разговор за утврдување на точноста на поставената задача-учениците самостојно ги воочуваат грешките и отстапувањата, прават корекција (ги разместуваат учениците кои ги држат сликите)*

***5.Чекор:*** *Самостоен обид за раскажување по серија слики. Учениците ја раскажуваат конечната содржина што е прикажана на сликите (се вклучуваат колку што е можно поголем број на ученици со цел што подобро да го формулираат своето говорно изразување)врз основа на она што е слушнато и видено. Наставникот започнува разговор во кој: на учениците им дава простор да кажат што им се допаднало од прикажаната и да ги пронајдат тие елементи во сликите, ги стимулира низ методот на игра правилно да акцентират и да ги изговорат новите зборови, да ги вежбаат се до нивното усвојување, (преку имитирање на гласовите на животните, да драматизираат)*

***Евалуација:***

- *Дискусија за севкупните активности во текот на работниот ден. Поставување на прашања со цел да се согледаат ефектите од реализацијата на игровната активност.*

***Очекувања од игровната активност***

- *Очекување дека целта на игровната активност ќе биде успешно реализирана- речникот на учениците ќе биде збогатен со нови зборови: именки, глаголи, придавки, а применетите методи, форми и средства ќе бидат соодветни на поставената цел.*
- *Активно учество на учениците во раскажувањето по серија слики.*
- *Продлабочен интерес и иницијатива на учениците за драматизација.*

- Математика

Наставата по математика во првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование во Р. Македонија се реализира во времетраење од 4 часа неделно, односно 144 часа на годишно ниво. Во наставните програми се зададени конкретни цели, програмски подрачја, содржини, поими и активности и методи. Тие се однесуваат на проблемот на математиката во непосредната околина и секојдневниот живот, природните броеви, проценувањето и мерењето, формите во просторот, формите во рамнината и односите помеѓу нив, решавање на проблемските ситуации, собирање и одземање, мерење, работа со податоци и множење и делење. Наставата ја структурира математиката во научна форма, но наставниците ја имаат клучната улога во соодветно презентирање на содржините на учениците. “Предзивикот на секој наставник е да согледа и гради на основа на секој од детските “иљадници јазици” на начин на кој соодветствува на детето и е поврзано со неговото предходно исуство во домот и културата. Предизвик е да му се помогне на детето да премине помеѓу неформалниот начин на репрезентирање на математиката во домот и формалниот начин во образовен





контекст.”[84] За да се обезбеди лесниот премин од неформален кон формален

[84] Carruthers, E. Worthington, M. (2006), *Children's Mathematics-Making Marks, Making Meaning*, London: SAGE Publications, pg.33

начин на сфаќање на математиката неопходно е добра дидактичко-методска анализа и организација. Во литературата се почесто се користи терминот "дидактички инженеринг" кој се дефинира како "... истражувачка методологија и како пристап кон дизајнирање во училиницата. Дидактичкиот инжинеринг се насочува околу идеата за дизајнирање на математички проблемски ситуации кои ќе ги стават учениците во позиција на ангажирање со математичките идеи во кои се вложуваат. Уште еден клучен аспект на дидактичкиот инженеринг е идеата дека одговорноста за решавање на математичките проблеми ќе биде развиена кај учениците, но менаџирана од страна на наставникот."[85] Улогата на наставникот е несомнено голема во делот на изнаоѓање на соодветни стратегии, методи и начини на презентирање, вежбање и утврдување на содржините. Во таа улога особено значајна е дистинкцијата на различните видови знаења кои се јавуваат во процесот на усвојување на занења и способности од областа наматематиката. Така на пример "...практиката на броење со коцки, броењето со прсти како ефект на собирањети или одземањето, според Ками е "физичко знаење". Учењето како да се напише збирот влегува во "социјалното знаење". Ангажирањето на менталниот процес, во кој учениците размислуваат за поврзаноста помеѓу бројките е сосема различно и тоа е "логичко-математичко знаење""[86] Оваа



дистинкција на трите степени или видови на знаење од областа на математиката дава можност за определување на структурата и содржината на активност (игровната активност) во наставниот процес. Материјалите и средствата кои

[85] Sutherland, R. (2007), *Teaching for Learning mathematics*, New York: Open University Press, pg.76
[86] Thompson, I. (2005), *Teaching & learing early number*, New York: Open University Press, pg.142

можат да се применуваат или пак степенот на тежина на задачата кој треба да се утврди.

Иако математиката како наставен предмет има големи егзактни специфичности, сепак нејзината практична примена може да биде остварена преку методски конципирана игровна акткивност со точно определена цел. Игровната активност може да се реализира на различни типови на наставен час, дури и во часовите за повторување, бидејќи "...во насока на вештините за учење–повторувањето може да биде стандардизирано и доверливо кон работните тетратки многу повеќе отколку самиот наставник. Добриот наставник, во спроведувањето на содржината (на пример во подготовката за тестовите), може да ја намали здодевноста на ученикот со техники за мотивација и концентрација."[87]

Современите пристапи во наставната реализација на математиката имаат тенденција во која учениците треба да научат дека треба да употребуваат метод на пишување за собирање и одземање броеви[88]. Овој пристап се јавува наспроти се пораспространетата употреба на сметачи уште од најмала возраст во наставата. Игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус настојува на практичен начин да ги доближи прашањата од областа на математиката до сите ученици. Во продолжение следува пример на игровна активност во рамки на наставниот предмет Математика.

[87] Thompson, I. (2004), *Enhancing primary mathematics teaching*, New York: Open University Press, pg.67
[88] Haylock, D. (2007), *Mathematics Explained for promary teachers*, London: SAGE Publications, pg.54

***Наставен предмет:*** *Математика (I одделение)*

***Програмско подрачје:*** *Логичко размислување и решавање на проблеми*

***Игровна активност:*** *Играме со слики*

***Цели на игровната активност:***

- *Воочување, именување и комбинирање на различни форми: кружна, квадратна, правоаголна и триаголна.*
- *Оспособување за издвојување на сличностите и разликите на новоформираните предмети, модели*
- *Одредување и вербално искажување на односите меѓу предметите пред-зад, горе-долу, во средина, се допираат...*
- *Воочување на поими по спротивност: мало-големо, кратко-долго, тесно-широко*
- *формирање на вештини за самостојно решавање на логичко- математички проблеми*
- *Поттикнување на: сознајните, социјалните, креативните способности и натпреварувачкиот дух*
- *Оспособување на учениците за распоредување на предмети по класи*

***Средства и материјали***

- *Кутија, шаблони од потребните геометриски фигури во различни димензии, форма и боја, лепак, ножички, колаж, дрвени боички*

***Наставни методи:***

- *Метод на усно излагање, метод на работа на текст, илустративно-демонстративен метод: работа со специфични шаблони/апликации( дидактички материјал за составување на различни фигури, налик на логичките плочки)*

***Форми на наставна работа:***

- *Фронтална, групна, индивидуална.*

***Активности на учениците:***

- *Размислување, согледување, откривање, споредување, класифицирање, решавање на практични проблеми и ситуации, манипулирање со геометриските фигури и мисловно воопштување, поставување прашања, давање, споделување на сопствените идеи, искажување на свои ставови.*

***Активности на наставникот:***

- *Усно излагање, читање на текст-приказна, давање насоки за работа, примери на задачи, поставување прашања, давање сугестии, предлози, поделување на материјал за работа.*

***Место на реализација на игровната активност:***

- *Во училницата, каде ќе има соодветна просторна организација соодветна за игровната активност, масите ќе се групираат со цел да се добијат 4 катчиња. Во секое од нив ќе работи група со броен состав: 6 ученици.*

***Интеграција со други наставни предмети:***

- *<u>Математика</u>- логичко размислување и решавање на проблеми-различни облици на манипулација со геометриски фигури*
- *<u>Македонски јазик</u>- Стихотворба за геометриските фигури*
- *<u>Ликовно образование</u>- ликовни истражувачки проблеми (со комбинирање да се обликуваат едноставни форми од геометриските фигури по сопствена замисла)*

***Тек и стратегија на реализација-Артикулација на игровната активност:***

***1. Чекор:** Мотивирање на учениците со пригоден текст, со кој се создава интерес за престојните активности. Пр. Болното Другарче*

***2. Чекор:** Учениците се договараат за начинот како ќе ја изработат фигурата (три триаголници и три квадари во форма на превозно средтво-автомобил) која ќе биде претходно презентирана. Учениците треба да ја изработата истата во најкус временски интервал користејќи ги понудените геометриски фигури. Потоа учениците треба да измислат име на креираното превозно средство. Наставникот треба да ги стимулира сите ученици да вложат максимум ангажман во изготвување на фигурата.*

***3. Чекор:** Во следната фаза учениците се делат во групи каде ќе се обидат да препознаат и да именуваат некоја од геометриските фигури, да ја лоцира точно, да направи групирање на фигури со исти признаци (пр. класифицира само жолти триаголници...).*

***4. Чекор:** Работа во групи: Зададена задача на ниво на група да се направи потребната селекција што подразбира од мноштвото понудени подароци да се одберат најдобрите Пристигна и најновата вест: За болното дете, дознале многу други деца не само од нашата училница ин ашето училиште, туку и од останатите училишта во нашата земја. Сите тие сакаат да му испратат свои подароци на болното другарче со цел да го зарадуваат. Колку прекрасно! Но, знаете има еден голем проблем, во превозното средство нема доволно место за сите подароци. Наставникот ги прашува учениците и тие треба дадат свои предлози.*

***5. Чекор:** Изборот на подароците што ќе се носат во превозното средство да го направат групите ученици, а на секоја група треба да одбере вкупно три подароци. Групите ученици во времетраење од 5 мин, се договорат од кои три подароци не можат да се откажат, односно кои 3 подароци според нив се најубави, највесели...и отпочнуваат со активност.*

***6. Чекор:** Презентација на продуктите на децата во вид на решен математички проблем (исказите на децата-аудио-запис), цртеж (подароците), рецититање на претходно совладаните стихотворби*

***Евалуација:***

- *Дискусија за севкупните активности во текот работниот ден. Поставување на прашања со цел да се согледаат ефектите од реализацијата на игровната активност.*
- *Анализа на детските (продукти) творби (проследено со коментари зошто токму се определиле за тој избор, како се чувствувале кога биле принудени да го стеснат изборот, дали било лесно заеднички да одлучат, дали имале одредени потешкотии и сл.)*

***Очекувања од игровната активност***

- *Очекувањето се однесува на тоа дека дека целта на игровната активност ќе биде успешно реализирана, а применетите методи, форми и средства ќе бидат соодветно применети.*
- *Се очекува активно учество на сите ученици во изградувањето на поими низ самостојната и групната работа во манипулирањето со предмети, како и продлабочен интерес и иницијатива самостојно или во група да продолжат со креирање и именување на нови фигури.*

❖ Запознавање на околината

Наставата по запознавање на околината во првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование во Р. Македонија се реализира во прво одделение во времетраење од 2 часа неделно, односно 72 часа на годишно ниво, а во второ и трето одделение овој предмет е застапан со 3 часа неделно, односно 108 часа на годишно ниво. Во наставните програми се реализираат цели, содржини, поими и активности и методи според следниве програмски подрачја:јас и другите, моето училиште, мојот дом, местото во кое живеам, јас сум дел од природата, сообраќај, моето место, јас истражувам, одлики на животната средина, ориентација во просторот и времето и др.



Наставниот предмет запознавање на околината можеби најтесно ја остварува поврзаноста помеѓу непосредната околина, секојдневното живеење, природата и училиштето. Во процесот на стекнување на знаења, вештини и способности на учениците од оваа област честа постапка е набљудувањето и исказот за се она што е видено и доживеано. Во литературата големо внимание се посветува на проблемот околу улогата на научниот концепт и јазикот во образованието на околината и природата. Во таа насока се смета дека: "Проблемот на употреба на специјализиран јазик во основната наставата по наука станува акутен освен кога употребата на техничкиот термин е одземен, дури и од наставникот или ученикот, како доказ за неразбирањето. Кога се трудат да опишат или да објаснат што

набљудуваат и учениците и возрасните често сметаат дека точната употреба на зборот во соодветен контекст е се што е неопходно."[89]

Покрај набљудувањето во запознавањето на околината особено значаен е начинот на кој учениците ќе ја запознаат околината, начинот на кој ќе стапа во контакт со неа и истовремено ќе дејствуваат во неа. Се рабира дека во целокупната интеракција незибежна е активната позиција на ученикот која меѓу другото се обезбедува и преку игровните активности. Во таа смисла се вели: "Играта на улоги е една практична, креативна, експериментална поучувачка техника. Истражувањата покажуваат дека играта на улоги како форма на физичко моделирање, им помага на учениците да ги визуелизираат и разберат асптрактните научни концепти. Разбирањето доаѓа не само преку партиципирање со високо ниво на учество, но исто така преку изложување на идеи, дискусии и соработка со останатите ученици."[90] Овој став е поткрепен и со конкретан игровна активност на тема:Електрицитет и е наменета за ученици на возраст од 6-7 години. Во неа учениците стојат во круг, држат јаже и го тријат преку нивните раце за да го илустрираат дотокот на електрицитет. Еден ученик може да игра улога на електрична светилка и да го забави движењето на јажето. Во продолжение следува пример на игровна активност во рамки на наставниот предмет Запознавање на околината.



[89] Wenham, M. (2006), *Understanding Primary Science-ideas, concepts &explanations*, London: Paul Chapman Publishing, pg.14

[90] Ward, H. Roden, J. Hewlett, C. Foreman, J (2006), *Teaching Science in the Primary Classroom: A practical guide*, London: Paul Chapman Publishing, pg.112

***Наставен предмет:** Запознавање на околината (II одделение)*

***Наставна тема:** Сообраќај*

***Игровна активност:** 1. Сложувалка сообраќајно средство и 2. Денот на љубовта*

***Време-траење на активноста:***

- *Станува збор за 2 различни игровни активности кои се употребуваат во различен дел од работниот ден, траат по 10-15 мин*

***Цели на игровната активност:***

- *Утврдување и проширување на стекнатите претстави за сообраќајот,*
- *Утврдување на знаењата за движење по тротоар и преминување на улицата преку пешачки премин со употреба на семафор,*
- *Оспособување на децата за учество во сообраќајот,*
- *Осознавање на улогата на семафорот, значењето на неговите светлосни сигнали,*
- *Поттикнување на сложените облици на соработка меѓу учениците*
- *Градење чувство за припадност на групата*
- *Разбирање и прифаќање на правилата на однесување во играта*

***Средства и материјали***

- *3 Сложувалки - семафор, апликации- кругови во 3 бои: црвена, жолта, зелена од секоја боја по 6 апликации, аудио-касетофон, аудио- касета, автомобили- играчки, сообраЌајни знаци, семафор, раскрсница*

***Наставни методи:***

- *Метод на разговор, метод на демонстрација, метод на усно излагање: објаснување*

***Форми на наставна работа:***

- *Фронтална, групна, индивидуална.*

***Активности на учениците:***

- *Размислување, согледување, откривање, поставување прашања, споделување на сопствените идеи, објаснување, опишување.*

***Активности на наставникот:***

- *Усно излагање-објаснување, давање насоки за работа, задавање задачи, поставување прашања, давање сугестии, предлози*

***Место на реализација на игровната активност:***

- *Во училницата, која претходно е подготвена, секое средство се наоѓа на соодветното место: сообраќајни знаци, згради од разни картони, училиште, куќа, конструирање на крстосница со изолир трака во боја и со означен пешачки премин со бела трака*

***Интеграција со други наставни предмети:***

- *Македонски јазик - Повторување на стихотворбата Децата пред семафор*
- *Ликовно образование- креирање на семафор-сложувалка*
- *Физичко и здравствено образование- движења на делови од телото, гестови и мимики, имитирање на движењата на автомобилите*
- *Математика- утврдување на поим за број: 3, овој математички поим децата говорно го изразуваат*
- *Музичко образование: движењата се одвиваат со траење на одредена песна*

***Тек и стратегија на реализација-Артикулација на игровната активност:***

*1. **Чекор:** Учениците се делат во три групи, заедно со наставникот ги креираат и појаснуаат упатствата за работа, ги делат сложувалките-семафори при што секоја група добива по една сложувалка. Реализацијата на активноста се остварува на следниот начин: Секоја група на даден знак од наставникот треба да започне со сложување на деловите од сложувалките. Победник е групата која што прва ќе ја сложи сложувалката и ќе го идентификува семафорот.*

*2. **Чекор:** Започнување на разговор за семафорот: опишување- изглед, дефинирање на улогата на семафорот, значењето на неговите светлосни сигнали*

*3. **Чекор:** Поставување на прашања: Кога ученикот како пешак смее да ја помине улицата, која боја на семафорот мора да биде запалена? Учениците со помош на наставничката ќе играат улоги-пешаци, и др. возачи на автомобили- играчки.*

*4. **Чекор:** Поставување на одредени правила на однесување во сообраќајот- погледај на лево, па на десно кога ја преминуваш улицата. Преку зебрата не се минува со трчање, туку полека и внимателно. Учениците ќе слушаат разни звучни сигнали на возилата и ќе се движат по претставената улица. Наставничката ќе ги упатува во движењето, каде се движат возилата, каде пешаците и што означуваат одделни знаци. Пешаците се движат по тротоарот и тоа што подалеку од работ. При преминот на улицата, учениците бараат помош од возрасните или од сообраќаецот. Учениците посебно треба да обрнат внимание на сообраќајните знаци. Дали по звукот на моторот можеме да погодиме кое возило ни се приближува, дали е тоа далеки или блиску? Дали на улицата децата смеат да си играат? и сл.Улогите на игрите се менуваат и на пешаците и на возачите*

*5. **Чекор:** Кога пешаците ќе дојдат на раскрсницата и треба да ја минат улицата, наставничката ја рецитира стихотворбата Децата пред семафор, со што ги потсетува на функцијата на неговите светла*

*6. **Чекор:** Реализација на социјалната игра: Денот на љубовта. Учениците слободно се движат низ училницата и се ориенираат според боја. Три групи ученици добиваат по еден знак во жолта, црвена или зелена боја. Додека тече музиката слободно се дижат, а кога таа ќе престане се групираат и ги сплотуваат рацете или слободно формираат 3 круга како очите на семафорот трепкаат-преку клекнување и станување.*

***Евалуација:***

- *Дискусија за севкупните активности во текот на работниот ден. Можност- играта да се продолжи во спрактична ситуација. Учениците и наставникот одат на прошетка до најблиската раскрсница. Учениците ќе набљудуваат дали пешаците и возачите ги почитуваат сообраќајните прописи, се набљудуваат сообраќајните знаци и се разговара за нив. Учениците ќе го набљудуваат семафорот и ќе разговаарт со сообраќаецот. Сето тоа има цел учениците во реална ситуација да ги потврдат стекнатите знаења за занчењето и функцијата на семафорот.*

***Очекувања од игровната активност:***

- *Очекување дека целта на игровната активност ќе биде успешно реализирана-ученикот го опишува сообраќајниот семафор, го објаснува значењето на неговата светлосна сигнализација. Учениците активно учествуваат во игровните активности и покажуваат продлабочен интерес и иницијатива за играње улоги на пешак и возач.*

❖ Музичко образование

Наставата по музичко образование во првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование во Р. Македонија се реализира во времетраење од 2 часа неделно, односно 72 часа на годишно ниво. Целите, содржините, поимите и активностите и методите во наставните програми по музичко образование се распоредени според следниве теми: пеење, музика и движење, слушање музика, свирење на детски музички инструменти, основи на музичката писменост, основи на детското музичко изразување и творење. Наставата по музичко образование е насочена кон развој на уметничките вештини на учениците. Содржината на наставната програма сама по себе укажува на специфичноста во методското конципирање и реализација на активностите. Во музичкото образование преовладува стимулирањето на чувството за ритам, активно слушање на музика, препознавање на воклана интрументална



изведба, основни познавања за некои детски инструменти и сл. Реализацијата на овие содржини претпоставува активна позиција на ученикот, особено во делот со ракување на некој инструмент, или пак ритмичко движење на некоја мелодија. Игровната активност како методски концепт може да биде применета во функција на интеграција на содржините од музичкото образование со ликовното, физичкото образованиот, но и македонскиот јазик и математиката.

Заради природата на наставната програмата во методското конципирање на игровната активност се препорачува примена на демонстративниот метод, методот на разговор, но и методот на илустративни работи. Особено значајна е

непосредната поврзаност со практичното прикажување на нотите, музичката скалата и непосредното доживување на различните видови и стилови на музика. Особено се препорачува креирање на игровни активности кои го стимулираат оригиналното творење на самиот ученик но и следење на природната наклонетост кон одреден вид на музика и музичко изразување. Во продолжение следува пример на игровна активност во рамки на наставниот предмет Музичко образование.

***Наставен предмет:*** *Музичко образование (II одделение)*

***Наставна тема:*** *Свирење на детски музички инструменти*

***Игровна активност:*** *Како барабанот вели*

***Цели на игровната активност:***
- *Ученикот да го препознава карактерот на музиката,*
- *Да разговара за музиката што ја слуша,*
- *Да слуша и да препознава звуци на одредени музички инструменти,*
- *Да го идентификува и употребува ритамот,*
- *Да ги памети, повторува и користи движењата во музичко-ритмичките активности,*
- *Да создава интерес за изведување на звучни ефекти, спонтани импровизации на кратки музички мотиви*

***Средства и материјали***
- *1 барабан, 2 палки*

***Наставни методи:***
- *Метод на практична работа*

***Форми на наставна работа:***
- *Групна и индивидуална форма на наставна работа*

***Активности на учениците:***
- *Слушање, движење, имитирање.*

***Активности на наставникот:***
- *Ритмичко удирање на барабанот*

***Место на реализација на игровната активност:***
- *Во училишниот двор или спортската сала*

***Интеграција со други наставни предмети:***
- *Запознавање на околината- препознавање на карактеристичните звуци на животните*
- *Физичко и здравствено образование- движења на делови од телото, гестови и мимики, имитирање на движењата на разни животни*

***Тек и стратегија на реализација-Артикулација на игровната активност:***

***1. Чекор:** Учениците се делат во три групи, заедно со наставникот ги слушаат звуците кои ги предизвикува ударот на барабанот. Потоа учениците и наставникот креираат редослед по кој ќе се движат учениците во просторот, времетраењето на секое движење и кој ученик кога да го каже на глас името на животното.*

***2. Чекор:** Наставникот го претставува барабанот како еден музички инструмент и го дава од ученико на ученик да го разгледаат. Учениците самостојно треба да го анализираат барабанот и да ги опишат неговите карактеристики.Наставникот треба да им посочи на учениците дека најчесто со барабанот може да најавуваат некои значајни вести, но и со него да означат почеток или крај на некоја активност.*

***3. Чекор:** Наставникот започнува да тропа на барабанот според однапред утврден такт, брзина и мелодија. Учениците според поставените критериуми се движат во круг и се обидуваат да откријат за кое животно станува збор, а потоа и да прават гестикулации и движења слични на неговите.*

***4. Чекор:** Учениците се делат во парови и во секој пар развиват дискусија за она што го доживеале, колку биле успешни во откривањето на видот на животно или пак во неговото имитирање.*

***Евалуација:***

- *Наставникот и учениците на хамер ги запишуваат видовите животни кои биле т.н. отсвирани со барабанот, а потоа секој ученик со црта до името на животното ги забележува своите обиди, се прави краток пресек на животното кои најсоодветно може да се претстави преку звуците на барабанот. Настваникот и учениците прават план за посета на зоолошка градина каде ќе можат автентично да ги слушнат звуците на некои животни.*

***Очекувања од игровната активност:***

- *Очекувањата се насочени кон успешно реализирање на целта на игровната активност. Ученикот ќе знае да го препознае звукот на барабанот, ќе знае да ракува со него и исто така ќе има познавања од темпото на движење на одделни животни.*

❖ Ликовно образование

Наставата по ликовно образование во првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование во Р. Македонија се реализира во времетраење од 2 часа неделно, односно 72 часа на годишно ниво. Наставната програма по ликовно образование нуди реализација на целите, содржините, поимите и активностите и методите според следниве теми: цтрање,сликање, печатење, моделирање и обликување, ликовни истражувачки активности, печатење и визуелни комуникации и дизјан. Овој наставен предмет се карактеризира со исклучително влијание врз развојот на креативност кај учениците. Креативноста, имагинативноста, доживувањето, изразувањето, и самостојната работа се компоненти кои ретко во кој наставен предмет се јавуваат и развиваат со интензитет како што е тоа пример со ликовното образование. "Уметноста е емоционално задоволство кога детето искажува задоволство и радост или страв и фрустрација во текот на цртањето." [91] На уметноста во образованието често се гледа како на индикатор за внатрешниот емоционален живот на учениците, на тој начин наставникот може да продре подлабоко во нивните доживувањата.



За потребите на наставата по ликовно образование значајно прашање е изборот на материјалите. Тие се јавуваат како посредници меѓу учениците и наставата по ликовно образование и заради тоа се посветува големо внимание особено во современи услови кога се нудат секаков вид соодветни и несоодветни материјали. "Изборот на материјалите и селекција на ресурсите е значајно прашање. Кој квалитет треба да се бара во изборот на материјал и опрема соодветна на возраста? Дали постои посебно внимание за

[91] Edwards-Carol, Linda. (2006), *The Creative Arts-A Process Approach for Teachers and Children*, New Jersy:PEARSON, pg. 153

безбедност?"[92] Училиштето и наставниците настојуваат секогаш да се применуваат материјали кои се соодветни на детскиот развој, кои не штетат на нивното здравје и со кои неможат да се повредат.

Природата на уметноста упатува кон специфична методика во која главно ќе се применуваат илустративните методи, преовладува индивидуалната, а поретко се применува и групната форма на работа. Во продолжение следува пример на игровна активност во рамки на наставниот предмет Ликовно образование.

***Наставен предмет:*** *Ликовно образование (III одделение)*

***Наставна тема:*** *Сликање*

***Игровна активност:*** *Водено сликање*

***Цели на игровната активност:***
- *Ученикот да ги користи основните и секундарните бои,*
- *Креативно да ги применува боите во ликовна композиција,*
- *Да создава ликовна композиција со ладни или топли бои,*

***Средства и материјали***
- *Блок, вода, водени боици, CD-од музиката за пролетта од познатата класична композиција на Четирите годишни времиња.*

***Наставни методи:***
- *Метод на практична и метод на илустративна работа*

***Форми на наставна работа:***
- *Индивидуална форма на наставна работа*

***Активности на учениците:***
- *Сликање, прскање, следење, комбинирање.*

***Активности на наставникот:***
- *Давање насоки за начинот на водено сликање и читање приказна: Пролет*

***Место на реализација на игровната активност:***
- *Во училница*

***Интеграција со други наставни предмети:***
- *Запознавање на околината- препознавање на карактеристиките за годишното време пролет и нивно поврзување со боите кои најчесто ги има во пролет*
- *Физичко и здравествено образование- развој на ситната моторика преку држење на четката во исправна позиција*

[92] Packer-Isenberg,J. Renck-Jalongo,M. (2006), *Creative Thinking and Arts-Based Learning*, New Jersy:PEARSON, pg. 273

***Тек и стратегија на реализација-Артикулација на игровната активност:***

*1. **Чекор:** Учениците работат индивидуално. На почетокот ги слушаат сугестигиите на наставникот за начинот на воденото боење, а потоа заедно се договараат за темата и содржината на сликањето. Секој ученик кажува по една реченица за тоа како ја доживува пролетта.*

*2. **Чекор:** Наставникот го демонстрира начинот на кој учениците треба да сликаат со водени бои. Упатствата се насочени кон тоа дека секој ученик треба да го потопи во вода својот лист од блок, а потоа да го остави на масата малку да се исуши. За тоа време учениците ја слушаат приказната за пролетта, а потоа секој се обидува да се сети како ја доживува пролетта и тоа го споделува со своите соученици. Откако листот блок ќе биде доволно воден и сув, секој ученик ќе започне со воденото сликање. За време на сликањето наставникот ќе ја чита приказната за пролетта, а во позадина тивко ќе свират Четирите годишни времиња.*

*3. **Чекор:** Учениците ќе сликаат така што на блокот хартија ќе нанесуваат слобоно со четката бои кои самите ќе ги одберат во форма на капки, долги и кратки линии, концентрични кругови, спирални линии, со еден збор како што во моментот ќе посакаат. Особено интересен момент е тоа што бојата ќе се шири на водената површина без поголема контрола од страна научениците, и при тоа ќе се измеша со другите нанесени бои. Тоа е значаен момент бидејќи една идеја на ученикот ненамерно се меша со друга, а од сето тоа се раѓа нов креативен момент за секој ученик.*

*4. **Чекор:** Учениците откако ќе завршат со своите активности ќе го анализираат и ќе се обидат да го протолкуваат значењето на своето дело*

***Евалуација:***

- *Наставникот и учениците ќе направат паралела помеѓу текстот, музиката и сликањето, ќе ги најдат заедничките елементи, но и оние спротивните. Наставникот може да ги праша учениците како се чувствувале за време на оваа игровна активност за да ја согледа емоционалната состојба која во секој случај треба да биде позитивна.*

***Очекувања од игровната активност:***

- *Очекувањата се насочени кон успешно реализирање на целта на игровната активност. Ученикот ќе знае да ги препознае карактеристиките на воденото сликање, ќе знае како да ги употребува водените боици, какви нијанси се добиваат од нивното мешање и како преку сликањето може да се претстави пролетта.*

❖ Физичко и здравствено образование

Наставата по физичко и здравствено образование во првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование во Р. Македонија се реализира во времетраење од 3 часа неделно, односно 108 часа на годишно ниво. Наставната програма по физичко и здравствено образование ги нуди следниве теми: запознај се, вежби за организирано поставување и движење, вежби за оформување на телото и движењата, основи на атлетиката, основи на гимнастиката и игри. Подрачјата од изборните теми се однесуваат на активности на вода, активности на снег, возење тротинет, велосипед, ролери, активности во природа излети и пешачења, училишен спорт, спортски школи и проекти. Физичките активности значат соодветен физички развој кој позитивно влијае на здравствената состојба на учениците. Содржините на овој наставен предмет ја природно ја одредуваат игровната активност како добра можност учениците активно да ги реализираат поставените цели.



Особено во раното детство играта е активност која децата ја преферираат во секој дел од денот. Играта ги окупира речиси сите будни часови, и таа слободно може да биде разгледувана како детски еквивалент на работа. Заради тоа може да се истакне дека "Детската игра е примарен модел преку кој тие учат за нивното тело и капацитетот на движење. Таа исто така служи како значаен подржувач на когнитивниот и афективниот развој на младите деца, исто така е значајна за развојот на ситната и крупната моторика. "[93]

[93] Gallahue, L.D., Ozmun, C.J. (2006), *Understanding Motor Development-Infants, Children, Adolescents, Adults*, New York: Mc Graw Hill, pg. 173

Раниот училишен период предизвикува одредени физички промени во однос на тежината и висината кај децата. Прогресот во физичкиот изглед е видлив особено заради процесот на организација на сензорниот и моторниот систем кај децата од овој период. Поради тоа на учениците им е повеќе од потреба активност која покрај когнитивниот и афективниот развој ќе овозможи соодветен физички развој. Во продолжение следува пример на игровна активност во рамки на наставниот предмет Физичко и здравствено образование.

***Наставен предмет:*** *Физичко и здравствено образование (III одделение)*

***Наставна тема:*** *Атлетика*

***Игровна активност:*** *Разни видови скокања*

***Цели на игровната активност:***
- *Да ги усовршува техниките на одење, трчање и скокање*
- *Да ги развива големите мускулни групи на рацете, трупот, карлицата и нозете,*
- *Да ја развива општата подвижност на локомоторниот апарат и координирано движење,*
- *Да ја користи техниката на отскокнување и доскокнување*

***Средства и материјали***
- *Греди, јаже, креда*

***Наставни методи:***
- *Метод на практична работа*

***Форми на наставна работа:***
- *Индивидуална и групна форма на наставна работа*

***Активности на учениците:***
- *Скокање, имитирање, цртање, броење, .*

***Активности на наставникот:***
- *Давање насоки за начинот на скокање на јажето, поставување на соодветната висина на учениците (доволно ниска за да можат да ја скокнат, но и доволно висока за да може да поттикне развој), насока за начинот на цртање на полжавот и запишување на времето на потребно за стигнување до целта на секој ученик*

***Место на реализација на игровната активност:***
- *Во спортскиот дел од дворот на училиштето*

***Интеграција со други наставни предмети:***
- *Запознавање на околината- препознавање и имитирање на карактеристиките на различни животни*
- *Ликовно образование- цртање на форма на полжав*
- *Математика- одбројување на времето потребно за скокање на деловите на полжавот*

*Тек и стратегија на реализација-Артикулација на игровната активност:*

*1. **Чекор:** Учениците се организираат во колона по двајца со полно растојание на две испружени раце. Потоа учениците и наставникот се договараат за редоследот на изведување на движењата на рацете и нозете: лево, десно, напред, назад, горе, долу. Притоа секој ученик треба да каже по едно животно, а сите останати треба да го имитираат. Оваа активност се повторува неколку пати со тенденција на постапно забрзување на темпото на изведување. На даден знак од страна на наставникот трчаат до поставената цел и скокаат во место.*

*2. **Чекор:** Учениците скокаат преку две греди (како преку поток). Учениците самостојно го определуваат редоследот на трчање еден по друг и ги прескокнуваат гредите на разни начини, како на пример: со обично скокање, скокање на една нога, скок со некоја експресија и сл.*

*3. **Чекор:** Наставникот и еден од учениците во своите раце држи јаже на висина малку над земјата, а учениците трчаат еден зад друг и се обидуваат да ја прескокнат. Висината постепено се зголемува во зависност од можностите на учениците. Оние ученици кои неможат да ја прескокнат висината, јажето се симунва пониско*

*4. **Чекор:** Учениците со помош на креда исцртуваат простор на подот во вид на голем полжав и го делат на неколку дела по кои треба учениците да скокаат. Еден по еден ученик скока со една нога по обележаните делови на полжавот, а останатите го бројат времето кое му е потребно. Наставникот го забележува потребното време на секој ученик и на крајот заедно го прогласуваат победникот, т.е. оној ученик кој успеал најбрзо да скока по деловите на полжавот.*

*Евалуација:*

- *Наставникот и учениците ќе направат разлика помеѓу различните видови скокање и техниките за нивно остварување. Учениците ќе имаат можност да го согледаат сопствениот развој и можности за скокање во висина, но и потребното времетраење за брзината на скокањето.*

*Очекувања од игровната активност:*

- *Очекувањата се насочени кон успешно реализирање на целта на игровната активност. Ученикот ќе знае да ги препознае различните видови скокање, ќе знае како да го постави телото за дадените цели, ќе знае до каде е неговата моќ за скок во висина и брзината и спретнсота на скокањето.*

7.5 Педагошките компетенции на наставниците во функција на методско конципирање и реализација на игровната активност

Стручната литература нуди повеќе дефиниции, толкувања и определби на поимот компетентност/комптенции. Во Педагошкиот лексикон помиот компетенции се определува како: "*Компетентност/компетенција* (lat. competere- надлежност, стремеж за)-постоење на диспозиција за успешно обавување на некоја дејност. Настанува како резултат на заемно дејствување на наследството, факторот на средината и сопствената активност. Се употребува и во позитивна конотација и тогаш означува изразена, натпреосечна способност за некоја дејност."[94]

Компетенциите на наставникот за реализацијата на својата наставна дејност се однесуваат на содржината и функцијата на неговите професионални обврски.Целокупната улога на наставникот во основа се базира на компетенциите кои ги поседува. Професионалните компетенции на наставникот глобално се диференцираат на:

- педагошки компетенции
- стручни кометенции

Овие два вида компетенции понатаму се расчленува на категории, поткатегории и нивните составни елементи.

Тесна е линијата на строга дифернцијација на стручните и професионалните компетенции во услови на практична реализација на наставата. Нивното теоретско разликувања во праксата значи сосема друго, во конкретни ситуации тие постојано се надополнуваат и преплетуваат едни со други. Педагошките компетенции на наставниците имаат за цел да "го овозможат организирањето иреализирањето на воспитно-образовниот процес од аспект на неговата педагошка физиономија и структурираност."[95] Создавањето на педагошките компетенции се базира на знаењата, умеењата и вештините на наставниците од научните дисциплини на педагошката наука, како што се:

[94] Педагошки лесикон, (1996), Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, стр. 242
[95] Никодиновска-Банчотовска, С. (2008), *Професионалните компетенции на наставниците*, Скопје: Акдемски печат, стр.66

дидкатиката, методиката, училишната педагогија, методиката на воспитната работа, историја на педагогија и компаративната педагогија, но и знаењата од другите, сродните науки како што се: филозофијата, психологијата и социологијата. Оттука и нивното особено големо значење во процесот на методското конципирање на игровната активност во првиот циклус на основното образование. Секој методски концепт треба да биде поставен и реализиран на квалитетни педагошки компетенции на наставниците. Бидејќи методското конципирање на игровната активност значи широки познавања особено на дидактиката и методиката на одделните наставни предмети, токму затоа се поставува проблемот на педагошките компетенции на наставниците. Значењето на педагошките компетенции во наставниот процес се однесува на знаењето и умеењето на наставниците да изнајдат начин за реализација на наставата во согласност со возраста и индивидуалните особености на учениците, способностите на наставникот за дидактичко-методска операционализација на наставата, комуникациските вештини на наставникот, вештините за пренесување на знаењата од наставникот кон учениците, способност на анставникот за создавање на позитивна емоционална атмосфера како основа за успешна настава работа, способноста на наставникот за соработка солокалната и општетсвената заедница во функција на остварување на целите на наставната работа, но и способностите на наставникот за повеќенасочна евалуација на целокупниот наставен процес.

Стручните компетенции имаат потесно значење и тие се однесуваат на "широк спектар на знаења, способности, вештини и креативни ставови, кои можат да ги мобилизираат учениците на интензивно учење, творечко однесување и продуктивно искажување, хумано и патриотско однесување во животот и работата."[96] Овој вид на компетенции се формираат за време на иницијалното образование на наставниците во облик на знаења, способности и вештини од конкретна научна област како основа реализација на конкретен наставен предмет. Стручните компетенеции се однесуваат на знаењата,

[96] Filipović, N. (1988), *Mogućnosti i domet stvaralaštva učenika i nastavnika*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, str. 74

умеењата и способностите на наставниците од науки сродни на областа која е негова стручна специјалност, како и конкретни знаења, способности и вештини од науката или уметноста од која произлегува наставниот предмет во одделенската или предметната настава. Наставникот поседува стручни компетенции кога го поттикнува развојот на мисловните процеси кај учениците, кога создава правилна претства кај учениците за поимите, појавите и процесите, кога умее да ги запознае учениците со апликативните вредности на знаењата кои ги усвојуваат. Стручните компетенции имаат голема вредност во методското концепирање на игровната активност, особено во делот на нејзината содржинска определба.Тие се надополнуваат на педагошките компетенции и се насочени кој реализацијата на наставниот процес.

Во Националната програма за развој на образованието на Република Македонија 2005-2015 претставена е листа на глобална матрица на компетенциите на наставниците потребни за: развојот на ученикот; дизајн,менаџмент и развој на средина за учење; почитување на индивидуалните разлики на учениците, комуникацијата во училницата; планирање на настава; подготовка на концепти за учење и учењето на учениците.

Сите тие компетенции влегуваат во групата на педагошки компетенции кои се неопходни за секој добар наставник. Методската концепираност на игровната активност претпоставува секој наставник да поседува колку што е можно поголем дел од наваdените компетенции и постојано да тежнее кон нивно применување, во наставни цели.

Во продолжение следува преглед на глобалната матрица на компетенциите на наставникот [97].

***А. Фокусирање на развојот на ученикот***

1. Секојдневно се грижи за учениците
2. Знае и разбира како учениците учат и се развиваат

[97] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 141

3. Ги ангажира учениците да стекнуваат соодветни сознајни искуства кои го помагаат нивнот развој
4. Ги охрабрува учениците да преземаат одговорност за сопственото учење
5. Упорен е во поттикнувањето на мотивите и желбата на учениците да учат и да постигнуваат подобри резултати
6. Упорен е во настојувањата учениците да чувствуваат задоволство од постигнатите резултати
7. Ги поттикнува помалку успешните ученици
8. Развива вештини аз проучување на потребите и интересите на секој ученик
9. Ги почитува разликите меѓу учениците и води сметка за нивниот развој условен од индивидуалните можности
10. Го споделува успехот и неуспехот на секој ученик
11. Создава атмосфера во која развива уверување кај секој ученик дека постигнатиот успех е резултат на неговото лично залагање
12. Негува стил на работа кој ја поттикнува сознајната љубопитност на секој ученик
13. Кај секој ученик гради уверување дека постигнатиот успех е резултат на неговото стекнато искуство и личните интереси
14. Обезбедува активности кои се соодветни на личниот развој на секој ученик
15. Води сметка за физичкиот, емционалниот и когнитивниот развој на секој ученик
16. Гради стратегии за енергично влијание врз воспитно-запуштените ученици
17. Работи со ученици кои имаат проблеми во учењето
18. Работи со ученици кои имаат тешкотии во развојот
19. Ги почитува и постапува според правата на детето-ученикот
20. Ја почитува личноста и мислењето на секој ученик
21. Создава услови и поттикнува дијалог меѓу учениците
22. Негува услови за формирање на ставови на учениците и градење на аргументација за нивно зацврстување

23. Обезбедува можности за активно ангажирање и користење на сите идеи на учениците
24. Ги почитува интересите и афинитетите на секој ученик
25. Создава услови во кои учениците учат еден со друг и еден од друг
26. Создава услови за негување односи на толеранција и заемно почитување на учениците
27. Го поттикнува критичкото мислење на учениците
28. Го следи напредувањето на секој ученик
29. Создава услови за самовреднување и заемно вреднување на учениците
30. Ги анализира и настојува да ги надмине семејните (не)прилики како еден од условите кои влијаат врз напредувањето на ученикот

***Б. Дизајн, менаџмент и развој на средина за учење***

1. развива ученичка заедница во која учениците веруваат и прифаќаат одговорност за сопствената улога во неа
2. Кај учениците негува колективна и лична одговорност за вредностите во ученичката заедница
3. Ја користи индивидуалната и колективната мотивација и однесување за да создаде средина за учење која ја поттикнува социјалната интеракција меѓу учениците
4. Создава клима за развој на граѓанска одговорност во одделението и училиштето
5. Има грижлив став и промовира позитивни интерперсонални односи во училницата и училиштето во целина
6. Заедно со учениците воспоставува и одржува процедури, постапки и очекувања преку кои се обезбедува сигурна и мотивирачка средина за учење и преземање на интелектуални ризици
7. Негува внатрешна мотивација кај учениците
8. Развива односи на кооперативност и партнерство во учењето

9. Развива односи на меѓусебна доверба и почитување меѓу учениците
10. Создава атмосфера на почитување на соговорникот со различно мислење
11. Промовира атмосфера во која активната ангажираност на секој поедниец претставува критериум за негово напредување
12. Негува соработнички односи со учениците
13. Се промовира себе си како партнер со поголемо искуствово учењето
14. Прашува и очекува да биде прашуван
15. Поттикнува сознаен дијалог меѓу учениците
16. Негува социјална интеракција преку групна работа на учениците
17. Ја поттикнува учениковата иницијатива за поставување на цели, избор на средства и начини на работа
18. Поттикнува атмосфера на самоорганизираност на учениците во нивната работа
19. Ги почитува критериумите и аргументите за вреднување и самовреднување на секој поединец во одделението
20. Се грижи за квалитетни врснички односи и соработка на учениците и надвор од училиницата

*В. Почитување на индивидуалните разлики на учениците*

1. Покажува грижа и симпатии за сите ученици почитувајќи нивните различности
2. Развива пријателски однос со сите ученици и разбирање за секој ученик-поединец
3. Ги почитува и разбира разликите меѓу учениците, нивните ставови и пристапи во учењето
4. Ги прилагодува пристапитена работа кон секој ученик
5. Негува стил на работа во кој инструкциите, следењето и вреднувањето на ангажираноста на секој ученик се условени од неговите различни можности и способности

6. Покажува готовност да помогне на секој ученик и создава услови тој да се радува на сопствените постигања
7. Создава атмосфера на самодоверба и уверување дека секој може да учи и да постигне резултати
8. Покажува флексибилност во прилагодувањето на инструкциите и очекувањата од секој ученик поединечно
9. Создава услови за развој на различни стилови на учење условени од различните можности и потенцијали на учениците
10. Организира соодветни наставни сознајни ситуации за успешни постигања на учениците со посебни потреби и предизвици во развојот
11. Умее да ги предвиди тешкотиите на кои можат да наидат учениците со различни можности и способности
12. Покажува чувство на одговорност кон недоволните постигања на некои од учениците
13. Нуди и дава силна поддршка на учениците со тешкотии во учењето, бавно сфаќање и недоволно разбирање во учењето
14. Обезбедува различни извори за учење кои соодветствуваат на различНите стилови и приоди во учењето
15. Развива и нуди посебни програми за поголеми постигања на учениците со поголеми сознајни аспирации и можности

***Г. Комуникација во училницата***

1. Поседува и користи знаења, способности и вештини за ефективни вербални, невербални и медиумски комун икациски технологии во училиницата
2. Негува активни истражувачки постапки условени од соработката и интерперсоналната комуникација на учениците
3. Создава клима на отвореност кон проблемите и сознајните предизвици преку комуникација меѓу учениците

4. Негува партнерска и групна соработка во одделението
5. Покажува промислено, грижливо и активно слушање на дијалозите и дискусиите на учениците во одделението
6. Промовира лична и професионална чувствителност кон вербалните и невербалните форми на комуникација во одделението
7. Го поттикнува и развива самоизразувањето на учениците
8. Се афирмира како активне слушател и соговорник на учениците
9. Со учениците комуницира јасно, недвосмислено и логично
10. Го поттикнува и развива усното и писменото изразување на учениците
11. Ја развива способноста за симболичка комуникација на учениците
12. Негува и бара почитување на јазичните стандарди во писмената коуникација на учениците
13. Негува стил на работакој ја поттикнува културата на вербалната и невербланата комуникација меѓу учениците
14. Се грижи за негување на уметничките вредности на усниот говор
15. Се грижи за употреба на литературнот јазик од страна на учениците
16. Се грижи за развој на способностите за творечки писмен јазик на учениците
17. Го поттикнува јазичното творештво на учениците
18. Инсистира на прецизен говор во сите програмски подрачја
19. Се грижи за развој на способностите за јасен, разговетен и нагласен јазик во говорот на учениците
20. Создава услови во кои учениците можат меѓусебно активно да комуницираат
21. Активно го следи развојот на комуникациските вештини на учениците
22. Степенот на развиеност на комуникациските вештини го третира како значајна компонента во евалвацијата на напредувањето на секој ученик

***Д. Планирање на наставата***

1. Планира краткорочни, среднорочни и долгорочни цели
2. Планира наставни, воннаставни и вонучилишни активности
3. Планира реални и опипливи цели кои учениците ги разбираат
4. Планира цели кои се сообразени со можностите и способностите на учениците
5. Планира и развива програми за учениците со посебни потреби
6. Планира и развива програми за учениците со тешкотии во учењето
7. Ги планира сопственитеактивности и ангажманот на учениците
8. Ги планира очекувањата од постигањата на учениците
9. Врши споредба меѓу планираните и остварените постигања и врши анализа на причините за отстапувањата
10. Планира вид и обем на активностите на учениците
11. Планира цели, активности, средства и сдоржини кои корспондираат со наставните програми по соодветните предмети
12. Планира видови на технолошка подршка на процесите на учење и поучување
13. Планира стратегии за реализација на поставените цели
14. Негува методички плурализам, полиморфност и поливалентност на процесите на поучување
15. Планира стратегии на различни стилови на учење и различни извори на знаење
16. Го планира текот и фазите на учење и поучување
17. Планира стратегии за следење и евалуација на квалитетот на наставата
18. Планира стратегии за оценување на пристапите за самоучење и кооперативно учење
19. Ги планира резултатите од учењето и поучувањето и видот на продуктите кои се јавуваат како ефекти од тие процеси
20. Го планира видот/видовите инструменти за следење и вреднување на ефектите од работата на учениците

### Ѓ. Подготовка на концептти за учење

1. Ги разбира и почитува различните стилови на учење, средствата за истражување и структурите на знаењето и врз основа на нив ги гради сознајните искуства на учениците
2. Умее да ги поврзува новите сознанија со предходно стекнатите искуства на учениците
3. Умее да ги поврзува основните идеи и поединечните примери
4. Создава услови за учење со разбирање
5. Користи повеќекратни презентации, примери и објаснувања
6. Бара лични примери од учениците и инсистира на нивно поврзување со основните идеи
7. Настојува стекнатите знаења учениците да ги поврзуваат и проверуваат во секојдневниот живот
8. Настојува стекнатите способности и вештини учениците да ги применуваат и усовршуваат во секојдневниот живот
9. Организира сознајни ситуации со нагласена самостојна работа на учениците
10. Обезбедува услови за тимска организираност на учениците во процесите на учење
11. Обебзедува интегрирани знаења и интердисциплинарни искуства со што кај учениците развива холистички сфаќања за стварноста
12. Создава услови за заработување на знаењата преку непосредна ангажираност на учениците
13. Ги наведува учениците на искуствено учење
14. Создава услови за истражувачко учење
15. Создава услови за учење преку решавање на проблеми
16. Негува атмосфера на критички однос на учениците кон усвоените факти и сознанија
17. Создава услови за примена и користење на алтернативни постапки во учењето

18. Создава услови за споредување и анализа на факти и сознанија стекнати преку користење на различни извори

*Е. Учење на учениците*

1. Овозможува користење на различни стратегии на учење
2. Го поттикнува логичкото мислење на учениците
3. Обезбедува искуства кои ги оспособуваат учениците во поставување цели, избор на задачи, планирање на работата, примена и вреднување на квалитетот на работата
4. Дизајнира активно истражување на учениците помагајќи им да поставуваат и решаваат проблеми
5. Создава услови учениците да доаѓаат до значајни заклучоци преку избор на извори на знаења и користење на информациите, нивно споредување и спротиставување
6. Покажува методички варијабилитетна сопствената улога во работата со ученици кои имаат различни интереси, афинитети и способности (насочувач, помагач, соучесник, инструктор, тренер, публика)
7. Ги прилагодува инструкциите кои се условени од потребите на учениците и специфичностите на програмските содржини
8. Ги развива ученичките способности за донесување на одлуки и заземање на ставови
9. Ги развива ученичките вештини за работа со други и за работа во група
10. Ги поддржува учениците во стекнувањето на сигурност и упорност во учењето

### *Ж. Професионален однос кон работата*

1. Пројавува перманентен интерес за својот личен и професионален развој
2. Презема иницијативи за повисоки стандарди во сопствениот професионален развој
3. Континуирано работи на своите професионални компетенции
4. Учествува во различни организирани форми за професионален развој на наставниците
5. Го гради својот авторитет преку висока професионалност, компетентност и стручност во работата
6. Ја афирмира својата професија во својата средина и поширока заедница
7. Ја промовира општетсвената мисија и цивилиазциските придобивки на училиштето и образованието во целина
8. Стекнатото методолошко искуствого користи за преиспитување и истражување на сопствената наставна практика и работата со учениците
9. Ги знае и ги почитува правилата и процедурите на училиштето како организирана заедница и работна средина
10. Ги знае и ги почитува одредбите во законските прописи испоред нив ги усогласува своите лични и професионални права и обврски
11. Своето лично и професионално однесување го усогласува според утврдените и прифатените норми во општествената заедница

## Резиме

Теоретскиот дел на докторска дисертација има за цел да ја постави научната основа на игровната активност како методски концепт. За да се разбере нејзината суштината, неопходно е актуелизирање на прашањето за концепциската и системската поставеност на новото основно образование во Р. Македонија. Стратешките, концепциските и системски промени настанаа бидејќи нашата земја се наоѓа во услови на перманентно тежнеење кон достигнувањата на европските развојни стандарди во областа на образованието и воспитувањето. Иако е сеуште рано да се зборува за бенефитот од новата ситстемско-содржинска организација на основното училиште во Р. Македонија сепак се надеваме дека ќе произлезат значајни промени во насока на подобрување на образовните услови и состојби на сите ученици кои во иднина ќе се запишуваат во потсистемот на основното образование и воспитание.

Сепак потсистемот на основното образование донесе големи промени како од формален така и од суштински карактер. Во училишни услови се запишуваат деца чија возрасна категорија до пред извесно време влегуваше во потсистемот на предучилишното воспитание и образование. На постојната ситуација следеа процеси на адаптација, на учениците, на наставниците и на самиот наставен процес. Сите тие промени во основното образование значеа редизајнирање на наставниот процес, кој директно е насочен кон прашањето за дидактичка и методска реорганизација. За таа цел во оваа докторска дисертација се создаде основа за развој на методски концепт базиран на игровните активности. Бројните идеолошки и теоретски основи на игровната активност го определија значењето и улогата на игровната активност во раниот училишен период. Во теориите се разгледува можноста за развојното влијанието на игровната активност. Таксономијата на целите и служи на игровната активност во нејзино насочување кон одреден аспект од развојот на личноста на ученикот. Наспроти дидактичкиот префикс и интелектуалистичката функција на наставата, игровната активност има за цел да ги стимулира и социо-

емоционалниот и психофизичкиот развој како особено значајни аспекти во првиот образовен циклус.

Во докторска дисертација се актуелизира прашањето на поврзаноста на наставните програми и методското концепирање на игровната активност. Всушност акцентот е ставен на моделот како игровната активност преку наставните програми да биде составен дел на наставниот процес. Тоа е првиот чекор во практичното имплементирање на игровната активност. Ликот кој игровната активност треба да го добие во рамките на наставата по различните наставни предмети, го одредува методскиот концепт. Ова прашање ги содржи најбитните карактеристики и елементи на кои треба да се даде значење во примената на игровната активност во наставни цели.

Специфичноста на различните наставни предмети не се однесува единствено на нивно диференцирање на интелектуалистичка, уметничка или физичка природа. Содржината која во наставните програми е предвидена за секој наставен предмет одделно во голема мера ги одредува и главните специфичности во методското концепирање и реализирање на игровната активност. Во оваа докторска дисертација дадени се примери на игровна активност за сите наставни предмети кои се реализираат во наставата од првиот образовен циклус на основното образование. Нивната цел е тие да послужат како пример во методската адаптација, модификација и приближувањето кон природната наклонетост на наставниот предмет. Особено значајно е да се направи разлика и во самата игровна активност чија функција неможе да биде еднакво употребена во различни наставни предмети. Сето тоа зависи од самиот наставник кој се повеќе треба да биде рефлексивен наставник кој ќе ја евалуира пред се сопствената работа.

Прашањето на професионалните, педагошките компетенции на наставникот се дел од современата тенденција за моделот на квалитетен наставник. Педагошките компетенции во основа му овозможуваат на наставникот успешно да се снајде во морето од дидактичко-методски решенија, стратегии, примери и од нив да го избере најдоброто. За ова прашање особено

значајно е иницијалното образование на секој наставник, но и неговата желба за перманентно стручно надградување.

Проблематиката на докторската дисертација е анализирана од бројна релевантна стручна домашна и странска литература, од поново време. Теоретскиот дел на докторската дисертација научно ги анализира и ги поставува проблемите на игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус, а методолошкиот и емпирискиот дел има за цел да докаже и верифицира одредени нејзини аспекти.

# Втор дел

# Методологија на истражување

## *МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

### *1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

Предмет на ова истражување е игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус.

Тргнувајќи од вака дефинираниот предмет, истражувањето ќе биде насочено кон:

- Наставниот план и програма за првиот образовен циклус (1, 2 и 3 одделение) од основното образование
- Воспитувачите[98] и наставниците од првиот образовен циклус како непосредни организатори и реализатори на игровната активност како методски концепт.
- Воспитно-образовниот процес преку кој практично се реализира игровната активност како методски концепт.

[98] Во прво одделение, со можностите од законските одредби

## *2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

### ❖ Цел на истражувањето

Истражувањето има за **цел** да ги испита методските компоненти во организацијата и реализацијата на игровната активност во првиот образовен циклус (1, 2 и 3 одделение) на задолжителното деветгодишно основно образование во однос на:

- содржинската поставеност, препораките за примена на активности и методи на дадена содржина на сите програмски подрачја и рубриките и дидактичките препораки за сите наставни програми за прво, второ и трето одделение од основното образование;

- улогата, значењето и подготвеноста на наставниците/воспитувачите во организација и реализација на игровната активност како методски концепт.

- практичната реализација на игровната активност како методски концепт во наставата и нејзините микрометодски компоненти: наставни методи, форми на наставна работа, насоченост на игровната активност, вид на игровната активност, место на реализација, времетраење, интеграција на игровната активност со други содржини и наставни предмети; како и макрометодските компоненти: иницијација на игровната активност, тек и реализација, воспитно-образовни ефекти, компатибилност на игровната активност со возраста, можностите, потребите и интересите на учениците, улогата и статусот на ученикот, улогата и статусот на наставникот/воспитувачот, јазикот и говорот кој се применува за време на игровната активност, вербалната и невербалната комуникација меѓу субјектите, климата и атмосферата, како и технолошката подршка за време на реализација на игровната активност

❖ **Карактер на истражувањето**

Според својот карактер ова истражување е <u>современо,</u> бидејќи се бави со актуелен проблем за педагошката практика, <u>трансферзално, емпириско, дескриптивно, квалитативно и квантитативно.</u>

Сметаме дека примената на квалитативниот и квантитативниот пристап, заедно со своите соодветни техники на истражување, ќе придонесе кон добивање на најсоодветни и адекватни податоци кои ќе овозможат нивно подетално и посуштинско анализирање.

## *3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

➢ Да се анализираат наставните програми за првиот образовен циклус (прво, второ и трето одделение) од основното образование од аспект на застапеност на игровните активности во:

1. <u>Поставените цели и задачи за сите теми и програмски подрачја;</u>

2. <u>Наставната содржина за сите програмски подрачја зададена преку рубриките пропишани во програмите;</u>

3. <u>Предлог решенијата (активностите и методите) за соодветни игровни активности за сите програмски подрачја</u>

4. <u>Дидактичките препораки за реализација на содржините за сите наставни предмети</u>

- Да се испитаат ставовите и мислењата на воспитувачите и наставниците (како непосредни организатори и реализатори на наставата во прво, второ и трето одделение од основното образование) за организацијата и реализацијата на игровната активност како методски концепт од првиот образовен циклус на основното образование, од аспект на:

1. Значењето на стручната подготвеност за организација и реализација на игровните активности;
2. Улогата и значењето на обуките за професионално усовршување во насока на организација и реализација на игровните активности;
3. Соодветноста на наставните програми за реализација на игровната активност во наставата за сите програмски подрачја во првиот образовен циклус;
4. Дидактичко-методската подготовка на воспитувачите и наставниците во процесот на креирање и реализирање на игровната активност како методски цонцепт, во однос на:
5. Основата од која што се поаѓа во дидактичко-методската подготовка на игровната активност во првиот образовен циклус на основното образование;
6. Пристапот во дидактичко-методската примена на игровната активност како методски концепт;
7. Начинот на кој се применува игровната активност во првиот образовен циклус;
8. Концептот на дидактичките материјали кои се применуваат во реализацијата на игровната активност.

- Да се опсервира и анализира наставата преку која практично се реализира игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус од основното образование, во сите наставни предмети, од аспект на:

1. Наставните методи;
2. Формите на наставна работа;
3. Насоченоста на игровната активност;
4. Видот на игровната активност;
5. Местото на реализација;
6. Времетраењето;
7. Интеграција на игровната активност со други наставни содржини и наставни предмети;
8. Иницијација на игровната активност;
9. Тек и реализација на игровната активност;
10. Воспитно-образовни ефекти;
11. Компатибилност на игровната активност;
12. Улогата и статусот на ученикот во текот на реализацијата на игровната активност;
13. Улогата и статусот на наставникот/воспитувачот во текот на реализацијата на игровната активност;
14. Јазикот и говорот кој се применува во игровната активност;
15. Вербалната комуникација меѓу субјектите за време на игровната активност;
16. Невербалната комуникација меѓу субјектите за време на игровната активност;
17. Климата и атмосферата за време на игровната активност;
18. Технолошката подршка за време на игровната активност.

## *4. ХИПОТЕЗИ*

- ***Главна хипотеза***

- Постои доволна застапеност на методските компоненти во организацијата и реализацијата на игровната активност во првиот образовен циклус (1, 2 и 3 одделение) на задолжителното деветгодишно основно образование.

- ***Поединечни хипотези***

**Група А** (поединечни хипотези кои се однесуваат на наставните програми)

1. Содржините во наставните програми за првиот образовен циклус од основното образование во најголем дел нудат можности за креирање на игровните активности како методски концепт, во сите програмски подрачја.

2. Постојат разлики во насоките за поставеност на игровната активност како методски концепт во рубриките и сдоржините на различните програмски подрачја според нивната специфичност

**Група Б** (поединечни хипотези кои се однесуваат на ставовите и мислењата на воспитувачи и наставници испитани со прашалникот наменет истите)

3. Кај испитаниците доминира ставот дека организацијата и реализацијата на игровната активност делумно зависи од нивното иницијално образование

4. Кај испитаниците доминира ставот дека е делумна застапеноста и влијанието на обуките за професионалното усовршување наменети за организацијата и реализацијата на игровната активност

5. Мнозинството наставници/воспитувачи сметаат дека наставните програми се соодветни за реализирање на игровната активност како методски концепт

6. Работното искуство на испитаниците влијае врз примената на игровната активност

**Група В** (поединечни хипотези кои се однесуваат на практичната реализација на игровната активност како методски концепт)

7. Во практичната реализација на игровната активност постојат сите елементи на микрометодските и макрометодските компоненти на игровната активност

8. Методското конципирање и реализирање на игровната активност има своја специфичност во секој наставен предмет

9. Методското конципирање и реализирање на игровната активност е во согласност со развојните карактеристики на учениците и наставните програми

## *5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

❖ ***Независни варијабли:***

Независни варијабли во ова истражување се:

1. Различните програмски подрачја во наставните планови и програми за првиот образовен циклус од основното образование, со нивите рубрики и содржини

2. Професионалните и индивидуалните карактеристики на воспитувачите и наставниците, со следниве категории:
- вид и степен на завршено образование;
- работно искуство;
- професионалниот развој

3. Степен на одделение (I, II и III одделение)

❖ ***Зависни варијабли***

Во ова истражување како зависни варијабли се јавуваат:

1.Игровната активност како методски концепт реализирана во наставата по сите наставни од првиот образовен циклус од основното образование, со следниве категории:

1. Наставните методи;
2. Формите на наставна работа;
3. Насоченоста на игровната активност;
4. Видот на игровната активност;
5. Местото на реализација;
6. Времетраењето;

7. Интеграција на игровната активност со други наставни содржини и наставни предмети;
8. Иницијација на игровната активност;
9. Воспитно-образовни ефекти;
10. Компатибилност на игровната активност;
11. Улогата и статусот на ученикот во текот на реализацијата на игровната активност;
12. Улогата и статусот на наставникот/воспитувачот во текот на реализацијата на игровната активност.

2.Ставовите и мислењата на воспитувачите и наставниците од првиот образовен циклус на основното образование

## *6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ*

### 6.1. Методи на истражување

Во ова истражување се користи методот на теоретска анализа, компаративен и дескриптивниот метод.

За добивање релевантни податоци се користат следниве техники и инструменти:

### 6.2. Техники на истражување

Во ова истражување се применети следниве техники: анализа на содржина, набљудување и анкетирање.

- **Анализа на содржина**

  - Преку техниката анализа на содржина се анализирани наставните планови и програми за првиот образовен циклус (1, 2 и 3 одделение) на основното образование. Преку анализата на наставните планови и програми добивме податоци за целите и задачите, содржински рубрики, понудените активности и методи, како и дидактичките препораки за сите програмски подрачја од првиот образовен циклус на основното образование и можноста, насоките и препораките кои тие ја нудат за креирање и реализација на игровната активност како методски концепт.

## ➢ Анкетирање

- Анкетирањето беше наменето за наставници/воспитувачите кои ја реализираат наставата од првиот образовен циклус на основното образование. Преку оваа техника добивме информации за ставовите и мислењата на испитаниците за потребите и можностите за организација и реализација на игровната активност како методски концепт во сите програмски подарчја во првиот образовен циклус на основното образование, во однос на:

1. Значењето на стручната подготвеност за организација и реализација на игровните активности;
2. Улогата и значењето на обуките за професионално усовршување во насока на организација и реализација на игровните активности;
3. Соодветноста на наставните програми за реализација на игровната активност во наставата за сите програмски подрачја во првиот образовен циклус;
4. Дидактичко-методската подготовка на воспитувачите и наставниците во процесот на креирање и реализирање на игровната активност како методски цонцепт, во однос на:
5. Основата од која што се поаѓа во дидактичко-методската подготовка на игровната активност во првиот образовен циклус на основното образование;
6. Пристапот во дидактичко-методската примена на игровната активност како методски концепт;
7. Начинот на кој се применува игровната активност во првиот образовен циклус;
8. Коцептот на дидактичките материјали кои се применуваат во реализацијата на игровната активност.

➢ **Набљудување**

- Набљудувањето ни овозможи директен увид и добивање на дескриптивни информации за методската концептуализација во организацијата и реализацијата на игровната активност во првиот образовен циклус од основното образование од аспект на:

1. Целта и задачите на содржината;
2. Наставните методи;
3. Формите на наставна работа;
4. Насоченоста на игровната активност;
5. Видот на игровната активност;
6. Местото на реализација;
7. Времетраењето;
8. Интеграција на игровната активност со други наставни содржини и наставни предмети;
9. Иницијација на игровната активност;
10. Тек и реализација на игровната активност;
11. Воспитно-образовни ефекти;
12. Компатибилност на игровната активност;
13. Улогата и статусот на ученикот во текот на реализацијата на игровната активност;
14. Улогата и статусот на наставникот/воспитувачот во текот на реализацијата на игровната активност;
15. Јазикот и говорот кој се применува во игровната активност;
16. Вербалната комуникација меѓу субјектите за време на игровната активност;
17. Невербалната комуникација меѓу субјектите за време на игровната активност;
18. Климата и атмосферата за време на игровната активност;
19. Технолошката подршка за време на игровната активност.

Набљудувањето се вршеше на место каде се реализираат предвидените активности (училница, сала, двор и сл.)

**6.3. Инструменти**

- Податците од анализата на содржина се запишуваат во **евиденциска листа**.

- Техниката на **анкетирање** се реализираше со помош **прашалник**, со вкупно **28** прашања, распоредени во 8 дела.

- За техниката на истражување **набљудување**, се примени инструментот **протокол за набљудување**, во кој наративно се бележеа предвидените податоци како набљудувани активности по хронолошки ред на случување, во три дела: 1. Општи податоци за наставниот час, 2. Микрометодски компоненти на игровната активност, 3. Макрометодски компоненти на игровната активност. Протоколот исто така нудеше можности за евидентирање на некои непредвидени ситуации и податоци во последниот дел на забелешка на опсерваторот.

Како помошни технички средства се користеа **фото апарат, видео камера и диктафон** со чија што помош појавите и активностите изворно и соодветно се забележаа.

*7. ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕ*

Во истражувањето беа опфатени повеќе примероци (примерок на основни училишта, примерок на воспитувачи и наставници од од првиот образовен циклус на основното образование и примерок на педагошка документација).

Структурата на наведените примероци има карактеристика на едноставен случаен примерок.

Карактеристиките на примерокот се претставени во следниве табели:

**Табела бр.1**: Структура на примерокот по основни училишта

| Основно училиште | Воспитувачи/наставници | |
|---|---|---|
| ОУ Љубен Лапе | f | 4 |
| | % | 2,6 |
| ОУ Владо Тасевски | f | 15 |
| | % | 9,9 |
| ОУ Димо Хаџи-Димов | f | 14 |
| | % | 9,2 |
| ОУ Лазо Трповски | f | 5 |
| | % | 3,3 |
| ОУ Вера Циривири-Трена | f | 8 |
| | % | 5,3 |
| ОУ Петар Поп-Арсов | f | 13 |
| | % | 8,6 |
| ОУ Коле Неделковски | f | 13 |
| | % | 8,6 |
| ОУ 11 Октомври | f | 14 |
| | % | 9,2 |
| ОУ Кочо Рацин | f | 10 |
| | % | 6,6 |
| ОУ Браќа Миладиновци | f | 10 |
| | % | 6,6 |
| ОУ Гоце Делчев | f | 9 |
| | % | 5,9 |
| ОУ Вук Караџич | f | 3 |
| | % | 1,9 |
| ОУ Малина Поп-Иванова | f | 11 |
| | % | 7,2 |
| ОУ Кирил и Методиј | f | 10 |
| | % | 6,6 |
| ОУ Васил Главинов | f | 9 |
| | % | 5,9 |
| ОУ Славчо Стојменски | f | 4 |
| | % | 2,6 |
| Вкупно | f | 152 |
| | % | 100.0 |

Истражувањето беше спроведено на воспитувачи и наставници од 16 основни училишта во Р. Македонија со што автоматски е обезбеден избор и структура на примерокот на испитаници (воспитувачи и наставници). Од нив најголем процент од примерокот се од ОУ Владо Тасевски со 9,9%, потоа 9,2% од примерокот доаѓа од ОУ Димо Хаџи-Димов, 9,2% од примерокот е од ОУ 11 Октомври, додека пак од ОУ Петар Поп-Арсов има 8,6% од примерокот, од ОУ Коле Неделковски има исто така 8,6% од примерокот, од ОУ Малина Поп-Иванова има 7,2% од примерокот, а со еднаков процент од 6,6% во ова истражување има примерок од ОУ Кочо Рацин, ОУ Браќа Миладиновци и ОУ Кирил и Методиј, во ОУ Гоце Делчев има 5,9% од примерокот, исто толкав процент на примерок доаѓа и од ОУ Васил Главинов 5,9%, од ОУ Вера Циривири-Трена има 5,3% од примерокот, малку помал примерок се забележува во следниве училишта ОУ Лазо Трповски со 3,3%, ОУ Славчо Стојменски со 2,6%, ОУ Љубен Лапе со 2,6% и ОУ Вук Караџич 1,9%.

Текот на истражување се одвиваше во пет града во Р Македонија, односно:

**Табела бр.2**: Структура на примерокот по градови

| **Град** | **Воспитувачи/наставници** | |
|---|---|---|
| Скопје | f | 96 |
| | % | 63,2 |
| Куманово | f | 22 |
| | % | 14,5 |
| Кочани | f | 21 |
| | % | 13,8 |
| Велес | f | 9 |
| | % | 5,9 |
| Виница | f | 4 |
| | % | 2,6 |
| Вкупно | f | 152 |
| | % | 100.0 |

Најголем процент од испитаниците се застапени од градот Скопје, поточно 63.2%, 14.5% од испитаниците се од градот Куманово,13.8% од нив се од градот Кочани, а помал процент од испитаниците се од градот Велес со 5.9% и градот Виница со 2.6%.

Во текот на истражувањето се срекаваме со мал процент на категорија испитаници-воспитувачи, бидејќи со измената на законот во 2008 година, со воведување на задолжителното деветгодишно основно образование законски се утврдува можноста наставата во прво одделение да ја реализираат воспитувачи.

**Табела бр.3**: Структура на примерокот според квалификацијата

| **Квалификација** | f | % |
|---|---|---|
| 1. Воспитувач | 5 | 3.3 |
| 2. Наставник | 147 | 96.7 |
| Вкупно: | 152 | 100.0 |

**Графикон бр.3**: Структура на примерокот според квалификацијата



Во текот на истражувањето, поголем процент од испитаниците беа наставници со 96.7%, а помал процент од испитаниците го сочинуваа воспитувачи со 3.3%.

**Табела бр.6**: Структура на примерокот според видот на завршеното образование

| | f | % |
|---|---|---|
| 1.Филозофски факултет | 30 | 19.7 |
| 2.Педагошки факултет | 119 | 78.3 |
| 3.Друго | 3 | 2.0 |
| Вкупно: | 152 | 100.0 |

**Графикон бр.6**: Структура на примерокот според видот на завршеното образование




Од прикажаните податоци на табелата може да се заклучи дека најголем дел од испитаниците, а тоа се 78.3% своето иницијално образование го завршиле на Педагошкиот факултет, помал дел од нив, односно 19.7% своето образование го завршиле на Филозофскиот факултет, а само 2.0% од

испитаниците се изјасниле дека своето образование го завршиле во друга високо-образовна институција.

Структурата на примерокот на испитаници според степенот на образование е прикажана на табелата бр. 4

**Табела бр.4**: Структура на примерокот според степенот на образование

| Степен на образование | f | % |
|---|---|---|
| 1. Вишо | 16 | 10.5 |
| 2. Високо | 134 | 88.2 |
| 3.Магистратура | 2 | 1.3 |
| Вкупно: | 152 | 100.0 |

**Графикон бр.4**: Структура на примерокот според степенот на образование




Во текот на истражувањето најголем дел од испитаниците, поточно 88.2% се со висок степе на образование, додека пак 10.5% се со вишо образование, а пак најмал процент од 1.3% се стекнале со последипломски-магистерски студии.

Оваа структура на примерок е со следново работно искуство:

**Табела бр.5**: Структура на примерокот според работното искуство

| Работно искуство | f | % |
|---|---|---|
| 1.Од 1 до 10 години | 46 | 30.3 |
| 3.Од 10 до 20 години | 57 | 37.5 |
| 4.Од 20 до 30 години | 35 | 23.0 |
| 5.Повеќе од 30 години | 14 | 9.2 |
| Вкупно: | 152 | 100.0 |

**Графикон бр.5**: Структура на примерокот според работното искуство




При истражувањето се забележа разлика во однос на работното искуство на респодентите. Имено 15.8% од нив имаат работно искуство од 1 до 5 години, 14.5% се со работно искуство од 5 до 10 години. Најголем процент од испитаниците 37.5% имаат работно искуство од 10 до 20 години, а 23% имаат работно искуство од 20 до 30 години. Најмал процент е забележан кај 9.2% од испитаницие кои имаат работно искуство повеќе од 30 години.

За потребите на истражувањето, односно за набљудувањето на игровната активност како методски концепт во наставниот процес во 5 училишта во Скопје беше спроведен протоколот за добивање податоци од наставната практика во училиштата. Во секое основно училиште беа опфатени одделенија од првиот образовен циклус, прво, второ и трето одделение.

**Графикон бр.6**: Структура на примерокот на набљудувани наставни часови по основни училишта




Најголем процент од примерокот опфатен со протоколот за набљудување на наставните часови беа од ОУ Петар Поп Арсов со 36.4%, 25.6% од примерокот се од ОУ Лазо Трповски, 16.3% од примерокот се е од ОУ Владо Тасевски, додека пак од ОУ Димо Хаџи Димов беа застапени 14.0% и помал примерок од 7.7% се забележува во ОУ Љубен Лапе.

**Табела бр.7**: Структура на примерокот според основни училишта, одделенија и број на наставни часови

| **Структура на примерокот** | *Прво одделение* f | *Второ одделение* f | *Трето одделение* f | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| ОУ Петар Поп Арсов | 14 | 15 | 15 | 44 |
| ОУ Лазо Трповски | 13 | 12 | 12 | 37 |
| ОУ Владо Тасевски | 7 | 8 | 7 | 22 |
| ОУ Димо Хаџи-Димов | 6 | 5 | 6 | 17 |
| ОУ Љубен Лапе | 3 | 3 | 3 | 9 |
| Вкупно: | 43 | 43 | 43 | 129 |

Во текот на истражувањето набљудувањето на игровната активност беше спроведено во вкупно 129 наставни часа, од кои 44 беа опсервирани во ОУ Петар Поп Арсов. Од нив 14 наставни часа во прво одделение, и по 15 наставни часа во второ и трето одделение. Во ОУ Лазо Трповски од вкупно 37 наставни час набљудувањето на игровната активност беше спроведена во 13 наставни часа во прво одделение и по 12 наставни часа во второ и трето одделение. Вкупно 22 наставни часа беа опсервирани во ОУ Владо Тасевски од кои 8 насавни часа во второ одделение и по 7 наставни часа во прво и трето одделение. Додека пак во ОУ Димо Хаџи Димов во сите три одделенија игровната активност беше набљудувана во текот на 17 наставни часа од кои 5 наставни часа во второ одделние и по 6 наставни часа во прво и трето одделение. Единствено во ОУ Љубен Лапе беа набљудувани најмал број наставни часови и тоа вкупно 9, а тие беа еднакво распределени по 3 наставни часа во секое одделние.

***Примерок на педагошка документација***

Со истражувањето се анализирани наставните планови и програми за првиот образовен циклус (1, 2 и 3 одделение) од основното образование.

## 8. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

Во согласност со карактерот на истражувањето, карактеристиките на истражувачките техники и инструменти, во истражувањето беше применета квалитативна и квантитативна обработка на добиените податоци.

- Квалитативно се обработија податоците добиени од: анализата на педагошката документација и набљудувањето.

- После секоја сесија на набљудување добиените податоци се анализираа, и се пишуваше извештај со детална дескрипција на опсервираните податоци.
- Податоците од примената на аудио-визуелните техники се преслушуваа, транскрибираа и забележуваа.
- Комплетно добиените податоци се интерпретирани и презентирани на начин карактеристичен за квалитативна обработка, во дескриптивна форма. Позначајните податоци се наведени во оригинал, а останатите во интерпретативна форма.

- Квантитативно беа обработени податоците добиени од анкетирањето.

- Податоците добиени од спроведениот прашалник се претежно од квантитативна природа, што значи дека беа обработувани во SPSS програмата. Односно, со помош на оваа програма беа пресметувани фреквенциите на резултатите, а потоа беше пресметана процентуална вредност, аритметичката средина и тестирање на хипотезите со хи-квадрат. За поголема прегледност добиените фрекфентни вредности во дистрибуциите се прикажани преку табели, графикони и графички скали на процена со нивните процентуални и просечни вредности преку кои најчесто се интерпретирани добиените резултати. Заради природата на варијаблите во анализата се употребува хи-квадрат тестот за определување на значајноста на разликата во дадените искази.

## *9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

Истражувањето беше спроведено во временска рамка од една учебна година 2009-2010 година, по следниов тек:

- Барање согласност од Филозофскиот факултет-Институт за педагогија за спроведување на истражувањето.
- Информирање на Основните училишта за видот и текот на истражувањето и барање согласност за негово спроведување
- Техничка подготовка и печатење на истражувачките инструменти
- Спроведување на теренското истражување
- Обработка (квалитативна и квантитативна)на добиените податоци
- Анализа и интерпретација на резултатите
- Заклучни сознанија

# Анализа и интерпретација на податоците од истражувањето

## 1.Анализа на наставните програми од првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно воспитание и образование

Наставните програма од I до III одделение на деветгодишното основно образование ги изработија комисии од советниците на Бирото за развој на образованието и надворешни соработници на Бирото од соодветните факултети, институции и наставаници од училиштата. Во 2007 година Министерството за образование и наука на Р. Македонија согласно со Законот за основно образование ги донесе наставните програми. Во наставните програми од првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно воспитание и образование за секој наставен предмет се поставени **цели кои се однесуваат на целокупниот развоен период** од I до III одделение[99].

Во наставниот предмет ***Македонски јазик*** тие се однесуваат на следново, кај ученикот/ученичката:

- Да се развие чувството на припадност кон Република Македонија преку изучување на македонскиот литературен јазик;
- Да се воведува кон правилно користење на македонскиот литературе јазик во меѓусебното разбирање, размислување, учење и творење;
- Да се воведува кон самостојно и јасно/разбирливо читање и пишување со разбирање на текстот што го чита и пишува;
- Да се воведува во медиумската култура како основа за меѓучовечкото комуницирање;
- Да води разговор со други лица и да ги усвојува основните начела за меѓусебно разговарање и рабирање;
- Да ги развива преку говорењето и пишувањето способностите за логичко мислење;

[99] Наставни програми за I одделение во деветгодишното основно образование, (2007), Скопје: Биро за развој на образованието

- Да ги усвојува и увежбува основните правописни правила;
- Да стекнува самодоверба за изразување на своите мисли и своето доживување;
- Да развива интерес за читање книги;
- Да разговара за дијалектите во македонскиот јазик ид а развива почит кон другите јазици;
- Да се воведува во користење на ИКТ во функција на предметот.

Во наставниот предмет ***Математика*** целите за развојниот период од I до III одделение се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да усвојува математички поими и симболи;
- Да се оспособува за математичко изразување (усно и писмено);
- Да се оспособува за логичко размислување и решавање на едноставни проблеми;
- Да ги применува усвоените математички знаења и практични вештини во секојдневниот живот;
- Да се оспособува усвоените аритметички операции, практични вештини и основите на математичката комуникација да ги применува во различни технологии (особено во компјутерската технологија);
- Да развива и стекнува критичност кон својата и работата на другите;
- Да стекнува и развива самостојност, иницијативност, точност, љубопитност, трпеливост и истрајност во започнатите активности, концизност во усното и писменото изразување;
- Да стекнува знаења и вештини неопходни за неговот натамошно математичко образование;
- Да ги развива визуелната и тактилната перцепција, како основа за сознавање на непосредната околина и математиката како дел од неа;
- Да го доживува изучувањето на математиката како пријатно искуство;

- Да се воведува во користењето на информатичката компјутерска технологија за содржини од математиката.

Целите за развојниот период од I до III одделение во рамки на наставниот предмет ***Запознавање на околината*** се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да ја запознава околината како природна и општествена средина;
- Да го осознае своето окружување (дом, одделение, училиште, крај, Република Македонија);
- Да развива свест за сопствената улога и обврски, како и за улогата и одговорностите на другите луѓе во непосредното окружување,
- Да развива позитивна слика за себе, самодоверба, самопочит;
- Да развива свест за почитување на правилата за општественото живеење и преземање одговорност за своите постапки;
- Да се оспособува за набљудување, опишување, истражувачки активности и логичко мислење;
- Да се поттикнува за спознавање на живата и неживата природа, идентификување на нивната различност, поврзаност и променливост;
- Да развива хуман однос кон живото суштества и природата како целина;
- Да развива способност за ориентирање во просторот и времето;
- Да стекнува сознанија за минатото и сегашноста;
- Да се поттикнува да стекнува елемнтарна сообраќајна култура;
- Да се оспособува да се грижи за сопственото здравје и животна околина;
- Да се поттикнува на хуманите односи меѓу половите, меѓусебна комуникација и мултикултурно разбирање;
- Да се поттикнува за развојот на морални и патриотски чувства и развивање почит кон различните култури;
- Да се поттикнува на љубопитност за светот што го/ја окружува;

- Да се поттикнува да проучува материјали и да се воведува во организирана истражувачка работа;
- Да се оспособува за користење на информатичката технологија во збогатувањето на искуствата и сознанијата.

Во наставниот предмет ***Музичко образование*** целите за развојниот период од I до III одделение се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да се воведува во спознавањето на основните музичко изведувачките активности (пеење, свирење на детски музички инструменти, музичкоритмички активности) како ив о слушањето музика;
- Да ја доживее убавината на музиката;
- Да се поттикнува да пее, свири, игра, слуша музика;
- Да се ослободи од стресс, емоционална напнатост преку слушање музика и музичко изразување;
- Да покажува интерес и желба за изведување на музичките активности;
- Да стекне самодоверба во извршувањето на музичките активности (ориентација во просторот, координација на движењата, запазување и менување на редоследот на движењата, извршување на целовита психомоторичка активност);
- Да развива аудитивна и тактилна перцепција;
- Да го открива и почитува сопственото музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;
- Да се запознае со детски песни, кратки воклано-инструментални творби како и дел од народното музичко творештво;
- Да се поттикнува за работа во пар и во група;
- Да се воведува во користењето на информатичката компјутерска технологија во музичкото изразување.

Целите за развојниот период од I до III одделение во рамки на наставниот предмет ***Ликовно образование*** се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да се воведува во спознавањето на ликовниот јазик: запознавање со боја, линија, форма и површина;
- Да се воведува во светот на ликовното творештво;
- Да развива интерес, фантазија, детска креативност за ликовно изразување;
- Да развива способност за изразување на своите доживувања преку ликовниот јазик;
- Да развива визуелна и тактилна перцепција;
- Да го открива, запознава и почитува сопственото ликовно изразување, но и да се почитува ликовното изразување на другите;
- Да развива интерес за вклучување на ученикот во облагородувањето на просторот во кој престојува, како и уредувањето и одржувањето на надворешниот простор;
- Да се ослободува од стресс, емоционална напнатост преку ликовното изразување;
- Да се запознава со детски ликовни творби, уметнички ликовни творби, како и со дел од народното творештво;
- Да се воведува во користењето на информатичката компјутерска технологија во ликовното изразување.

Во наставниот предмет ***Физичко и здравствено образование*** целите за развојниот период од I до III одделение се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да се поттикнува да ги развива природните локомоторни движења и совладувањето нови движења и моторички вештини;

- Да се поттикнува во психомоторниот развој и правилното движење на телото во различни положби и движења;
- Да формира позитивни ставови кон физичките активности и спортувањето и да се поттикне според личниот афинитет во одделни психомоторни активности;
- Да се оспособува за соработка, тимска работа и фер плеј однесување при изведување на активностите, игрите во училиштетот, како и надвор од него;
- Да ја развива способноста за координирано моторичко движење и ориентација во просторот;
- Да ги развива психомоторните способности (димензии) низ игра и физичките активности;
- Да се оспособува да прави процена на своите физички можности;
- Да се ослободува од стрес и напнатост преку организирани физички активности;
- Да запознава и изведува танци и игри во различен ритам и движења;
- Да усвојува здравствено-хигиенски знаења ив ештини за чување и унапредување на сопственото здравје;
- Да развива способности за позитивно емоционално изразување низ игра и адекватни физички активности.

Во наставните програми од првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно воспитание и образование како новина се поставени цели кои се однесуваат на целокупниот развоен период од I до III одделение за секој наставен предмет одделно. Овој пристап е значаен заради тоа што промените кои настануваат кај децата во овој период ги третира пошироко и пофлексибилно. Можеби за прв пат промените и развојот кај учениците не се третираат како истовремени и еднакви за сите деца. Современиот третман на овој развоен оди во насока на тоа дека секој ученик има свое индивидуално темпо на развој период кое треба да се почитува и да се разгледува пошироко во рамките на еден образовен циклус. Успехот на секој ученик е индивидуален кој

се манифестрира кај секој поединец различно во текот на првите три одделенија.Поставените цели за развојниот период имаат повеќекратно значење, првенствено тие служат за да ги надминат крутите временски рамки за усвојување на нови знаења, вештини и способности како што тоа беше случај до сега во основното образование, особено во првото одделение. Наставниците имаат поголема слобода во планирањето и реализацијата на наставата, но и учениците имаат можност да го следат своето индивидуално темпо, без поголем притисок. На тој начин и наставниците и учениците своето внимание го дефокусираат од формата кон суштината што претпоставува послободно, достапно и содветно воспитание и образование на секој ученик. Овие цели се во функција и на описното оценување при што во дескрипцијата на постигнувањата на секој ученик наставникот може да внесе поширок спектар на податоци кој се однесува на развојниот период. Досега практиката не беше сензибилизирана за ваков пристап кон развојот на ученикот, но и повеќе од потребно е овие цели да го добијат своето заслужно место во наставата.

## 1. 1 Анализа на наставната програма за I одделение

Наставната програма за I одделение е донесена од страна на Бирото за развој на образование во 2007 година. Во неа се поставени содржини кои се однесуваат на наставните програми за следниве наставни предмети: Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик, Математика, Запознавање на околината, Англиски јазик, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование. Секоја наставна програма за конкретен наставен предмет содржи програмски подрачја кои во основа претставуваат посебни аспекти на наставниот предмет. Во секое програмско подрачје се поставени *цели, содржини, поими, активности и методи.* Овие категории имаат за цел да го објаснат начинот на реализација на даденото програмско подрачје и да му послужат на наставникот како водич во планирањето и реализацијата на наставните часови. Тие имаат логички след и се надоврзуваат едни на други. Така целите во секое програмско подрачје произлегуваат од целите на наставата за конкретен наставен предемет, но во нивното конечно дефинирање се поаѓа од суштината на програмското подрачје и целите се прилагодуваат кон неговите потреби. Содржините пак призлегуваат од целите во програмското подрачје. Поимите главно се однесуваат на содржината и претставуваат нејзин белег. Додека пак активностите и методите претставуваат примери, сугестии за можниот начин на реализација на овие категории. Активностите и методите не треба да се сфатат како единствено соодветни, како незаменливи, напротив наставниците треба да ги користат како насоки и еден можен начин како содржините да се планираат, организираат и реализираат во наставата за да се постигне поставената цел. Таквиот третман на категоријата активности и методи ќе овозможи креативна настава која ќе ги следи потребите и интересите на учениците и нема да се повторува во секоја идна генерација. Може да се забележи дека категоријата на активности и методи е развиена во голема мера, кореспондира со развојниот степен на учениците во овој период и примерите се соодветни на учениковите можности за стекнување знаења, вештини и способности. За потребите на оваа докторска дисертација особено значајна компонента во наставните програми се токму

активностите и методите кои во голема мера се во функција на креирање и имплементација на игровната активност како методски концепт. Во одредени програмски подрачја и за одредени цели и содржини поставени се и конкретни примери на игровни активности со точно утврдена цел. Ваквата сугестија на наставните програми дава уште една потврда за можноста и потребата од имплементација на игровната активност во првиот образовен циклус како саодветен начин на реализација на предвидените цели и содржини.

- **Анализа на наставната програма по *македонски јазик* за I одделение во детветгодишното основно образование**

Наставата по наставниот предмет македонски јазик има за цел да ја постави основата на писменоста, но исто така треба да ја понуди основата за стекнување знаења и од други наставни предемети, но и запознавањето на животот воопшто. Во рамки на наставата по македонски јазик учениците се запознават со македонскиот стандарден јазик од аспект на фонетско-фонолошка, морфолошка, синтаксичка, лексичка, правописна и ортоепска норма. Исто така учениците треба да се запознаат и да ги усвојат стиловите на македонскиот стандарден јазик, а тоа се: научен, уметничко-литературен, публицистички, административе и разговорен јазик. Македонскиот јазик како наставен предемет во редовната наставна практика треба да се третира како белег на националниот идентитет на ученикот и основно средство за вербална комуникација. Со наставниот план за македонски јазик во I одделение се планирани по 6 часа неделно, односно 216 наставни часа на годишно ниво.

Во наставната програма се поставени цели на наставата по македонски јазик за I одделение, а тоа се:

- Ученикот да го користи говорот во воспоставувањето нови контакти и во меѓусебното разбирање;
- Да се поттикнува кон активно слушање;

- Да се поттикнува кон синхронизирано користење на вербалниот и невербалниот израз;
- Да се поттикнува кон правилно артикулирање на вербалниот говор;
- Да се оспособува за користење на јазикот во искажувањето на емоциите, доживувањата и мислите;
- Да се воведува во светот на литературната и народната книжевност;
- Да се поттикнува кон говорно творештво;
- Да се воведува кон користење на јазикот и медиумите во функција на одржување и коирстење на националната културна и јазична традиција;
- Да се поттикнува кон откривање на значењето на новите зборови како и кон нивно користење;
- Да ја развива фантазијата преку говорното творештво;
- Да ги осознае потребите и вредностите на пишаниот говор во функција на поттикнување потреба од писмено изразување;
- Да се поттикнува да ја развива графомоториката;
- Да воочува разлики во говорното изразување на други јазици.

Во наставната програма по македонски јазик за I одделение зададени се пет програмски подрачја, и тоа:

- Слушање и говорење;
- Литература;
- Изразување и творење;
- Медиумска култура;
- Подготовка за почетно читање и пишување

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по македонски јазик за I одделение.

- **Програмско подрачје:** *Слушање и говорење*

***Цел:*** *Да се поттикне кон разликување и правилно изговарање гласови во различна местоположба во зборот: на почетокот, на средината и на крајот на зборот*

***Содржина:*** *Дискриминација и артикулација на гласови*

***Поим:*** *>>р,с,з,ц,ш,ч,м,н,њ,г,к,ѓ,ќ,л,љ,х*

***Активности и методи:***

Активности за вежбање (дискриминирање и артикулирање) на гласовите во сите три положби на зборот иницијална, медијална и финална.

- *Говорна игра „Лото" (изговарање зборови во кои потребниот глас се наоѓа во сите три положби);*
- *Говорна игра „Расипан телефон" (слушање, препознавање и дискриминација на гласовите во зборови);*
- *Говорна игра „На буква на буква";*
- *Обработка на текст или приказна која содржи зборови со потребниот глас;*
- *Игри за имитација на гласови (брмчење, шушкање, имитирање звуци од животни и птици);*
- *Говорна игра за откривање на испуштените гласови во сите три положби во зборот (иницијална, медијална и финална).*

Во ова програмско подрачје дадени се голем број препораките за активности и методи, преовладуваат примери на говорни игри и игровни активности со различна содржина.

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Организирање или симулирање ситуации во кои ученикот користи културни изрази (Игри: „На гости", „Во продавница", „На кино", „Во библиотека", „На роденден" и сл.)*
- *Куклени драматизации во кои учествуваат децата според избрани ликови*
- *Вербално решавање на проблем-ситуации, преку разговор на тема: „Да сум на негово/нејзино место..."*
- *Учествува во драмска игра со преземање улоги од познати и омилени ликови, кои поседуваат позитивни комуникациски особини*
- *Изработка на маски и костими според идеите на учениците, кои ги користат како средство за изразување и комуникациско ослободување*
- *Кажување брзозборки*
- *Кажување бројалки*

- *Слушање бавно и брзо говорење со коментар за разликите во нивното темпо*
- *Игра „Телефон" (поздравување, претставување и кратки телефонски разговори)*
- *Препознавање на познати приказни според апликации или делови од приказните*
- *Игра „Расипан телефон"*
- *Игра „Познај по ликот"-Изразување емоции со помош на гестови, изрази на лицето, очите, гримасите, положбата на телото и погодување на емоциите кај другите деца според нивните невербални изрази*
- *Разгледување слики што прикажуваат активност која учениците според покажаните движења ја толкуваат и вербално ја опишуваат*
- *Игра-Пантомима (погодување предмет)*
- *Игра-Пантомима (погодување на пораката која сака да ја каже лицето што ја изведува пантомимата)*
- *Вежби за поставување прашања и давање одговори со целосни реченици, прашањата да произлегуваат од природата на разговорот од истражувачката активност, во врска со слушнатата приказна, песна, случка и сл*
- *Вежби за практикување на реченица со кои се раскажува, прашува, одрекува или негира*
- *Измислување реченици според дадени зборови*
- *Составување реченици со нижење зборови (на даден збор учениците формираат реченица, додавајќи нови зборови кои се надоврзуваат на сите што се претходно кажани)*
- *Слушање различни говорни ситуации и толкување на суштината на говорот според типот на речениците кои ги користи говорителот (дали тој прашува, соопштува или нешто одрекува)*
- *Сечење слики на одредени предемети и вербално толкување на нивните карактеристики*
- *Игра „Лото"-извлекување слика на предмет со кажување на името на предметот*
- *Говорна игра за откривање на испуштени зборови во реченици*
- *Говорна игра преку која учениците ги групираат зборовите околу едно заедничко својство, намена и сл. (авион, лимузина, автобус...=сообраќајни средства; маче, куче, крава...=домашни животни; мајка, татко, брат...=семејство и сл.)*
- *Говорни игри: „Кој каде живее" (мечка-пештера, птица-гнездо, човек-куќа=живеалишта), „Продавница"*
- *Вежби за правилно дишење при говорење: дување во ресички, во балони, дување со цевки во вода, преку метод на игра*
- *Вежби за правилно држење на телото при говорење: брзозборка и бројалка*

- ***Програмско подрачје:** Литература*

***Цел:** Да се запознае сопроцесот на создавање на литературна творба*

***Содржина:** Создавање литературна творба*

***Поим:** Писател, печатница, книжарница*

***Активности и методи:***

- *Истражувачка активносткоја опфаќа: разговори со писатели и други лица вклучени во процесот на создавањето на делото, посета на печатница, посета на книжарница;*
- *Учениците прават „книга" со илустрации на свој текст (а наставникот го запишува текстот), книгата ја подврзуваат на начин на кој што го избрале учениците*

Заради специфичноста на програмското подрачје литература, во категоријата на активности и методи многу малку се зададени препораки и насоки за реализација на содржините и целите преку игровни активности, иако е направен обид за тоа.

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Самостојна драматизација на текст*
- *Учениците самостојно прераскажуваат приказни што ги слушнале од возрасните*
- *Прераскажуваат видена претстава, зборуват за главните личности во претставата и го објаснуваат текот на случувањето*
- *Самостојно разгледување на книги и сликовници*
- *Самостојно разгледување на енциклопедии за деца*
- *Грижа за литературното катче*

- ***Програмско подрачје:** Изразување и творење*

Во програмското подрачје *изразување и творење* нема голем број на поставени цели, содржини, поими и активности и методи. Но се чини дека ова програмско подрачје нуди голема можност за зголемена активност на учениците за време на наставата, како на пример:

***Цел:*** *Да се поттикнува кон творење на оригинални творби (своја гатанка, шега, необичен израз, куса стихотворба)*

***Содржина:*** *Детски творби*

***Поим:*** *Создавање*

***Активности и методи:***

- *Изработување сликовница или книга (составување текст на дадена тема, илустрирање на текстот и спојување на илустрациите во книга или сликовница, правење изложбан а творби)*
- *Учениците измислуваат шеги, необични имиња на предмети според некои нивни карактеристики, како на пример: Часовник што доцни-Доцналко, Брз човек-Брзалко и сл.*
- *Учениците составуваат нови име од две додадени*
- *Правење и поправање бесмислен текст*
- *Измислување на говорни игри кои се слични на традиционалните*

Во програмското подрачје изразување и творење, понудени се многу активности кои учениците можат да ги реализираат во функција на поставените цели и содржини. Игровната активност може да се имплементира и во сегментот на изразување, но многу повеќе во творењето каде ученикот дава од себе многу повеќе од репродукција.

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Активности во кои учениците дополнуваат и довршуваат текст, менуваат делови од приказна според својата замисла*
- *Раскажување по сеќавање: посета, прослава, роденден...*
- *Опишување на предмети, животни, растенија, настани, појави, доживувања во моментот кога не се присутни и достапни за гледање*
- *Говорно творештво на дадена тема: пролет, лето, есен, зима*
- *Опишување по сеќавање-по направена посета (се опишува местото, доживувањето на случка)*
- *Активности во кои учениците даваат одговори на гатанка, кажуваат гатанка, бројалка и сл*
- *Говорна игра „На глас, на глас“*
- *Дидактичка игра „Лото“*
- *Говорна игра „Расипан телефон“*
- *Говорна игра „Дополнувај зборови“*

- *Учениците измислуваат свои приказни на тема: „Кога патував на Марс...“, по слушање музика измислува своја приказна...*
- *Измислуваат нов крај на приказна*

**Програмско подрачје:** *Медиумска култура*

***Цел:*** *Да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност*

***Содржина:*** *Куклена претстава, Театарска престава*

***Поим:*** *Куклена претстава, Театарска престава*

***Активности и методи:***

- *Учениците следат куклена и други детски театарски претстави и разговараат за нив*
- *Учениците сами прават куклена претстава и играат улоги*
- *Самостојно и креативно анимирање на сценски кукли*
- *Да игра улоги користејќи маски, детали*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Активности во кои учениците прават разлика меѓу радиоемисиите (само звук) и ТВ-емисиите (слика и звук)-разговараат за ефектите кои ги оставиле тие врз нив*
- *Учениците гледаат анимирани (куклени и цртани) филмови (на пример: Мечето Ушко..., Ноди..., Попај... и др.)*
- *Разговор за главните јунаци во филмовите и опис на дејствието во нив*
- *Работа со илустрирани списанија за деца и разговор за нивната содржина*
- *Самостојно разгледување и разговор за иснустрирани списанија за деца*

**Програмско подрачје:** *Подготовка за почетно читање и пишување*

***Цел:*** *Да се запознава со стандардите на македонскиот писмен јазик преку уочување на неговите карактеристики*

***Содржина:*** *Карактеристики во пишувањето*

***Поим:*** *Пишување во насока од лево кон десно и од горе кон долу, Постоење на големи и мали букви, Воочување дека во текстот постојат целини*

***Активности и методи:***

- *Вежби за воочување на специфичностите на пишувањето преку самостојно и насочено разгледување сликовници и други литературни творби, проследено со разговор за правилата на пишувањето*
- *Компарација на разликите во писмениот јазик преку игра*
- *Читање сликовница (или текст) од страна на наставникот, кој со покажувач поминува низ текстот што го чита, додека учениците гледаат во сликовницата, слушаат и го следат правецот на движењето на покажувачот*

Во програмското подрачје подготовка за почетно читање и пишување, понудени се неколку активности кои можат да ја осовремента наставата и да го стават ученикот во активна позиција.

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Игра: „Писмо“. (Наставникот чита добиено писмо на кое треба да се одговори, потоа со учениците се разговара за значењето на допишувањето со луѓето.) Се составува писмо кое го пишува наставникот, а учениците ја илустрираат неговата содржина*
- *Учениците препознаваат кратки и долги зборови*
- *Разликуваат глас во почетокот на зборот*
- *Препознаваат колку гласови има во краток збор на пример, тропка толку пати со рацете колку што има гласови во еден краток збор (сол, цело, да...)*
- *Црта предемти што започнуваат со определен глас*
- *Составува зборови од зададени гласови (на пример, со М и А сосатви збор)*
- *Дополнуваат реченица со збор*
- *Дополнуваат глас кој е испуштен во изговорениот збор*
- *Игра со цртање предемти кои започнуваат со определен глас*
- *Цртање линии, прави, испрекинати-како делови од улица, куќа, сонце и сл.*
- *Пишување елементи од буквите во фиксиран простор ив о потребните правци (горе-долу; лево десно)*
- *Игри со коцки на кои има напишано букви*
- *Активности во кои учениците сечат букви од списанија и според дадени слики ја препознаваат првата и последната буква*

- **Анализа на наставната програма по *математика* за I одделение во деветгодишното основно образование**

Во наставата по наставниот предмет математика се обработуваат темелни и значајни математички поими, на начин соодветен на когнитивниот развој, способностите и индивидуалните можности на учениците. Основна цел на наставата по математика во прво одделние е да се усвојат основните математички поими и структури, да се развијат различни облици на мислење и мисловни процеси, да се развиваат способности за творечка активност, формални знаења и вештини. Покрај поттикнувањето на когнитивниот развој во наставата по математика се поттикнува и афективниот и моторичкиот развој на личноста на ученикот. Исто така се стимулира јакнењето на самодовербата на учениците, развивање на упорноста, одговорноста и прецизноста во работата, негувањето на работните навики, развивање на перцепциите, ориентирање во просторот и времето ит.н. Реализација на наставата по математика овозможува развивање на мисловните процеси како анализа, синтеза, асптракција, генерализација, решавање на проблемски ситуации преку истражувачки постапки на учениците. Согласно наставниот план за математика во I одделение се планирани по 4 часа неделно, односно 144 наставни часа на годишно ниво.

Во наставната програма се поставени цели на наставата по математика за I одделение, а тоа се ученикот/ученичката:

- Да се оспособува да ги открива основните математички поими во секојдневниот живот ид а ги користи во секојдневната комуникација;
- Да се оспособува да проценува број на предемти;
- Да се оспособува да мери и да проценува конкретна ситуација сврзана со мерење;
- Да се оспособува да прави процена со броење или со мерење;
- Да се поттикнува да решава едноставна проблемска ситуација од секојдневниот живот;
- Да се поттикнува логички да размислува;

- Да ги осознава броевите до 10 како квантитаивно својство на предметите;
- Да се воведува во разбирањето на операциите собирање и одземање.

Во рамки на наставната програма по математика за I одделение зададени се четири теми, и тоа:

- Математиката во непосредната околина и секојдневниот живот (25 часа);
- Логичко размислување и решавање на проблеми (50 часа);
- Природни броеви до 10 (44 часа);
- Проценување и мерење (25 часа).

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по математика за I одделение.

- ***Тема:*** *Математиката во непосредната околина и секојдневниот живот*

***Цел:*** *Да се поттикнува да ја одредува и вербално да ја искажува положбата на предметите во однос на себе, со примена на соодветна терминологија*

***Содржина:*** *Положбан а предметите во однос на ученикот*

***Поим:*** *Горе-долу, над-под, блиску-далеку, пред-зад*

***Активности и методи:***

- *Ученикот игра во двор и ја искажува положбата на предметите*
- *Игра: Погоди каде сум (блиску-далеку)*

Во оваа тема дадени се голем број препораките за активности и методи. Преовладуваат сугестии и примери на игри и игровни активности со различна содржина.

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Игри со конструктивен материјал и пронаоѓање и именување на топката, коцката;*
- *Игри со топки;*
- *Во игри со сообраќајни знаци препознава и именува кружна, квадратна, триаголна форма;*
- *Игра: Продавница-најди го предметот според вербално упатство;*
- *Фрла црвена топка со левата рака и жолта со десната рака*
- *Игра: Столчето десно од мене е празно*
- *Прави шема на своето движење низ позната околина и истото го објаснува: Нацртај го патот од дома до училиште, до игралиште и сл.;*

- ***Тема:*** *Логичко размислување и решавање на проблеми*

***Цел:*** *Да се оспособи да решава едноставни проблеми од секојдневниот живот*

***Содржина:*** *Едноставни проблемски ситуации*

***Поим:*** *Проблем решение*

***Активности и методи:***

- *Пронаоѓање на дел што недостасува;*
- *Од повеќе сенки ја пронаоѓа соодветната сенка на конкретна фигура;*
- *Изработува фигуре од танграми според дадени шеми*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Набљудува, споредува и опишува сличности и разлики меѓу предемтите: играчки, прибот за јадење и сл.;*
- *Игра: Откриј го натрапникот;*
- *Црта предемти според дадена карактеристика: боја, големина, форма и положба;*
- *Собира предмети во кутии, вреќи, кошници по дадено својство (топки во вреќа, коцки во кутија, автомобилчиња на полица ис л.);*
- *Групира топки според три заеднички својства: форма, боја, (пр. црвени топки);*
- *Подредува повеќе предмети во растечка или низа што опаѓа врз основа на едно својство (три панделки: долга-подолга-најдолга);*
- *Лепи апликација на соодветното место во низата;*
- *Ученикот се споредува со две другарчиња по висина (во однос на едното е другарче е висок, а во однос на другото е низок);*

- *Патот на мојата ужинка (жито-брашно-тесто)*

- ***Тема:*** *Природни броеви до 10*

***Цел:*** *Да ги употребува собирањето и одземањето во различни проблемски ситуации*

***Содржина:*** *Додавање на 1 и одземање на 1 во конкретни проблемски ситуации*

***Поим:*** *Проблемска ситуација, решавање на проблеми*

***Активности и методи:***

- *Решава проблемска ситуација од секојдневниот живот со примена на додавање и одземање (игра пазар и сл.)*

Заради специфичноста на темата природни броеви до 10, малиот број на активности и методи е соодветен на малубројната соржина предвидена за оваа тема. Но активностите и методите претставуваат вистински препораки и насоки за реализација на содржините и целите преку игровни активности.

***Останати понуди на активности и методи:***

Практични активности на,

- *Поврзување на множеството со соодветниот број од 1 до 10;*
- *Формирање на множества со даден број на елементи;*
- *Брои објекти при прошетка (дрвјата, клупите во паркот, лисјата на цветот и сл.);*
- *Игра: „Не лути се човече", „Домино";*
- *Во игра одредува редни броеви;*
- *Одредување и споредување на множества со користење на терминате: повеќе, помалку, исто толку со примена на илустративен, дидактички материјал;*
- *Илустрирање на ситуацијата со модели на симболите;*
- *Со дидактички материјали илустрира додавање на 1 одземање на 1, конкретната ситуација (цртеж ид р. дидактички материјал), при што ја прикажува со модели на симболи;*
- *Моделира со конкретни материјали една половина и едно целло (превиткува хартија), бои половина од геометриска слика и сл.;*

- ***Тема**: Проценување и мерење*

***Цел**: Да се поттикнува за мерење, проценување и споредување на димензии искажани со нестандардени мерки*

***Содржина**: Предмети од непосредната околина и претставување на нивните димензии со нестандардни мерки*

***Поим**: Чекор, прст, прсти, педа, стапало, дланка, грст*

***Активности и методи:***

- *Игри на споредување: една иста оддалеченост или растојание ја мерат повеќе ученици и се споредуваат нивните резултати*
- *Игри со споредување (еден грстшеќе род наставник-колку грста шеќе род ученик)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Игри непосредно блиски и познатливи за децата (спуштање на автомобил играчка по коса и рамна површина и сл.);*
- *Набљудување и коментирање на илустрации каде се претставени различни положби: блиску или далеку во однос на...;*
- *Игра со демнострација (детето демонстрира со конкретни предемти што е блиску, а што далеку во однос на него (преку гледање и слушање);*
- *Игра Пазар-мери продукти со тегови од 1 килограм;*
- *Групни активности: мерење на должината на училницата, табле со метар;*
- *Игри: одиме на пазар, ние сме продавачи, во супермаркет;*
- *Сликовите претставува: на пр. Домашни миленици и при тоа лепи соодветни апликации.*

- **Анализа на наставната програма по *запознавање на околината* за I одделение во деветгодишното основно образование**

Реализацијата на наставата по наставниот предмет запознавање на околината е насочена кон проучување на сложеноста, разновидноста и поврзаноста на севкупните појави, предмети, процеси, како и на активностите и односите меѓу луѓето во непосредната околина. Наставата по предметот запознавање на околината има основна цел за понатамошно системско насочување на детското спонтано истражување на светот кон постепено откривање на поврзаноста и зависноста на појавите и процесите во природната и општествената средина. Содржините во оваа наставна програма се одредени врз основа на животните средини во кои детето секојдневно се наоѓа, кои делуваат сосема природно врз него и воедно му даваат разновидни информации за светот што го окружува. Особено значајна е поставеноста на предметот запознавање на околината кој се изучува само во првиот развоен циклус, но претставува основа за понатамошно диференцирано изучување на природните и општествените науки во следните развојни периоди. Согласно наставниот план за запознавање на околината во I одделение се планирани по 2 часа неделно, односно 72 наставни часа на годишно ниво.

Во наставната програма се поставени цели на наставата по запознавање на околината за I одделение, а тоа се ученикот/ученичката:

- Да ја запознава напосредната околина;
- Да ја открива поврзаноста и зависноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- Да споредува и да утврдува сличности и разлики меѓу предемтите и појавите;
- Да се поттикнува да ги применува стекнатите знаења во нови ситуации во училишниот и секојдневниот живот;
- Да се доживува себе си како единствена и неповторлива личност ид а развива самодоверба;

- Да се поттикнува да идентификува, да препознава и да искажува различни емоции;
- Да стекнува основни културни, здравствено-хигиенски и работни навики;
- Да усвојува основни правила за однесување во сообраќајот;
- Да се оспособува да учествува во донесување на правила за однесување во училницата и да се навикнува да ги почитува;
- Да развива чувство за припадност на семејството, одделението, училиштето и родниот крај;
- Да развива чувство на почит и љубов кон својата татковина Република Македонија;
- Да се поттикнува за меѓусебно договарање, помагање и соработка со другите;
- Да развива почит кон сопствената култура и културата на другите;
- Да се оспособува за ориентирање и снаоѓање во просторот и времето;
- Да развива интерес и желба за самостојно доаѓање до нови сознанија.

Во рамки на наставната програма по запознавање на околината за I одделение зададени се шест теми, и тоа:

- Јас и другите (12 часа);
- Моето училиште (8 часа);
- Мојот дом (8 часа);
- Местото во кое живеам (8 часа)
- Јас сум дел од природата (24 часа)
- Сообраќај (10 часа)

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по запознавање на околината за I одделение.

- Основна карактеристика на сите теми во наставната програма по Запознавање на околината е постоење на поголем број цели, најмалку една, а најмногу шест содржини за секоја тема и повеќе поими, активности и методи како сугестија за реализација на предвидената содржина. Така на пример во темата <u>*јас и другите*</u> зададени се две ***содржини***, и тоа: Кој сум јас и јас со другите. ***Поимите*** пак се однесуваат на: Дете; албум; растам; што можам; што умеам; што не можам; љубов, радост, тага и страв; другарство. Поставените ***цели*** кои се однесуваат на овие содржини и поими се следниве:

- Да ги знае основните податоци за себе;
- Да се доживува себе си во континуитет (јас некогаш и сега);
- Да развива способност за набљудување, опишување, споредување и заклучување;
- Да се поттикнува во размислувањето ив о искажувањето свое мислење;
- Да почитува и да поддржува мислења на другите;
- Да развива позитивна слика за себе и самодоверба;
- Да ги открива своите интереси и да ги негува;
- Да развива самостојност;
- Да умее да препознае и искажува различни чувства кај себе;
- Да развива навики за културно однесување;
- Да воочува разлики и сличности меѓу себе и другите;
- Да ги почитува другите и да помага на помалите и различните од себе;
- Да се оспособува да решава елемнтарни конфликти со мала помош на возрасните.

Во однос на ***активностите и методите*** може да се забележи интензивен приказ на можни разлинчи видови на игри и игровни активности. Ваквата дидактичко-методска сугестибилност оди во прилог на соодветна реализација на содржините, според возраста, можностите и потребите на учениците, но и креирање активна и интерактивна наставна каде учениците ќе бидат ставени во постојана ситуација на стекнување на искуствени знаења. Во таа смисла предлог активности и методи се следниве:

- <u>*Игри пред огледало (кој сум јас, како изгледам, што е најубаво кај мене и сл.);*</u>

- *Драматизации, изведување на ситуациони игри со различни улоги;*
- *Разгледува фотографии, раскажува што можел како мало бебе, што може сега, што ќе може кога ќе порасне, што неможе, што не смее, се црта себеси-истражувачки активности за своите можности;*
- *Симулирање на проблемски ситуации;*
- *Покажува, раскажува, илустрира, разгледува сликовници, драматизации, праќа порака (цтреж, балон) со пораки за себе, зборува за тоа што го плаши, што го прави среќен, што го лути;*
- *Кажува што може сам да направи (да се облече, да купи нешто);*
- *Филмувани стории и приказни и приказни, правење албумин а чувства, раскажување случки;*
- *Искажување на чувства преку експресии (пантомима), драматизации;*
- *Симулации, драматизации, игри на улоги, социјални игри (за толеранција, игри за доверба), разговара со другарите, ноѓа сличности и разлики (надворешен изглед, желби, омилена играчка, приказна и сл.).*

Додека пак во темата *моето училиште* зададена е една ***содржина***, и тоа: Моето училиште, додека пак ***поимите*** кои се однесуваат на оваа содржина се: Училиште, учител, учителка; ученик/ученичка, училница, катче, играчки; правила, одговорност, вработени, канцеларија; училишни празници; лево, десно, горе, долу. ***Целите*** кои се поставени во функција на содржината и поимите се следниве:

- Да ја запознае својата училишна средина;
- Да ги запознае своите права и обврски како ученик;
- Да го почитува распоредот на активностите и да осознава дека правилата се потребни за животот и работата во паралелката;
- Да се доживува себе како дел од паралелката;
- Да учествува во донесување и применување на правилата во училницата и училиштето;
- Да се воведува во надминување на стереотипи и предрасуди кон другите;
- Да се запознае со одбележувањето на значајните празници во училиштето (патронен празник);
- Да знае што е лево и десно, над, под, горе, доле;
- Да се поттикнува внимателно и безбедно да се движи во училиштето.

***Активностите и методите*** пропишани во оваа тема се следниве:

- *Прошетка на учениците низ училиштето, покажување и разгледување на училишните простории и објаснување за што служи секоја од нив;*
- *Разговори за впечатоците од првиот училишен ден;*
- *Учество во уредувањето на училницата, катчињата, запознавање со играчките и други средства;*
- *Учениците прават етнолошко катче со експонати на културите на кои припаѓаат;*
- *Запознавање како треба правилно да се однесува со опремата, средствата и материјалите;*
- *Се грижи за хигиената на училницата и за растенијата во училницата;*
- *Учествува во донесување на правилата за однесување во училницата, црта пораки за правилно однесување, учествува во нивното истакнување на видно место и почитување во секојдневниот живот;*
- *Разговор за тоа што ќе биде ако не се почитуваат правилата;*
- *Разговор за тоа што е правично, а што не е во игрите и активностите и зошто не треба да се биде неправичен;*
- *Во непосредни средби се запознавањето со вработените во училиштето, прашуваат кој што работи и како придонесува во животот на училиштето;*
- *Игра игри „нетипични" за неговиот/нејзиниот пол;*
- *Водат разговор за празниците, денот на училиштето, на државата ид р., го украсуваат просторот;*
- *Вежби за ориентирање во училиштето (лево од, десно од...);*
- *Правила за безбедно движење во училиштето.*

*Мојот дом* како тема нуди една ***содржина***, и тоа: Моето семејство. ***Поимите*** кои се однесуваат на оваа содржина се: Дом, семејство, членови; одговорност; лична хигиена, мојата соба, задолженија; здрава исхрана; слободно време; празници, прослави, додека пак поставените ***цели*** се следниве:

- Да ги почутува блиските во семејството и да развива чувство на припадност;
- Да ги запознава правилата на однесување во семејството и улогите;
- Да усвојува знаења ив ештини за здравјето, односно хигиената и здравиот начин на исхрана;
- Да ги знае начините на користење на слободното време во семејството;
- Да ги знае семејните прослави и празници и како тие се одбележуваат;
- Да ги запознае и почитува семејните празници на децата од своето окружување.

Понудените ***активности и методи*** го продолжуваат трендот на активна позиција на ученикот, како на пример:

- *Разгледува семејни албуми, разговор за членовите во семејството и различноста на семејствата во однос на бројот на членовите;*
- *„Како и покажувам на мама, тато, баба дека ги сакам";*
- *Прави пано со средства за лична хигиена, Истражувачка активност (вода, сапун). Набројува и опишува свои активности како член на смејството (права и задолженија);*
- *Разговара за опасности (штекери, хемикалии, остри предемти, голема бучава и сл.);*
- *Разгледува слики и разговара за правилна исхрана;*
- *Истражувачка активност „Храната во моето семејство";*
- *Разгледување на слики од семејни албуми, презентации на ЦД, творечки игри, игри на улоги;*
- *Прославуваме роденден, разгледување слики од други пранувања слави, свадби, имендени, се опишува начинот на нивното прославување;*
- *Честитка за своите блиски (тато, бато, баба, мама и др.)*

Темата *местото во кое живеам* е кратка тема во која е зададена само една ***содржина***, и тоа: Каде живеам. ***Поимите*** кои се однесуваат на оваа содржина се: Град, село; пошта, амбуланта, средства за работа, работна облека; стари градби, носии, стари предмети, музеј, играчки во минатото; татковина, знаме, химна, а пак како ***цели*** се поставени следниве:

- Да се поттикнува да го запознае местото во кое живее (село, град);
- Да се запознае со позначајните објекти во непосредната околина;
- Да ја запозане културната различност во местото во кое живее;
- Да запозане стари градби, носии, стари предмети;
- Да ја именува својата татковина, да ги препознае знамето и химната;
- Да развива чувство на припадност и љубов кон својата татковина.

Предвидените ***активности и методи*** одат во насока на:

- *Учество на учениците во организирани прошетки во околината, набљудување, разговор, цртање објекти кои што ги препознаваат;*
- *Разговор со вработените во пошта, амбуланта за нивната професија, работните обврски, а потоа ги црта нивните средства за работа;*

- *Посета на стари градби, музеи, разгледување, опишување, разговор со повозрасните членови од семејството, изработка на постери, абогатување на етнолошко катче;*
- *Разговор за тоа кој се живее во неговата.нејзината зграда, населба, град (кои јзици се зборуваат, кои празници се празнуваат);*
- *Ја слуша химната на Република Македонија, го разгледува, опишува и илустрира македонското знаме (на пример, сп примена на ИКТ), изработка на албум ии паноа со слики и разгледници за убавините на Македонија, го збогатува татковинското катче.*

Следната тема *Јас сум дел од природта* е најобемна и за нејзина реализација се предвидени 24 часа. Таа е единствена тема од наставна програма Запознавање на околината за I одделние во која се зададени дури шест ***содржини***, а тие се: Растенијата и животните во мојата околина, жива и нежива природа, јас сум дел од живиот свет, моето тело, природни појави и годишни времиња. ***Поимите*** за овие содржини се однесуваат на: Овошје, зеленчук, трева и дрвја; животни, диви, домашни; домашен миленик; живо и неживо; делови на човечкото тело, глава, труп, раце, нозе; машко, женско; храна, вода, сон; годишни времиња, есен, зима, пролет, лето, ветер, сонце, дожд, мраз; ден, ноќ, вчера, денес, денови во седмицата; здрава и чиста околина. Поставените ***цели*** се исто така во поголем број, а се однесуваат на следново:

- Да знае некои растенија и животни;
- Да развива хуман однос кон живиот свет;
- Да го запознава надворешниот изглед на некои растенија во својата околина;
- Да препознава и именува одредени плодови и да ги разликува по надворешниот изглед;
- Да се запознае дека некои растенија се користат во исхраната;
- Да се запознава со некои разлики меѓу домашните и дивите животни;
- Да се поттикнува да согледува примери за поврзаноста на растенијата и животните;
- Да се поттикнува на одговорност кон домашните миленичиња;
- Да се запознава со основните карактеристики на живата и неживата природа;

- Да стекне елементарни знаења за изгледот на човековото тело;
- Да воочува и опишува надворешни делови на телот;
- Да ги осознава основните функции на надворешните делови на телото;
- Да спознае сличности и разлики меѓу децата, луѓето;
- Да се сензибилизира за хумани односи меѓу половите;
- Да се запознава со некои промени и појави во природата низ одделните годишни времиња;
- Да има претстава за основните временски периоди: ден и ноќ;
- Да го разбира редоследот на случувањата: вчера, денес и утре;
- Да ги именува деновите во седмицата;
- Да развива свест за зачувување на чиста околина.

Понудените ***активности и методите*** кореспондираат со обемноста на содржините и целите на оваа тема. Тие се однесуваат на следново:

- *Набљудување, именување и набројување растенија и животни во блиската околина;*
- *Прошетки, набљудување дрвја во различни годишни времиња, цртање на некои воочени промени кај дрвото, собирање ратсенија за ботаничкото катче. Истражувачки активности: садат и одгледуваат зеленчук, и ги цртаат промените во определен временски период, Истражува овошен плод и прави книга;*
- *Посета на зоолошка градина, набљудување во околината, разгледување на енциклопедии, слики, правење албум, дидактички игри, презентации на ДВД, примена на ИКТ;*
- *Раскажување за своето домашно милениче, ги искажува своите емоции кон него и ги набројува своите задолженија;*
- *Гледање на филмови со соодветна содржина, споредува и воочува неколку сличности и разлики меѓу растение, животно, камен, земја;*
- *Опишување на целокупниот изглед на човечкото тело, подвижни игри, куклен театар, користење на гатанки, разгледување на енцикопедии;*
- *Откриваат сличности и разлики меѓу височина, боја на очи, боја на коса;*
- *Разговор на тема: По што се слични, а по што различни игрите на момчињата и девојчињата;*
- *Истражувачки активности за тоа што е потребно за живот (вода, воздух, храна);*
- *Истражувачки активности, подвижни игри, набљудувања, дидактички игри, одбележување на доаѓањето на годишните времиња, цалендар на природата, драматизации, примена на ИКТ;*
- *Драматизации, серија слики, куклени претстави, набројувања и опишувања на активностите кои се одвиваат во текот на денот и ноќта, работилница-мојот неделен план;*

- *Набљудува околина, црта еколошки пораки, разговара по слики на кои се претставени чиста и загадена река и парк, учествува во изработка на паноа.*

Последната тема *Сообраќај* нуди само една ***содржина***, а таа е: Како се однесувам во сообраќајот. ***Поимите*** за оваа содржина се однесуваат на: Сообраќај, пешаци, возила; Лево, десно, напред, назад, тротоар, улица, пешачки премин, игралиште; автомобил, автобус, воз, брод, авион, велосипед; семафор, црвено, жолто, зелено светло; сообраќаен полицаец. ***Целите*** се однесуваат на следново:

- Да се запознава со сообраќајот од домот со училиштето;
- Да ги спознава правилата за безбедно однесување по тротоар, преминување преку улица;
- Да ги запознае местата каде е дозволено да се игра и како се обележани;
- Да ги запознае улогата на светлосната сигнализација на семафорот;
- Да ја разбира улогата на сообраќајниот полицаец во регулирањето на сообраќајот;
- Да развива навики за почитување на сообраќајните знаци, пешачки премин, преминување преку улица.

Понудените ***активности и методи*** ги поттикнуваат учениците кон остварување на поставените цели, а се однесуваат на следново:

- Набљудува и разговара за сообраќајот во непосредната околина, *симулација на движења;*
- *Игри со користење на детски играчки-сообраќајни средства, изработени од картон, готови изработки и др.*
- *Запознавање на патот од дома до училиште и набројување на објектите кои секојдневно ги гледа, набљудување на сообраќајот;*
- *Правилно преминување преку улица;*
- *Симулирање на движења во училишниот двор, игри со употреба на сирени, труби, интегрирано со движења;*
- *Цртање и изработка на сообраќајни средства;*
- *Набљудување на сообраќајните средства, примена на ИКТ;*
- *Истражувачки активности: звук и движење;*

- ***Набљудување на семафор со три светла и самафор за пешаци со две светла, цртање, правење модели на семафори, поминување улица каде има семафор;***
- ***Разговара со другите за улогата на сообраќајниот полицаец, неговата униформа, игри со симулации на сообраќајниот полицаец во сообраќајот;***
- ***Набљудува правилно однесување на сообраќајот на ТВ-сладови, разговара за однесувањето на улица, размена на искуства од учениците и наставникот, симулирање на однесување во сопствени и други возила и др., игра игри на сообраќајно килимче и во дворот на училиштето.***

- **Анализа на наставната програма по *музичко образование* за I одделение во деветгодишното основно образование**

Реализацијата на наставата по музико образование има за цел учениците да ја засакаат музиката, кај нив да се роди желба за активно занимавање со неа: да пеат, свират и слушаат музика, да ги развијат своите музички способности. Музичкото образование треба да го подготви секој ученик за живот, поточно да го оспособи да стане активен корисник ичинител на музичката култура, како во училиштето, така и во секојдневниот живот. Оовј предемт особено треба да ги поттикнува учениците кон развој на естетските чувства, способностите за разбирање и доживување на музичката уметност, да им овозможи на учениците постепено да се вклучат и да учествуваат во музичкиот живот во својата околина. Во наставниот план, предметот музичко образование е застапен со по 2 часа неделно, односно 72 часа на годишно ниво за учениците од I до V одделение, и по 1 час неделно или 36 часа годишно за учениците од VI до IX одделение.

Во наставната програма по музичко образование за I одделение поставените цели се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да развива пејачки став (правилно седење, држење на телото, дишење);
- Да развива навика за култивирано пеење (умерено пеење, без гримаси, дигање на рамења и викање);
- Да пее песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- Да се оспособува за активно слушање на музиката;
- Да препознава вокална од иснтрументална изведба;
- Да ги усвојува движењата во музичко-ритмичките активности;
- Да се стимулира за развој на ориентацијата во просторот;
- Да развива осет за ритам;
- Да се запознае со некои детски музички инструмент ии да прави обид за нивно користење;

- Да развива интерес за изведување на звучни ефекти, спонтани импровизации на кратки музички мотиве и др.;
- Да прави разлика меѓу основните видови темпа (бавно-брзо);
- Да прави разлика меѓу основните видови на динамика (силно-тивко);
- Да се воведува во музичкото творештво;
- Да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

Во рамки на наставната програма по музичко образование за I одделение зададени се шест теми, и тоа:

- Пеење (20 часа);
- Музика и движење (25 часа);
- Слушање музика (12 часа);
- Свирење на детски музички инструменти (4 часа)
- Основи на музичката писменост (3 часа)
- Основи на детското музичко изразување и творење (8 часа)

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по музичко образование за I одделение.

Наставниот предмет музичко образование се карактеризираз со значајна специфичност во предемтот на изучување, содржината, поставените цели, но и начинот на реализацијата. Наставната програма но и секојдневната практика се сложни поднос на прашањето за можностите на имплементацијата на игровната активност. Таа може да се применува во конкретни сегменти на музичкото образование како што е на пример темата музика и движење, или пак основи на детското музичко изразување и творење и сл. Но Значењето и функцијата на игровната активност во цели на музичкото образование особено

доаѓа до израз кога постои интеграција на содржини од различни предемети со една иста цел. Во продолжение следуваат примери на соодветни понуди зададени во наставната програма по музичко образование за I одделение.

- ***Тема:*** *Пеење*

***Цел:*** *Да се развива осет за ритам*

***Содржина:*** *Ритам*

***Поим:*** *Бројалка, брзозборка*

***Активности и методи:***

- *Изведба на бројалки и брзозборки со точен риатм и јасна дикација (пр. бројалки и брзозборки позанати на учениците)*

***Останати понуди на активности и методи:***

Во оваа тема не се зададени голем број препораките за активности и методи, но понудените главно се однесуваат на следново:

- *Слушање и имитирање на звуци од природата и околината, препознавање и именување (пријатни, непријатни за нив), преку: слушање на пеењето на птиците, кочење на автомобил, шумолење на лисјата, грмотевици, шкрипење на столче и др.;*
- *Вежби за правилно пеење, држење на телото, вежби за дишење; (да пее без напрегање, умерено, без гримаси, дигање на рамењата, без викање и др.);*
- *Пеење песни различни по содржина и карактер (пр. пее песни за годишни времиња, детски песни, народни песни и др.)*

- ***Тема:*** *Музика и движење*

***Цел:*** *Да се поттикнува да ги усогласи своите движења со музичките карактеристики (ритам, темпо, динамика)*

***Содржина:*** *Музички игри*

***Активности и методи:***

- *Учество во музички игри*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Изведба на музичко-ритмички чекорења (чекорење, марширање, потскокнување), на пр.: изведување на чкорите на музика со маршов ритам;*
- *Изведување на потскокнувања на музикчка придружба со staccato;*
- *Комбинирање на чекорења и потскокнувања;*
- *Изведба на елементарни танци и ора.*

- ***Тема:*** *Слушање музика*

***Цел:*** *Да слуша и препознава: вокална и инструментална музика*

***Содржина:*** *Слушање вокална и инструментална музика*

***Поим:*** *Глас, инструмент*

***Активности и методи:***

- *Ученикот слуша воклано-инструментална музика, на пример песна од детски фестивал и треба да воочи дали слуша воцал (глас) и дали слуша инструмент*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Слушање и препознавање звуци од природата и околината, со одредени апликации ученикот обележува звуци од природата и звуци од околината;*
- *Слушање и погодување звуци кои се пријатни и непријатни за учениците;*
- *Ученикот слуша инструментално дело;*
- *Слушање народна песна*

- ***Тема:*** *Свирење на детски музички инструменти*

***Цел:*** *Да се запознае со неколку детски музички инструменти*

***Содржина**: Запознавање ос детските ритмички инструменти*

***Поим**: Имиња на детски музички инструменти*

***Активности и методи:***

- *Испитување и откривање на звучни својства на инструментите направени од природни материјали (пр. едни празни пластични чаши наполнети со ориз, други со гравче и трети со каменчиња)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Изведување ритмички мотиве со плескање со раце, тропање со нозе, чУкање со две моливчиња и др.;*
- *Откривање и разликување на детските ритмички инструменти (пр. чука на стапчиња, тропалки и др.);*
- *Свирење на детски ритмички инструменти направени од природни материјали;*
- *Изведба со детки ритмички инструменти (пр. повторува кратки ритмички мотиви).*

- ***Тема:** Основи на музичката писменост*

***Цел**: Да ги препознава основните видови на динамика (силно-тивко)*

***Содржина**: Основни видови на динамика (силно-тивко)*

***Поим**: Силно, тивко*

***Активности и методи:***

- *Препознавање на основните видови на темпа (силно, тивко), (преку игра на скориен предмет: пр. се учи кратка песна и се пее со различна јачина: ако ученикот се приближи до предемтот, тогаш песната ќе се пее посилно или ако се наоѓа далеку ќе пее потивко (детска игра))*

Покрај горенаведената активност во препораките за активности и методи е зададена уште една:

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Слушање музички изведби и преку движење на телото изразување основни видови темпо (бавно, брзо) чукање на часовникот (бавно, брзо) или движење на полжавот (бавно движење) и зајакот (брзо движење)*

- ***Тема:** Основи на детското музичко изразување и творење*

***Цел:*** *Да стекнува сигурност и самодоверба во сопственото музичко изразување*
***Содржина:*** *Креативно изразување преку пеење со движење и свирење*

***Активности и методи:***

- *Учество во активности во кои учениците наместо да одговараат со зборови одговараат со пеење*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Самиот ученик/ученичка на обработена песна или музички преимер создава сопствена кореографија со движење на своето тело, иамислување на чекори ид вижења со рацете;*
- *Креативно изразување и творење на слушнати песни и музичките примери;*
- *Учество во игри (на пр. како чука клукајдрвецот);*
- *Истражување на својот глас и др.*

- **Анализа на наставната програма по *ликовно образование* за I одделение во деветгодишното основно образование**

Наставната програма по ликовно образование нуди можност за стекнување на трајни и применливи знаења, вештини и способности за ликовно изразување на секој ученик. Наставата по ликовно образование има за цел да ги поттикне сите аспекти од развојот на личноста, психомоторниот, емотивниот и интелектуалниот. Исто така наставата по ликовно образование има за цел да ја развива фантазијата и чувството за естетика. Ликовното образование се темели на процесот на истражување и творештво и при тоа особено ги следи развојните фази на учениците за нивното ликовно изразување и творење. Во реализацијата на наставата од наставникот се очекува флексибилен, креативен, отворен пристап заснован на интересите и можностите на учениците.

Во наставната програма по ликовно образование за I одделение поставените цели се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да развива интерес за ликовна работа и творење;
- Да развива вештини за примена на разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање и градење во ликовното изразување;
- Да го открива и запознава ликовниот јазик-ликовните елементи: линија, боја, форма, плоштина и нивната употреба во ликовното творештво;
- Да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештвото;
- Да открива разни постапки на ликовно изразување (со капење, грбење, прскање, туфтање и др.)
- Да развива графомоторички способности и координација око-рака;
- Да се оспособува да набљудува и споредува и да утврдува сличности и разлики меѓу предемтите и појавите;
- Да ги применува стекнатите ликовни вештини;

- Да развива културно-хигиенски-технички и работни навики за одржување на личната хигиена и хигиената на средствата за работа;
- Да развива потреба за чување и облагодорување на својата училница;
- Да умее вербално да ја објасни својата ликовна творба;
- Да се запознае со компјутерска техника за цртање и боење на површина.

Во рамки на наставната програма по ликовно образование за I одделение зададени се пет теми, и тоа:

- Цртање (ориентационо 30 часа);
- Сликање (ориентационо 16 часа);
- Печатење (ориентационо 8 часа);
- Моделирање и обликување (ориентационо 10 часа)
- Ликовни истражувачки активности (ориентационо 8 часа)

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по ликовно образование за I одделение.

Ликовното образование како наставен предмет нуди содржини кои чија реализација во голема мера е насочена кон стимулирање на рзвојот на сите аспекти од развојот на личноста. Исто така содржините на овој наставен предемт влијаат кон поттикнување на способностите и вештините потребни за реализација на содржините од останатите наставни предемти, како што е на пример цртањето и пишувањето. Токму заради тоа во наставната програма по предемтот ликовно образование особено се препорачува примена на интегративниот пристап во реализација на овие содржини со содржините од останатите наставни предемти. Во продолжение следуваат примери на цели,

содржини, поими и активности за одделни теми, зададени во наставната програма по ликовно образование за I одделение.

- ***Тема:*** *Цртање*

***Цел:*** *Да ги организира нацртаните објекти на подлогата*

***Содржина:*** *Цртање*

***Активности и методи:***

- *Истражува на кои подлоги може да се црта*

***Останати понуди на активности и методи:***
- *Црта линии со различни моливи, набљудува каква е линијата;*
- *Да набљудува конкретни предмети и појави во околината, како и луѓето кои го опкружуваат и сл.;*
- *Со лупа ги забележува линиите на одделни предемти (лук, кора од дрво, морков и сл.) и истите ги црта;*
- *Воочува сличности помеѓу дланката и лист од јавор;*
- *Споредува траги од разни моливи;*
- *Црта линии со различна дебелина и истите ги комбинира;*
- *Црта цик-цак, брановидни, испрекинати, паралелени хоризонтални, паралелени вертикални, паралелни дијагонални (дождовни капки, запци од чешел, селски плот, морски бранови, пајакова мрежа и др.);*
- *Се црта себе си, омилената играчка, своето другарче, семејството;*
- *Црта смешно животно, лик од приказна;*
- *Црта по свој избор.*

- ***Тема:*** *Сликање*

***Цел:*** *Да се поттикнува колоритно да се изразува со боја*

***Содржина:*** *Сликање*

***Поим:*** *Колаж*

***Активности и методи:***

- *Колоритно се изразува во техниката колаж*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Запознавање на основните сликарски материјали;*
- *Набљудува, репордуцира, слики во галерии, на Интернет, музеи и сл.;*
- *Воочува во непосредната околина светло-темно (ден-ноќ и др.);*
- *Сликање на разновидни подлоги различни по форма, формат, големина, боја, дебелина;*
- *Слика на одредена тема;*
- *Слика по свој избор.*

- ***Тема:*** *Печатење*

***Цел:*** *Да ја регулира и контролира силата (притисок, стисок) на дланката ид а развие чувство на ритмичко движење на раката*

***Содржина:*** *Печатење*

***Поим:*** *Печатење*

***Активности и методи:***

- *Низ игра да истражува со печатење врз разновидни подлоги (пластика, текстил, дрво и др.)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Набљудува, воочува и препознава со кој предемт (шаблон) е направен кој отпечаток;*
- *Споредува отпечатоци на рапава и мазна подлога, на бела или тонирана подлога;*
- *Користи најразновидни печати (шаблони);*
- *Печати со природни материјали;*
- *Печати со сунѓери во разни форми и прави комбинации;*
- *Печати на мазна и рапава хартија;*
- *Печати на текстил и слични материјали;*
- *Печати на тонирана хартија;*
- *Печати со лисја од растенија, плодови и сл. (поголеми, помали, со разни форми и текстури кои предходно се премачкани со боја);*
- *Со повторување на н аистиот отпечаток да направи шара (шара за шамија, марамче за куклата и сл.);*
- *Со комбинирање на разновидни шаблони да прави разни композиции (автомобил, воз, куќа...).*
- ***Тема:*** *Моделирање и обликување*

***Цел:*** *Да ја набљудува и истражува околината и да ги забележува различНите форми меѓу предметите*

***Содржина:*** *Моделирање*

***Поим:*** *Моделирање*

***Активности и методи:***

- *Игра и комбинира форми едни до други, едни врз други, собрани, разделени, ги набљудува од различен агло и осветлување;*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Обликување форми и моделирање (со песок, снегот, глината, пластелинот);*
- *Набљудува форми од непосредната околина и на нив забележува големина, текстура (рапаво, мазно), облик и др.;*
- *Го набљудува и го чувствува просторот (внатре-надвор, отворен-затворен, празно-полно);*
- *Воочува внатрешен и надворешен простор преку набљудување на садови, цевки, кутии и др.;*
- *Прави нови облици со кукли, сообраќајни средства со текстил, јута, волна, волница, хартија, фолија, стиропор, коноп, пластика, конци, сунѓери, природни и вештачки, необликувани, полуобликувани и обликувани;*
- *Комбинира гранки, плодови, семиња, лисја, чашки од афион, кора од стебло, мов, камчиња, школки и прави фигуре на животни, куќи и др.;*
- *Конструира мост, градби и друго од отпаден материјал;*
- *Превиткува хартија (оригами).*

- ***Тема:*** *Ликовни истражувачки активности*

***Цел:*** *Да ја развие ликовната љубопитност*

***Содржина:*** *Ликовно изразување преку истражување*

***Активности и методи:***

- *Трансформира звук воц ртеж (слуша звуци со различен интензитет, ритам и сл. и истото го рпетставува со различни линии)*

Оваа тема нуди големи можности за активна позиција на ученикот преку разновидни истражувачки активности во областа на ликовната уметност.

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Истражувачки активности со нестандардни ликовни материјали;*
- *Црта на нестандардни подлоги (црта на снег, песок, глинена плоча, картон, дрво, пластика);*
- *Црта со неликовни материјали (со чешел, стапче, четкичка за заби, крпче, четкичка за шминка, стара шминка, лак за нокти и др.);*
- *Црта или лепи врз слики (од цалендар, постери);*
- *Слика на различни подлоги и стекнува искуство на кои подлоги може да се слика, а на кои не и зошто;*
- *Слика со природни бои;*
- *Гребе, длаби, ренда меки материјали (свеќа, сапун и др.);*
- *Креативно се изразува преку различни постапки: капење, дување, прскање, туфирање, гребење, преклопување и др.;*
- *Споредува трагиц кои сликарските материјали ги остава на целофан, весникарска хартија, пластична фолија, шишиња, стара шапка, стар чадор. Газа, дрво, камен, старо ЦД и др.;*
- *Претпоставува какви бои ќе добие со цедење на зеленчукови и овошни плодови;*
- *Цеди овошни и зеленчукови плодови и слика со добиените сокови.*

- **Анализа на наставната програма по *физичко и здравствено образование* за I одделение во деветгодишното основно образование**

Наставната програма по физичко и здравствено образование во новата концепциска поставеност на основното образование добива се поголемо значење во наставниот процес. Физичкото и здравственото образование преку својата наставна програма нудат посебни содржини, вежби и игри кои имаат за цел физички да го активираат локомоторниот апарат, директно да влијаат врз симетричкиот и правилниот раст и развој на ученикот, но исто така да ја подобруваат физичката способност и секој ученик да го поттикнуваат на здрав начин на живот. Предвидените содржини и активности го стимулираат развојот на когнитивниот, психомоторниот, емоционалниот и социјалниот развој на ученикот. Со оваа наставна програма се смета дека учениците ќе бидат ставени во позиција редовно да ги изведуваат вежбите за јакнење на сопствениот организам, и три тоад а ја осознаат потребата за активно вклучување во различните спортски активности во текот на образованието и животот генерално. Наставниот предмет по физичко и здравствено образование се реализира со неделен фонд од 3 часа, односно 108 часа на годишно ниво.

Во наставната програма по физичко и здравствено образование за I одделение поставените цели се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да се оспособува да прави проценка на своите можности и моторички способности;
- Да се оспособува за правилно држење на телото преку соодветни вежби;
- Да ги разликува моторичките координирани природни движења со рацете и другите делови на телото;
- Да ги развива локомоторните способности на различните форми на движења преку игра и танци;
- Да ја развива моторичката координација и ориентација во просторот;
- Да се воведува и учествува во тимско изведување на вежбите;

- Да се оспособува да помага и соработува со другите и да го почитува мислењето и потребите на другите;
- Да развива способности за конструктивно спречување и решавање на конфликти;
- Да развива способности за учество во донесување на колективни одлуки за решавање на проблеми;
- Да се оспособува за адекватна моторичка активност при слушања музика;
- Да развива способности за позитивно емоционално изразување низ игра и адекватни физички активности.

Во рамки на наставната програма по физичко и здравствено образование за I одделение зададени се шест теми, и тоа:

- Запознај се;
- Вежби за организирано поставување и движење;
- Вежби за оформување на телото и движењата;
- Основи на атлетиката;
- Основи на гимнастиката;
- Игри.

Специфичноста на наставниот програм по физичко и здравствено образование се состои во тоа што покрај горенаведените шест теми , зададени се и дополнителни наставни теми, подрачја кои се реализираат во договор со родителите. Тоа се изборни теми-подачја именувани како:

- Активности на вода;
- Активности на снег;
- Возење: тротинет; велосипед (со 2 или 3 тркала); ролери;

- Активности во природа: излети и пешачење;
- Училишен спорт;
- Спортски школи и проекти.

Во сите теми се проткајуваат предвидени активности и методи кои во голема мера во себе вклучуваат елементи на игровна активност. Примерите кои следуваат конкретно го прикажуваат овој став:

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по физичко и здравствено образование за I одделение.

- ***Тема:*** *Запознај се*

***Цел:*** *Да ги открие моторичките можности на рацете и нозете*

***Содржина:*** *Моето тело*

***Поим:*** *Движења со рацете и нозете*

***Активности и методи:***

- *Сами ги цртаат своите другарчиња во различни положби, откриваат какви движења можат да направат со рацете, прстите на рацете и нозете, движења со нозете, главата итн.;*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Учениците го запознаваат своето тело и разните моторички способности, преку користење разни постапки и илустрации;*
- *Цртаат делови од своето тело: плантограми, дланкограми и други делови од телото поврзани со определни движења;*
- *Во различните положби изведуваат вежби и други движења.*

- ***Тема:*** *Вежби за организирано поставување и движење*

***Цел:*** *Да ја развие моториката со насочено и контролирано движење во просторот*

***Содржина:*** *Поставување на учениците во мали групи во обележан простор*
***Поим:*** *Група*

***Активности и методи:***

- *Се групираат на обележан простор*

Активностите и методите во оваа тема се навистина во мал број и се однесуваат на неколку варијанти на вежби за организирано поставување и движење, според горенаведениот пример.

- ***Тема:*** *Вежби за оформување на телото и движењата*

***Цел:*** *Да ги зајакне моторичките елементи на локомоторниот апарат*

***Содржина:*** *Вежби за рацете*

***Активности и методи:***

- *Игри за развивање на ситната мускулатура: „Петкамен", Реди ситни коцки и други игри со коцки, групира семиња или други ситни предемти*

Во оваа тема главно се заедени повеќе примери на вежби во кои може да се поставаат елементи на игровна активност особено доколку тие се интегрираат со содржини од другите наставни предмети.

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби за симетричен развој и правилно држење на телото (посебни комплекси на вежби за спротиставување на предиспонираноста на учениците кон кифотичноста);*

- *Превентивни вежби за предиспонираноста на учениците кон определени телесни деформитети (кифоза, сколиоза);*
- *Моторички активности со хартија, сечење, собирање и средување на просторот итн.;*
- *За јакнење на ситната мускулатура на нозете учениците одат боси по трева и нерамен терен со песок и камчиња;*
- *При игрите учениците да го задржат правилното држење на телото особено да се избегнува кифотичната положба која е најчеста при играњето на учениците.*

- ***Тема:*** *Основи на атлетиката*

***Цел:*** *Да ја развива способноста на прецизно фрлање*

***Содржина:*** *Фрлање и дофрлања*

***Поим:*** *Цел за: фрлање, дофрлувања и префрлувања*

***Активности и методи:***

- *Штафетни игри со елементи на одење, трчање, скоксање, фрлање, прескокнување, дофрлување и префрлување.*

Понудените активности и методи во оваа тема се однсуваат на разновидни игри кои ќе ги поставaт учениците во активноа позиција на совладување на конкретни вештини и способности.

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби за правилна изведба на природните форми на движење;*
- *Одење и трчање во определен правец; одење на лево, на десно, напред, назад и сл., одење и трчање во природни услови; игри со имитација како оди мечката, брзање на училиште (брзо одење), како одат џуџињата, се враќам од училиште (бавно одење) итн.;*
- *Игри: возење со волан, трчање со вртелешка, криенка; прескокнување баричка и сл;*
- *Скоксање и потскокнувања;*
- *Разни игри со скокање топ-нозе, со една и друга нога, играње дама и скокање со јаже;*

- *Поскокнување од хоризонтален скок и доскок од висина со амортизација-доскокнување;*
- *Организирање игра-куглање со пластични топки и чунчиња.*

**Тема:** *Основи на гимнастиката*

***Цел:*** *Да ја развива рамнотежата, перцептивните и вестибуларните способности*

***Содржина:*** *Влечење и надвлекување, туркање*

***Активности и методи:***

- *Игри со надвлекување или влечење, туркање на предемти и сл.*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Учениците вежбаат правилно фаќање за справа (при што наставникот се грижи за безбедноста и заштитата при изведувањето на гимнастичките основни елементи);*
- *Елементарни и штафетни игри составени со совладани елементи.*

**Тема:** *Игри*

***Цел:*** *Да почитува правила на игра, да помага, соработува, комуницира и дисциплинирано да реализира поставени задачи*

***Содржина:*** *Елементарни игри*

***Поим:*** *Елементарни игри*
***Активности и методи:***

- *Игри: „Нека бие-нека бие“; „Лазење и провлекување меѓу предмети“; „Ние сме планинари“; „Ние сме пожарникари“;*

Тема „Игри“ сама по себе дава импулс за имплементација на игри, игровни активности во наставниот процес по предметот физичко и здравствено образование. Понудените игри во голема мера ги поттикнуваат различни аспкети

на физичкиот развој. Но мора да се забележи дека понудените активности и методи во оваа тема иницираат развој и на останатите аспекти, особено социо-емоционалниот аспект на развојот. При тоа структурата на понудените игри и активности нуди големи можности за нивно методско обликување и соодветна примена како би се овозможило достигнување на поставените цели.

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Разни игри според интересот на учениците, индивидуално и групно;*
- *Игровни натпревари;*
- *Сите игри се подготвени од изучени-совладани елементи;*
- *Играње елементарни игри, штафетни игри, игри без граници и слично;*
- *Танцови игри проследени со музика;*
- *Игри со користење тобогган, рипстол, меки душеци итн.*

## 1. 2 Анализа на наставната програма за II одделение

Наставната програма за II одделение од задожлителното деветгодишно воспитание и образование по својата структура е иста со наставната програма за I одделение. Тематски и содржински оваа програма оди во длабочина и оттука може да се забележи дека наставната програма е креирана по принцип на концентрични кругови. Наставните предмети опфатени во наставната програма за II одделение се следниве: Македонски јазик, Математика, Запознавање на околината, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование. Во продолжение следува анализа на главните специфики на одделните наставни предмети кои нудат можности за креирање на игровни активности во различни наставни содржини и цели.

- **Анализа на наставната програма по *македонски јазик* за II одделение во деветгодишното основно образование**

Во наставната програма по македонски јазик за II одделение се поставени цели на наставата кои се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да се поттикнува кон активно слушање;
- Да се оспособува за правилно артикулирање на вербалниот говор;
- Да ги усвои печатните и ракописнитекирилски букви;
- Да се оспособува за правилно читање и пишување;
- Да се запознае со основните говорни елементи (глас, збор и реченица);
- Да се оспособува за користење на елементарни граматички и правописни норми при читањето и пишувањето;
- Да формира навики за правилно седење при читањето о пишувањето;
- Да се воведува во народната и уметничката литературе од сопствената и другите култури;
- Да се воведува во структурирано усно и писмено изразување и творење;
- Да го збогатува речникот со нови зборови;
- Да се уаптува во основните барања за анализа на текстовите;

- Да се оспособува да користи компјутер во функција на предметот

Во наставната програма по македонски јазик за II одделение поставените програмски подрачја се разликуваат во однос на програмски подрачја во наставната програма од истиот предмет во I одделение. Програмското подрчаје слушање и говорење веќе не постои. Подготовка за почетно читање и пишување како програмско подрачје се заменува со почетно читање и пишување. Сосема ново е програмското подрачје јазик. Додека пак програмските подрачја литература, изразување и творење и медиумска култура се повторуваат во второто одделние, но се нуди развиена содржинска форма.

- Почетно читање и пишување;
- Јазик;
- Литература;
- Изразување и творење;
- Медиумска култура.

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по македонски јазик за II одделение.

Секое програмското подрачје оделно е податливо за осмислување, организирање и реализирање на игровни активности. Особено радува фактот што во категоријата на активности и методи за секое програмско подрачје се понудени можности за примена на игровни активности. При тоа се прави јасна дистинкција помеѓу игрите, игровните активности и вежбите. Се нудат игри со конкретни наслови, се укажува на потребата и целта од примената на одредена игровна активност и точно се определува за што треба да служи одредена вежба.

- ***Програмско подрачје:*** *Почетно читање и пишување*

***Цел:*** *Да се оспособува да одговара на прашања со целосна реченица и да поставува прашања*

***Содржина:*** *Прашања и одговори*

***Поим:*** *Прашање, одговор*

***Активности и методи:***

- *Вежби и игровни активности за одговарање на прашања за видено, слушнато и доживеано;*
- *Вежби и игровни активности за поставување прашања.*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Набљудување на предмети во училницата (да ги забележуваат нивните битни својства и намена), раскажување и опишување на истите;*
- *Вежби за воочување на реченицата во говорот;*
- *Вежби за воочување на зборови во реченицата како елементи на реченицата и како csмбол (име) за означување на суштества, предемети и појави (аналитичко-синтетички метод);*
- *Составување реченици по серија слики;*
- *Аналитичко-синтетички вежби за формирање на поимот за глас како елемент на зборот;*
- *Игра „На буква, на буква";*
- *Вежби за слободно цртање на елементите на буквите: исправена линија, легната линија, права исправена линија, коса линија на лево, коса линија на десно, долен полукруг, ле ви десен полукруг, круг во определен простор;*
- *Вежби за воочување на буквата како графички симбол на гласот и нејзино изговарање, правилен изговор и симултано воочување во зборот;*
- *Вежби за правилно пишување на големите и малите печатни букви;*
- *Вежби за пишување зборови и реченици со печатни букви;*
- *Вежби за читање на зборови и текстови од разни извори;*
- *Вежби за читање со проверување на сфаќањето и разбирањето на текстот;*
- *Вежби за отстранување на најчестите грешки при читањето (неправилно изговарање на зборови, неправилно акцентирање, испуштање на гласови и слогови, особено последниот, заменување на гласови и неправилно дишење);*
- *Вежби за навикнување на учениците за правилно дишење при читањето;*
- *Вежби за разликување на големите и малите букви во реченицата;*

- *Вежби за воочување на големата буква кај сопствените имиња и на почетокот на реченицата;*
- *Вежби за препознавање на интерпункциски знаци и нивна примена при читањето;*
- *Вежби за усвојување на малите и големите ракописни букви (графичка обработка) преку поединечно пишување и пишување зборови и покуси реченици;*
- *Вежби за правилно пишување и поврзување на буквите во зборот и во реченицата (аналитичко-синтетички метод со елелементи на глобалниот метод);*
- *Вежби за дополнување на испуштени букви во зборот и испуштен збор во реченицата;*
- *Вежби за препишување на текст (од ракописно на ракописно и од печатено на ракописно);*
- *Вежби за самостојно составување на реченици по дадени зборови, слики, предмети и сл.*

**Програмско подрачје:** Јазик (граматика)

**Цел:** Да се оспособува да разликува расказна, прашална и извична реченица и правилно да ги употребува

**Содржина:** Расказна, прашална и извична реченица

**Поим:** Расказна, прашална и извична реченица

**Активности и методи:**

- *Вежби и игровни активности за воочување и составување на прашални, расказни и извични реченици во усна и писмена форма според начИнот на искажување и според интерпункциските знаци*

**Останати понуди на активности и методи:**

- *Вежби и гровни активности за разликување на глас и шум;*
- *Препознавање н аглас во зборот, разликување, артикулација и правилно изговарање на гласот во зборот и аборот во реченицата;*
- *Корективни вежби за учениците кои неправилно изговараат одредени гласови;*
- *Вежби и игровни активности за составување правилни реченици по правилен зборoред во реченицата;*

- *Вежби за именување на лица, предмети, растенија и животни во реченицата;*
- *Вежби за правилно изговарање и пишување на броевите до 20 со зборови (интегрирано со математика);*
- *Вежби за делење на зборовите на слогови (усно и писмено) и пренесување на дел од зборот во друг ред;*
- *Вежби за разликување и правилно изговарање на гласовите и нивна правилна употреба при пишувањето;*
- *Вежби за употреба за голема буква на почетокот на реченицата ив о зборовите што означуваат лично име и презиме;*
- *Вежби за примена на интерпункциските знаци.*

**Програмско подрачје:** *Литература*

***Цел:*** *Да се оспособува за гласно читање, да се оспособува да разликува видови текстови; да се оспособува да чита по улоги ид а ја воочува темата и пораката на текстот*

***Содржина:*** *Изразно читање, текстови: проза, поезија (песна, стихотворба), драмски текст, поговорки, гатанки, брзозборки*

***Поим:*** *Песна, стихотворба, драмски текст, поговорка, гатанка, брзозборка*

***Активности и методи:***

- *Вежби за изразно читање и доживување на текстот;*
- *Вежби за откривање на темата и пораката;*
- *Прераскажување на прочитаното со свои зборови.*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби за воочување, препознавање и разликување на насловот на текстот, текстот, авторот, илустрациите и пронаоѓање на посочена страница;*
- *Вежби за разбирање и проверување на прочитаната содржина;*
- *Воочување на впечатлива карактеристика на некој лик и повикување на текстот;*
- *Вежби за читање на песна (стихотворба), воочување на строфите во песните;*
- *Учење напамет на песната или дел од неа;*
- *Вежби за правилно и разбирливо гласно читање;*

- *Вежби за воведување на читањето во себе и сфаќање на прочитаниот текст;*
- *Проверување на читањето во себе преку одговарање на поставените прашања;*
- *Запознавање на учениците со насловите на лектирните дела што ќе се обработуваат во второто полугодие;*
- *Упатување на учениците како да ги пронајдат и набават книгите;*
- *Мотивирање и упатување за самостојно читање на книгите.*

- ***Програмско подрачје:*** *Изразување и творење*

***Цел:*** *Да се оспособува да пишува честитки по повод одредени празници, родендени и сл.*

***Содржина:*** *Честитка*

***Поим:*** *Честитка*

***Активности и методи:***

- *Пишување честитки по повод одредени празници, родендени и др.*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби за слушање на други лица и за учество во разговор преку раскажување, прашања и одговори за определена тема, со користење на предемти, слики, аудитивни и аудиовизуелни средства;*
- *Прераскажување на познати содржини преку одговор на прашања и преку нивно слободно прераскажување;*
- *Вежби за поедноставно и слободно раскажување на доживеан настан во семејството, училиштето, околината, на излет, летување, зимување и сл., преку говорно-спонтано изразување и разговор со посложени барања и раскажување според низа слики, зададени зборови итн.;*
- *Вежби за опишување преку набљудување, воочување, откривање, забележување, со збогатување на речникот;*
- *Ортоепски (правоговорни) вежби преку рецитирање песна, драматизација на обработени песни;*
- *Писмено раскажување и прераскажување на настан, кус текст од буквар, читанка, списание, ТВ емисија и опишување на растение;*
- *Вежби за проверување и правилно пишување на буквите за гласовите: ц, ѕ, з, с, ч, џ, ш, ќ, ѓ, љ, њ, р.*

- ***Програмско подрачје:*** *Медиумска култура*

***Цел:*** *Да се оспособи за разговор преку телефон*

***Содржина:*** *Телефон (телефонски разговор)*

***Поим:*** *Телефон, телефонски разговор*

***Активности и методи:***

- *Вежби за користење на телефонот за примање и соопштување на информации*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Разговор за поттикнување за следење на образовни телевизиски содржин ии филмови со содржини соодветни на возраста;*
- *Посета на неколку театарски и куклени претстави во театар за деца и младинци и разговор за истите;*
- *Ги запознава рубриките во списанието, користи информации од него;*
- *Посета, запознавање, намена и користење на училишната библиотека;*

- **Анализа на наставната програма по *математика* за II одделение во деветгодишното основно образование**

Во наставната програма по математика за II одделение се поставени цели на наставата кои се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да се оспособува да одредува, именува и разликува предмети во форма на геометриски фигури;
- Да се оспособува да воочува и одредува односи меѓу предметите во непосредната околина;
- Да се оспособува да формира и графички да претставува множества;
- Да ги усвојува броевите до 20;
- Да формира претстава за поимот десетка;
- Да се запознае со операциите собирање и одземање до 20 и истите практично да ги применува во решавање на проблемски ситуации;
- Да се оспособува да врши процени во мерењето на величините и со мерење да ги проверува своите процени;
- Да се оспособува да мери време, должина и маса со стандардни мерни иснтрументи;
- Да се оспособува да користи пари (до 20 денари);
- Да се оспособува да прибира, калсифицира и споредува едноставни податоци;
- Да се оспособува да чита, презентира и интерпретира податоци;
- Да се оспособува да воочува проблемска ситуација од секојдневниот живот ид а наоѓа начини за нејзино решавање;
- Да се воведува во користење на ИКТ за содржини од математиката.

Во наставната програма по математика за II одделение поставените теми терминолошки и содржински се разликуваат во однос на темите во наставната програма од истиот предмет во I одделение. Во наставата по математика во второто одделение се реализираат теми со нови наслови. Темите во содржината се базираат на оние од предходното одделение, но истите се продлабочени и

проширени во однос на нивната тежина и обем. Поставените теми во наставната програма по математика за II одделение се вкупно пет, и тоа:

- Форми во просторот, форми во рамнината и односите меѓу нив (18 часа);
- Решавање на проблемски ситуации (19 часа);
- Броеви до 20.Собирање и одземање (84 часа);
- Мерење (15 часа);
- Работа со податоци (8 часа).

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по математика за II одделение.

Содржинската поставеност на сите теми во наставната програма по математика за II одделение полека се придвижува кон формирање на апстрактни поими и поттикнување на апстрактното размислување кај учениците. Но сепак се дава голема можност за примената на игровните активности како методски пристап во кој на ссодветен начин ќе се овозможи преминот од конкретно кон апсктрактно ниво размилсување. Тоа се потврдува со бројните примери на активности и методи во кои се зададени видови игри, игровни активност како можни насоки за реализација на поставените содржини.

- ***Тема:*** *Форми во просторот, форми во рамнината и односите меѓу нив*

***Цел:*** *Да ја одреди и вербално да ја искаже положбата на предемтите во нивниот меѓусебен однос со примена на соодветна терминологија*

***Содржина:*** *Односи меѓу предметите во околината*

***Поим:*** *Горе-долу, над-под, блиску-далеку, пред-зад, внатре-надвор-на, се допира, меѓу*

**Активности и методи:**

- *Игра „Продавница“ и сл. (поставува предемти во различни односи и ги менува нивните меѓусебни односи)*

**Останати понуди на активности и методи:**

- *Игра со конструктивен материјал, ги пронаоѓа и именува наведените геометриски тела;*
- *Воочува и именува предмети во форма на коцка, цилиндар, топка и ги споредува по големина и боја;*
- *Воочува и именува предемти во форма на конус, квадар и пирамида во непосредната околина;*
- *Прави училишна збирка на предмети во форма на геометриски тела. Според моделот од збирката воочува сродни предемти во околината;*
- *Со помош на стапчиња формира фигура на квадрат, триаголник и правоаголник;*
- *Црта со слободна рака, а потоа црта со помош на шаблон и ја воочува разликата помеѓу двата цртежи;*
- *Прави различни фигуре од апликации;*
- *Формира народна шара со геометриски форми (триаголник, круг, квадрат, правоаголник);*
- *Претставува со помош на конци, жица, стапчиња и друго различни линии;*
- *Игра „Воз“ (се движи по нацртана линија);*
- *Користи ИК технологија и ги покажува меѓусебните односи на предметите;*
- *Манипулира со предметите или играчки и го искажува односот лево-десно;*

- ***Тема:*** *Решавање на проблемски ситуации*

***Цел:*** *Да се оспособува да решава едноставни проблемски ситуации*

***Содржина:*** *Едноставни проблемски ситуации*

***Поим:*** *Пробле, решение*

**Активности и методи:**

- *Игра: го наоѓа „Скриеното богатство“ според ориентири нацртани на шема (на пр. коцки, топки, стапчиња, триаголници, цветови и сл.); го искажува својот пат до „скриеното богатство“ и потоа го црта својот изминат пат со означени линии (стрелки);*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Прави низа од предемти од геометриски фигуре и ја продолжува низата*
- *Составува сложувалки;*
- *Пронаоѓа соодветни парови, на пр. клучалка и клуч;*
- *Го дополнува елеметотшто недостатсува во шемата по логичен редослед;*
- *Патот на моето столче (од дрво до столче);*
- *Користи ИК технологија со соодветни активности;*
- *Ученикот искажува неверојатен, можен и секогаш можен настан на пр. игра со топка-може да стане фудбалер, но и не мора; никогаш не се игра фудбал со коцка; топката е секогаш тркалезна. Неверојатен настан е 3 метри < 20 центиметри;*
- *Распределува во вазна цветови со иста боја;*
- *Групира автомобилчиња според големина и боја;*
- *Групира логички плочки според три заеднички својства: големина, боја, форма;*
- *Црта множестваод триаголници, овошје и сл. и црта венов дијаграм;*
- *Од графички приказ на множества открива елементи што не припаѓаа на даденото множество;*
- *Формира унија од две и три множества и црта Венов дијаграм (на пр. круши, јаболка, сливи-овошје);*
- *Од множество на кругови и множество на коцки формира унија;*
- *Ги опишува и ги црта своите секојдневни активности наутро, напладне, навечер: зборува што ќе прави утре;*
- *Прави свој планшто ќе работи во сабота и го кажува на соучениците;*
- *Групира четири елементи (мал и голем круг, мал и голем правоаголник) на два до три различни начини;*
- *Ученикот прави едноставни фигуре по дадена шема од елементи на танграм;*
- *Гледа куќа од различни страни (напред, назад, страна...), ги согледува и ги искажува сличностите и разликите;*
- *Гледа некои геометриски тела од различни страни, го искажува тоа што го гледа и го црта со шаблон.*

- ***Тема:*** *Броеви до 20. Собирање и одземање*

***Цел:*** *Да се запознае со термините следбеник и предходник и да го разбира нивното значење*

***Содржина:*** *Предходник и следбеник*

***Поим:*** *Предходник и следбеник*

**Активности и методи:**

- Во игра со играчки, природни материјали и слично, одредува и вербализира следбеник и предходник на конкретен број

**Останати понуди на активности и методи:**

- Сликичките на домашните животни ги реди според брзината со која трчаат животните, користејќи редни броеви;
- Од дидактички материјал формира множества чиј број на елементи е 1, 2, 3, 4 или 5;
- Споредува два броја со помош на ИКТ и ги пишува знаците >, < и =;
- Манипулира со играчки и др. предемти и операции собирање и одземање симболички ги запишува: на пр. 2 топки плу 3 топки или 4 топки плус 1 топка и сл. секогаш резултатот е 5;
- Од 5 морковчиња 3 зајачиња изеле по едно морковче, останале 2 морковчиња;
- Учествува во изработка на цртеж за некој од броевите од 6 до 10 на големо пано, кое ќе биде истакнато во училницата повеќе денови;
- Користи домино за да ги покаже сите можни начини за претставување на одреден збир во рамките на првата десетка (6=4+2);
- Со дидактички материјал го илустрира комутативното својство на собирањето, како и врската меѓу собирањето и одземањето;
- Манипулира со предемети, собира и одзема со 10;
- Со дидактички материјал (коцки, стапчиња) претставува броеви од 11 до 20;
- Ги споредува и подредува во низа броевите од втората десетка;
- Игра во парови од ученици;
- Набројува предемти што секогаш се пар, на пр. пар чорапи, пар ракавици и сл.;
- Формира низа од непарни броеви почнувајќин а пр. од 3;
- Илустрира со стапчиеа, камчиња и др. материјали собирање и одземање до 20, одредува непознат собирок, намаленик и намалител и групира собироци;
- Користи дидактички материјали (коцки, плочки, стапчиња) за да разбере даден проблем и да состави броен израз и обратно, составува броен израз според дидактички модел;
- Формира броен израз за проблем даден со слика и обратно, црта слика за разбирање на даден проблем и состававување на броен израз;
- Игра на улоги која ја илустрира со броен запис;
- По играта ситуацијата ја илустрира со броен запис;
- Според даден цртеж ученикот составува броен израз;
- Работи со конкретни матријали (хартија и сл.), превиткува и сече една половина, една четвртина од парчето хартија (од едно цело);
- Бои половина од геометриска слика и сл.;

- ***Тема:** Мерење*

***Цел:** Да се оспособи да мери маса во килограми со помош на вага*

***Содржина:** Мерење маса*

***Поим:** Килограм (1 килограм), вага и тегови*

***Активности и методи:***

- *Практична активност: правиме тесто за моделирање раководејќи се според рецепт: 6 лажици брашно, 1 лажица масло и сл.*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Ученикот учествува во игри на споредување: една иста оддалеченост или растојание ја мерат повеќе ученици со педа, чекор и ги споредуваат добиените резултати;*
- *Ја мери училницата со метар и ја запишува должината-повторување;*
- *Мери должина на различни предмети (молив, гума и сл.) и ги споредува и илустрира добиените податоци со соодветни линии;*
- *Мери должина на прави линии (до 20 центиметри);*
- *Црта линии со определена должина (до 20 центиметри);*
- *Игри: На Пазар, Во супермаркет и сл.;*
- *Мери маса на два моркови, јабилка и сл. со раце, проценува полесно и потешко, а потоа проверува со мерење и сл.;*
- *Изготвува ценовник на најсаканите чоколади, гуми за џвакање и др.;*
- *Учествува во игри: Продавач купувач...до 20 ден;*
- *Ги запишува активностите кои ги изведува за време од еден час;*
- *Разговара за тоа во колку часот оди на училиште, во колку оди на спиење и сл.;*

- ***Тема:** Работа со податоци*

***Цел:** Да се оспособи за правење графички прикази на податоците*

***Содржина:** Собирање и средување податоци*

***Поим:** Табела*

***Активности и методи:***

- *Брои колку машки и колку женски има во одделението и податоците ги претставува со две групи коцки наредени една врз друга*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Собира податоци и ги внесува (ао лепење, боење) во готови табели (на пр. Колку ученици имаат сини, кафеави, зелени и црни очи? и сл...);*
- *Од сликовит приказ на омилени јадење наредени по хоризонтал и вертикала ги „чита" податоците: Кое јадење е најомилено?*

- **Анализа на наставната програма по *запознавање на околината* за II одделение во деветгодишното основно образование**

Во наставната програма по запознавање на околината за II одделение се поставени цели на наставата кои се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да ги проширува сознанијата за непосредната околина ид а ја сфаќа поврзаноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- Да се оспособува за набљудување, опишување, споредување на предемтите и појавите и односите меѓу луѓето;
- Да разликува жива од нежива природа ид а ја открива нивната меѓусебна поврзаност;
- Да ги разликува годишните времиња и промените во природата;
- Да се оспособува да учествува во донесување и почитување на правила за заедничко живеење во домот, училиштето и во пошироката средина;
- Да се вклучува активно во решавање проблеми и да стекнува самодоверба;
- Да умее да распознава, да разбира и да искажува различни емоции;
- Да се грижи за своето здравје и за средината во која живее и учи;
- Да ги запознава и применува правилата за заштита од повреди и од други опасности;
- Да го проширува знаењето за сообраќајните правила и да развива култура на однесување во сообраќајот;
- Да развива чувство на припадност кон својата татковина;
- Да ја сфати потребата од договарање, помагање и соработка со другите и да развива другарство, толеранција, хуманост и одговорност;
- Да запознава обичаи и празници од својата култура и културата на другите заедници во Република Македонија;
- Да се ориентира и снаоѓа во просторот и времето;
- Да учествува во едноставни истражувања;

- Да развие интерес и желба за доаѓање до нови сознанија за околината со користење различни извори за учење и ИКТ.

Во рамки на наставната програма по запознавање на околината за II одделение зададени се седум теми. Дел од нив се исти со темите од наставната програма по запознавање на околината за I одделение и претставуваат продлабочување на содржините, но некои од нив се сосема нови.

- Јас со другите (14 часа);
- Животот и работата во училиштето (14 часа);
- Моето место (12 часа);
- Мојот дом (14 часа);
- Јас сум дел од природата (28 часа);
- Јас истражувам (16 часа);
- Сообраќај (10 часа).

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по запознавање на околината за II одделение.

Сите понудени теми по својата содржина, структура и форма иницираат конкретно размислување кај учениците. Нивната реализација може да се оствари преку практични примери,конкретни предмети и игровни активности.

- ***Тема:*** *Јас со другите*

***Цел:*** *Да спознава дека секој има свое мислење/различно или исто со другите*

***Содржина:*** *Имам свое мислење и го почитувам мислењето на другите*

***Поим:*** *Почитување на другото мислење*

**Активности и методи:**

- *Разговори и ситуациони игри на дадена тема за изнесување на своето мислење*

**Останати понуди на активности и методи:**

- *Учениците меѓусебе се прашуваат и добиваат информации за тоа кој што сака, што умее и што знае, потоа идентификуваат дека по нешто се слични, а по нешто различни;*
- *Разговори за животот на човекот како процесс (раѓање, детство, младост, старост);*
- *Разгледување фотографии и раскажување за своето семејство (мајка, татко, баба, дедо во различни периоди од животот);*
- *Разговори за правилата во некоја игра, донесување правила за однесувањето и други правила што ги познаваат во домот, зградата, населбата во одделението и во училиптето;*
- *Запознавање на основните детски права преку активности (работилница за детски права, разговори, игри, цртање и сл.)*

**Тема:** *Животот и работата во училиштето*

**Цел:** *Да развива чувство за меѓусебно почитување, помагање, соработка*

**Содржина:** *Животот и работата во училиштето*

**Поим:** *Почитување, соработка, одговорност, праведност, приватност*

**Активности и методи:**

- *Игри на улоги. Работилници за одговорност, праведност и приватноста. Работа во групи. Секоја група добива задачи: да изработи правила за чување на опремата во училницата за одрување на хигиената во училницата; за полевање на цвеќиња. Групите водат дневник: Што направивме денес?*

**Останати понуди на активности и методи:**

- *Работилница на тема: какво сакам да биде моето училиште?*
- *Разговор за чувањето на училишниот прибор и ученичкиот прибор, користење, позајмување;*

- *Разговор за празниците, учество во одбележувањето на значајните државни и верски празници, изработка на календари на празниците*

- ***Тема:*** *Моето место*

***Цел:*** *Да се запознава со позначајните природни убавини*

***Содржина:*** *Македонија-мојата татковина*

***Поим:*** *Планини, езера, реки*

***Активности и методи:***

- *Изработка на албум ии паноа, примена на ИКТ, разгледување на ЦД „Убавините на Македонија"*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Прошетки, набљудување, разговори за околината, изработка на албум со фотографии од своето место на живеење, примена на ИКТ;*
- *Прошетки и разговори во непосредната околина;*
- *Посета на објекти и разговор со вработените;*
- *Цртање објекти;*
- *Прибирање на податоци за знаменити настани со помош на возрасните;*
- *Читање легенд, слушање народни песни и ора (од својата и другите етнички заедници);*
- *Организирани посети и работилници;*
- *Разговори, собирање и разгледување на проспекти, разгледници, фотографии.*

- ***Тема:*** *Мојот дом*

***Цел:*** *Да знае како да се заштити, да го научи телефонскиот број на пожарна, полиција*

***Содржина:*** *Заштита од елементарни непогоди*

***Поим:*** *Пожар, поплава, земјотрес*

***Активности и методи:***

- *Симулирање ситуации како се постапува при елементарни непогоди, повикување нап ожарникар и др. активности за заштита*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Разгледување на семјни албуми, разговори, цртање на семејно стебло;*
- *Посета на семејството, посета на дом за деца без родители;*
- *Изработка на албум на просториите во домот, разговор и именување;*
- *Цртање на омилена просторија во домот;*
- *Разгледување на мали куќни апарати во игровните катчиња, разговор за нивната примена и начините како да ги избегнуваат можните опасности-истражувачки активности; пано-моите обрвски, дома, цртање, примена на ИКТ;*
- *Работилница: Опасни игри;*
- *Симулирање ситуации како се постапува при елементарни непогоди, повикување нап ожарникари и др. активности за заштита;*
- *Разговор на тема: како ја одржувам личната хигиена и хигиената во домот, прибор за лична хигиена;*
- *Играње на улоги родово нестереотипна поделба;*
- *Примена на ИКТ;*
- *Работилница на тема: Што е здравје?*
- *Дискусија за прослави на празници во домот и за посетите на роднини и пријатели, играње улоги, цртање;*
- *Работилница за правење подароци;*
- *Работилница на тема: Како сакам да го користам своето слободно време.*

- ***Тема:*** *Јас сум дел од природата*

***Цел:*** *Да распознаваат и именуваат различНи зеленчуци ид а знае како ги користи човекот*

***Содржина:*** *Во зеленчуковата градина*

***Поим:*** *Зеленчук*

***Активности и методи:***

- *Истражувачки активности за набљудување на зеленчуковата градина, истражување на особините на зеленчукот (големина, форма, боја, вкус,*

*мирис, кој зеленчук се јаде свеж, зготвен). Секој покажува различен вид на зеленчук и може да направат книга за зеленчук, рецепти, постер.*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Истражувачки активности со вода, песок, камен;*
- *Ученикот/ученичката набљудува, открива, разликува живи организми во околината;*
- *Разговори за живите организми за тоа како се хранат, како живеат и нивната зависност од неживата природа;*
- *Прошетка, набљудување на цветна градина, поле, ливада, шума и набљудување на различни видови растенија во нивната природна средина, разговор на тема за значењето на растенијата за човекот;*
- *Садење и одгледување украсни цветни растенија, во сандачиња, саксии и во градината во дворот на училиштето;*
- *Истражувачки активности за набљудување на овојшјето во овошната градина (боја, големина, мирис, вкус), истражувачки активности (што ќе се случи: ако плодот се стави во топла-ладна вода, кога ќе се пресече на половина). Секој покажува различен вид на овошје и може да направат книга за овошје, рецепти, постер;*
- *Набљудување на блиската околина во различни годишни времиња; согледување на сличности и разлики помеѓу зимзелените и листопадните дрвја, илустрирање;*
- *Посета на фарма; гледање филм за животот на животните, разгледување на слики, сликовници, енциклопедии за домашн ии диви животни; читање басин, гатанки, правење на албуми, примена на ИКТ;*
- *Набљудување на времето во текот на целата година;*
- *Откривање на позначајните одлики на годишните времиња (есен, зима, пролет, лето); воочување на промените во природата (сончево, топло, врнежливо, облачно); водење на календар на времето; разговор на тема како се облекуваме во различно годишно време; посета на метеролошка станица, слушање на временска прогноза; примена на ИКТ;*
- *Изработка на седмичен календар на времето, изработка на дневен распоред на активности и објаснување на активностите;*
- *Истражувачки игри: Што откривам со моите сетила (допир, мирис, вид, слух, вкус);*
- *Моите посети во амбуланта.*

- ***Тема:*** *Јас истражувам*

***Цел:*** *Да ги открие изворите на светлина и да знае да се заштити од директна сончева светлина*

***Содржина:*** *Светлина*

***Поим:*** *Светлина, темнина, сенка*

***Активности и методи:***

- *Истражувачки игри-Истражување на својствата на светлината (извори на светлина), бојата на светлината, пропуштање на светлината низ различни предемти (виножито). Прави сончев часовник*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Истражувачки игри со различни материјали кои можат да се виткаат, обликуваат, прават фигуре, оригами, слики, кукли, честитки, комбинираат различни материјали во една целина;*
- *Истражувачки игри-Откривање на својствата на водата (боја, мирис);*
- *Истражувачки игри-откривање на својствата на воздухот (боја, мирис, тежина, притисок), движење на воздухот-ветер, изработка на вртелешка од хартија;*
- *Разгледување на различен употребен материјал, негово комбинирање: правење на честитки, украси, кукли, играчки, маски, изработка на разни предемти од кутии, стари весници, пластични чашки, корпи од јајца, фолија, кутија од тетрапак и др., изработка од разни видови на коноп, волница, стари ЦД-а, филмови, стиропор и др.*

- ***Тема:*** *Сообраќај*

***Цел:*** *Да знае правилно и бебзедно да се движи*

***Содржина:*** *Движење на улица, пат, место за игра во училиштето*

***Поим:*** *Улица, пат, место за игра*

***Активности и методи:***

- *Симулација на движењата по улицата, патот и местото за игра во училишен двор, полигон;*
- *Работилница на тема: Каде и како смеам да ја преминам улицата*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Набљудување и идентификување на сообраќајни знаци на слики, сладови, амекти, филмови и др.;*
- *Цртање, моделирање и изработка на сообраќајни знаци од разни материјали;*
- *Симулирање во училишен двор, полигон на игри за препознавање и почитување на сообраќајните знаци;*
- *Набљудување на крстосница;*
- *Симулација во училишен двор, полигон;*
- *Вежби за преминување накрстосница;*
- *Илустрации, цртање, гледање слајдови, слики, примена на ИКТ и др.;*
- *Цртање, боење, моделирање на сообраќајните средства (велосипед, ролери, тротинет).*

- **Анализа на наставната програма по *музичко образование* за II одделение во деветгодишното основно образование**

Во наставната програма по музичко образование за II одделение се поставени цели на наставата кои се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да развива правилен пејачки став (седење, држење, дишење);
- Да развива навика за култивирано пеење (умерено пеење без гримаси, дигање на рамена и викање);
- Да се оспособува да пее песни со разновидна ритмичко-мелодијска линија;
- Да се оспособува за активно слушање на музиката;
- Да препознава музика од различни инструменти;
- Да ги памети, повторува и користи движењата во музичко-ритмичките активности;
- Да го идентификува и употребува ритамот;
- Да се запознае со некои детски музички инструменти и да свири со нив;
- Да создава интерес за изведување на звучни ефекти, спонатни импровизации на кратки музички мотиве и др.;
- Да се воведува во музичкото творештво;
- Да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

Во рамки на наставната програма по музичко образование за II одделение зададени се шест теми кои треминолошки и со фондот на часови се идентични со наставната програма по музичко образование за I одделение, Содржините во рамки на секоја тема се продлабочени и проширени во споредба со содржините од наставната програма по музичко образование за I одделение.

- Пеење (20 часа);
- Музика и движење (25 часа);
- Слушање музика (12 часа);

- Свирење на детски музички инструменти (4 часа)
- Основи на музичката писменост (3 часа)
- Основи на детското музичко изразување и творење (8 часа)

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по музичко образование за II одделение.

- ***Тема:*** *Пеење*

***Цел:*** *Да стекнува навика правилно да го држи телото при пеење*

***Содржина:*** *Правилен став при пеење*

***Поим:*** *Глас*

***Активности и методи:***

- *Вежби за правилно пеење, држење на телото, вежби за дишење; (да пее без напрегање, умерено, без гримаси, дигање на рамената, без викање и др.);*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Изведба на бројалки и брзозборки соточен ритам и јасна дикција (пр. бројалки и брзозборки познати на учениците);*
- *Пеење песни различни по содржина и карактер (пр. пее песни за годишни времиња, детски песни, народни песни и др.);*
- *Пеење песни различни по содржина и карактер (до две строфи со опсег c1 (d1) - a1).*

- ***Тема:*** *Музика и движење*

***Цел:*** *Да се поттикнува за учество во елементарни музички драматизации*

***Содржина:*** *Елементарни музички драматизации (со користење на танц и пантомима)*

***Поим**: Пантомима*

***Активности и методи:***

- *Учество во елементарни музички драматизации на песна или инструментална композиција по избор (пр. драматизација на приказната за цвеќињата на музиката „Валц на цвеќињата" од П. И. Чајковски; приказна за јавачот на музиката „Дивиот јавач" од Р. Шуман и сл.)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Комбинирање на чекорења и потскокнувања (со промена на темпо, правец на движење, различни видови на престројување);*
- *Учество во музички игри;*
- *Изведба на едноставни танци и ора.*

- ***Тема:** Слушање музика*

***Цел:** Да слуша и препознава звуци на одредени музички инструменти*

***Содржина**: Слушање музички фолклор (народни песни и ора од својата етничка заедница и од другите заедници)*

***Поим**: Народна песна и оро*

***Активности и методи:***

- *Запознавање на звучноста на музичките инструменти преку слушање на музички дела или рагменти (пијано, виолин, гајда, тамбура, тапан, кавал)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Слушање класична музика (Моцарт „Мала ноќна музика" и став - фрагмент);*
- *Слушање музика за деца (Т. Прошев – композиции од „Музичка сликовница", В. Николовски – композиции од „Младински албум");*
- *Песнички од детски фестивали;*
- *Народна музика (песни и ора од различни етнички заедници на Македонија и до светот).*

- ***Тема:*** *Свирење на детски музички инструменти*

***Цел:*** *Да се запознае со начин на свирење на одредени детски музички инструменти*

***Содржина:*** *Свирење на детски ритмички инструменти*

***Поим:*** *Ритам, имиња на детски музички инструменти (кои се користат во училиштето), придружба*

***Активности и методи:***

- *Изведба со детски ритмички инструменти (стапчиња, тропалки, чинели, барабанче, тријангл) (пр. повторува кратки ритмички мотиви)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Свирење на детски ритмички инструменти направени од природни материјали;*
- *Едноставна придружба на позната песна со ДМИ.*

- ***Тема:*** *Основи на музичката писменост*

***Цел:*** *Да ги препознава еднакви, подолги и пократки траења*

***Содржина:*** *Визуелно графичко претставување на ритам*

***Поим:*** *Еднакво, долго, кратко*

***Активности и методи:***

- *Препознавање на еднакви, долги и кратки траења преку: предмети, слики и едноставни графички симболи*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Препознавање на високи и киски тонови преку музички примери и музички игри.*

- ***Тема:*** *Основи на детското музичко изразување и творење*

***Цел:*** *Да покажува спремност за тимско работење*

***Содржина:*** *Ликовно изразување на впечатоците од слушната музика*

***Активности и методи:***

- *Учество во активности преку ликовно изразување на впечатоците од слушната музика*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Самиот ученик/ученичка на обработена песна или музички пример создава сопствена кореографија со движење на своето тело, измуслување на чекори и движења со рацете;*
- *Креативно изразување и творење на слушнатите песни и музичките примери од различни стилови и жанрови (на пр. Т. Прошев „Музичка сликовница“, новогодишни и божиќни песни, популарна музика итн);*
- *Учество во активности во кои учениците наместо да одговараат со зборови одговараат со пеење.*

- **Анализа на наставната програма по *ликовно образование* за II одделение во деветгодишното основно образование**

Во наставната програма по ликовно образование за II одделение се поставени цели на наставата кои се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да запознава нови зборови и термини кои се користат во наставата по ликовно образование;
- Да применува разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, градење и визуелни комуникации во ликовното изразување;
- Да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;
- Да се оспособува да направи избор на идеја, активност и средства ид а состави ликовна творба;
- Да умее да искажува различни емоции преку ликовно изразување;
- Да развива културно-хигиенско-технички и работни навики;
- Да развива потрба за чување и облагородување на својата околина;
- Да умее вербално да ја објасни ликовната творба;
- Да се запознава со културното наследство од различни етнички заедници;
- Да се запознава со компјутерската техника за цртање линии и разни форми.

Во рамки на наставната програма по ликовно образование за II одделение зададени се пет теми. Три од нив се идентични со наставната програма по ликовно образование за I одделение, а пак двете теми: моделирање и обликување и ликовни истражувачки активности се заменети со сосема нови теми под наслов: обликување во просторот, моделирање и градење и визуелни комуникации и дизајн. Се забележува и разлика, поточно зголемување на фондот на часови за секоја тема.

- Цртање (ориентационо 20 часа);
- Сликање (ориентационо 28 часа);
- Обликување во просторот, моделирање и градење (ориентационо 6 часа);
- Печатење (ориентационо 6 часа);
- Визуелни комуникации и дизајн (ориентационо 8 часа).

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по ликовно образование за II одделение.

Наставата по ликовното образование во второ одделение според фондот на часови е доволно застапена. Таа исто така е иновирана со две современи теми во рамки на наставниот предмет, а со тоа се очекува и примена на посовремена методика во реализацијата на содржините.

- ***Тема:*** *Цртање*

***Цел:*** *Да помни и преименува контурна линија*

***Содржина:*** *Цртање*

***Активности и методи:***

- *Црта по набљудување, помнење и фантазија*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *При прошетки ја набљудува и запознава непосредната околина и ги забележува нејзините ликовни карактеристики (контури, линии, форми, големини и др.);*
- *Забележува детали и ги претставува во просторот (пред-зад, горе-долу, лево-десно);*
- *Црта линии со различна дебелина, правец, интензитет и прецизност и ги применува во ликовна целина;*

- *Црта со различни моливи (ХБ, Б1 до Б12), набљудува и заклучува со каков интензитет, прецизност и квалитет е линијата, зависно од моливот што се користи;*
- *Истражува со различни материјали по различни ликовни подлоги (песок, снег, стара хартија и сл.);*
- *Црта контурна линија;*
- *Учествува во цртање на групен цртеж;*
- *Црта шара од народен вез;*
- *Црта по свој избор.*

- ***Тема:*** *Сликање*

***Цел:*** *Да ги применува сликарските техники*

***Содржина:*** *Сликање*

***Активности и методи:***

- *Споредува трагиц што сликарските бои ги оставаат на разновидни подлоги*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Низ прошетка го набљудува, воочува и забележува богатството на боите во природата;*
- *Го подготвува просторот каде ќе слика (со стара хартија, мушама и др.), врши избор на четки, а по користењето на приборот самостојно го мие и го враќа на место;*
- *Бои со различни четки и ги открива нивните својства;*
- *На подлоги од хартија (различни по форма, големина, боја, дебелина) слика со бои;*
- *Директно слика со четки и бои и со пастел без предходно да го црта мотивот со молив;*
- *Слика на темна подлога со светли бои и тонови (применува контраст);*
- *Истражува и самостојно заклучува како се добиваат секундарните бои (портокалова, виолетова, злена);*
- *Вежби за ракување со ножици и користење лепак;*
- *Изработува композиција со колаж по сопствена замисла;*
- *Слободно ги користи ликовните материјали, игра, експериментира и коминира по сопствена фантазија;*
- *Воочува во непосредната околина цонтраст на светло и темно;*
- *Слика по доживеано;*
- *Го воочува значењето на боите и индивидуално креативно ги применува во комбинација со форми, текстури и др.;*
- *Изработува дезен за предемт што се користи во секојдневието;*
- *Посетува ликовна изложба во училиштето и во други ликовни институции.*

- ***Тема:*** *Обликување во просторот, моделирање и градење*

***Цел:*** *Да се оспособува за моделирање*

***Содржина:*** *Основни средства за моделирање*
***Активности и методи:***

- *Истражува со ликовните материјали со постапки на додавање, одземање, втиснување, длабење...*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Моделира со глина, глиномол, пластелин, тесто, едноставни форми од природата;*
- *Моделира едноставни форми (топка, коцка, плодови, чинија и др.);*
- *Обликува сложени форми (сообраќајни средства и др.);*
- *Моделира разни форми со различна големина и волумен (мајка со дете, сообраќајни средства, кокошка и пилиња и др.);*
- *Моделира со глина геометриски форм ии ги компонира во ликовна целина;*
- *Обликува и конструира разни макети со разновиден материјал (училиште, мој дом, селски двор, мојата населба, сообраќај и сл.) и изразува надворешен простор;*
- *Комбинира и составува со разни предемти и изразува внатрешен простор (мојата училница, мојата соба);*
- *Изработува разни форми со каширање.*

- ***Тема:*** *Печатење*

***Цел:*** *Да печати со природни материјали и да заклучи дека може да се повтори истата форма (ритам)*

***Содржина:*** *Основни материјали печатење*

***Поими:*** *Печатење*

***Активности и методи:***

- *Истражува со печатење при што со повторување на истиот отпечаток со користење на ритам добива шара (декорација)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Избира предемети и природни материјали: листови од растенија, плодови, школки, бои, подлоги и печати со нив;*
- *Изработува шаблон за картон печат и се запознава со процесот на печатење;*
- *Самостојно изработува монотипија;*
- *Креативно ја доработува монотипијата со боење.*

- ***Тема:*** *Визуелни комуникации и дизајн*

***Цел:*** *Да открива дека предемтите во неговото опкружување имаат употреблива и практична функција и естетски се обликувани*

***Содржина:*** *Дизајн*

***Активности и методи:***

- *Изработува дезен (шара) за текстил (чаршаф, салфетка, тапет, шалче)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Декорира предмети (чаршаф, салефтка, тапет, шалче);*
- *Декорира разни украсни предемти при што внесува ритам и колорит (чаши, чинии, украси);*
- *Изработува новогодишни украсни предемти од разни амбалажи;*
- *Изработува оригами;*
- *Декорира предемти за секојдневна употреба;*
- *Изработува украсни предемти (наките, новогодишни украси);*
- *Декорира амбалажа;*
- *Го користи компјутерот за изработка на шара.*

- **Анализа на наставната програма по *физичко и здравствено образование* за II одделение во деветгодишното основно образование**

Поставените цели на наставата во наставната програма по физичко и здравствено образование за II одделение се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да се оспособува за правилно држење на телото преку соодветни вежби;
- Да увежбува и изведува правилни и координирани природни движења со рацете, нозете и другите делови на телото за оптимална функција на локомоторниот апарат;
- Да совладува нови моторички елементи од основите на атлетиката и гимнастиката;
- Да развива осет за ритам при изведување на игри и танци;
- Да ги знае и почитува правилата на одредени игри;
- Да ја развива моторичката координација и ориентација во просторот;
- Да се поттикнува да учествува во тимско изведување на вежбите и игрите;
- Да се поттикнува да учествува во активности по свој избор.

Во рамки на наставната програма по физичко и здравствено образование за II одделение зададени се пет теми, односно една тема помалку во споредба со наставната програма по физичко и здравствено образование за I одделение, а тоа е темата запознај се.

- Вежби за организирано поставување и движење;
- Вежби за оформување на телото и движењата (се изведуваат на секој час);
- Основи на атлетиката;
- Основи на гимнастиката;
- Игри.

Покрај редовната програма може да се реализираат и наставни теми-подрачја во договор со родителите, а тоа се:

- Пливање;
- Активности на снег;
- Возење тротинет, велосипед, ролери;
- Активности во природа: излети и пешачења;
- Училишен спорт;
- Спортски школи и проекти.

(Овие наставни теми се реализираат според посебна програма на ниво на училиштето и се реализираат според утврдени стандард ии во зависност од интересите и можностите на родителите).

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по физичко и здравствено образование за II одделение.

- ***Тема:** Вежби за организирано поставување и движење*

***Цел:** Да се оспособува да одржува растојание во колона и редица*

***Содржина:** Движење во колона*

***Активности и методи:***

- *Учениците се движат по линии обележани во сала, игралиште-отворен терен по кој го одржуваат правецот на движењето;*
- *Изведуваат игри воз, движење, колони автомобили, птици и сл.;*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Учениците се поставуваат: во една редица; во две редици; во колона по еден и двајца ученици и се движат во колона по еден и двајца; трчање право и кружно;*

- *Учениците се групираат во помали групи за изведување на моторички движења и вежби со одредени правила на игра;*
- *Изведување активности во обележан простор со мали групи.*
- ***Тема:** Вежби за оформување на телото и движењата*

***Цел:** Да се поттикнува да изведува вежби сообразно со определен ритам и темпо*

***Содржина:** Посебни комплекси на вежби со превентивно влијание за телесните деформитети*

***Активности и методи:***

- *Вежби за симетричен развој и правилно држење на телото*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби за оформување на телото и движењата;*
- *Превентивни вежби за предиспонираноста на учениците кон определени телесни деформитети (кифоза, сколиоза).*

- ***Тема:** Основи на атлетика*

***Цел:** Да го увежбува правилното одење и трчање*

***Содржина:** Одење со промена на ритамот, долги и кратки чекори (бавно, умерено и брзо)*

***Поими:** Бавно, умерено, брзо движење*

***Активности и методи:***

- *Активности и штафетни игри со одење и трчање во определен правец; одење на лево, на десно, напред, назад, одење и трчање во природни услови; игри со скокања и потскокнувања, топнозе, со една и друга нога; пр. играње дама*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Разни видови скокањасо јаже;*
- *Доскокнувањето на мека подлога;*
- *Фрлање топче во далечина, цел и во кош;*

❖ *Префрлување топка преку ниска мрежа со погодување на цел.*

⚓ ***Тема:*** *Основи на гимнастиката*

***Цел:*** *Да увежбува правилно лазење и тркалање околу надолжната оска на лева и десна страна*

***Содржина:*** *Тркалање (преку надолжната оска на телото во една и друга страна)*

***Поими:*** *Тркалање, клацкање, дигање*

***Активности и методи:***

❖ *Лазење низ жив тунел, лазење во парови, лазење во колона*

***Останати понуди на активности и методи:***

❖ *Носење и изведување на основните гимнастички елементи (со внимание на оптовареноста на ученикот при изведување на оптешките елементи);*
❖ *Игри со одење, трчање, носење, пренесување, лазење, качување, тркалање и сл. со посебен аццент за умерена оптовареност.*

⚓ ***Тема:*** *Игри*

***Цел:*** *Да се поттикнува да учествува во игри*

***Содржина:*** *Елементарни игри*

***Активности и методи:***

❖ *Игри во кои се развива желбата за победа, натпреварувачкиот дух, способности за придонес во екипата, помагање и навивање*

***Останати понуди на активности и методи:***

❖ *Играње елементарни игри, штафетни игри, игри без граници и сл.*
❖ *Танцови игри проследени со музика.*

## 1. 3 Анализа на наставната програма за III одделение

Наставната програма за III одделение од задожлителното деветгодишно воспитание и образование има иста структура со наставната програма за I и II одделение. Во оваа наставна програма постои тенденција на тематско и содржинско продлабочување. Наставните предмети опфатени во наставната програма за III одделение се идентични како и во предходните две одделенија и тоа: Македонски јазик, Математика, Запознавање на околината, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование. Во продолжение ги анализираме позначајните сегменти на одделните наставни предмети кои даваат можности за креирање на игровни активности во различни наставни содржини и цели.

- **Анализа на наставната програма по *македонски јазик* за III одделение во деветгодишното основно образование**

Во наставната програма по македонски јазик за III одделение се поставени цели на наставата кои се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да се оспособи да чита и пишува текст со печатни и ракописни латински букви;
- Да користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- Да препознава именки, придавки, главни и редни броеви и глаголи ид а ги разликува како видови зборови;
- Да се оспособува за користење на елементарни граматички и правописни норми при читањето и пишувањето;
- Да се оспособува да чита и прераскажува усно писмено литературни дела од уметничката и народната литература соодветна на возраста;
- Да се оспособува да раскажува усно и писмено на литературен јазик;
- Да се оспосбува да учествува во разговор преку активно вклучување и самостојно искажување на своите доживувања чувства и факти;
- Да го збогатува речникот со нови зборови;

- Да развива чувство на припадност кон својата и почит кон другите култури;
- Да се поттикнува да следи содржини од различни медиуми и да пренесува кратки информации за нив;
- Да се оспосбува за примена на ИКТ во функција на предеметот.

Во наставната програма по македонски јазик за III одделение поставените програмски подрачја не се разликуваат многу во однос на програмски подрачја во наставната програма од истиот предмет во II одделение. Речиси сите програмски подрачја терминолошки се идентични. Кај првото програмско подрачје се додава латиница како дообјаснување на акцентот на почетното читање и пишување, во второто рограмско подрачје именувано како јазик се дообјаснува дека акцентот се ставе на граматиката и во третото програмско подрачје кое досега беше именувано како литература, сега се дополнува и се именува како читање литература и лектира.

- Почетно читање и пишување (латиница);
- Јазик (граматика);
- Читање литературе и лектира;
- Изразување и творење;
- Медиумска култура.

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по македонски јазик за III одделение.

Како и во предходните две одделненија, така и во третото одделение сите програмски подрачја од наставната програма по македонски јазик нудат содржини кои се податливи за осмислување, организирање и реализирање на разни видови игровни активности. Понудените активности и методи главно се

однесуваат на разновидни вежби за одредена содржина. Оваа проблематика анализирана од општа дидактичко-методска страна укажува на можноста тие да бидат одлична основа за креирање на игровни активности со што монотонијата во наставата по однос на примена исклучиво на вежби би се надминала.

- ***Програмско подрачје:*** *Почетно читање и пишување (латиница)*

***Цел:*** *Да се запознае со редот на буквите во азбуката*

***Содржина:*** *Азбука*

***Поим:*** *Азбука*

***Активности и методи:***

- *Вежби за вочување на разликите и сличностите помеѓу буквите на македонската кирилица и македонската латиница*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби за кажување на буквите по азбучен ред;*
- *Вежби за читање на зборови и текст и нивно поврзување во реченицата;*
- *Вежби за читање со разбирање на текстот;*
- *Вежби за пишување на зборови на латиница за усовршување на пишувањето печатни букви на латиница;*
- *Вежби за употреба на малите и големите ракописни латински букви преку поединечно пишување и пишување на зборови и куси реченици;*
- *Вежби за правилно пишување и за поврзување на буквите во зборот ив о реченицата.*

- ***Програмско подрачје:*** *Јазик (граматика)*

***Цел:*** *Да ги препознава помалите делови на реченицата (збор, слог и глас)*

***Содржина:*** *Збор во реченицата, слог и глас во зборот*

***Поим:*** *Збор, слог, глас*

***Активности и методи:***

- *Синтетички вежби за сосатвување на зборови со помош на дадену слогови и гласови.*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби за составување реченици по правилен редослед на зборовите во речениците;*
- *Вежби за воочување и составување на прашални, расказни и извични реченици во усна и писмена форма според начинот на искажување ис поред интерпункциските знаци;*
- *Вежби за разликување и употреба на потврдна и одречна реченица;*
- *Вежби за определување на бројот на зборовите во реченицата;*
- *Вежби за определување на бројот слоговите во зборот;*
- *Вежби за определување на бројот на гласовите во зборот;*
- *Вежби за разликување на општите и сопствените именки од другите зборови;*
- *Пишување реченици со дадени именки со почитување на категориите род и број;*
- *Вежби за разликување на придавките од другите видови зборови, без нивна поделба на видови (описни, материјални ит.н.);*
- *Вежби за правилна употреба на придавките во реченицата;*
- *Вежби за разликување на броевите од другите зборови;*
- *Вежби за разликугвање на простате од редните броеви;*
- *Вежби за правилно пишување на редните броеви (особено оние што завршуваат на -т);*
- *Вежби за усвојување на глаголите како видови зборови и нивно разликување од останатите зборови во реченицата и во текстот;*
- *Вежби за употреба на голема буква при пишување на сопствените имиња;*
- *Вежби за препознавање и примена на интерпункциски знаци.*

- ***Програмско подрачје:*** *Читање литература и лектира*

***Цел:*** *Да се оспособува за самостојно определување на главните и споредните ликови*

***Содржина:*** *Определување на ликови главен и спореден*

***Поим:*** *Лик*

***Активности и методи:***

- *Вежби за препознавање и разликување на главните од споредните ликови*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби за правилно гласно и логичко читање со почитување на интерпункциските знаци;*
- *Вежби за акцентирање на зборовите (зборовен акцент);*
- *Вежби за правилно изговарање на зборовите во реченицата;*
- *Вежби за пресретнување грешки во изговорот на зборовите;*
- *Вежби за читање на текстови пишувани со македонско кирилско и македонско латинско писмо;*
- *Вежби за препознавање и разликување на расказ, бајка, басна и драмски текст;*
- *Вежби за воочување на редоследот на настаните во текстовите;*
- *Вежби за самостојно определување на содржинската структура и извлекување на главна мисла;*
- *Вежби за определување на особините на ликовите и за опишување на нивниот надворешен изглед;*
- *Вежби за учење и примена на гатанки и поговорки и разбирање на нивната содржина;*
- *Вежби за примена на поговорки и гатанки при анализа на текстот (при извлекување на поука од основна идеја);*
- *Вежби за рецитирање на песни;*
- *Вежби за разликување стих, строфа и рима во песната.*

- ***Програмско подрачје:*** *Изразување и творење*

***Цел:*** *Да се поттикнува да учествува во изведување драмски текст со избор на улоги*

***Содржина:*** *Играње улоги*

***Поим:*** *Претстава*

***Активности и методи:***

- *Читање и играње улоги според драмски текст*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби за прераскажување на обработени текстови;*
- *Вежби за раскажување на дадени слики, дадени зборови и по даден план;*
- *Вежби за опишување;*
- *Вежби за известување по хронолошки даден план;*
- *Вежби за правилно препишување на текстовиод кирилица на латиница и обратно;*
- *Вежби за слободно сосатвување на состави според слика, дадени зборови, по даден почеток и со изменување на крајот;*
- *Вежби за пишување на честитки, покани и разгледници.*

***Програмско подрачје:*** *Медиумска култура*

***Цел:*** *Да чита, да прераскажува, да пренесува кратки информации од детскиот и соодветни текстови од дневниот печат*

***Содржина:*** *Детски и дневен печат*

***Поим:*** *Детски печат*

***Активности и методи:***

- *Вежби за користење на информациите од печатот и интернет и разговарање за нивните содржини*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби за прераскажување на содржината на радио-емисија, ТВ емисија и филм;*
- *Опишување на театарската сцена, костимите и кратко прераскажување на содржината на театарската претстава;*
- *Раскажување на впечатоци од посетата на театарската претстава (кино-театарска претстава).*

Бидејќи со наставните програм од трето одделение се завршува првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование, на крајот на наставната програма за секој наставен предмет се поставени и очекувани резултати за сите три одделенија. Така на пример очекуваните

резултати за настават по македонски јазик од I до III одделение се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Правилно чита и пишува текстови н акирилско и латинско писмо;
- Искажува и пишува реченици со правилен ред на зборовите;
- Разликува потврдна и одречна реченица, како и извична, прашална и расказна реченица;
- Препознава општи и сопствени именки и точно го поределува нивниот род и број;
- Препознава придавки и знае да ги користи;
- Ги разликува простате од редните броеви и правилно ги пишува повеќецифрените броеви;
- Ги користи интерпукциските знаци во реченицата (точка, запирка во набројување, извичник, прашалник, две точки);
- Правилно употребува голема буква (на почетокот на реченицата ин а сопствени именки);
- Ги препознава и разликува глаголите во реченицата;
- Прави разлика помеѓу: расказ, бајка, басна, детски роман и драмски текст;
- Разликува стих, строфа и рима во песната;
- Ја определува содржинската структура на текстот и хронолошкиот редослед на настаните;
- Ги определува главните и споредните ликови и нивните карактеристики;
- Учествува во разговор, раскажува, известува за настан, опишува предмет, слика, лик и слично;
- Се изразува на литературе македонски јазик;
- Набројува неколку медуими од кои што добива информации;
- Пренесува кратки информации од медиумите;
- Користи ИКТ во содржини од предметот.

- **Анализа на наставната програма по *математика* за III одделение во деветгодишното основно образование**

Во наставната програма по математика за III одделение се поставени цели на наставата кои се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да ги усвојува броевите до 100;
- Да се оспособува да ги применува основните аритметички операции во множеството на природните броеви до 100;
- Да се оспособува практично да ги применува операциите собирање и одземање во решавање на проблемски ситуации;
- Да ги совлада операциите множење и делење (таблично);
- Да се оспосбува да воочува проблемска ситуација од секојдневниот живот и да наоѓа начини за нејзино решавање;
- Да се оспосбува да ги разликува геометриските поими: права, точка, отсечка, искршена линија, правоаголник, квадрат и триаголник;
- Да се оспособува да црта отсечка, искршена линија, праваголник, квадрат и триаголник;
- Да се оспособува да именува темиња и страни на правоаголник, квадрат и триаголник;
- Да се оспособува да врши процени во мерењето на величните и со мерење да ги проверува своите процени;
- Да се оспособува да споредува и мери време, должина, маса и течност;
- Да се оспособува да користи пари (до 100 денари);
- Да се оспособува да прибира, калсифицира и споредува едноставни податоци;
- Да се оспособува да чита, презентира и интерпретира податоци;
- Да се воведува во користење на ИКТ во содржини од математика.

Во наставната програма по математика за III одделение поставените теми терминолошки и содржински се разликуваат во однос на темите во наставната програма од истиот предмет во II одделение. Нови теми во наставата по

математика во трето одделение се следниве: собирање и одземање до 100, форми во рамнината и множење и делење на броевите до 100. Додека пак темите: мерење и работа со податоци имаат ист наслов но содржински се повеќе разработени

- Собирање и одземање до 100 (50 часа);
- Форми во рамнината (15 часа);
- Множење и делење на броевите до 100 (55 часа);
- Мерење (15 часа);
- Работа со податоци (9 часа).

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по математика за III одделение.

Наставната програма по математика за трето одделение особено добива на тежина. Можеби тука се забележува најголемиот скок во содржинската поставеност. Заради тоа самата реализација на наставата е посложена и бара соодветни методски пристапи. Но во делот на активности и методи сепак се зададени и може да се постават одредени видови на игровни активности кои ќе и дадат свеижна на самата настава.

- ***Тема:*** *Собирање и одземање до 100*

***Цел:*** *Да се оспособува да собира двицифрен и едноцифрен број (без премин)*

***Содржина:*** *Собирање двицифрен и едноцифрен број (без премин)*

***Активности и методи:***

- *Дополнување на низата макарони (на пр. на низата од обоени 43 макарони дополнување до 50)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Конкретна проблемска ситуација се илустрира со соодветен нумерички запис;*
- *Претставување на броевите до 100 со дидактички материјали (стапчиња, квадратчиња и коцки);*
- *Формира низа од броеви до 100 според дадено барање (на пр. запишување на броевите од петтата десетка);*
- *Игра во парови (на пр. еден ученик зема картонче со бројот 1, а неговиот партнер бројот 5, другите го запишуваат добиениот двоцифрен број со цифри и зборови, а потоа ги заменуваат местата и го запишуваат новиот двоцифрен број);*
- *Споредување на бројот на чуеници од две одделенија, бројот на елементите во две множества или друг материјал (гравчиња, копчиња и сл.) и означување со соодветен симбол;*
- *Искажување на деновите во месецот со редни броеви;*
- *Игра „Штафета“: штафетата се предава само на парниот број, односно само на непарниот број;*
- *Правење низи од парови (коцки, ленти, леќа и сл.) и ги брои од 2 до 100;*
- *Правење снопчиња од 10 стапчиња и со нив илустрирање на собирање и одземање на десетки;*
- *Илустрирање на собирањето и одзмеањето без премин со сликички или жетони;*
- *Игра банка: заменување 45 монети за банкноте и монети и сл.*
- *Игра монопол;*
- *Игра продавница: Вртаи кусур на купувачот (70, 100 ден. и сл.) (50 ден.- 7 ден.);*
- *Учениците подредуваат коцки во редици и колони, потоа на конкретен начин се врши собирање и одземање;*
- *Сосатување и решавање различни нумерички задачи;*
- *Проценување колку кифли има во двето кошници и проверување на процената со броење;*
- *Проверување на процената на збир или разлика на два броја и проверување со собирање или одземање;*
- *Решавање на проблемска ситуација: Во кутијата има неколку јаболка. Томи ми даде уште 7 јаболка и сега имам 21 јаболко. Колку јаболка имам во кутијата?*
- *Својствата на собирање се илустрираат со дидактички материјали. На пр. од картички се формираат два двоцифрени броја, се запишуваат и се пресметуваат бројни изрази.*

- ***Тема:*** *Форми во рамнината*

***Цел:*** *Да се оспособува да препознава искршена линија ид а го објаснува начинот на нејзиното формирање*

***Содржина:*** *Искршена линија*

***Поими:*** *Искршена линија-отворена и затворена*

***Активности и методи:***

- *Правење различни искршени линии од цефки, кибритчиња и сл.*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Цртање права и отсечка со линијар;*
- *Споредување отсечки со различни должини;*
- *Правење отворени и затворени патеки со примена на ИКТ;*
- *Пресметување на збирот на должината на искршената линија (направена од цефки или друг материјал);*
- *Работа со конкретни модели на правоаголник, квадрат и триаголник, на кои мери и споредува должини на страни.*

- ***Тема:*** *Множење и делење на броевите до 100*

***Цел:*** *Да се оспособи да множи и дели со броевите од 5 до 10*

***Содржина:*** *Множење и делење со броевите од 5 до 10*

***Поими:*** *Множење и делење со броевите од 5 до 10*

***Активности и методи:***

- *Илустрирање на множењето и делењето со картончиња со броевите 5 и 10*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Нагледно со дидактички материјал се претставува множењето како скратено собирање на еднакви множители;*
- *Формирање множества со ист број елементи и демонстрирање збир од еднакви собироци групирани по 2, 3 и 4 (боички, сликички, жетони и сл.);*

- *Активности со конкретен материјал од кои се воочува непроменливоста на производот. На пр. во 3 кутии по 2 бомбончиња има исто бомбони како и во 2 кутии по 3 бомбончиња;*
- *Ученикот реди 3 гравчиња, 6 гравчиња, 9 гравчиња....и ја запишува низата;*
- *Со модели прикажување осмина од цело;*
- *Боење осмина од квадрат, правоаголник и сл.*

- ***Тема:** Мерење*

***Цел:** Да се оспособи да мери и споредува должина во цм, дм и м.*

***Содржина:** Мерење на должина*

***Поими:** Метар, центиметар, дециметар*

***Активности и методи:***

- *Мерење на должината и ширината на училницата, училишната кујна или дворот*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Практични активности со модел на часовник, искажување и демонстрирање на времето искажано со часови и минути;*
- *Искажување во часови и минути колку време изминало додека бил на училиште, во кино и сл.*
- *Проценување колку време е потребно за да се напише домашна задача, да се подготви ранецот и сл.;*
- *Создавање проблемски ситуации поврзани со пар ии нивно решавање: на пр. прави ценовник на омилени книги и сл.;*
- *Проценување на должината на платно и мерење во дециметри и центиметри;*
- *Претставување на податоците од мерењето во табели и графикони;*
- *Со теразија мери и споредува маса на различни предмети;*
- *Врши процена на масата на дадени предемти и истата ја проверува со мерење;*
- *Набројува што се изразува волитри од секојдневниот живот;*
- *Споредува количество на течност од две различни шишиња.*

- ***Тема:** Работа со податоци*

***Цел:** Да се оспособува да собира, селектира, подредува и внесува податоци*

***Содржина:*** *Прибирање и средување податоци*

***Поими:*** *Табели на податоци*

***Активности и методи:***

- *Учениците поделени во групи изготвуваат прашалници со кои ќе собираат податоци. На пр. Кој број чевли носат учениците во паралелката? Колку ученици носат ист број чевли?*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Од изготвен графикон се читаат и објаснуваат податоците;*
- *Се прави листа на омилена лектира, се составуваат табели и се цртаат графикони.*

**Очекуваните резултати** за настават по математика од I до III одделение се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

:

- Вербално ја искажува положбата на предметите и при тоа применува соодветна терминологија: горе-долу, над-под, блиску-далеку, пред-зад, внатре-надвор-на, се допира, меѓу:
- Одредува лево и десно;
- Се ориентира во просторот според познати ориентири;
- Се движи во просторот според нацртана шема;
- Ги разбира и применува временските релации: ден, ноќ, утро, пладне, навечер, денес, вчера, утре, ден, седмица, месец, година, деценија, век;
- Воочува и искажува како изгледа предемт набљудуван од различна местоположба (однапред, отстрана, одгоре и оддолу);
- Согледува сличности и разлики меѓу предемтите во непосредната околина и вербално ги искажува;
- Ги опишува предемтитеспоред нивните карактеристики (боја, форма, големина и полжба);
- Класифицира предмети и појави според едно и две заеднички својства;

- Подредува објекти во низа што расте или опаѓа (мало-помало-најмало, големо-поголемо-најголемо, кусо-покусо-најкусо, долго-подолго-најдолго, тесно-потесно-најтесно, широко-пошироко-најшироко);
- Ја воочува релативноста на предметите и објектите споредени со два и повеќе сродни предмети и објекти (пониско од, повисоко од, подебело од, потенко од, помало од, поголемо од, поплитко од, подлабоко од);
- Решава едноставни проблемски ситуации од секојдневниот живот;
- Ја одредува логичната поврзаност и редоследот на настаните (најпрвин-потоа-на крај, пред тоа-по тоа);
- Проценува и искажува неверојатен, можен и секогаш можен настан (никогаш, секогаш, можно);
- Формира унија од две или три множества;
- Прави фигура според дадена шема (танграм);
- Чита, запишува и споредува броеви до 100;
- Одредува предходник и следбеник на даден број до 100;
- Применува редни броеви до 100 во конкретни ситуации;
- Одредува парни и непарни броеви до 100;
- Собира и одзема броеви до 100;
- Ги применува знаењата за собирање и одземање во решавање на бројни изрази и текстуални задачи со една и две операции;
- Решава равенки со една непозната и ја проверува точноста на решението на равенката;
- Ги применува знаењата собирање и одземање во решавањето на проблемски ситуации од секојдневниот живот;
- Ги препознава геометриските поими: права, точка, отсечка и искршена линија;
- Ги препознава и именува геометриските форми: триаголник, правоаголник, квадрат и круг;
- Означува и именува страни и темиња на триаголник, правоаголник и квадрат;
- Препознава и именува: топка, коцка, квадар, цилиндер, пирамида и конус;

- Таблично множи и дели во рамките на 100;
- Ги применува знаењата за множење и делење во решавање на бројни изрази и текстуални задачи со една операција;
- Ги применува знаењата за множење и делење во решавање на проблемски ситуации од секојдневниот живот;
- Препознава и графички ги претставува (со боење или шрафирање) дропки, половина, четвртина, осмина;
- Ги запишува дропките, половина, четвртина, осмина;
- Проценувам споредува и искажува димензии сонестандрадни мерки (стапало, чекор, прст, прсти, педа, дланка, грст);
- Ја воочува потребата од примена на стандардни мерки;
- Ги препознава и применува основните мерни единици за должина, маса, време, волуме и пари;
- Користи елементарни поими од економијата;
- Користи мерни инструменти: линијар, метар, вага со тегови, часовник;
- Знаењата за мерните единици ги применува во решавање на проблемски ситуации, проценување и мерење;
- Собира, селектира, подредува и внесува едноставни податоци во табели;
- Чита податоци од сликовити прикази, табели и графикони и ги интерпретира;
- Прави графички приказ на податоците;
- КористиИКТ во содржините од предемтот.

- **Анализа на наставната програма по *запознавање на околината* за III одделение во деветгодишното основно образование**

Целите во наставната програма по запознавање на околината за II одделение се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да ги проширува сознанијата за непосредната околина ид а ја сфати поврзаноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- Да ги запознава основните детски права;
- Да стекнува свест за значењето на знаењата во личниот и општествениот живот;
- Да се оспособува да користи различни извои на знаења;
- Да ги запознава различните начини на масовни комуникации и пренесување на информации;
- Да ги сознава односите во семејството ид а се поттикнува за хармонични семејни и пријателски односи;
- Да стекнува сознанија и навики за здрава исхрана и чување на здравјето;
- Да стекнува сознанијаза правилата на културно однесување ид а се поттикнува да ги почитува;
- Да ги проширува знаењата за своето место, родниот крај и својата татковина;
- Да се оспособува за оринетација во просторот и времето;
- Да ги согледува сличностите и разликите меѓу човекот, животните и растенијата;
- Да ги проширува сознанијата за сообрашајот и разновидните сообраќајни средства;
- Да стекнува знаења за безбедно однесување при движење на улица и пат;
- Да се пттикнува на заштитан а природата;
- Да ги проширува знаењата за културата на својата заедница и другите заедници;
- Да развива позититвен однос кон мултикултурализмот;
- Да користи ИКТ за доаѓање до нови сознанија за околината.

Во наставната програма по запознавање на околината за III одделение постојат осум теми. Темата сообраќај е единствена тема со идентичен наслов во наставните програми по запознавање на околината од второ и трето одделение. Сите останати теми се нови, поточно повеќе разработени, проширени и продлабочени и нивните содржини се креирани во иста насока. Во таа смисла учениците имаат можност посуштински да навлезат во оваа областа. Колку оваа програма нуди можности за примена на игровната активност како методски концепт ќе видиме од следниве примери.

- Јас со другите и другите со мене (10 часа);
- Училиштето и знаењето (10 часа);
- Односи во семејството (12 часа);
- Мој роден крај (10 часа);
- Ја истражувам природата (18 часа);
- Одлики на животната средина (24 часа);
- Ориентација во времето и просторот (10 часа);
- Сообраќај (14 часа).

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по запознавање на околината за III одделение.

- ***Тема:*** *Јас со другите и другите со мене*

***Цел:*** *Да се спознава себе си, својот личен напредок, своите цели, потреби и желби*

***Содржина:*** *Знам и можам повеќе*

***Поим:*** *Се развивам*

***Активности и методи:***

- *Работилница на тема: Сега сум поголем/а, Ме интересира..., Моите желби, Моите потреби, Јас сум највешт/а во...*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Разговор со другите за себе си и откривање што постигнал/а, колку напреднала/а од предходната година во знаењето и вештините;*
- *Организирање работилници на тема: Јас и ти, Ние и вие, Игри на улоги, Мојот најдобар другар, Помагам на другите, ситуациони игри, изготвување плакати, драматизација, стрип, книга и сл. и нивна презентација;*
- *Работилница: Воочувам сличности и разлики;*
- *Пишување и цртање на права и должности и нивно поставување на соодветни места во училиницата, посета на Детската амбасада, читање на книги од УНИЦЕФ, гледање цртани филмови на тема: Детски права, запознавање со СОС-телефон, разговори.*

- ***Тема:*** *Училиштето и знаењето*

***Цел:*** *Да развива навики за почитување на заедничкиот распоред на активностите во одделението*

***Содржина:*** *Како е организирано моето одделение*

***Поим:*** *Одделенска заедница, тимови*

***Активности и методи:***

- *Правење книга Мојата одделенска заедница, разговори за обврските во одделението, составување планови на работа во одделението, донесување на правила на однесување и поставување на соодветни места со учество на учениците*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Дискусија: Што ќе се случи ако не одам на училиште? (Ако не постојат училишта?);*
- *Работилница: Од каде може да се стекне знаење?*
- *Работилница (работа во групи, парови): презентирање на сопствени идеи за уредување на училишниот простор, правење планови за распоред на*

*активности за уредување, правење скици, практична работа, грижа и нега за еколошкото катче.*

- ***Тема:*** *Односи во семејството*

***Цел:*** *Да ја сфати улогата и значењето на семејството*

***Содржина:*** *Моето потесно семејство (родители, брак, раѓање)*

***Поим:*** *Брак, раѓање, предци, потомци, заедничко живеење*

***Активности и методи:***

- *Разговор по следење семен албум (со аццент на веселба при склучување на бракот, лични фотографии од различна возраст), разговор по извршена посета на работното место на родителите*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Разговор за родово стереотипи и нестереотипни занимања (жена-научНи, возач; маж-шивач во фабрика);*
- *Разговор за роднините и нивната взаемна поврзаност;*
- *Групна или индивидуална изработка на родово стебло;*
- *Разговор за правилата на однесување и живеење во куќа, зграда, населба и сл.;*
- *Разговор за омиленото катче во домот;*
- *Разговор за можни опасности во домот: „Што ако... “;*
- *Разговори: Што се правиме дома во текот на денот?, раскажување;*
- *Омилен дел од денот ми е... Цртање;*
- *Посета на амбулантна и стоматолошка ординација;*
- *Посета на пазар и продавница за здрава храна;*
- *Сосатвување на мени за здрава храна;*
- *Албум на здрава храна;*
- *Пишување на пораки за унапредување на здравјето.*

- ***Тема:*** *Мојот роден крај*

***Цел:*** *Да ги проширува сознанијата за својот роден крај*

***Содржина:*** *Мојот роден крај*

***Поим:*** *Град*

***Активности и методи:***

- *Легенди за родното место, разговор пред картата на Мекедонија; одбележување на својот роден крај, посета и разговор со градоначалникот, правење макета, цртање*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Разговор и разгледување на историски енциклопедии;*
- *Приказни, легенд, филм;*
- *Цртање, посета на музеј, посета на стари градби, народни приказни од различни култури во РМ;*
- *Разговор за фотографии, разгледници на родниот крај (локални занаети, носии, јадења, растенија, природни убавини).*

- ***Тема:*** *Ја истражувам природата*

***Цел:*** *Да ги продлабочи стекнатите сознанија за светлината*

***Содржина:*** *Светлина*

***Поим:*** *Оган, сонце, сијалица*

***Активности и методи:***

- *Истражувачки игри со прошуштање на светлината од различни извори низ различни материјали;*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Набљудува различни примероци на почва, разговара за нивните својства;*
- *Истражувачки активности за почвата и растенијата;*
- *Разговор за загадување на почвата;*
- *Истражува која почва е погодна за растенијата;*
- *Разговара за што се користи водата;*
- *Што се случува со водата кога се загрева, а што кога се замрзува?*
- *Споредува загадена/чиста вода;*
- *Истражува за што се користи воздухот;*
- *Како се однесуваат предметите и живите организми во воздухот (паѓаат, летаат)?;*
- *Истражува како се однесува растение во недостиг на сончева светлина и со сончева светлина;*

- *Набљудува движење на сонцето, изгревање, заоѓање;*
- *Истражувачки игри: настанување на звукот (природни ивештачки извори);*
- *Слушање на тивки и гласни звуци;*
- *Препознавање на глас на другарчето, со покриени очи;*
- *Разговор за заштита од бучава.*

**Тема:** *Одлики на животната средина*

**Цел:** *Да ги препознава и разликува деловите на растението*

**Содржина:** *Растенија во мојата околина*

**Поим:** *Растителен свет*

**Активности и методи:**

- *Истражува од кои растенија се прави чај (со задолжителна помош на наставникот)*

**Останати понуди на активности и методи:**

- *Обликување на околината од природен материјал, глина, тесто;*
- *Прошетка, набљудување на цветна градина, поле, ливада, шума;*
- *Набљудување на различни видови растенија во нивната природна средина, собира примероци на различни растенија;*
- *Цртање на растителните цветови;*
- *Истражувачки активности за растење на растението (почва, полевање, светлина);*
- *Прошетка на ливада (и нива);*
- *Посета на млин/воденица;*
- *Изработка на албуми за животните;*
- *Истражување за korиста од домашните животни;*
- *Посета на фарма или селски двор;*
- *Учество во изработка на тераријум, апно, ИКТ;*
- *Разговор за живите организми и како тие се размножуваат: набљудување на примероци од растенија и животни (како се раѓаат, развиваат);*
- *Истражување на заемна поврзаност на живите организми;*
- *Како настануваат растенијата, животните, човекот.*

**Тема:** *Ориентација во времето и просторот*

**Цел:** *Да ги запознае народните имиња на месеците во годината*

***Содржина:*** *Месеци во годината*

***Поим:*** *Месец, календар*

***Активности и методи:***

- *Разгледување на календар, разгледување на цалендар со народни имиња на месеците (на пр.: сечко, листопад...). Разговор по сликите, изработка на цалендар, читање на текстови за името на секој месец, енциклопедии*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Набљудување на сонцето, на сенките;*
- *Определување на страните на светот според сенките на дрвјата ин а предемтите;*
- *Разгледување на слики за часовникот, читање на текстови за мерење на времето во минатото и сега (песочен, сончев часовник, часовник со клатно, дигитален).*

- ***Тема:*** *Сообраќај*

***Цел:*** *Да се оспособува за процена на безбедна и небезбедна ситуација во сообраќајот*

***Содржина:*** *Ученикот и сообраќајот во околината*

***Активности и методи:***

- *Симулација на различни сообраќајни ситуации: примена на слики, модели, слајдови;*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Набљудување на сообраќајот во околината;*
- *Набљудува слики со сообраќајни знаци, слајдови, програм во ИКТ;*
- *Црта, изработува сообраќајни знаци од ликовни материјали, симулација во училишен двор со употреба ма готови или нацртани знаци;*
- *Набљудување на одбележана и неодбележана крстосница, симулација во училишен двор, на полигон, вежби за преминување на улица, илустрации, цртање слајдови, слики, примена на ИКТ, преминување на крстосници во присуство на возрасни лица;*
- *Набљудување на правилно однесување во сообраќајот на ТВ, слајдови;*

- *Размена на искуства меѓу учениците и наставникот; симулација на реални настани за (стари лица, фрлање отпадоци, пуштање музика, чекање на ред, ослободување на место на другиот и др.).*

**Очекуваните резултати** за настават по запознавање на околината од I до III одделение се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Умее да се претстави со основните лични податоци (име, презиме, место на живеење);
- Ги искажува своите желби, потреби и интереси;
- Ги знае основните детски права и институциите кои се грижат за нивна заштита;
- Ги знае задачите и работата на одделенската заедница;
- Ги знае членовите на семејството и роднинските врски;
- Разликува роднини, пријатели и соседи и ги почитува;
- Знае како се одржува лична хигиена и како треба да се грижи за своето здравје;
- Знае што е здрава храна и прави избор при исхраната;
- Самостојно гоосмислува своето слободно време;
- Идентификува и искажува различни емоции кај себе и кај другите;
- Ги познава и именува позначајните објекти, места и институции во непосредната околина и со ориентира по нив;
- Ги знае позначајните природни богатства и културни знаменитости во својата околина;
- Знае како се вика татковината, гизнае знамето и симболите;
- Набројува некои географски поими во крајот во кој живее (рид, планина, река, езеро и сл.);
- Ги именува деловите на растенијата (корен, стебло, гранка, лист, цвет, плод, семка);
- Ги нзбројува животните циклуси (раѓање, растење, размножување, умирање);
- Знае сличности и разлики меѓу растенијата, животните и човекот;

- Знае неколку начини за чување и заштита на својата околина;
- Ги знае основните услови за живот;
- Извршува едноставни истражувања;
- Знае да ги определи главните страни на светот;
- Ги знае месеците во годината-правилно чита и употребува цалендар;
- Го употребува часот како мерка за време;
- Се ориентира во просторот според страните на светот;
- Знае да ја проценува ситуацијата во сообраќајот и безбедно преминува улица;
- Ги знеа и ги почитува основните сообраќајни правила и знаци;
- Разликува видови на сообраќај и сообраќајни средства;
- Користи ИКТ за стекнување на сознанија за човекот, животните и растенијата.

- **Анализа на наставната програма по *музичко образование* за III одделение во деветгодишното основно образование**

Во наставната програма по музичко образование за III одделение се поставени цели на наставата кои се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да применува правилен пејачки став (седење, држење, дишење);
- Да применува култивирано пеење (умерено пеење беѓ гримаси, дигање на рамења и викање);
- Да се оспособува да пее песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- Да се оспособува за активно слушање на музиката;
- Да препознава музика од различни инструменти;
- Да ги памети, повотрува, користи движењата во музичко-ритмичките активности;
- Да се воведува во елементите на нотното писмо;
- Да се запознае со детски музички инструменти (мелодиски) и да свири со нив;
- Да создава интерес за изведување на звучни ефекти, спонтани импровизации на кратки музички мотиве и др.;
- Да се поттикнува за сопствено музичко изразување;
- Да умее да ја користи компјутерската техника за музичко изразување.

Во наставната програма по музичко образование за III одделение поставени се вкупно шест теми. Сите тие во своите називи се идентични со оние од наставната програма по музичко образование за II одделение. Единствена разлика се јавува во фондот на часови, кој во некои теми е намален, а ак во други е зголемен. Содржинскиот аспект на темите се разликуваат по ширика и длабочина во споредба со предходните години.

- Пеење (19 часа);
- Музика и движење (19 часа);
- Слушање музика (22 часа);
- Свирење на детски музички инструменти (8 часа)
- Основи на музичката писменост (6 часа)
- Основи на детското музичко изразување и творење (8 часа)

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по музичко образование за III одделение.

- ***Тема:*** *Пеење*

***Цел:*** *Да развива интерес за пеење*

***Содржина:*** *Пее песни по слух*

***Поим:*** *Пеење по слух*

***Активности и методи:***

- *Изведба на бројалки и брзозборки со точен ритам и јасна дикција (пр. бројалки и брзозборки познати на учениците)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби за правилно пеење, држење на телото, вежби за дишење (да пее без напрегање, умерено, без гримаси, дигање на рамената, без викање);*
- *Доживување и препознавање на траењето на четвртина и половина преку бројалките (1:1 „Енци менци"; 1:2 „Тара-тара-тарана");*
- *Вежби по слух со кратки мелодиски мотиве сочинети од тоновите сол1 и ми1;*
- *Пеење на елементарни мелодиски вежби и песни по ноти со тактирање.*

- ***Тема:*** *Музика и движење*

***Цел:*** *Да се поттикнува да ги усогласи своите движења со музичките карактеристики*

***Содржина:*** *Музичко-ритмички чекорења (чекорење, марширање, потскокнување)*
***Поим:*** *Валс*

***Активности и методи:***

- *Учество во музички игри*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Комбинирање на чекорења, потскокнувања, престројувања и др.;*
- *Танцување на валс;*
- *Изведба на едноставни танци и ора од различни етнички заедници и култури;*
- *Учество во елементарни музички драматизации (драматизација на „Пецо и волкот" од С. Прокофјев).*

- ***Тема:*** *Слушање музика*

***Цел:*** *Да слуша и препознава звуци на одредени музички инструменти*

***Поим:*** *Народна песна и оро*

***Активности и методи:***

- *Запознавање на звучноста на музичките интрументи преку слушање на музички дела или фрагменти (хармоница, флејта, барабанче, гитара, дајре)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Слушање класична музика;*
- *Слушање музика за деца;*
- *Песнички од детски фестивали;*
- *Народна музика (песни и ора од различни етнички заедници на Македонија).*

- ***Тема:*** *Свирење на детски музички инструменти*

***Цел:*** *Да развие осет за ритам*

***Содржина:*** *Ритам*

***Поим:*** *Ритам*

***Активности и методи:***

- *Изведба со детски ритмички инструменти (пр. повторува кратки ритмички мотиви)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Свирење на детски мелодиски интрументи (металофон);*
- *Едноставна придружбан а позната песна со ДМИ.*

- ***Тема:*** *Основи на музичката писменост*

***Цел:*** *Да ги препознава знаците на нотното писмо: петтолиние, виолински клуч, знак за нота, сол1 и ми1*

***Содржина:*** *Елементи на нотно писмо: нота, петтолиние, виолински клуч; поставување на тонови сол1 и ми1 на петтолинито*

***Поим:*** *Нота, петтолиние, виолински клуч*

***Активности и методи:***

- *Запознавање со елементите на нотното писмо: нота, петтолиние, виолински клуч*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби за пишување на виолински клуч, нота.*

- ***Тема:*** *Основи на детското музичко изразување и творење*

***Цел:*** *Да ужива во музичкото изразување*

***Содржина:*** *Изразување на впечатоците од слушната музика на различен начин*

***Активности и методи:***

- *Учество во активности преку сопствено изразување на впечатоци од слушната музика*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Самиот учени на обработена песна или музички пример создава сопствена кореографија со движење на своето тело, измислување на чекори ид вижења со рацете;*
- *Креативно изразување и творење на слушнатите песни и музичките примери;*
- *Учество во игри и драматизации;*
- *Учество во активности во кои учениците наместо да одговараат со зборови одговараат со пеење.*

**Очекуваните резултати** за настават по музичко образование од I до III одделение се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Зазема правилен пејачки став;
- Пее култивирано (умерено, без гримаси, дигање на рамења и викање);
- Препознава звуци од природата и околината;
- Активно слуша музика;
- Изведува едноставна кореографија во музичко-итмички активности;
- Именува и применува ритмички и мелодиски детски инструменти;
- Разликува основни видови на темпо и динамика;
- Препознава и применува музички писмени знаци (петтолиние, виолински клуч, нота);
- Користи ИКТ за музичко изразување.

- **Анализа на наставната програма по *ликовно образование* за III одделение во деветгодишното основно образование**

Во наставната програма по ликовно образование за III одделение се поставени цели на наставата кои се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да запознава нови термини кои се користат во наставата по ликовно образование;
- Да користи разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, градење и визуелни комуникации во ликовното изразување;
- Да ги изразува самостојно и слободно своите сознанија, чувства, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештвото;
- Да користи разни постапки за ликовно изразување (капење, гребење, прскање, туфитање и др.);
- Да умее да направи избор на идеја, активност и средства и да состави ликовна творба;
- Да умее вербално да објасни ликовна творба и да се поттикнува на сопствена естетска проценка;
- Да прави разлика на уметнички дела од различни ликовни подрачја (цртеж, слика, скулптура, архитектура);
- Да ги применува стекнатите знаења ив ештини за ликовно изразување;
- Да практикува културно-хигиенско-технички и работни навики;
- Да се запознава со културното наследство од различни етнички заедници;
- Да ги препознава визуелните медиум и средства и нивната функција;
- Да умее да ја користи компјутерската техника за ликовно изразување.

Наставната програма по ликовно образование за III одделение нуди четири теми. Во споредба со наставната програма по ликовно образование за II одделение, недостасува една тема а тоа е темата печатење. Сите останати теми се идентични, но се разликуваат по фондот и по содржината.

- Цртање (ориентационо 20 часа);
- Сликање (ориентационо 32 часа);
- Обликување во просторот, моделирање и градење (ориентационо 10 часа);
- Дизајн и визуелни комуникации (ориентационо 10 часа).

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по ликовно образование за III одделение.

- ***Тема:*** *Цртање*

***Цел:*** *Со цртање да претставува видови текстури*

***Содржина:*** *Цртање*

***Поими:*** *Внатрешен и надворешен простор*

***Активности и методи:***

- *Ги набљудува предметите и сенките кои ги формираат разни предемти при различно осветлување и со сенчење ликовно ги претставува*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Набљудување на непосредната околина, перципирање на просторот (градбите, предемтите, природата, дрворед, улица);*
- *Со тенка четка, монохромно (туш, темпера, водени бои и др.) црта линии со различна дебелина, интензитет, прецизност, насока (моето училиште, училишен двор, мојата соба, мојот дом);*
- *Црта контурна линија (суво дрво, листови од дрвја, инсекти);*
- *Црта видови линии и истите ги комбинира во ликовна Целина;*
- *Црта линии: прави-криви, отворени-затворени, долги-куси, испрекината и др. и изразува цонтраст на линии (облаци и дожд);*
- *Воочува и споредува предмети по големина (почетно чувство за пропорции);*
- *Споредува, доживува и црта внатрешен и надворешен простор;*
- *Во природата го забележува ритамот на формите и линиите и ги применува како декоративен елемент (дрворед, ограда, скали и др.);*

- *Црта со туш, перце, дрвце, четка (клас од пченка, ораница, снопови, суво дрво и др.);*
- *Црта по набљудување, помнење и фантазија.*

**Тема:** *Сликање*

**Цел:** *Да разликува оригинална творба од репродукција*

**Содржина:** *Оригинал и репродукација*

**Поими:** *Оригинал и репродукција*

**Активности и методи:**

- *Во природата ја забележува тонската градација, споредува и забележува разлики во тонот (светол, темен, најтемен, најсветол тон);*

**Останати понуди на активности и методи:**

- *Користи разновидни постапки и техники во сликањето (капење, гребење, прскање и др.);*
- *Слика пејзаж со основни и изведени бои;*
- *Слика со ахроматски бои;*
- *Слика со ладни и топли бои (разни декорирани предемти);*
- *Ја слика природата со ладни и топли бои (ливада, цветови и др.);*
- *Слика со контрасни бои;*
- *Изразува цонтраст (светло-темно);*
- *Меша бои и слика со нив по сопствена замисла;*
- *Слика по доживеано;*
- *Слика по фантазија;*
- *Посетува ликовна изложба, ателје и се запознава со оригинални дела и со репродукции.*

**Тема:** *Обликување во просторот, моделирање и градење*

**Цел:** *Да се оспособува да моделира тридимензионални форми (со едноставен и сложен волумен)*

**Содржина:** *Моделирање*

**Активности и методи:**

- *Моделира со разни постапки на додавање, одземање, длабење, гребење, перфорирање и цртање*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Набљудува разни предмети и споредува по форма, големина и текстура;*
- *Моделира едноставен волуме (овошје, зеленчук, геометриски тела и др.);*
- *Моделира предемти со сложен волуме (животни, човечка фигура, птица, кошничка и сл.);*
- *Кашра маски, кошнички, плодови, животни и др.;*
- *Моделира предемти и со нив создава композиција;*
- *Користи отпадни материјали за ликовно изразување (прави макети на училиште, сообраќај, возила и др.);*
- *Комбинира и составува и притоа изразува простор (внатрешен и надворешен);*
- *Со компонирање на готови форми создава сложена композиција;*
- *Создавање на уметничко дело (склуптура) забележува детали, текстури, линии, волуме...;*
- *Посетува споменик (склуптура, биста, Фонтана и др.).*

- ***Тема:*** *Дизајн и визуелни комуникации*

***Цел:*** *да процени што го привлекува неговото/нејзиното внимание кон некој предемет и зошто*

***Содржина:*** *Дизајн*

***Поими:*** *Дезен (шара)*

***Активности и методи:***

- *Печати со разновидни материјали кој сам и пронаоѓа од непосредната средина (лисја, плодови, кожа, гма, текстил, мрежа)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Печати со ритмичко повторување, создава дезен (марама, украсна хартија, амбалажна кеса);*
- *Печати картон печат;*
- *Изработува украсни предемти од разни амбалажи;*
- *Изработува украси, честитки накит;*
- *Според едноставна шема изработува оригами;*
- *Преку постапки на лепење врзување, составување и др. им ја менува првобитната функција на предметите;*
- *Користи компјутер за изработка на декорација.*

**Очекуваните резултати** за настават по ликовно образование од I до III одделение се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Ги препознава и гименува ликовните материјали, техники и прибор за цртање, сликање, моделирање, обликување и печатење предвидени со програмата од I до III одделение;
- Црта различни линии и детали;
- Воочува светло и сенка на предметите и објектите;
- Воочува и именува разни видови линии во природата и ги применува во ликовното изразување;
- Ги воочува контурите и елементите на предемтите и ги применува во ликовното изразување;
- Се грижи за хигиената на просторот, за приборот за сликање и за неговото подредување на соодветното место;
- Ги препознава и именува основните бои, секундарните, хроматските, ахроматските;
- Умее да добие секундарни бои (зелена, портокалова и виолетова);
- Разликува надворешен и внатрешен простор, испакнато-вдлабнато;
- Самостојно подготвува шаблони за печатење;
- Печати и со ритмичко повторување создава композиција;
- Црта по доживеаното, прочитаното и по фантазија;
- Самостојно декорира готови форми;
- Го користи компјутерот за ликовно изразување, цртање и боење;
- Знае да разликува цртеж, слика и скулптура;
- Знае дека постои оригинал и репродукција;
- Ја опишува сопствената ликовна творба;
- Препознава елементи од народното творештво и ги користи во своето ликовно изразување.

- **Анализа на наставната програма по *физичко и здравствено образование* за III одделение во деветгосишното основно образование**

Поставените цели на наставата во наставната програма по физичко и здравствено образование за III одделение се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Да се оспособува за правилно држење и симетричен развој на телото преку соодветни вежби;
- Да увежбува правилни и координирани природни движења со рацете, нозете и другите делови на телото за оптимална функција на локомоторниот апарат;
- Да учествува во игри и да се поттикнува на соработка и натпревар во колективни игри;
- Да ја развива локомоторната моторичка координација и ориентација во просторот;
- Да увежбува и совладува нови моторички елементи од основите на атлетиката и гимнастиката и од други спортови;
- Да учествува рамноправно ид а соработува во тимско изведување на вежбите и игрите;
- Да развива способност за позитивно емоционално изразување низ игра и адекватни физички активности;
- Да се поттикнува да учествува во активности по свој избор.

Во наставната програма по физичко и здравствено образование за III одделение, како и во наставната програма по физичко и здравствено образование за II одделение поставени се пет теми со идентичен наслов, и тоа:

- Вежби за организирано поставување и движење;
- Вежби за оформување на телото и движењата (се изведуваат на секој час);
- Основи на атлетиката;

- Основи на гимнастиката;
- Игри.

Покрај редовната програма, во договор со родителите, може да се реализираат и следниве наставни теми-подрачја, а тоа се:

- Пливање;
- Активности на снег;
- Возење тротинет, велосипед, ролери;
- Активности во природа: излети и пешачења;
- Училишен спорт;
- Спортски школи и проекти.

(Овие наставни теми се реализираат според посебна програма на ниво на училиштето и се реализираат според утврдени стандарди и во зависност од интересите и можностите на родителите).

Во продолжение следува приказ на позначајните насоки за креирање на игровната активност како методски концепт во рамките на рубриките на наставната програма по физичко и здравствено образование за III одделение.

- ***Тема:*** *Вежби за организирано поставување и движење*

***Цел:*** *Да го усовршат поставувањето и движењето*

***Содржина:*** *Увежбување на поставувањето на учениците во две врсти*

***Поими:*** *Вртење*

***Активности и методи:***

- *Учениците се поставуваат: во една редица; во две редици; во колона по еден и двајца, учениците се движат во колона по еден и двајца; трчање право и кружно*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Учениците се движат по линии обележани во сала, игралиште-отворен терен, по кои го одржуваат правецот на движењето;*
- *Се групираат во помали групи за иаведување на моторички движења и вежби.*

- ***Тема:*** *Вежби за оформување на телото и движењата (се изведуваат секој час)*

***Цел:*** *Да се поттикнува да изведува вежби со вратот, главата, рацете, трупот и нозете (правилно и координирано)*

***Содржина:*** *Вежби за вратот, главата и рацете (рамениот појас)*

***Поими:*** *Клекнување и потклекнување*

***Активности и методи:***

- *Вежби за оформување на телото и движењата*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Превентивни вежби за предиспонираноста на учениците кон определени телесни деформитети (кифоза, сколиоза);*
- *Вежби за симетричен развој и правилно држење на телото.*

- ***Тема:*** *Основи на атлетиката*

***Цел:*** *Да ја користи техниката на отскокнување и доскокнување (од место и со затрчување)*

***Содржина:*** *Скок со залет-затрчување (во височина и далечина)*

***Поими:*** *Доскокнување*

***Активности и методи:***

- *Скок во висина, со внимание во доскокнувањето (амортизација на мека подлога)*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Вежби: одење, трчање, скокање, фрлање, фаќање, движење на рацете и нозете, држење на трупот и главата;*
- *штафетни игри со совладани елементи од основните на атлетиката;*
- *Играње дама (натпревари);*
- *Скокање со јаже; групно на едно јаже и индивидуални скокања;*
- *Скок во висина, со внимание во доскокнувањето (амортизација на мека подлога);*
- *Фрлање топче во цел;*
- *Префрлување топка преку ниска мрежа со погодување на определена цел.*

- ***Тема:*** *Основи на гимнастиката*

***Цел:*** *Да ја развива координацијата во просторот и чувството за движење на партер во различни положби на телото*

***Содржина:*** *Акробатика*

***Активности и методи:***

- *Носење предмет наг лава и увежбување држење на телото во целина*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *Качување на гимнастички справи;*
- *штафетни игри со совладани елементи од основите на атлетиката и гимнастиката со внимание кон оптовареноста;*
- *Дигање, носење и надвлекување во границите на можностите на децата од оваа возраст.*

- ***Тема:*** *<u>Игри</u>*

***Цел:*** *Да помага, соработува, комуницира и дисциплинирано да реализира поставени задачи*

***Содржина:*** *Игри со топка, штафетни игри, игри без граници, народни и други танци*

***Поими:*** *Спортско однесување*

***Активности и методи:***

- *<u>Игри во кои се развива желбата за победа, натпреварувачки дух, способности за придонес во екипата, помагање и навивање</u>*

***Останати понуди на активности и методи:***

- *<u>Играње елементарни игри, штафетни игри, игри без граници и сл.;</u>*
- *<u>Танцови игри проследени со музика.</u>*

**Очекуваните резултати** за настават по физичко и здравствено образование од I до III одделение се однесуваат на следново, ученикот/ученичката:

- Изведува вежби со нозете, рацете и трупот;
- Разликува брзо од споро одење и трчање;
- Зазема разни положби со телото во стоење, клечење, коленичење, полулежење и лежење на грб и стомак;
- Правилно го држи телото во седење и движење;
- Правилно се поставува и движи во една и две редици, во колона по еден и двајца;
- Правилно и координирано изведува основни гимнастички елементи на партер;
- Соработува, помага, тимски работи и учествува во игри;
- Изведува складни и ритмички движења, игра според ритамот на музиката, изведува танци и игри во различен ритам и движења;

- Има здравствено-хигиенски навики по извршени активности на часот по физичко и здравствено образование;
- Развива моторичка координација и ориентација во различен простор;
- Иаведува адекватни вежби за симетричен морфолошки развој;
- Учествува во игри (штафетни, карактерни, танци и др.);
- Увежбува и совладува нови моторички елементи од основите на атлетиката и гимнастиката и од други спортови.

Наставните програми од првиот образовен циклус на задолжителното основно образование имаат богата содржина во чии рамки постојат големи можности за органиизрање и реализирање на игровната активност како методски концепт. Особено значен исчекор во структурата на наставните програми се дидактичките препораки за реализација на содржините на одделните наставни предмети во првиот развоен период[100]. Дидактичките препораки во овие документи се особено значајни во својата функција на дидактикчко-методско иновирање на наставниот процес. Тие се задаени за секој наставен предмет и главно се однесуваат на одредени насоки за меѓупредметно поврзување, под што се подразбира потребата од корелација и интеграција меѓу предметите кои се изучуваат во првите три одделенија.

Во дидактичките препораки за реализација на наставната програма по македонски јазик за првиот образовен циклус, особено значајни се препораките за примена и нужно комбинирање на сите интерактивни, актуелни и современи методи, форми и средства на наставната работа. Од методите на наставна работа, особено се препорачуваат: методот на игра, методот на решавање проблеми и откривачкиот (истражувачкиот) метод како најсоодветни на развојните способности на учениците во овој возрасен период. Особено се истакнува значењето и потребата од примена на техники и стратегии во кои се нагласува индивидуалниот приод во реализацијата на наставната работа со учениците. Исто така се нагласува потребата од кооперативна комуникација со

[100] Наставни програми за III одделение во деветгодишното основно образование, (2007), Скопје: Биро за развој на образованието

родителите и нивно активно вклучување во работата на учениците во секојдневната практика во реализацијата на наставата по македонски јазик во првиот образовен циклус. Во делот на дидактичките препораки за примена на видови наставни средства се вели дека за потребите на реализацијата на наставната работа по предметот македонски јазик во I одделение не се препорачува користење на буквар, но се препорачува користење на прирачник за почетно читање и пишување, методски прирачници за реализација на наставата, како и прирачници и збирки на дидактички и говорни игри. Исто така се препорачуваат извори на учење во непосредната околина, енциклопедии за деца во издание на популарни и верифицирани издавачки куќи, компјутерски образовни софтвери за збогатување на говорната и јазичната култура ToolKid-програмата и други верифицирани мултимедиски CD-ромови со соодветни едукативни игри потврдени од Министерството за образование и наука. Потоа традиционално потврдени, одобрени и верифицирани списанија за деца, соодветни на возраста, литераура за деца од познати македонски и странски детски писатели, аудиовизуелни, аудитивни, визуелни средства и средства со кинетички својства.

Оценувањето на постигањата на учениците се остварува преку дијагностичко проверување и оценување, формативно оценување, микросумативно оценување и сумативно оценување.

Во <u>наставната програма по математика</u> за првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование дидактичките препораки главно се насочени кон почитување на развојните можности и интереси на децата од оваа возраст во реализацијата на самата програма. Особено значење се придава на почитувањето на законитостите на развојот во мислењето кај учениците во овој период. Во препораките се вели дека практичната реализација треба да биде богата со практични манипулативни активности на учениците, како на пример: манипулација со предмети, истражување, разложување, составување, конструирање, нижење изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл.Тоа е најдобар начин преку кој може да се поттикнат мисловните активности на секој ученик во процесот на изградување на системот на

математички претстави и поими. За потребите на оваа докторска дисертација особено значајна е дидактичката препорака според која во дидактичко-методското обликување на наставниот час, се нагласува потребата од максимална примена на дидактичката игра и истражувачките активности на децата со честа примена на групната и индивидуалната наспроти фронталната форма на наставна работа. Можеби и затоа во наставна програма по математика најбројна и најфрекфентна е играта и игровната активност како предлог во реализацијата на предвидените цели и содржини. Интеграцијата за време на планирањето и реализацијата на наставата е дел од дидактичките препораки. Препораките за математичко и информатичко катче во училиницата има за цел наставата по математика да ја раздвижи физички но и да ја збогати со содржини кои ќе произлезат од бројните и разновидни средства и материјали за работа.

Оценувањето на постигањата на учениците се остварува преку согледување на иницијалната состојба на ученикот (согледување на неговите претходни искуства, знаења и вештини), водење на портфолио за секој ученик, примена на евиденциони и чек листи, анегдотски белешки, разговор со секој ученик за да се добијат сознанија за неговото логичко размислување преку решавање на проблемски ситуации, набљудување на ученикот, проверка на стекнатите знаења на крајот на тематските целини, користење на работни листови со три тежински нивоа и едноставна проверка на знаењата и способностите на крајот од учебната година. На крајот на учебната година, ученикот се оценува описно.

Во делот наменет за дидактички препораки за реализација на наставната програма по запознавање на околината за првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование главно се насочени кон истакнување на подобноста и можностите за меѓупредметно поврзување, поточно можностите за интегрирано целно и сдоржинско позаврување со предметите: мајчин јазик, математика, ликовно, музичко и физичко и здравствено образование. Особено значајни се препораките во делот на користење на годишниот фонд за кој се вели дека поставените цели во

наставните теми даваат можност за самостојно планирање и реализација на содржините во согласност со потребите на учениците и почитување на принципот на актуелизација во наставата. Се вели дека делот на активности и методи претставуваат можни активности за успешно постигнување на целите, но тие можат да се дополнуваат. Дидактичките препораки продолжуваат со сегементот на оценување на постигањата на учениците во кој се вели дека во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, при тоа се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработка со другите и слично што во основа го претставува формативното оценување. Начините на проверување и оценување на постигањата на учениците треба да бидат: описното оценување преку опсервација, разговор, мотивација, интереси и активности, водење на развојно и аналитичко портфолио за секој ученик, евиденциони листи, чек листи, анегдотски белешки, студија на случај и поединечни и групни изработки на учениците. На крајот на учебната година наставникот изведува сумативна описна оценка.

Дидактички препораки кои се однесуваат наставната програма по музичко образование за првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование главно се насочени кон истакнување на можностите за интегриран пристап во реализацијата на наставата со содржините од наставните програми по мајчин јазик, математика, англиски јазик, запознавање на околината и физичко и здравствено образование. При тоа се истакнува и можноста за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности. Дидактичките препораки насочени кон наставниците се однесуваат на потребата од поттикнување и пофалба на секој ученик при музичкото изразување, но при тоа да се внимава да не се дозволи создавање на атмосфера на компетитивност меѓу учениците. Оценувањето на постигањата на учениците се изведува преку следење и вреднување во текот на наставата преку показатели за учениковите активности, нивната мотивираност, ангажираност, посветеност, како и тимската работа. Во дидактичките препораки за оценувањето на учениковите постигања особено за

истакнува потребата од индивидуален пристап кон солгедување на постигањата на секој ученик поединечно. На крајот на годината се изведува сумативна описна оценка.

Во дидактичките преораки за реализација на наставниот предмет по ликовно образование за првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование се истакнува можноста за содржинска интеграција со наставните предмети по мајчин јазик, математика, англиски јазик, запознавање на околината, музичко и физичко и здравствено образование. Препораки насочени кон наставникот се однесуваат на потребата од поттикнување и пофалба на ликовното изразување на секој ученик, без при тоа да се создава компетитвност меѓу учениците. Во текот на учебната година наставникот треба редовно да ги следи и вреднува постигањата на учениците, преку показатели за нивните активности, мотивираноста, ангажираноста и посветеноста во работата. Оценувањето на постигањата на учениците се изведува преку формативно оценување, преку опсервација и разговор со ученикот, вербално опишување на сопствениот цртеж, степен на совладување на ликовните техники, индивидуални креативни способности, учество и изведба на ликовна творба, воочување и препознавање на разни предемти од непосредната околина и применување во локовното творештво, презентација на ликовните ученички творби, креативно изразување и творење во ликовните техники, препознавање на ликовните техники и материјали и активно учество во тимска работа. На крајот на учебната година наставникот изведува сумативна описна оценка за секој ученик.

Дидактичките препораки за реализација на наставата по здравствено и физичко образование за првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование поаѓаат од потребата за почитување на развојните можности, способности и интереси на учениците во овој развоен период. Особено се истакнува препораката до секој наставник уште на самиот почеток на учебната година колку што е можно порано да воспостави вербална и моторичка комуникација со која ќе ги воведе учениците како група во организирано поставување и движење. Исто така препорака до секој наставник

е брзо и навремено откривање на забрана или ограничена физичка активност заради прележана болест или тегоби или болест на срцево-садовниот систем. Овие податоци се особено значајни за наставникот за да знае точно дали може и колку може да работи со таа категорија на ученици. Сите моторички активност се препорачува да се реализираат преку подвижни игри, со почитување на интересите на учениците, преку создавање на позитивни социјални и емоционали ефекти. Постигањата на учениците наставникот го спроведува преку дијагностичко, формативно, микросумативно и сумативно оценување. За сите постигања на ученикот наставникот води дневник, а на крајот од учебната година изведува описна оценка.

## Заклучни согледувања

Во анализата на наставните програми од првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование може да се заклучат неколку аспекти, кои даваат осврт на поставените хипотези од овој дел.

- Во содржината на наставните програми за секој наставен предмет се поставени по неколку програмски подрачја или теми. За секое програмско подрачје или тема се поставени конкретни цели, содржини, поими и предлог активности и методи. Содржините на сите тие компоненти во наставните програми даваат основа за креирање на игровните активности како методски концепт, со што се потврдува ***хипотезата бр.1 дека "содржините во наставните програми за првиот образовен циклус од основното образование во најголем дел нудат можности за креирање на игровните активности како методски концепт, во сите програмски подрачја."***
- Анализата на наставните програми од првиот образовен циклус со рубриките и содржините поставени во програмските подрачја, со посебен осврт на рубриката активности и методи, покажува дека истите даваат определени насоки кои помагаат во процесот на организација на игровните активности како методски концепт. Преку добиените податоци можеме да ја потврдиме и ***хипотезата бр. 2 дека "Постојат разлики во насоките за поставеност на игровната активност како методски концепт во рубриките и содржините на различните програмски подрачја според нивната специфичност."***

Од анализата на наставните програми за првиот образовен циклус исто така можеме да заклучиме дека содржината и формата на игровната активност се разликуваат во сите три одделенија. Така во прво одделение се препорачува играта, во второто одделение се даваат насоки и можности за примена на игровната активност во наставата, додека пак во трето одделение е зададена комбинација на неколку видови активности, кои немаат префикс на игровни но сепак по својата содржина можат да се организираат како такви.

Исто така постои понуда на игровни активности за сите наставни предмети и за сите аспекти на развој. Примери на игровни активности не се зададени само

за наставни премети и содржини кои го стимулираат исклучиво интелектуалниот развој, туку игровните активности се предвидуваат и за оние предмети и содржини кои го поттикнуваат и социјалниот, емоционалниот и психофизичкиот аспект од развојот на личноста на ученикот.

Во примерите и препораките на игровните активности се забележува тенденцијата на содржинска и целна интеграција, како и приклонување кон холистичкиот пристап во развојот на ученикот.

Како многу битна констатација може да се издвои фактот што во наставните програми постои позитивен пристап и тренд во целите, постигнувањата на учениците и очекуваните резултати, во однос на временскиот период кој е поврзан со целокупниот развоен циклус. Во таа насока игровната активност не треба секогаш да даде моментелни резултати и ефекти, напротив таа треба да послужи како стимулатор и генератор на новите сознанија, способности и вештини на учениците. При тоа постои флексибилна поставеност на очекуваните резултати, бидејќи тие повеќе се насочени кон оспособеноста на учениците.

Забелешка која би можела да се упати на ваквата конципираност на наставните програми, а е значајна за нашиот проблем на истражување се однесува на компонентата на активности и методи зададена во секоја наставна програма. Токму оваа компонента е најзначајната нишка која ја поврзува оваа програма со наствникот и наставната практика. Заради тоа таа треба да биде јасна, концизна и упатува кон конкретни препораки за реализација на целите и содржините кои ќе кореспондираат со очекуваните резултати. Нашата забелешка се однесува на содржинската несоодветност на оваа компонента. Бидејќи таа е насловена како активности и методи, се очекува во неа да биде систематизирана соодветната дидактичко-методска препорака за реализација на конкретна цел и содржина од конкретна тема или програмско подрачје на наставниот предмет. Но токму во оваа компонента воопшто не се зададени конкретни методи, активностите се поделени на три вида, и тоа игри (кои најчесто се зададени во наставните предмети од прво одделение), игровни активности (кои најчесто се зададени во наставните предмети од второ одделение) и вежби (кои се

однесуваат на содржините од наставните предмети во трето одделение). Во описот на понудените активности не постои соодветна методска организација, за нив единствено се дадени објаснувања за целта и насоката што ученикот треба да прави и кон што да се стреми. Ретко постои опис на активноста, на играта, на игровната активност, на вежбата, а кога тоа е дадено главно се однесува на целта, видот или насловот на игровната активност, содржината, крајниот ефект, процесот на работа и слично. Сметаме дека сите тие компоненти треба да се систематизираат, средат и дидактичко-методски да се организираат. Се разбира дека треба да се почитуваат специфичностите на различните содржини и наставниот предмет, а на тој начин да се нагласат сецифичностите и во реализацијата на различните видови игровни активности. Во индивидуалните разговори со наставниците во текот на истражувањето добивме сознанија дека тие често применуваат игровни активности во реализацијата на наставниот процес, но според нив тие се еднолични и веќе познати. Чувствуваат голема потреба од стручна поддршка за оваа проблематика која кај нив ќе иницира поголема креативност во осмислувањето и создавањето на сооветните методски параметри на игровните активности.

## 2.Анализа на податоците добиени од прашалникот за воспитувачи и наставници

Истражувањето спроведено со помош на прашалникот за воспитувачи и наставници се реализираше во периодот од академската 2009-2010година. Со истражувањето беа опфатени вкупно **152** воспитувачи и наставници кои реализираат настава од првиот образовен циклус (1, 2 и 3 одделение) од основното образование во пет града во Р. Македонија и тоа: Скопје, Куманово, Кочани, Велес и Виница

**Табела бр.1**: Структура на примерокот (воспитувачи/наставници) по основни училишта

| Основно училиште | Воспитувачи/наставници | |
|---|---|---|
| 1. ОУ Љубен Лапе-Скопје | f | 4 |
| | % | 2,6 |
| 2. ОУ Владо Тасевски-Скопје | f | 15 |
| | % | 9,9 |
| 3. ОУ Димо Хаџи-Димов-Скопје | f | 14 |
| | % | 9,2 |
| 4. ОУ Лазо Трповски-Скопје | f | 5 |
| | % | 3,3 |
| 5. ОУ Вера Циривири-Трена-Скопје | f | 8 |
| | % | 5,3 |
| 6. ОУ Петар Поп-Арсов-Скопје | f | 13 |
| | % | 8,6 |
| 7. ОУ Коле Неделковски-Скопје | f | 13 |
| | % | 8,6 |
| 8. ОУ 11 Октомври-Скопје | f | 14 |
| | % | 9,2 |
| 9. ОУ Кочо Рацин-Скопје | f | 10 |
| | % | 6,6 |
| 10. ОУ Браќа Миладиновци-Куманово | f | 10 |
| | % | 6,6 |
| 11. ОУ Гоце Делчев-Куманово | f | 9 |
| | % | 5,9 |
| 12. ОУ Вук Караџич-Куманово | f | 3 |
| | % | 1,9 |
| 13. ОУ Малина Поп-Иванова-Кочани | f | 11 |
| | % | 7,2 |
| 14. ОУ Кирил и Методиј-Кочани | f | 10 |
| | % | 6,6 |
| 15. ОУ Васил Главинов-Велес | f | 9 |
| | % | 5,9 |
| 16. ОУ Славчо Стојменски-Виница | f | 4 |
| | % | 2,6 |
| Вкупно | f | 152 |
| | % | 100.0 |

Со помош на прашалникот наменет за воспитувачи и наставници сакавме да добиеме податоци за нивните мислења и ставови во однос на неколку аспекти кои влијаат врз начинот на организација и реализација на игровната активност

како методски концепт. Прашалникот содржеше вкупно **28** прашања од затворен и отворен вид, распоредени во 8 дела. Целта на ова истражување беше да се добијат податоци за:

- Значењето на стручната подготвеност за организација и реализација на игровните активности;
- Улогата и значењето на обуките за професионално усовршување во насока на организација и реализација на игровните активности;
- Соодветноста на наставните програми за реализација на игровната активност во наставата за сите програмски подрачја во првиот образовен циклус;
- Дидактичко-методската подготовка на воспитувачите и наставниците во процесот на креирање и реализирање на игровната активност како методски цонцепт, во однос на:
- Основата од која што се поаѓа во дидактичко-методската подготовка на игровната активност во првиот образовен циклус на основното образование;
- Пристапот во дидактичко-методската примена на игровната активност како методски концепт;
- Начинот на кој се применува игровната активност во првиот образовен циклус;
- Концептот на дидактичките материјали кои се применуваат во реализацијата на игровната активност.

Имајќи ја во предвид главната цел на ова истражување, а тоа е да ги испита <u>методските компоненти во организацијата и реализацијата на игровната активност во првиот образовен циклус (1, 2 и 3 одделение) на задолжителното</u>

деветгодишно основно образование, потребно беше индуктивно да се анализираат дел од поединечните хипотези кои се во насока на потврдување на главната хипотеза.

Во продолжение следува анализа на добиените податоци од спроведеното истражување со помош на прашалникот наменет за воспитувачите и наставниците кои реализираат настава во првиот образовен циклус.

## ❖ Значењето на иницијалното образование организација и реализација на игровните активности како методски концепт

За потребите на организација и реализација на игровните активности неопходно е да се задоволат одредени предуслови. Иницијалното образование на наставниот кадар од првиот образовен циклус на основното образование како значае фактор се однесува на застапеноста на содржините од оваа проблематика, стекнатото практично искуство како и применливоста на стекнатите знаења во моменталниот професионален ангажман. За да се утврди значењето на иницијалното образование, испитаниците имаа можност да ги искажат своите ставови по однос на следното прашање чии податоци се претставени во табелата бр.1

**Табела бр.1**: Ставови на воспитувачи и наставници за тоа какво значење има иницијалното образование за организација и реализација на игровните активности како методски концепт во првиот образовен циклус

| **Методскиот концепт на игровната активнос во иницијалното образование беше:** | | Воопшто не | Делумно | Да во потполност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| *Содржински доволно застапен* | f | 28 | 114 | 10 | 152 |
| | % | 18.4 | 75.0 | 6.6 | 100.0 |
| *Со задоволително практично искуство* | f | 34 | 100 | 18 | 152 |
| | % | 22.4 | 65.8 | 11.8 | 100.0 |
| *Корисно за сегашното професионално работење* | f | 18 | 86 | 48 | 152 |
| | % | 11.8 | 56.6 | 31.6 | 100.0 |

**Графикон бр.1**: Графичко претставување на процентуалната застапеноста на ставовите на воспитувачи и наставници за тоа какво значење има иницијалното образование за организација и реализација на игровните активности како методски концепт во првиот образовен циклус




Од резултатите претставени преку табелата бр.1(графикон бр.1) во сите три категории најголем процент од испитаниците (75.0%) сметаат дека во иницијалното образование има делумно содржинска застапеноста на проблематиката за игровните активности како методски концепт. Според 18.4% од испитаниците сметаат дека воопшто нема содржинска застапеност за време на иницијалното образование, а незначително мал процент од испитаниците (6.6%) се изјасниле дека во потполност има содржинска застапеност на оваа тема за време на иницијалното образование.

Кога станува збор за практичното искуство најголем процент од испитаниците (65.8%) го делат мислењето дека делумно се стекнале со практично искуство за овие содржини, додека пак 22.4% се изјасниле дека воопшто немаат практично искуство за време на иницијалното образование, а

пак 11.8% од испитаниците имаат задоволително практично искуство од иницијалното образование.

Во однос на прашањето на зависноста на иницијалното образование и сегашното професионално работење најголем процент од испитаниците (56.6%) сметаат дека иницијалното образование делумно им влијае во сегашното професионално работење. Многу мал процент, поточно 11.8% сметаат дека воопшто не се здобиле со задоволително практично искуство во овој период, но останатиот дел од испитаниците, со 31.6% укажуваат дека содржините на оваа тема за време на иницијалното образование во потполност се корисни за сегашното нивно професионално работење.

Преку добиените резултати можеме да ја потврдиме ***хипотезата бр.3 дека "кај испитаниците доминира ставот дека организацијата и реализацијата на игровната активност делумно зависи од нивното иницијално образование".***

### ❖ Значењето на обуките за професионално усовршување наменети за организација и реализација на игровните активности како методски концепт

Системот на професионалното усовршување претставува иновирање на стекнатите знаења преку практична работа и истражувачки активности, усовршување на вештините, унапредување на способностите и континуиран професионален развој на наставниците. Целта на нашето истражување меѓу другото беше насочено и кон утврдување на застапеноста, корисноста и применливоста на обуките за наставниците, како и следењето на современите трендови на обуките во оваа област. Во однос на моменталната состојба во основните училишта за обуките на наставниот кадар испитаниците се изјасниле на следниот начин, прикажан на табела бр.2:

**Табела бр.2**: Ставови на воспитувачи и наставници за тоа какво значење имаат обуките за професионално усовршување наменети за организација и реализација на игровните активности како методски концепт

| **Обуките за професионално усовршување** | | Воопшто не | Делумно | Да во потполност | Вкупно | $\bar{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Доволно застапени* | f | 32 | 93 | 27 | 152 | $\bar{X}_1$=2 |
| | % | 21.0 | 61.2 | 17.8 | 100.0 | |
| *Корисни и применливи* | f | 17 | 52 | 83 | 152 | $\bar{X}_2$=2.4 |
| | % | 11.2 | 34.2 | 54.6 | 100.0 | |
| *Иновативни и современи* | f | 21 | 61 | 70 | 152 | $\bar{X}_3$= 2.3 |
| | % | 13.8 | 40.1 | 46.1 | 100.0 | |

**Графикон бр.2**: Графичко претставување на процентуалната застапеноста на ставовите на воспитувачи и наставници за тоа какво значење имаат обуките за професионално усовршување наменети за организација и реализација на игровните активности како методски концепт во првиот образовен циклус




Според податоците претставени на табелата најголема фрекфентност (93) на одговори, поточно 61.2% од испитаниците сметаат дека обуките за професионално усовршување наменети за организација и реализација на игровните активности како методски концепт во првиот образовен циклус се делумно застапени. 21.1% од испитаниците го делат ставот дека обуките не се доволно застапени, а само 17.8% во укажуваат на потполна застапеност на обуките за професионално усовршување од оваа област.

Според повеќе од половината испитаници обуките за професионално усовршување и развој во потполност се корисни и применливи во нивната наставна практика. 34.2% од испитаниците го делат мислењето дека тие делумно се корисни и применливи, а за само 11.2% од испитаниците обуките воопшто немаат применливост во секојдневната наставна работа.

Во однос на прашањето за иновативноста и применливоста на обуките за професионален развој 46.1% од испитаниците се изјасниле дека тие во

потполност се иновативни и современи, 40.1% сметаа дека делумно се застапенаи и 13.8% сметаат дека обуките воопшто не се иновативни и современи.

**Графичка скала бр.1**




Анализата на податоците добиени преку пресметаната аритметичка средина на трите дела од скалерот ($\bar{X}_1$=2) претставени на графичката скала бр.1покажа дека испитаниците сметаат дека обуките за професионален развој наменети за организација и реализација на игровните активности како методски концепт во првиот образовен циклус, делумно се застапени. Според добиените средни вредности ($\bar{X}_2$= 2.4 и $\bar{X}_3$= 2.3) може да се заклучи дека испитаниците сметаат дека тие се делумно корисни и применливи како и иновативни и современи иако тие треба да бидат во насока на подобрување на наставната пракса.

Во рамките на делот од прашалникот наменет за испитување на ставовите и мислењата на воспитувачите и наставниците на прашањата кои се однесуваат на обуките за професионално усовршување наменети за организација и реализација на игровните активности како методски концепт во првиот образовен циклус, беше зададено едно прашање од отворен тип кое гласи: Кои обуки досега сте ги посетувале.

Испитаниците на ова прашање најчесто ги даваа следниве одговори:

- ✓ Чекор по чекор;
- ✓ Активна настава-Интерактивно учење;
- ✓ Toolkids;
- ✓ Со читање и пишување до критичко мислење;
- ✓ Креативна настава и учење;

- ✓ Управување и раководење во паралелката;
- ✓ Стратегии и техники на учење и поучување;
- ✓ Тимска работа и визионирање;
- ✓ Личен менаџмент;
- ✓ Обука за животни вештини;
- ✓ Примена на ИКТ во наставата;
- ✓ Обука за оперативен систем LINOX-edu buntu;
- ✓ Приоди кон визуелно размислување;
- ✓ Математика со размислување;
- ✓ Web-quest;
- ✓ Математиката и природните науки;
- ✓ Методи и техники на оценување;
- ✓ Комуникација и комуникациски вештини;
- ✓ Унапредување на средината за учење;
- ✓ Нумеричко описменување;
- ✓ Алгоритам центар

Од горе прикажаните резултати може да се утврди точноста на ***хипотеза бр.4 во која се вели дека "кај испитаниците доминира ставот дека е делумна застапеноста и влијанието на обуките за професионалното усовршување наменети за организацијата и реализацијата на игровната активност"***.

### ❖ Соодветноста на наставните програми од првиот образовен циклус за организација и реализација на игровните активности како методски концепт

Наставните програми од првиот образовен циклус се од големо значење во реализацијата на игровните активности во наставниот процес. Структурата на наставните програми упатува кон содржини, насоки и примери кои даваат идеи за осмислување и креирање на игровни активности. Значењето на оваа проблематика, односно соодветноста на наставните програми во наставната практиката го испитавме преку следното прашање:

**Табела бр.3**: Ставови на воспитувачи и наставници за тоа колкава е соодветноста на наставните програми од првиот образовен циклус за организација и реализација на игровните активности како методски концепт

| **Наставните програми од првиот образовен циклус нудат:** | | Воопшто не е така | Во најголем дел не е така | Во најголем дел е така | Во потполност е така | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Содржински можности* | f | 7 | 46 | 88 | 11 | 152 |
| | % | 4.6 | 30.3 | 57.9 | 7.2 | 100.0 |
| *Определни насоки* | f | 6 | 65 | 71 | 10 | 152 |
| | % | 3.9 | 42.8 | 46.7 | 6.6 | 100.0 |
| *Готови решенија и примери* | f | 25 | 45 | 75 | 7 | 152 |
| | % | 16.5 | 29.6 | 49.3 | 4.6 | 100.0 |

**Графикон бр.3.1**: Графичко претставување на процентуалната застапеноста на ставови на воспитувачи и наставници за тоа во колкава мера наставните програми од првиот образовен циклус нудат содржински можности за организација и реализација на игровните активности како методски концепт




Наставните програми според 57.9% од испитаниците во најголем дел нудат содржински можности за организација и реализација на игровната активност во првиот образовен циклус, а според една третина од испитаниците 30.3% во најголем дел не ги нудат потребните содржински можности. Многу мал процент 11.8% на испитаници имаат спротиставени ставови во однос на содржинските можности на наставните програми, односно 7.2% од нив сметаат дека во потполност е така, а останатите 4.6% сметаат дека воопшто не е така.

**Графикон бр.3.2:** Графичко претставување на процентуалната застапеноста на ставови на воспитувачи и наставници за тоа во колкава мера наставните програми од првиот образовен циклус нудат определени насоки за организација и реализација на игровните активности како методски концепт




46.7% од испитаниците сметаат дека во најголем дел наставните програм од првиот образовен циклус нудат определени насоки, а 42.8% имаа спротивно мислење дека во најголем дел наставните програми не го нудат тоа. Во однос на ова прашање повторно се среќаваме со низок процент 6.6% на испитаници кои сметаат дека во потполност е така, и 3.9% кои се изјасниле дека програмата не нуди никакви насоки.

**Графикон бр.3.3**: Графичко претставување на процентуалната застапеноста на ставови на воспитувачи и наставници за тоа колкава е соодветноста на наставните програми од првиот образовен циклус за организација и реализација на игровните активности како методски концепт




Голем процент од испитаниците 49.3%, го делат мислењето дека наставните програми за овој период во најголем дел нудат готови решенија и примери на игровни активности. Додека пак фрекфентноста од 45 одговори укажува на ставот дека една третина од испитаниците сметаат дека тие во голема мера не нудат готови примери и решенија. Земајќи ги во предвид ниските проценти од 16.5% и 4.6% можеме да заклучиме дека дел од испитаниците не се согласуваат во своите ставови за постоењето готови решенија и примери на игровни активности во наставните програми.

Последното поставено прашање од овој блок кое е од отворен тип кое се однесува на: Најсоодветните програмски подрачја за организација и реализација на игровните активности. На него испитаниците ги дале следниве одговори:

✓ *Македонски јазик:*

- Литература;
- Почетно читање и пишување;
- Јазик;
- Изразување и творење

✓ *Математика:*

- Форми во рамнината и односи помеѓу нив;
- Решавање на проблемски ситуации;
- Броеви до 20. Собирање и одземање;
- Мерење

✓ *Запознавање на околината:*

- Јас со другите;
- Животот и работата во училиштето;
- Моето место;
- Мојот дом;
- Јас сум дел од природата;
- Јас истражувам;
- Сообраќај

✓ *Ликовно образование:*

- Цртање;
- Ликовни истражувачки активности

- ✓ *Музичко образование:*
  - Музика и движење;
  - Основи на музичката писменост;

- ✓ *Физичко и здравствено образование:*
  - Вежби за оформување на телото и движењето;
  - Основи на гимнастика;
  - Основи на атлетика

Според анализите кои се однесуваат на присутноста на дадените искази и добиените податоци можеме да констатираме дека испитаниците се свесни за соодветноста на наставните програми од првиот образовен циклус за организацијата и реализацијата на игровната активност, при што се докажува ***хипотезата бр 5 според која "мнозинството наставници/воспитувачи сметаат дека наставните програми се соодветни за реализирање на игровната активност како методски концепт"***

## ❖ Дидактичко-методската подготовка на воспитувачите и наставниците во процесот на креирање и реализирање на игровните активности како методски концепт

Во процесот на креирање и реализација на игровните активности неопходна е дидактичко-методска подготовка на воспитувачите и наставниците. Таа им помага во изнаоѓање на соодветни решенија и поставување на проблематиката врз широка дидактичко-методска основа. Овој вид на подготовка претставува водич според кој наставниот кадар ќе ја реализира својата идеја. Дидактичко-методската подготовка претпоставува повеќе аспекти, но за потребите на нашето истаржување ние се фокусиравме на: предметот и пристапот од кој се поаѓа и природата и примената на дидактичките материјали.

**Ранг листа табела бр.4.1**: Ставови на воспитувачи и наставници за тоа од каде поаѓаат во процесот на креирање и реализирање на игровните активности како методски концепт

| **Во организација и реализација на игровните активности воспитувачите/наставниците поаѓаат од:** | f | % | Ранг |
|---|---|---|---|
| *Наставната содржина* | 102 | 67.1 | 1 |
| *Интересите на учениците* | 49 | 32.2 | 2 |
| *Актуелните случувања во училиштето* | 1 | 0.7 | 3 |
| Вкупно: | 152 | 100.0 | 3 |

**Графикон бр.4.1**: Графичко претставување на ранг листата




Ранг листата што ја добивме врз основа на мислењата на расподентите за појдовната основа во организацијата и реализацијата на игровната активност покажува дека висок процент од испитаниците поаѓаат од наставната содржина, интересите на учениците според податоците се рангирани на второто место, а на последното место од ранг листата се наоѓаат актуелните случувања во училиштето, поради ниската фрекфентност на одговори. Овие податоци упатуваат на заклучок дека наставната содржина сеуште го има приматот во креирањето и реализирањето на игровната активност во наставната практика.

Дидактичко-методската подготовка на игровната активност во голема мера зависи од пристапот кој го применуваат испитаниците во нивната секојдневна практика. Во педагошката терија и практика постојат неколку пристапи во планирањето на наставниот процес, а тоа се тематскиот, интегрираниот и холистичкиот пристап. Секој од нив има свои специфични карактеристики кои несомнео влијаат врз реализацијата на игровната активност. Кој од овие пристапи најчесто го применуваат испитаниците испитавме преку следново прашање:

**Табела бр.4.2:** Ставови на воспитувачи и наставници за тоа кој пристап го применуваат во процесот на организирање и реализирање на игровните активности како методски концепт

| **Во организација и реализација на игровните активности воспитувачите/наставниците применуваат** | | Воопшто не | Делумно | Да, во потполност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| *Тематски пристап* | f | 5 | 77 | 70 | 152 |
| | % | 3.3 | 50.7 | 46.0 | 100.0 |
| *Интегриран пристап* | f | 4 | 56 | 92 | 152 |
| | % | 2.6 | 36.9 | 60.5 | 100.0 |
| *Холистички пристап* | f | 33 | 105 | 14 | 152 |
| | % | 21.7 | 69.1 | 9.2 | 100.0 |

**Графикон бр.4.2**: Графичко претставување на процентуалната застапеноста на ставови на воспитувачи и наставници за тоа кој пристап го применуваат во процесот на организирање и реализирање на игровните активности како методски концепт




Од добиените податоци кои се прикажани на табелата бр. 4.2 може да се заклучи дека најголем процент од испитаниците, 50.7% делумно го применуваат тематскиот пристап, но не помалку, односно 46.0% во потполност го применуваат истиот пристап. Само кај 5 испитаници преовладува мислењето дека тие воопшто не се применуваат но нивниот процент во овој случај е незначаен.

Во однос на примената на итегрираниот пристап 60.5% се изјасниле дека во потполност го применуваат, 36.9% од испитаниците делумно го применуваат и само 2.6% воопшто не го применуваат истиот.

Од вкупниот број испитаници 21.7% се изјасниле дека воопшто не го применуваат холистичкиот пристап, а само 9.2% во потполност го применуваат. Во најголем процент 69.1% холистичкиот пристап делумно го применуваат испитаниците и бидејќи овој процент е највисок кај сите понудени пристапи слободно можеме да констатираме дека наставниот кадар е отворен за имплементација на современи пристапи во планирањето на дидактичко-методските аспекти на наставата.

Во дидактичко-методското планирање на игровните активности секогаш се вклучуваат и дидактичките материјали и средства од различна природа. Неопходноста одниваната присутност прооизлегува од потребата за очигледност во наставата, особено во раните години. Природата на дидактичките материјали и средства е различна и зависна од целта за која се применуваат. Воспитувачите и наставниците имаат можност да го одберат видот на дидактички материјал кој може да биде наменски или ненаменски во согласност со потребите на игровната активност. Земајќи ја во предвид неопходноста од дидактичките материјали испитаниците се изјасниле дека:

**Табела бр.4.3:** Ставови на воспитувачи и наставници за видови дидактички материјали и средства кои се применуваат во реализацијата на игровните активности како методски концепт

| **Дидактички материјали и средства кои најчесто се применуваат во игровната активност се:** | | Воопшто не | Делумно | Да, во потполност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| *Дидактички* | f | 4 | 93 | 55 | 152 |
| | % | 2.6 | 61.2 | 36.2 | 100.0 |
| *Природни* | f | 3 | 78 | 71 | 152 |
| | % | 2.0 | 51.3 | 46.7 | 100.0 |
| *Наменски подготвени* | f | 1 | 56 | 95 | 152 |
| | % | .7 | 36.8 | 62.5 | 100.0 |
| *Комбинирани* | f | 1 | 49 | 102 | 152 |
| | % | .7 | 32.2 | 67.1 | 100.0 |

**Графикон бр.4.3**: Графичко претставување на процентуалната застапеноста на ставови на воспитувачи и наставници за видови дидактички материјали и средства кои се применуваат во реализацијата на игровните активности како методски концепт




Од понудените прашања испитаниците имаа можност да се изјаснат во која мера и кои дидактички материјали и средства најчесто ги користат во својата наставна практика, при што најголем процент од нив 67.1% применуваат комбинирани материјали и средства кои во себе ги содржат сите веќе понудени категории на видови материјали. Тоа е особено значајно за реализација на игровната активност во практиката бидејќи испитаниците имаат можност да ги изберат најсоодветните матреијали кои се потребни да ја задоволат природата на содржината. Но исто така во комбинацијата на материјалите и средствата доаѓа до израз слободата на одлучвање на наставниците и воспитувачите, како и нивното почитување на интересите на учениците.

Игровните активности како методски концепт во наставната практика може да се применуваат во повеќе форми. Тие може да бидат во готова форма зададени, само иницирани од страна на наставникот или воспитувачот, ив о најдобар случај тие може да бидат иницирани и водени од страна на учениците. Која форма ќе биде применета зависи од многу фактори. За да утврдиме кои форми наставниците и воспитувачите најчесто ги применуваат за време на реализацијата на игровната активност во првиот образовен циклус, во прашалникот испитаниците ги изнесоа своите ставови на следнов начин:

**Табела бр.4.4**: Ставови на воспитувачи и наставници за тоа во каква форма се применуваат игровните активности како методски концепт

| **Примената на игровните активности е:** | | Воопшто не | Делумно | Да, во потполност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| *Аспект 1:* Во готова форма зададена на учениците | f | 40 | 43 | 69 | 152 |
| | % | 26 | 28 | 46 | 100.0 |
| *Аспект 2:* Поттикната и насочена од страна на воспитувачи и наставници | f | 23 | 43 | 86 | 152 |
| | % | 15 | 28 | 57 | 100.0 |
| *Аспект 3:* Иницирана и водена од страна на учениците | f | 35 | 83 | 34 | 152 |
| | % | 23 | 55 | 22 | 100.0 |

**Графикон бр.4.4**: Графичко претставување на процентуалната застапеноста на ставови на воспитувачи и наставници за тоа во каква форма се применуваат игровните активности како методски концепт




Податоците прикажани на табелата јасно ги покажуваат разликите во однос на трите аспекти. Во најголем процент од аспектот 1, поточно 46% од испитаниците, игровната активност ја задаваат во готова форма на учениците, додека пак кај 57% од вториот аспект, примената на игровната активност во потполност ја поттикнуваат и насочуваат самите воспитувачи и наставници. Во третиот аспект најголема е фрекфентноста од 83 т.е 55% од испитинаците сметаат дека делумно игровната активност е иницирана и водена од страна на учениците.

Во врска со прашањето, каква е примената на игровната активност, ја испитавме врската помеѓу ставовите на респодентите и нивното работно искуство. Најпрво е прикажана табелата во која е пресметан Хи-квадратот според работното искуство на испитаниците за аспектот бр.1 кој се однесува на примената на игровната активност во готова форма зададена на учениците, односно:

**Табела бр.4.4.1**

| *Во готова форма зададена на учениците* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Работно искуство*** | ***Воопшто не*** | | ***Делумно*** | | ***Да, во потполност*** | | ***Вкупно*** | |
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| **Од 1до10** | **5** | **11** | **5** | **11** | **36** | **78** | **46** | **100** |
| **Од 10 до 20** | **22** | **39** | **17** | **30** | **18** | **31** | **57** | **100** |
| **Од 20 до 30** | **8** | **23** | **15** | **43** | **12** | **34** | **35** | **100** |
| **Над 30** | **5** | **36** | **6** | **43** | **3** | **21** | **14** | **100** |
| **Вкупно** | **40** | **26** | **43** | **28** | **69** | **46** | **152** | **100** |

$x^2$ =28,078 p< 0,01 за (df=6)=16,812

Резултатите покажуваат дека 78%, речиси повеќе од три четвртини од испитаниците кои ја сочинуваат популацијата со работно искуство до 10 години, го делат мислењето дека во потполност игровната активност ја задаваат во готова форма. Податоците кои се однесуваат на овој аспект, привлекуваат големо внимание за оваа категорија на испитаници. Со тоа се покажува дека малото работно искуство значајно влијае врз подготвеноста на наставниците и вопитувачите за примената на игровните активности во исклучиво готова форма. Додека пак во најголем процент (43%) од категоријата на испитаници кои имаат работно искуство над 20 години делумно ја применуваат игровната активност во готова форма. Врз основа на пресметаниот Хи-квадрат може да се заклучи дека на воспитувачите и наставниците им е потребно поголемо работно искуство за

осмислување на оригинални концепти на игровни активности кои ќе бидат во согласност си интересите на учениците.

Врската помеѓу мислењата на испитаниците за вториот аспкет кој се однесува на поттикнувањето и насоченоста на игровната активност од страна на воспитувачите и наставниците прикажана на табелата 4.4 и влијанието на нивното работното искуство е претставена во следната табела:

**Табела бр 4.4.2**

| ***Поттикната и насочена од страна на воспитувачи и наставници*** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Работно искуство*** | ***Воопшто не*** | | ***Делумно*** | | ***Да, во потполност*** | | ***Вкупно*** | |
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| **Од 1до10** | 4 | 9 | 24 | 52 | 18 | 39 | 46 | 100 |
| **Од 10 до 20** | 2 | 4 | 4 | 7 | 51 | 89 | 57 | 100 |
| **Од 20 до 30** | 14 | 40 | 9 | 26 | 12 | 34 | 35 | 100 |
| **Над 30** | 3 | 21 | 6 | 43 | 5 | 36 | 14 | 100 |
| **Вкупно** | 23 | 15 | 43 | 28 | 86 | 57 | 152 | 100 |

$x^2$ =51,38 p< 0,01 за (df=6)=16,812

Според податоците од табелата бр. 4.4.2 може да се заклучи дека мислењето на испитаниците за аспектот бр. 2 исто така зависи од нивното работно искуство, односно 89% кои сметаат дека во тие потполност ја поттикнуваат и насочуваат игровната активност кон учениците имаат работен стаж од 10 до 20 години. Додека пак испитаниците со работно искуство над 20 години имаат висок процент од 40% до 43% кој се однесува на делумно применување на овој аспект како форма. Охрабрува фактот што високата фрекфентност на испитаниците со работно искуство од 1 до 10 години делумно ја применуваат оваа форма, со тенденција во текот на зголемување на работно искуство нејзината применливост да биде потполна. Пресметаниот Хи-квадрат покажува дека постои статистички значајна разлика во мислењата на

испитаниците за иницираноста на игровната активност од страна на наставниот кадар и во зависност од нивното работно искуство.

Во однос на аспектот бр. 3 кој се однесува на иницирањето и водењето на игровната активност од страна на учениците и работното искуство на испитаниците добиени се следните резултати претставени во табелата 4.4.3:

**Табела бр. 4.4.3**

| ***Иницирана и водена од страна на учениците*** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Работно искуство*** | ***Воопшто не*** | | ***Делумно*** | | ***Да, во потполност*** | | ***Вкупно*** | |
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| **Од 1до10** | 14 | 30 | 22 | 48 | 10 | 22 | 46 | 100 |
| **Од 10 до 20** | 18 | 32 | 19 | 33 | 20 | 35 | 57 | 100 |
| **Од 20 до 30** | 1 | 3 | 32 | 91 | 2 | 6 | 35 | 100 |
| **Над 30** | 2 | 14 | 10 | 72 | 2 | 14 | 14 | 100 |
| **Вкупно** | 35 | 23 | 83 | 55 | 34 | 22 | 152 | 100 |

$x^2$ =28,185 p< 0,01 за (df=6)=16,812

Врз основа на добиените вредности прикажани во табелата 4.4.3 може да се констатира дека кај 91% од испитаниците со работно искуство од 20 до 30 години игровната активност делумно е иницирана и водена од страна на учениците. Висок процент на влијание (72%) се забележува и кај наставниот кадар со работно искуство над 30 години. Оттука може да се констатира дека на наставниците и воспитувачите им е потребно поголемо работно искуство за да можат практиката да ја насочат кон самостојно иницирање и водење на игровната активност од страна на учениците. Ваквата состојба ја докажува стстистички значајната разлика на ниво од 0.01% на мислењата на реcподентите преку пресметаниот Хи-квадрат.

Претходно прикажаните податоци и анализа кои се однесуваат на примената на игровната активност укажуваат дека работното искуство игра голема улога. Со што се докажува ***хипотезата бр.6 според која може да се***

***констатира дека "Постои статистички значајна разлика во начинот на иницирање и примена на игровните активности во зависност од работното искуство на воспитувачите и наставниците".***

## Заклучни согледувања

Анализата и интерпретацијата на податоците добиени со помош на прашалникот наменет за воспитувачи и наставници упатуваат на неколку заклучоци.

Во делот од истражувањето наменет за испитување на ставовите и мислењата на воспитувачите и наставниците добивме податоци кои укажуваат на состојбата и влијанието на различните аспекти врз начинот на организација и реализација на игровната активност како методски концепт. Испитаниците во најголем дел ги делат ставовите дека тие се делумно стручно оспособени за организација и реализација на игровната активност. Содржинските понуди, практичното искуство но и применливоста во сегашното професионално работење, не се во целост, т.е. тие се делумно опфатени во текот на нивното иницијално образование, што претпоставува потреба од зголемена инволвираност на овие аспекти во процесот на иницијалното образование на идните воспитувачи и наставници. Сето тоа би придонело кон нивно поуспешно организирање и реализаирање на игровните активности во првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование.

По однос на прашањето за обуките наменети кон оваа проблематика испитаниците во најголем дел сметаат дека тие се делумно застапени, од што можеме да заключиме дека чувствуваат потреба од нивно почесто органиизрање. Овој заклучок произлегува и од нивниот најчест став дека тие обуки кои што ги следеле се во потполност корисни и применливи за секојдневната наставна практика, но исто така тие се во контекст на нејзино иновирање и осовременување. Потребата која произлегува одпрактиката треба

да се следи, поддржи и реализира. Моделот за ваквата поддршка е претставен во делот за препораките за понатамошен развој на идејата за успешна имплементација на игровната активност како методски концепт.

Ставовите на наставниот кадар за соодветноста на наставните програми, се слични со анализите добиени од наставните програми за првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование. Имено, и двете анализи, (од една страна ставовите на воспитувачите и наставниците по однос на ова прашање, и од друга страна анализата на документите), покажуваат дека наставните програми во најголем дел нудат содржински можности, определени насоки и готови решенија и примери за реализација на игровна активност во соодветен наставен предмет. Меѓутоа постои потреба од појасни, поконцизни и поконкретни препораки за реализација на игровните активности. Во понудените насоки и примери на игровна активност во наставните програми постои содржинска несоодветност која создава расчекор помеѓу толкувањата на воспитувачите и наставниците и нивната вистинска суштина.

Дидактичко-методската подготовка како значајно прашање на оваа проблематика, ги истакна ставовите на воспитувачите и наставниците во неколку значајни сегменти. Првенствено можеме да заклучиме дека, наставниот кадар не може да покаже автономност во однос на наставните програми. Истражувањето покажа дека во подготовката на игровната активност тие најчесто поаѓаат од наставната содржина, а дури потоа од интересите на учениците или тековните случувања во училиштето. Второ, испитаниците своите ставови јасно ги искажуваат по однос на примената на тематскиот и интегрираниот пристап, но изненадува фактот што во голем дел тие го применуваат и холистичкиот пристап како значајна новина во педагошката теорија и практика. Трето, испитаниците покажуваат пракса на разновидна, односно комбинирана примена на дидактички материјали и средства во реализацијата на игровната активност што укажува на нивната слобода и креативност во изборот на истите.

За одбележување се и податоците добиени по однос на прашањето за влијанието на работното искуство врз секојдневната наставна практика на

испитаниците кое е несомнено големо. Ние го испитавме и докажавме неговото влијание врз примената на игровната активност. Краткото работно искуство најчесто води кон реализација на игровната активност која е во готова форма зададена на учениците од страна на наставниот кадар. Средното ниво на работно иксуство укажува на зајакнување на професионалната сигурност и подготвеност на испитаниците што води кон единствено поттикнување и насочување од нивна страна, додека пак поголемото работно иксуство води кон развој на способности на воспитувачите и наставниците со кои ќе можат умешно да го надгледуваат иницирањето и водењето на игровната активност од страна на самите ученици.

Добиените податоци од спроведениот прашалник беа во прилог на докажување на поставените помошни хипотези кои се во функција на верификација на главната хипотеза.

## 3.Анализа на податоците добиени од протоколот за набљудување на методската артикулација на игровната активност

Истражувањето спроведено со помош на протоколот за набљудување на методска артикулација на игровната активност се реализираше во периодот од една академска година 2009-2010. Во текот на истражувањето беа набљудувани вкупно **129** наставни часа од различни наставни предмети во првите три одделенија на задолжителното деветгодишно основно образование. Во текот на опсервацијата фокусот на вниманието беше насочено кон методска артикулација во текот на реализацијата на игровна активност според однапред подготвен протокол за таа цел.

Набљудувањето на практичната реалиазција на методската артикулација на игровната активност беше спроведено во вкупно **5** училишта во градот Скопје, и тоа:

1. ОУ Лазо Трповски-Скопје;
2. ОУ Петар Поп Арсов-Скопје;
3. ОУ Владо Тасевски-Скопје;
4. ОУ Димо Хаџи-Димов-Скопје;
5. ОУ Љубен Лапе-Скопје.

Со помош на протоколот за набљудување сакавме да добиеме податоци за елементите и компонентите на методската артикулација на игровната активност во однос на неколку дидактичко-методски параметри кои директно влијаат врз начинот на организација и реализација на игровната активност како методски концепт. Протоколот содржеше вкупно **25** категории на набљудување распоредени во 3 дела. Целта на опсервацијата беше да се добијат податоци за:

- Наставните методи;
- Формите на наставна работа;
- Насоченоста на игровната активност;

- Видот на игровната активност;
- Местото на реализација;
- Времетраењето;
- Интеграција на игровната активност со други наставни содржини и наставни предмети;
- Иницијација на игровната активност;
- Тек и реализација на игровната активност;
- Воспитно-образовни ефекти;
- Компатибилност на игровната активност со учениковите предзнаења, можности, потреби, интереси и возраст;
- Улогата и статусот на ученикот во текот на реализацијата на игровната активност;
- Улогата и статусот на наставникот/воспитувачот во текот на реализацијата на игровната активност;
- Јазикот и говорот кој се применува во игровната активност;
- Вербалната комуникација меѓу субјектите за време на игровната активност;
- Невербалната комуникација меѓу субјектите за време на игровната активност;
- Климата и атмосферата за време на игровната активност;
- Технолошката подршка за време на игровната активност.

Во продолжение следува преглед на набљудуваните наставни часови по посебни предмети и одделение:

**Табела бр.1**: Структура на набљудуван наставен час според одделението и наставниот предмет

| **Структура на примерокот** | *Прво одделение* | *Второ одделение* | *Трето одделение* |
|---|---|---|---|
| | f | f | f |
| 1.Македонски јазик | 12 | 14 | 13 |
| 2.Математика | 9 | 9 | 9 |
| 3.Запознавање на околината | 6 | 8 | 7 |
| 4.Музичко образование | 5 | 3 | 3 |
| 5.Ликовно образование | 3 | 3 | 2 |
| 6.Физичко и здравствено образование | 5 | 3 | 5 |
| 7.Образование за животни вештини | 3 | 3 | 4 |
| Вкупно | 43 | 43 | 43 |
| | | | N=129 |

Според податоците добиени во табелата може да се забележи дека набљудувањето на методската артикулација на игровната активност е спроведена и се добиени податоци од сите три одделенија и сите наставни предемети вклучувајќи го и образованието за животни вештини.

Протоколот за набљудување на методската артикулација на игровната активност во првиот образовен циклус, во својата структура содржи три дела во кои се внесуваат со различни видови на податоци. Така првиот дел се однесува на **Општите податоци за наставниот час** и во него дескриптивно се бележеа податоците за:

1. Наставната тема;
2. Наставната содржина;
3. Целта и
4. Задачите.

Овие податоци служат за да се појасни воспитно-образовниот контекст во кој се реализира игровната активност. Податоците се квалитативно обработени во анализата на текот на реализацијата на игровната активност.

Вториот дел од протоколот се однесува на **Микрометодските компоненти на игровната активност**. Во овој дел беа бележени набљудуваните податоци во однос на:

1. Методите на наставна работа во текот на игровната активност;
2. Формите на наставната работа во текот на игровната активност;
3. Насоченоста на игровната активност;
4. Видот на игровната активност;
5. Местото на реализација на игровната активност;
6. Времетраењето на игровната активност;
7. Интеграцијата на игровната активност;
8. Дидактичките средства и материјали и
9. Целта на игровната активност.

Третиот дел од протоколот се однесува на **Макрометодските компоненти на игровната активност**. Во овој дел беа бележени набљудуваните податоци во однос на:

1. Иницијацијата на игровната активност;
2. Текот и реализацијата на игровната активност;
3. Воспитно-образовни ефекти од игровната активност;
4. Компатибилноста на игровната активност;
5. Улогата и статусот на ученикот во текот на игровната активност;
6. Улогата и статусот на воспитувачот/наставникот во текот на игровната активност;
7. Јазикот и говорот кој се користи во игровната активност;
8. Вербалната комуникација меѓу субјектите за време на игровната активност;
9. Невербалната комуникација меѓу субјектите за време на игровната активност;
10. Описот на климата и атмосферата за време на игровната активност;
11. Технолошка поддршка за време на игровната активност;
12. Просторно-временска органиација на игровната активност;
13. Забелешка на опсерваторот.

❖ **Анализа на методските компоненти во реализацијата на игровната активност**

➜ *Наставен предмет:* ***Македонски јазик*** *(I, II и III одделение на задолжителното деветгодишно основно образование)*

Во текот на истражувањето наменето за набљудување на методската артикулација на игровната активност во рамки на наставниот предмет Македонски јазик беа опсервирани вкупно 39 часа, од кои 12 часа во I одделение, 14 часа во II одделение и 13 часа во III одделение на задолжителното деветгодишно основно образование. Во сите наставни часа беше забележана реализација на игровна активност и при тоа беа дефинирани методските аспекти и специфичности на секоја од нив одделно.

➢ Методските аспекти на игровните активности во наставата по Македонски јазик за I, II и III одделение

Во текот на опсервацијата беше забележано дека секој наставен час и реализираната игровната активност се засноваа на наставната програма по македонски јазик за соодветното одделение. Поточно наставната тема, наставната содржина како и целта и задачите произлегуваат токму од неа.

**I - Микрометодски компоненти на игровната активност**

1. Во делот на микрометодските компоненти беше забележана примена на широк спектар на методска апаратура. Така на пример најчесто применувани наставни методи се прикажани на табела бр.2:

**Табела бр.2**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Метод на *усно излагање* | 12 | Метод на *усно излагање* | 14 | Метод на *усно излагање* | 13 |
| 2. | Метод на *разговор* | 10 | Метод на *пишување* | 10 | Метод на *пишување* | 12 |
| 3. | *Илустративен* метод | 9 | Метод на *разговор* | 12 | Метод на *читање и работа на текст* | 13 |
| 4. | Метод на *демонстрација* | 9 | Метод на *читање и работа на текст* | 8 | Метод на *разговор* | 13 |
| 5. | Метод на *игра* | 8 | *Илустративен* метод | 10 | Метод на *демонстрација* | 10 |

Според податоците може да се заклучи дека овој избор на наставни методи во I одделение природно произлегува од моменталната состојба на описменетост на учениците и потребата за поизразена усна комуникација, додека пак во II одделение полека се применува методи со кои преку игровна активност учениците се описменуваат, за да веќе во III одделение се забележи почеста примена на наставни методи кои се насочени кон работа на текст и писмено изразување.

2. Од формите на наставна работа во сите три одделенија беа применувани сите, но за различни потреби:

   - ✓ *Фронтална* форма на наставна работа;
   - ✓ *Индивидуална* форма на наставна работа;
   - ✓ *Групна* форма на наставна работа;
   - ✓ *Тандемска* форма на наставна работа.

3. Игровните активности најчесто беа насочени кон аспектите прикажани во следната табела:

**Табела бр.3**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кон *развој на вештини и способности* | 12 | Кон *критичко размислување* | 12 | Кон *фактографско знаење* | 12 |
| 2. | Кон *развој на навики и умеења* | 11 | Кон *истражувачки постапки* | 8 | Кон *истражувачки постапки* | 10 |
| 3. | Кон *формирање на ставови и вредности* | 10 | Кон *фактографско знаење* | 5 | Кон *критичко размислување* | 10 |
| 4. | Кон *истражувачки постапки* | 3 | Кон *развој на навики и умеења* | 4 | Кон *формирање на ставови и вредности* | 7 |
| 5. | Кон *критичко размислување* | 2 | Кон *формирање на ставови и вредности* | 3 | Кон *развој на вештини и способности* | 5 |

Од анализата на спроведеното набљудување се забележува градација на насоченоста на игровните активности. Во I одделение тие беа насочени многу повеќе кон психофизичиот аспект на учениците, за да во II одделение нивната насоченост се развива и добива примеси на когнитивен развој. Веќе во III одделение видлива е тежината кон когницијата, изразена насоченост кон интелектуалниот аспект кој во основа сеуште ја претставува тежата на целокупната настава во образованието.

4. Во табелата бр.4 се прикажани најчесто применуваните видови на игровни активности:

**Табела бр.4**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Спонтана | 12 | Функционална | 14 | Дидактичка | 13 |
| 2. | Имитативна | 11 | Имитативна | 13 | Симболичка | 11 |
| 3. | Физичка | 10 | Творечка | 10 | Творечка | 8 |
| 4. | Сензомоторна | 10 | Дидактичка | 9 | Функционална | 7 |
| 5. | Симболичка | 8 | Симболичка | 8 | Конструктивна | 5 |
| 6. | Творечка | 7 | Конструктивна | 5 | Сензомоторна | 3 |
| 7. | Конструктивна | 6 | Спонтана | 3 | Имитативна | 2 |
| 8. | Дидактичка | 6 | Сензомоторна | 2 | Спонтана | 2 |

Видот на игровната активност се менуваше од одделение до одделение, всушност може да се заклучи дека таа кореспондираше со развојните карактеристики на самите учениците и потребите поставени со наставната програма.

5. Во однос на местото на реализација на игровната активност немаше промени, таа секогаш се одвиваше во училницата.

6. Додека пак во времетраењето на игровната активност и во трите одделенија имаше разлики и таа најчесто се реализираше:

- ✓ За време на еден дел од наставниот час;
- ✓ Во текот на целиот наставен час (за една или повеќе игровни активности кои се проткајуваат во текот на целиот наставен час).

7. Игровната активност во сите три одделенија скоро секогаш се интегрираше со други содржини од истиот предемет, тие најчесто беа дотогаш реализираните содржини, но исто така беше забележана интеграција и со други наставни предмети од кои најчести беа:

   - ✓ Запознавање на околината;
   - ✓ Ликовно образование;
   - ✓ Музичко образование;
   - ✓ Математика.

8. Дидактичките средства и материјали кои најчесто беа применувани се:

   - ✓ Пластелин;
   - ✓ Слики;
   - ✓ Илустрации;
   - ✓ Географска карта;
   - ✓ Хамери;
   - ✓ Честитки;
   - ✓ Креди во боја;
   - ✓ Дрвени боици;
   - ✓ Колаж;
   - ✓ Свирчиња.

**II - Макрометодски компоненти на игровната активност**

1. Делот на макрометодските компоненти во основа го даде богатсвото на можности и шареноликоста на понуди кои игровната активност како методски концепт може да ги понуди. Во овој дел на почетокот беа набљудувани формите на иницијација на игорвната активност, па така во сите три одделенија често беше забележана иницијација од страна на воспитувачот/наставникот која во основа го претставуваше in put-от понудата на идеата, можностите и слично. Но исто така иницијацијата од страна на самиот ученик го даваше завршниот изглед на самата игровна активност, одлучување, решавање, искажување сугестии за процесот на реализација и несмонено out put-от беше составен дел на овој аспект.

2. Во реализацијата на игровната активност скоро секогаш можеше да се забележат воспитно-образовни ефекти. Така на пример тие се однесуваа на:

***I одделение***

- ✓ Визуелно препознавање на големите почетно букви, развој на интерес и самостојност, глобално читање;
- ✓ Развивање на ситна моторика кај учениците и препознавање на печатни големи букви од азбуката (Ѓ, Е, Ж);
- ✓ Самоконтрола, Културно однесување, Почит кон постарите, Знаење и умеење;
- ✓ Децата ја утврдуваат буквата-К, со логичко размислување и препознавање на предемти во училиницата кои започнуваат на таа буква, како и нејзино делење на слогови;
- ✓ Учениците се ослободуваат за усно изразување и творење.

***II одделение***

- ✓ Учениците правилно ја пренесуваат информацијата што ја добиле;
- ✓ Учениците ги препознаваат предметите дали се од жива или нежива природа;
- ✓ Совладување на ракописните букви Љ и Њ и нивно препознавање, читање и пишување;
- ✓ Сите луѓе се исти без разлика на бојата на кожата;
- ✓ Создавање навика и умешност за внимателно следење на другиот.

***III одделение***

- ✓ Препознавање и правилно пишување на буквите L, LJ и F на латиница;
- ✓ Учениците дел од колективот во училиштето;
- ✓ Значењето на кукла/кловн и неговата функција;
- ✓ Збогатување на речникот и логичко размислување;
- ✓ Грижа кон природата;
- ✓ Улогата на интерпункциските знаци (:) и (,) во реченица.

3. Набљудуваните игровни активности во сите три одделенија беа компатибилни со учениковите:

   ✓ Предзнаења;

   ✓ Можности;

   ✓ Потреби

   ✓ Интереси;

   ✓ Возраст;

   ✓ Социјален контекст.

4. Во табела бр.5 е прикажана улогата и статусот на учениците и воспитувачите/наставниците во текот на сите реализирани игровни активности, односно:

**Табела бр.5**

| Улога и статус на Ученици | f | Улога и статус на Воспитувачи/наставници | f |
|---|---|---|---|
| **1.Активен субјект** | 30 | 1.Медијатор | 36 |
| **2.Задоволен** | 25 | 2.Поттикнувач | 33 |
| **3.Ги следи сопствените потреби и интереси** | 20 | 3.Мотиватор | 30 |
| **4.Кооперативен** | 17 | 4.Охрабрувач | 27 |
| **5.Ангажиран** | 13 | 5.Ги почитува потребите на учениците | 15 |
| **6.Самоиницијативен** | 12 | 6.Снаодлив | 14 |

5. Јазикот и говорот кои се применуваа во текот на игровната активност во сите три одделенија беше:

- јасен, литературн, концизен, разбирлив и соодветен на учениковата возраст.

6. Вербална комуникација постоеше помеѓу сите субјекти, додека пак невербалната комуникација најчесто беше изразена преку:

   ✓ Пратење со поглед, мимики и потврда за следење и внимание.

7. Игровната активност најчесто се реализираше во:

   ✓ Позитивна клима;

   ✓ Стимулативна атмосфера;

   ✓ Работна атмосфера;

   ✓ Соработништво;

   ✓ Интензивна интеракција.

8. Техничка поддршка за време на игровната активност воопшто не постоеше ниту во едно одделение.

- *Наставен предмет: **Математика (I, II и III** одделение на задолжителното деветгодишно основно образование)*

Во текот на истражувањето на методската артикулација на игровната активност во рамки на наставниот предмет Математика беа опсервирани вкупно 27 часа еднакво распоредени во сите три одделенија. Поточно 9 часа во I одделение, 9 часа во II одделение и 9 часа во III одделение на задолжителното деветгодишно основно образование. Во сите наставни часа беше забележана реализација на игровна активност и при тоа беа дефинирани методските аспекти и специфичности на секоја од нив одделно.

- Методските аспекти на игровните активности во наставата по Математика за I, II и III одделение

Во текот на опсервацијата беше забележано дека секоја игровна активност се засноваше на точно определна наставната тема, наставната содржина како и целта и задачите кои произлегуваат токму од наставната програма по математика за соодветното одделение.

**I - Микрометодски компоненти на игровната активност**

1. Во првиот дел насочен кон набљудување на микрометодските компоненти на игровната активност беше забележана примена на широк спектар на методска апаратура. Најчесто применувани наставни методи се прикажани на следната табела:

**Табела бр.6**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Метод на *усно излагање* | 9 | Метод на *усно излагање* | 9 | Метод на *пишување* | 9 |
| 2. | Метод на *разговор* | 7 | Метод на *пишување* | 7 | Метод на *усно излагање* | 8 |
| 3. | Метод на *демонстрација* | 5 | Метод на *разговор* | 6 | Метод на *читање и работа на текст* | 7 |
| 4. | *Илустративен* метод | 5 | Метод на *демонстрација* | 6 | Метод на *разговор* | 6 |
| 5. | Метод на *пишување* | 2 | *Илустративен* метод | 6 | Метод на *демонстрација* | 5 |

Според податоците може да се заклучи дека во I одделение почесто се користат местодите на усно излагање и методот на разговор како дел од вербалните методи бидејќи учениците во овј период не се описменети, додека пак во II одделение постепено се инволвира методот на пишување во комбинација со методот на усно излагање и методот на разговор, за да веќе во III одделение методот на пишување стане најчесто применувана метода во реализацијата на игровните активности во рамки на Математиката како наставен предмет. Исто така може да се забележи дека во сите три одделенија се применува илустративниот и демонстративниот метод.

2. Од формите на наставна работа во сите три одделенија беа применувани сите, но најчести беа:
   - ✓ *Фронтална* форма на наставна работа;
   - ✓ *Индивидуална* форма на наставна работа;
   - ✓ *Групна* форма на наставна работа.

3. Во табела бр. 7 се прикажани најчесто применуваните игровни активности во рамки на наставниот предмет математика:

**Табела бр.7**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кон *развој на вештини и способности* | 8 | Кон *истражувачки постапки* | 7 | Кон *фактографско знаење* | 9 |
| 2. | Кон *истражувачки постапки* | 5 | Кон *критичко размислување* | 2 | Кон *истражувачки постапки* | 6 |
| 3. | Кон *критичко размислување* | 2 | Кон *фактографско знаење* | 1 | Кон *критичко размислување* | 3 |

Од анализата на спроведеното набљудување се забележува развоен пристап во насоченоста на игровните активности. Во I одделение тие беа насочени многу повеќе кон развојот на вештини и способности за аналитичко и логичко расудување, за да во II одделение тие се насочат кон истражување. Веќе во III одделение видлива е тенденцијата кон фактографско знаење, придружено со истражувачки постапки и критичкото размислување. Слободно можеме да заклучиме дека токму ваквиот развоен пат природно ги следи потребите и можностите на учениците од овој период. Видот и бројноста на насоченоста на игровната активност во споредба со наставниот предемет Македонски јазик е помала.

4. Најчестата примена на видовите на игровни активности е прикажана на табела бр.8, односно:

**Табела бр.8**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дидактичка | 8 | Дидактичка | 9 | Дидактичка | 9 |
| 2. | Физичка | 8 | Функционална | 8 | Функционална | 7 |
| 3. | Конструктивна | 6 | Конструктивна | 6 | Конструктивна | 5 |
| 4. | Функционална | 5 | Сензомоторна | 4 | Физичка | 5 |
| 5. | Символичка | 3 | Символичка | 3 | Символичка | 4 |
| 6. | Творечка | 2 | Творечка | 3 | Спонтана | 3 |

По однос на видот на игровната активност која беше применувана во наставните часови по математика може да се забележи дека во трите одделенија нема големи разлики, т.е наставниците применуваат многу слични видови. Особено евидентна е дидактичката игровна активност која е најчеста во сите три одделенија, но и останатите видови се блиски по својата фрекфенција на применливост. Оваа методска компонента се разликува во нејзината појава и бројност во двата наставни предмети: македонски јазик и математика.

5. Во однос на местото на реализација на игровната активност немаше промени, таа секогаш се одвиваше во училницата.

6.Времетраењето на игровната активност и во трите одделенија најчесто се реализираше:

- ✓ За време на еден дел од наставниот час;
- ✓ Во текот на целиот наставен час (за една или повеќе игровни активности кои се проткајуваат во текот на целиот наставен час).

7. Игровната активност во сите три одделенија скоро секогаш се интегрираше со другии содржини од истиот предемет, тие најчесто беа дотогаш реализираните содржини, но исто така беше забележана интеграција и со други наставни предмети од кои најчести беа:
   - ✓ Македонски јазик;
   - ✓ Ликовно образование.

8.Дидактичките средства и материјали кои најчесто беа применувани се:
   - ✓ Креди во боја;
   - ✓ Природни материјали;
   - ✓ Топчиња;
   - ✓ Метро;
   - ✓ Волница;
   - ✓ Дрвени боици;
   - ✓ Кутии;
   - ✓ Стапчиња во боја.

**II - Макрометодски компоненти на игровната активност**

1. Во делот на макрометодските компоненти на почетокот беа набљудувани формите на иницијација на игорвната активност. Од анализата може да се заклучи дека иницијативата главно припаѓаше на наставникот, а учениците беа внимателни кон тоа како ќе ја реализираат игрвоната активност, кој ќе биде најдобар и најбрз во резултатот.

2. Во реалиацијата на игровната активност скоро секогаш можеше да се забележат воспитно-образовни ефекти. Така на пример тие се однесуваа на:

***<u>I одделение</u>***

- ✓ Развој на логиката;
- ✓ Развој на перцепцијата за големината на просторот, должината на предметите и разликување на должините;
- ✓ Визуелно препознавање на броевите од 1 до 10;
- ✓ Запознавање со предметите во училницата.

***II одделение***

- ✓ Развивање на натпреварувачки вештини;
- ✓ Развивање на брзина на делување;
- ✓ Одземање до 20;
- ✓ Собирање и одземање во секојдневниот живот.

***III одделение***

- ✓ Значењето на нулата;
- ✓ Усвојување на таблицата;
- ✓ Множење со бр. 8.

3. Набљудуваните игровни активности во сите три одделенија беа компатибилни со учениковите:

- ✓ Предзнаења;
- ✓ Можности;
- ✓ Потреби
- ✓ Интереси;
- ✓ Возраст;
- ✓ Социјален контекст.

4. Во текот на сите реализирани игровни активности во сите три одделенија, улогата и статусот на учениците и воспитувачите/наставниците е претставен на табела бр. 9:

**Табела бр.9**

| Улога и статус на Ученици | f | Улога и статус на Воспитувачи/наставници | f |
|---|---|---|---|
| **1.Активен субјект** | 25 | 1. Поттикнувач | 26 |
| **2. Кооперативен** | 23 | 2. Мотиватор | 20 |
| **3.Ги следи сопствените потреби и интереси** | 18 | 3. Медијатор | 17 |
| **4. Ангажиран** | 15 | 4.Охрабрувач | 13 |
| **5. Задоволен** | 14 | 5.Ги почитува потребите на учениците | 10 |
| **6.Самоиницијативен** | 10 | 6.Снаодлив | 9 |

5. Јазикот и говорот кои се применуваа во текот на игровната активност во сите три одделенија беше:

- јасен, литературн, концизен, разбирлив и соодветен на учениковата возраст.

6. Вербална комуникација постоеше помеѓу сите субјекти, додека пак невербалната комуникација најчесто беше изразена преку:

   ✓ Пратење со поглед, мимики и потврда за следење и внимание.

7. Игровната активност најчесто се реализираше во:

   ✓ Позитивна клима;

   ✓ Стимулативна атмосфера;

   ✓ Работна атмосфера;

   ✓ Соработништво;

   ✓ Интензивна интеракција.

8. Техничка подршка за време на игровната активност воопшто не постоеше ниту во едно одделение.

- <u>*Наставен предмет:* ***Запознавање на околината (I, II и III** одделение на задолжителното деветгодишно основно образование)*</u>

Истражувањето на методските компоненти на игровната активност во рамки на наставниот предмет Запознавање на околината беа опсервирани вкупно 21 часа, од кои 6 часа во I одделение, 8 часа во II одделение и 7 часа во III одделение на задолжителното деветгодишно основно образование. Може да се забележи дека во сите наставни часа постоеше реализација на игровна активност и при тоа имавме можност да ги забележиме специфичностите на методските аспекти во оваа област.

- Методските аспекти на игровните активности во наставата по Запознавање на околината за I, II и III одделение

Секоја игровна активност во текот на набљудувањето беше базирана на наставната програма по запознавање на околината. Таа произлегуваше од конкретна наставна тема, наставната содржина со прецизно определна цел и задачи.

**I - Микрометодски компоненти на игровната активност**

1. Во реализацијата на игровните активности во рамки на наставниот предмет запознавање на околината најчесто беа применувани наставните методи прикажани на следната табела:

**Табела бр.10**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Метод на *усно излагање* | 6 | Метод на *усно излагање* | 8 | Метод на *усно излагање* | 7 |
| 2. | *Илустративен* метод | 5 | Метод на *разговор* | 7 | Метод на *пишување* | 5 |
| 3. | Метод на *демонстрација* | 5 | *Илустративен* метод | 6 | Метод на *читање и работа на текст* | 2 |
| 4. | Метод на *разговор* | 3 | Метод на *демонстрација* | 6 | Метод на *разговор* | 1 |
| 5. | | | Метод на *пишување* | 2 | Метод на *демонстрација* | 1 |

Од анализата на добиените податоци може да се заклучи дека во I одделение во исклучиво се застапени методите на усно излагање и демонстративно-илустративниот метод заради специфичноста на возраста на учениците во овој период, додека пак во II одделение се забележува постепен премин кон почеста примена на вербалните методи заради постепено развивање на апстрактните поими. Веќе во III одделение може да се забележи интензивна примена на методите на усно излагање, пишувањето, читањето и работата на текст, што укажува на насоченоста на игровните активности кон самостојн и истражувачки постапки на учениците во обидот да дојдат до одредени информации и податоци од оваа област.

2. Од формите на наставна работа во сите три одделенија беа применувани сите, но за различни потреби:
   - ✓ *Фронтална* форма на наставна работа;
   - ✓ *Индивидуална* форма на наставна работа;
   - ✓ *Групна* форма на наставна работа;
   - ✓ *Тандемска* форма на наставна работа.

3. Во табела бр.11 е претставена насоченоста на игровните активности според одделение:

**Табела бр.11**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кон *развој на вештини и способности* | 5 | Кон *критичко размислување* | 8 | Кон *фактографско знаење* | 7 |
| 2. | Кон *развој на навики и умеења* | 4 | Кон *истражувачки постапки* | 5 | Кон *истражувачки постапки* | 6 |
| 3. | Кон *формирање на ставови и вредности* | 4 | Кон *фактографско знаење* | 4 | Кон *критичко размислување* | 4 |
| 4. | Кон *истражувачки постапки* | 2 | Кон *развој на навики и умеења* | 3 | Кон *формирање на ставови и вредности* | 2 |
| 5. | Кон *критичко размислување* | 1 | Кон *формирање на ставови и вредности* | 1 | Кон *развој на вештини и способности* | 1 |

Од анализата на податоците добиени од набљудувањето се забележува развојна линија на насоченоста на игровните активности. Имено во I одделение тие беа насочени многу повеќе кон развој на способности, вештини, навики и умеења, ставови и вредности, а помалку кон истражувачки постапки и критичко размислување кои беа главна насока на игровните активности во II одделение со видлива тенденција на поттикнување на фактографското знаење. Веќе во III одделение се забележува пристапот кон когнитивниот развој изразен преку честата застапеност на фактографската насоченост, истражувачките постапки и критичкото размислување.

4.Во однос на видовите на игровни активности, во табела бр. 12 е прикажана нивната најчеста примена:

**Табела бр.12**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Имитативна | 6 | Творечка | 8 | Дидактичка | 7 |
| 2. | Симболичка | 5 | Имитативна | 8 | Функционална | 7 |
| 3. | Спонтана | 5 | Симболичка | 7 | Творечка | 5 |
| 4. | Сензомоторна | 3 | Дидактичка | 5 | Симболичка | 3 |
| 5. | Физичка | 2 | Функционална | 3 | Имитативна | 2 |
| 6. | Творечка | 2 | Сензомоторна | 2 | Сензомоторна | 2 |
| 7. | Дидактичка | 1 | Спонтана | 2 | Спонтана | 1 |

Во текот на набљудувањето забележавме дека видот на игровната активност се менуваше во сите три одделенија. Во првото одделние таа беше послободна, имитативна, симболичка, за да во второто одделение добие посебен облик во кој учениците даваат дел од сопствените толкувања. Додека пак во третото одделение веќе преовладуваа конкретни дидактички елементи на игровнатаа активност.

5.Игровната активност најчесто се реализраше во училницата и во училишниот двор.

6.Времетраењето на игровната активност и во трите одделенија имаше разлики и таа најчесто се реализираше:

- ✓ За време на еден дел од наставниот час;
- ✓ Во текот на целиот наставен час (за една или повеќе игровни активности кои се проткајуваат во текот на целиот наставен час).

7.Игровната активност во сите три одделенија скоро секогаш се интегрираше со други содржини од истиот предмет, тие најчесто беа дотогаш реализираните содржини, но исто така беше забележана интеграција и со други наставни предмети од кои најчести беа:

- ✓ Македонски јазик;
- ✓ Ликовно образование;
- ✓ Музичко образование;
- ✓ Физичко и здравствено образование;
- ✓ Математика.

8.Дидактичките средства и материјали кои најчесто беа применувани се:

- ✓ Хартија;
- ✓ Колаж;
- ✓ Сообраќајни знаци-макета;
- ✓ Топка;
- ✓ Слики;
- ✓ Дрвени боици;
- ✓ Фломастери;
- ✓ Карта на Р. Македонија;
- ✓ Знамиња на повеќе држави;
- ✓ Стапчиња во боја;
- ✓ Предмети од етнолошкото катче;
- ✓ Волшебна кутија;
- ✓ Марама;
- ✓ Хербариум;
- ✓ Пластелин;
- ✓ Илустрации;
- ✓ Хамери;
- ✓ Креди во боја.

**II - Макрометодски компоненти на игровната активност**

1. Во споредба со наставниот предмет Математика, игровните активности во наставата по Запознавање на околината главно беа иницирани од страна на учениците. Тие даваа свои размислувања за тоа содржината, начинот на реализација, дидактичките предемети, како и начинот на поделба во групите. Наставниците ги подржуваа и поттикнуваа предлозите на учениците, но во одредени моменти се забележување индиректно пренасочување (за потребите на наставата) на идеите на учениците.

2. Во реализацијата на игровната активност скоро секогаш можеше да се забележат воспитно-образовни ефекти. Така на пример тие се однесуваа на:

***I одделение***

- ✓ Значењето и улогата на членовите на семејството;
- ✓ Развој на чувство за припадност и љубов кон својата татковина;
- ✓ Развој на чувството за временската дистанца, минатото и денешницата.

***II одделение***

- ✓ Препознавање на сообраќајните знаци и нивното значење;
- ✓ Запознавање на местото во непосредната околина;
- ✓ Меѓусебно почитување;
- ✓ Создавање на сообраќајна култура како дел од општата култура на човекот;
- ✓ Сознанија за градовите, државите, реките и планините;
- ✓ Развој на перцептивни способности.

***III одделение***

- ✓ Препознавање на карактеристиките на своето другарче;
- ✓ Страните на светот, видови и нивното значење;
- ✓ Разлики помеѓу животни и растенија.

3. Набљудуваните игровни активности во сите три одделенија беа компатибилни со учениковите:

- ✓ Предзнаења;
- ✓ Можности;
- ✓ Потреби
- ✓ Интереси;
- ✓ Возраст;
- ✓ Социјален контекст.

4. Во табела бр. 13 е прикажана улогата и статусот на учениците и воспитувачите/наставниците во текот на сите реализирани игровни активности во сите три одделенија, односно:

**Табела бр.13**

| Улога и статус на Ученици | f | Улога и статус на Воспитувачи/наставници | f |
|---|---|---|---|
| **1. Задоволен** | 21 | 1.Медијатор | 19 |
| **2. Активен субјект** | 20 | 2.Поттикнувач | 17 |
| **3. Ангажиран** | 20 | 3.Мотиватор | 15 |
| **4.Ги следи сопствените потреби и интереси** | 16 | 4.Охрабрувач | 10 |
| **5. Кооперативен** | 13 | 5.Ги почитува потребите на учениците | 19 |
| **6.Самоиницијативен** | 12 | 6.Снаодлив | 8 |

5. Јазикот и говорот кои се применуваа во текот на игровната активност во сите три одделенија беше:

– јасен, литературн, концизен, разбирлив и соодветен на учениковата возраст.

6. Вербална комуникација постоеше помеѓу сите субјекти, додека пак невербалната комуникација најчесто беше изразена преку:

   ✓ Пратење со поглед, мимики и потврда за следење и внимание.

7. Игровната активност најчесто се реализираше во:

   ✓ Позитивна клима;

   ✓ Стимулативна атмосфера;

   ✓ Работна атмосфера;

   ✓ Соработништво;

   ✓ Интензивна интеракција.

8. Техничка подршка за време на игровната активност воопшто не постоеше ниту во едно одделение.

- *Наставен предмет:* ***Музичко образование (I, II и III*** *одделение на задолжителното деветгодишно основно образование)*

Набљудувањето на игровни активности во рамки на наставниот предмет Музичко образование беше реализирано во текот на 11 часа, од кои 5 часа во I одделение, 3 часа во II одделение и 3 часа во III одделение на задолжителното деветгодишно основно образование. Она што е значајно за овој наставен предмет е тоа што постоеше реализација на различни видови игровни активности кои се специфични во својата практична имплементација токму заради природата на содржините.

- Методските аспекти на игровните активности во наставата по Музичко образование за I, II и III одделение

Секоја игровна активност која што беше реализирана во текот на истражувањето главно беше базирана на наставната програма по Музичко образование.

**I - Микрометодски компоненти на игровната активност**

1. Во реализацијата на игровните активности во рамки на наставниот предмет музичко образование најчесто беа применувани наставните методи, прикажани на табела бр.14:

**Табела бр.14**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Метод на *усно излагање* | 5 | Метод на *усно излагање* | 3 | Метод на *усно излагање* | 3 |
| 2. | Метод на *демонстрација* | 4 | Метод на *демонстрација* | 3 | Метод на *демонстрација* | 3 |
| 3. | *Илустративен* метод | 3 | *Илустративен* метод | 3 | *Илустративен* метод | 3 |
| 4. | Метод на *разговор* | 2 | Метод на *разговор* | 3 | Метод на *разговор* | 2 |

Врз основа на добиените податоци можеме да констатираме дека постои идентична примена на наставните методи во методската реализација на игровните активности во наставата по Музичко образование.

2. Од формите на наставна работа во сите три одделенија беа применувани сите, но за различни потреби:

- ✓ *Фронтална* форма на наставна работа;
- ✓ *Индивидуална* форма на наставна работа;
- ✓ *Групна* форма на наставна работа;
- ✓ *Тандемска* форма на наставна работа.

3. Насоченоста на игровните активности во сите три одделенија е прикажана на следната табела:

**Табела бр.15**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кон *развој на вештини и способности* | 5 | Кон *развој на вештини и способности* | 3 | Кон *истражувачки постапки* | 3 |
| 2. | Кон *формирање на ставови и вредности* | 4 | Кон *развој на навики и умеења* | 3 | Кон *критичко размислување* | 3 |
| 3. | Кон *развој на навики и умеења* | 4 | Кон *истражувачки постапки* | 1 | Кон *развој на вештини и способности* | 3 |
| 4. | Кон *истражувачки постапки* | 3 | Кон *формирање на ставови и вредности* | 1 | Кон *фактографско знаење* | 1 |

Од добените податоците се забележува дека игровните активности главно се насочени кон развој на вештини, способности, ставови, вредности, навики и умеења, а многу малку во третото одделение тие се насочени кон фактографското знаење. Тоа е така бидејќи се овој наставен предемет ед дел од уметничката област која има токму таква цел.

4. Во однос на видовите на игровни активности во табела бр. 16 е прикажана најчеста нивна примена:

**Табела бр.16**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сензомоторна | 5 | Имитативна | 3 | Творечка | 3 |
| 2. | Творечка | 4 | Творечка | 3 | Имитативна | 3 |
| 3. | Функционална | 4 | Сензомоторна | 2 | Функционална | 3 |
| 4. | Имитативна | 3 | Спонтана | 2 | Симболичка | 2 |
| 5. | Физичка | 2 | Симболичка | 1 | Сензомоторна | 1 |
| 6. | Симболичка | 2 | Физичка | 1 | Дидактичка | 1 |
| 7. | Спонтана | 1 | Дидактичка | 1 | Спонтана | 1 |

Во текот на набљудувањето забележавме дека видот на игровната активност се менуваше во сите три одделенија. Во првото одделние таа беше главно сензомоторна, за да во второто одделение добие облик на имитативна, а пак во третото одделение веќе преовладуваше творечката игровна активност каде степеност на себеизразување кај учениците беше на повисоко ниво.

5. Игровната активност секогаш се реализраше во училницата.

6. Времетраењето на игровната активност и во трите одделенија имаше разлики и таа најчесто се реализираше:

- ✓ За време на еден дел од наставниот час;
- ✓ Во текот на целиот наставен час (за една или повеќе игровни активности кои се проткајуваат во текот на целиот наставен час).

7. Игровната активност во сите три одделенија скоро секогаш се интегрираше со други содржини од истиот предмет, тие најчесто беа дотогаш реализираните содржини, но исто така беше забележана интеграција и со други наставни предмети од кои најчести беа:

- ✓ Запознавање на околината;
- ✓ Македонски јазик;
- ✓ Ликовно образование;
- ✓ Физичко и здравствено образование;
- ✓ Математика.

8. Дидактичките средства и материјали кои најчесто беа применувани се:

- ✓ ЦД плеер;
- ✓ Касетофон;
- ✓ Музички инструменти;
- ✓ Слики;
- ✓ Хамери;
- ✓ Фотографии.

**II - Макрометодски компоненти на игровната активност**

1. Во овој наставен предмет игровните активности најчесто беа иницирани од страна на наставникот, но сто тоа беше во улога на стимулација и поттикнување на фантазијата, сетилото за слух, развојот на телото преку движењето и пеењето и слично. Додека пак учениците својата главна иницијатива ја имаа во искажувањето на сопствените доживувања, откритија, замисли и слично.

2. Во реализацијата на игровната активност скоро секогаш можеше да се забележат воспитно-образовни ефекти кои беа слични за сите три одделенија.Така на пример тие се однесуваа на:

- ✓ Развојот на чувството за убаво доживување;
- ✓ Развојот на слухот кај учениците;
- ✓ Развој на говорните способности;
- ✓ Развој на способностите за пеење наеснички;

- ✓ Препознавање на разни видови музички инструменти;
- ✓ Развивање на музичко-уметничките вештини и способности кај учениците.

3. Набљудуваните игровни активности во сите три одделенија беа компатибилни со учениковите:
   - ✓ Предзнаења;
   - ✓ Можности;
   - ✓ Потреби
   - ✓ Интереси;
   - ✓ Возраст;
   - ✓ Социјален контекст.

4. Во табела бр. 17 е прикажана улогата и статусот на учениците и воспитувачите/наставниците во текот на реализацијата на игровните активности во сите три одделенија:

**Табела бр.17**

| Улога и статус на Ученици | f | Улога и статус на Воспитувачи/наставници | f |
|---|---|---|---|
| **1. Задоволен** | 11 | 1.Медијатор | 11 |
| **2. Активен субјект** | 11 | 2.Поттикнувач | 9 |
| **3. Ангажиран** | 11 | 3.Мотиватор | 9 |
| **4.Ги следи сопствените потреби и интереси** | 8 | 4.Охрабрувач | 8 |
| **5. Кооперативен** | 6 | 5.Ги почитува потребите на учениците | 7 |
| **6.Самоиницијативен** | 5 | 6.Снаодлив | 5 |

5. Јазикот и говорот кои се применуваа во текот на игровната активност во сите три одделенија беше:

– јасен, литературн, концизен, разбирлив и соодветен на учениковата возраст.

6. Вербална комуникација постоеше помеѓу сите субјекти, додека пак невербалната комуникација најчесто беше изразена преку:
   - ✓ Пратење со поглед, мимики и потврда за следење и внимание.

7. Игровната активност најчесто се реализираше во:
   - ✓ Позитивна клима;
   - ✓ Стимулативна атмосфера;
   - ✓ Работна атмосфера;
   - ✓ Соработништво;
   - ✓ Интензивна интеракција.

8.Техничка подршка за време на игровната активност воопшто не постоеше ниту во едно одделение.

- *Наставен предмет:* ***Ликовно образование (I, II и III*** *одделение на задолжителното деветгодишно основно образование)*

Методските аспекти на игровни активности во рамки на наставниот предмет Ликовно образование беа набљудувани во текот на 8 часа, од кои 3 часа во I одделение, 3 часа во II одделение и 2 часа во III одделение на задолжителното деветгодишно основно образование. Игровните активност реализирани во рамките на овој наставен предмет содржат методски компоненти кои се значајни во однос на истакнувањето на методската специфика во имплементацијата на оваа проблематика.

- Методските аспекти на игровните активности во наставата по Ликовно образование за I, II и III одделение

Секоја игровна активност која што беше реализирана во текот на истражувањето главно беше базирана на наставната програма по Ликовно образование.

**I - Микрометодски компоненти на игровната активност**

1. Во реализацијата на игровните активности во рамки на наставниот предмет Ликовно образование најчесто беа применувани наставните методи прикажани на табела бр.18:

**Табела бр.18**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Метод на *усно излагање* | 3 | Метод на *усно излагање* | 3 | Метод на *усно излагање* | 2 |
| 2. | *Илустративен* метод | 3 | *Илустративен* метод | 3 | *Илустративен* метод | 2 |
| 3. | Метод на *разговор* | 2 | Метод на *разговор* | 2 | Метод на *разговор* | 2 |

Според добиените податоци можеме да констатираме дека постои идентична примена на наставните методи во методската реализација на игровните активности во наставата по Ликовно образование.

2. Од формите на наставна работа во сите три одделенија беа применувани сите, но за различни потреби:
    - ✓ *Фронтална* форма на наставна работа;
    - ✓ *Индивидуална* форма на наставна работа;
    - ✓ *Групна* форма на наставна работа;
    - ✓ *Тандемска* форма на наставна работа.

3. Во табела бр. 19 е прикажана најчестата насоченост на игровните активности според одделението:

**Табела бр.19**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кон *развој на вештини и способности* | 3 | Кон *развој на вештини и способности* | 3 | Кон *истражувачки постапки* | 2 |
| 2. | Кон *развој на навики и умеења* | 3 | Кон *истражувачки постапки* | 3 | Кон *критичко размислување* | 2 |
| 3. | Кон *истражувачки постапки* | 3 | Кон *критичко размислување* | 2 | Кон *развој на вештини и способности* | 2 |
| 4. | | | Кон *развој на навики и умеења* | 2 | Кон *формирање на ставови и вредности* | 2 |

Од анализата на податоците можеме да забележиме дека игровните активности во I одделение главно се насочени кон развој на вештини, способности, навики и умеења, во II одделение игровните активности постепено

беа насочени кон истражувачки постапки и критичко размислување, што пак во III одделение претставуваше и основна насока.

4. Во однос на видовите на игровни активности најчеста примена е прикажана на табела бр. 20, односно:

**Табела бр.20**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сензомоторна | 3 | Симболичка | 3 | Конструктивна | 2 |
| 2. | Конструктивна | 3 | Творечка | 3 | Творечка | 2 |
| 3. | Функционална | 3 | Спонтана | 2 | Функционална | 1 |
| 4. | Имитативна | 2 | Имитативна | 2 | Симболичка | 1 |
| 5. | Спонтана | 1 | Конструктивна | 1 | Имитативна | 1 |

Во текот на набљудувањето забележавме дека видот на игровната активност се менуваше во сите три одделенија. Во првото одделние таа беше главно сензомоторна, за да во второто одделение добие облик на симболичка, а пак во третото одделение веќе преовладуваше конструктивна игровна активност.

5. Игровната активност секогаш се реализраше во училницата.

6.Времетраењето на игровната активност и во трите одделенија имаше разлики и таа најчесто се реализираше:

- ✓ За време на еден дел од наставниот час;
- ✓ Во текот на целиот наставен час (за една или повеќе игровни активности кои се проткајуваат во текот на целиот наставен час).

7.Игровната активност во сите три одделенија скоро секогаш се интегрираше со други содржини од истиот предмет, тие најчесто беа дотогаш реализираните содржини, но исто така беше забележана интеграција и со други наставни предмети од кои најчести беа:

- ✓ Запознавање на околината;
- ✓ Македонски јазик.

8.Дидактичките средства и материјали кои најчесто беа применувани се:
- ✓ Текстил;
- ✓ Ножици;
- ✓ Лепак;
- ✓ Бои;
- ✓ Фломастери;
- ✓ Дрвени боици;
- ✓ Експонати од етнолошкото катче;
- ✓ Пластелин.

**II - Макрометодски компоненти на игровната активност**

1. Во Ликовното образование како наставен предмет игровните активности најчесто беа иницирани од страна на наставникот. Иницијативата главно се однесуваше на поставување на проблемска ситуација, содржина и слично, а пак учениците својата главна активност ја имаа во креативното изразување и искажувањето на сопствените доживувања, погледи, замисли и слично.

2. Во реализацијата на игровната активност скоро секогаш можеше да се забележат воспитно-образовни ефекти кои беа слични за сите три одделенија.Така на пример тие се однесуваа на:
   - ✓ Усовршување на вештината за цртање;
   - ✓ Запознавање со одредени предмети од минатото како дел од обичаите и традицијата;
   - ✓ Развој на детската фантазија и креативност;
   - ✓ Оспособување за ликовно изразување;
   - ✓ Разлика помеѓу секундарни и примарни бои.

3. Набљудуваните игровни активности во сите три одделенија беа компатибилни со учениковите:
   - ✓ Предзнаења;

- ✓ Можности;
- ✓ Потреби
- ✓ Интереси;
- ✓ Возраст;
- ✓ Социјален контекст.

4. Во текот на сите реализирани игровни активности во сите три одделенија, улогата и статусот на учениците и воспитувачите/наставниците е прикажан на следната табела:

**Табела бр.21**

| Улога и статус на Ученици | f | Улога и статус на Воспитувачи/наставници | f |
|---|---|---|---|
| **1. Задоволен** | 8 | 1.Медијатор | 8 |
| **2. Активен субјект** | 7 | 2.Поттикнувач | 5 |
| **3. Ангажиран** | 7 | 3.Мотиватор | 5 |
| **4.Ги следи сопствените потреби и интереси** | 5 | 4.Охрабрувач | 4 |
| **5. Кооперативен** | 3 | 5.Ги почитува потребите на учениците | 3 |
| **6.Самоиницијативен** | 2 | 6.Снаодлив | 2 |

5. Јазикот и говорот кои се применуваа во текот на игровната активност во сите три одделенија беше:

- јасен, литературн, концизен, разбирлив и соодветен на учениковата возраст.

6. Вербална комуникација постоеше помеѓу сите субјекти, додека пак невербалната комуникација најчесто беше изразена преку:
   - ✓ Пратење со поглед, мимики и потврда за следење и внимание.

7. Игровната активност најчесто се реализираше во:
   - ✓ Позитивна клима;
   - ✓ Стимулативна атмосфера;
   - ✓ Работна атмосфера;
   - ✓ Соработништво;
   - ✓ Интензивна интеракција.
8. Техничка подршка за време на игровната активност воопшто не постоеше ниту во едно одделение.

- <u>*Наставен предмет:* ***Физичко и здравствено образование (I, II и III*** *одделение на задолжителното деветгодишно основно образование)*</u>

Методските аспекти на игровни активности во рамки на наставниот предмет Физичко и здравствено образование беа набљудувани во текот на 13 часа, од кои 5 часа во I одделение, 3 часа во II одделение и 5 часа во III одделение на задолжителното деветгодишно основно образование. Анализата на методските компоненти на игровните активност реализирани во рамките на овој наставен предмет говорат за можностите од примена на оваа проблематика врз психофизичкиот аспект од развојот на учениците.

- Методските аспекти на игровните активности во наставата по Физичко и здравствено образование за I, II и III одделение

Секоја игровна активност која што беше реализирана во текот на истражувањето главно беше базирана на наставната програма по Физичко и здравствено образование.

**I - Микрометодски компоненти на игровната активност**

1. Во реализацијата на игровните активности во рамки на наставниот предмет Физичко и здравствено образование најчесто беа применувани наставните методи прикажани на табела бр. 22:

**Табела бр.22**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Метод на *усно излагање* | 5 | Метод на <u>*усно излагање*</u> | 3 | Метод на <u>*усно излагање*</u> | 5 |
| 2. | Метод на *демонстрација* | 4 | Метод на <u>*демонстрација*</u> | 2 | Метод на <u>*демонстрација*</u> | 3 |
| 3. | Метод на *разговор* | 2 | Метод на <u>*разговор*</u> | 2 | Метод на <u>*разговор*</u> | 2 |

Според добиените податоци можеме да констатираме дека не постои разлика во примената на наставните методи во методската реализација на игровните активности во наставата по Физичко и здравствено образование.

2.Од формите на наставна работа во сите три одделенија беа применувани следниве:

- ✓ *Групна* форма на наставна работа;
- ✓ *Тандемска* форма на наставна работа.

3.Во табела бр. 23 е прикажана најчестата насоченост на гровните активности во сите три одделенија:

**Табела бр.23**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кон *развој на вештини и способности* | 5 | Кон *развој на вештини и способности* | 3 | Кон *развој на вештини и способности* | 5 |
| 2. | Кон *развој на навики и умеења* | 3 | Кон *развој на навики и умеења* | 3 | Кон *развој на навики и умеења* | 4 |

Од анализата на податоците можеме да забележиме дека игровните активности во сите три одделенија имаат иста насоченост и тоа кон развој на вештини, способности, навики и умеења.

4. Најчесто применувани игровни активности се прикажани на табела бр.24, односно:

**Табела бр.24**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сензомоторна | 5 | Дидактичка | 3 | Дидактичка | 5 |
| 2. | Физичка | 5 | Физичка | 3 | Физичка | 4 |
| 3. | Конструктивна | 4 | Конструктивна | 2 | Конструктивна | 4 |
| 4. | Функционална | 3 | Функционална | 2 | Функционална | 3 |
| 5. | Спонтана | 3 | Имитативна | 2 | Спонтана | 1 |

Во текот на набљудувањето забележавме дека видот на игровната активност нема големи промени во текот на трите одделенија. Поголема промена се случува помеѓу првото и второто одделение каде сензомоторaната се надополнува и добива карактеристики на дидактичка игровна активност и таа останува најчест вид и во третото одделение.

5.Игровната активност се реализраше во:

- ✓ училишната спортска сала;
- ✓ училишниот двор;
- ✓ во холот на училиштето.

6.Времетраењето на игровната активност и во трите одделенија имаше разлики и таа најчесто се реализираше:

- ✓ За време на еден дел од наставниот час;
- ✓ Во текот на целиот наставен час (за една или повеќе игровни активности кои се проткајуваат во текот на целиот наставен час).

7.Игровната активност во сите три одделенија скоро секогаш се интегрираше со други содржини од истиот предмет, тие најчесто беа дотогаш реализираните

содржини, но исто така беше забележана интеграција и со други наставни предмети од кои најчести беа:

- ✓ Математика;
- ✓ Музичко образование.

8.Дидактичките средства и материјали кои најчесто беа применувани се:

- ✓ Јаже за влечење;
- ✓ Топки;
- ✓ Греда;
- ✓ Хулахоп;
- ✓ Душек.

**II - Макрометодски компоненти на игровната активност**

1. Во Физичкото и здравственото образование како наставен предмет игровните активности беа иницирани и од двете страни: наставникот и учениците. Иницијативата на наставникот главно се однесуваше на демонстрирање на вежбата, контрола на теренот и постојано давање насоки. Додека пак учениците својата главна иницијатива ја имаа преку вежбите за загревање, во демонстрирањето на движењата во вежбата и слично.

2.Во реализацијата на игровната активност скоро секогаш можеше да се забележат воспитно-образовни ефекти кои беа слични за сите три одделенија.Така на пример тие се однесуваа на:

- ✓ Оформување и јакнење на телото;
- ✓ Формирање на здрави личности;
- ✓ Соработка во група;
- ✓ Почитување на дисциплината и редот;
- ✓ Развој на ситната и крупната моторика на телото;
- ✓ Правилно однесување во спортска сала;
- ✓ Правилно држење на телото;
- ✓ Одржување на хигиената;

- ✓ Развивање на натпреварувачки дух;
- ✓ Одржување рамнотежа.

3.Набљудуваните игровни активности во сите три одделенија беа компатибилни со учениковите:

- ✓ Предзнаења;
- ✓ Можности;
- ✓ Потреби
- ✓ Интереси;
- ✓ Возраст;
- ✓ Социјален контекст.

5. Улогата и статусот на учениците и воспитувачите/наставниците во текот на реализацијата на игровните активности во сите три одделенија, е прикажан на табела бр. 25:

**Табела бр.25**

| Улога и статус на Ученици | f | Улога и статус на Воспитувачи/наставници | f |
|---|---|---|---|
| **1. Задоволен** | 13 | 1.Медијатор | 13 |
| **2. Активен субјект** | 10 | 2.Поттикнувач | 9 |
| **3. Ангажиран** | 9 | 3.Мотиватор | 7 |
| **4.Ги следи сопствените потреби и интереси** | 7 | 4.Охрабрувач | 5 |
| **5. Кооперативен** | 4 | 5.Ги почитува потребите на учениците | 5 |
| **6.Самоиницијативен** | 3 | 6.Снаодлив | 3 |

6. Јазикот и говорот кои се применуваа во текот на игровната активност во сите три одделенија беше:

– јасен, литературн, концизен, разбирлив и соодветен на учениковата возраст.

7. Вербална комуникација постоеше помеѓу сите субјекти, додека пак невербалната комуникација најчесто беше изразена преку:
   - ✓ Пратење со поглед, мимики и потврда за следење и внимание.

8. Игровната активност најчесто се реализираше во:
   - ✓ Позитивна клима;
   - ✓ Стимулативна атмосфера;
   - ✓ Работна атмосфера;
   - ✓ Соработништво;
   - ✓ Интензивна интеракција.

9. Техничка подршка за време на игровната активност воопшто не постоеше ниту во едно одделение.

## Образование за Животни вештини (I, II и III одделение на задолжителното деветгодишно основно образование)

Методските аспекти на игровни активности исто така беа набљудувани во рамки на обуката за животни вештини во првиот образовен циклус, во текот на 10 часа, од кои 3 часа во I одделение, 3 часа во II одделение и 4 часа во III одделение на задолжителното деветгодишно основно образование. Игровните активност реализирани во рамките на обуката за животните вештини главно се насочени кон поттикнување на социо-емоционалниот развој кај учениците. Со анализа на методските аспекти на игровната активност во оваа област, се прави комплетно заокружување на можностите за имплементација на игровната активност како методски концепт во сите три аспекти од развојот на личноста: когнитивен, психофизички и социоемоционален.

- Методските аспекти на игровните активности во обуката за животни вештини за I, II и III одделение

**I - Микрометодски компоненти на игровната активност**

1. Во реализацијата на игровните активности во рамки на обуката за животни вештини најчесто беа применувани наставните методи прикажани на следната табела:

**Табела бр.26**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Метод на *усно излагање* | 3 | Метод на *усно излагање* | 3 | Метод на *усно излагање* | 4 |
| 2. | Метод на *разговор* | 3 | Метод на *разговор* | 3 | Метод на *разговор* | 4 |
| 3. | *Илустративен* метод | 2 | *Илустративен* метод | 2 | *Илустративен* метод | 2 |
| 4. | Метод на *демонстрација* | 2 | Метод на *демонстрација* | 1 | Метод на *демонстрација* | 1 |

Според добиените податоци можеме да констатираме дека не постои разлика во примената на наставните методи во методската реализација на игровните активности во обуката за животни вештини.

2.Од формите на наставна работа во сите три одделенија беа применувани следниве:

- ✓ *Индивидуална* форма на наставна работа;
- ✓ *Групна* форма на наставна работа;
- ✓ *Тандемска* форма на наставна работа.

3.Најчестата нсченост на игровните активности е прикажана на следата табела:

**Табела бр.27**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кон *истражувачки постапки* | 3 | Кон *истражувачки постапки* | 3 | Кон *истражувачки постапки* | 4 |
| 2. | Кон *критичко размислување* | 3 | Кон *критичко размислување* | 3 | Кон *критичко размислување* | 4 |
| 3. | Кон *развој на вештини и способности* | 3 | Кон *развој на вештини и способности* | 2 | Кон *развој на вештини и способности* | 4 |
| 4. | Кон *развој на навики и умеења* | 2 | Кон *развој на навики и умеења* | 2 | Кон *развој на навики и умеења* | 3 |

Од анализата на податоците можеме да забележиме дека игровните активности во сите три одделенија имаат иста насоченост и тоа кон развој на вештини, способности, навики и умеења.

4.Најчестата примена на видовите на игровни активности може да се согледа преку табелата бр. 28, односно:

**Табела бр.28**

| Р. бр. | I одделение | f | II одделение | f | III одделение | f |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Симболичка | 3 | Симболичка | 3 | Симболичка | 4 |
| 2. | Имитативна | 2 | Имитативна | 3 | Имитативна | 3 |
| 3. | Спонтана | 2 | Спонтана | 2 | Спонтана | 3 |

Во текот на набљудувањето забележавме дека видот на игровната активност нема промени во текот на трите одделенија. Игровната активност главно беше симболичка, имитативна и спонтана.

5. Игровната активност се реализраше исклучиво во училница.

6.Времетраењето на игровната активност и во трите одделенија имаше разлики и таа најчесто се реализираше:

- ✓ За време на еден дел од наставниот час;
- ✓ Во текот на целиот наставен час (за една или повеќе игровни активности кои се проткајуваат во текот на целиот наставен час).

7.Игровната активност во сите три одделенија скоро секогаш се интегрираше со други содржини од истиот предемет, тие најчесто беа дотогаш реализираните содржини, но исто така беше забележана интеграција и со други наставни предмети од кои најчести беа:

- ✓ Македонски јазик;
- ✓ Математика;
- ✓ Запознавање на околината;
- ✓ Музичко образование;
- ✓ Ликовно образование.

8.Дидактичките средства и материјали кои најчесто беа применувани се:

- ✓ Конец;
- ✓ Дрвени воице;
- ✓ Наставни листови;
- ✓ Социјални игри;
- ✓ Прстен;

## II - Макрометодски компоненти на игровната активност

1. Во обуката за животни вештини игровните активности беа иницирани и од двете страни: наставникот и учениците. Иницијативата на наставникот главно се однесуваше на мотивирање, охрабрување, давање насоки, предложување теми и содржини. Додека пак учениците својата главна иницијатива ја имаа преку истражување, натпреварување, достигнување на успех и слично.

2.Во реализацијата на игровната активност скоро секогаш можеше да се забележат воспитно-образовни ефекти кои беа слични за сите три одделенија.Така на пример тие се однесуваа на:

- ✓ Почитување на правилата;
- ✓ Формирање на ставови и мислења;
- ✓ Поттикнување на процесот на социјализација;
- ✓ Развој на логичкото мислење;
- ✓ Начини на соработка.

3.Набљудуваните игровни активности во сите три одделенија беа компатибилни со учениковите:

- ✓ Предзнаења;
- ✓ Можности;

- ✓ Потреби
- ✓ Интереси;
- ✓ Возраст;
- ✓ Социјален контекст.

4.Во табела бр. 29 е прикажана улогата и статусот на учениците и воспитувачите/наставниците во реализацијата на игровни активности во сите три одделенија:

**Табела бр.29**

| Улога и статус на Ученици | f | Улога и статус на Воспитувачи/наставници | f |
|---|---|---|---|
| **1. Задоволен** | 10 | 1.Медијатор | 10 |
| **2. Активен субјект** | 8 | 2.Поттикнувач | 7 |
| **3. Ангажиран** | 6 | 3.Мотиватор | 7 |
| **4. Кој ги следи потребите и интересите** | 5 | 4.Охрабрувач | 4 |
| **5. Кооперативен** | 3 | 5.Ги почитува потребите на учениците | 3 |
| **6.Самоиницијативен** | 3 | 6.Снаодлив | 2 |

5.Јазикот и говорот кои се применуваа во текот на игровната активност во сите три одделенија беше:

- јасен, литературн, концизен, разбирлив и соодветен на учениковата возраст.

6.Вербална комуникација постоеше помеѓу сите субјекти, додека пак невербалната комуникација најчесто беше изразена преку:

- ✓ Пратење со поглед, мимики и потврда за следење и внимание.

7.Игровната активност најчесто се реализираше во:

- ✓ Позитивна клима;
- ✓ Стимулативна атмосфера;
- ✓ Работна атмосфера;
- ✓ Соработништво;
- ✓ Интензивна интеракција.

8. Техничка подршка за време на игровната активност воопшто не постоеше ниту во едно одделение.

## Дискусија на резултатите добиени по пат на набљудување

Податоците добиени од протоколот за набљудување на методската артикулација на игровната активност упатуваат на неколку неколку значајни заклучоци преку кои даваме осврт на поставените хипотези од овој дел. Реализација на игровни активности беше забележана во сите наставни предмети од првите три одделенија на задолжителното деветгодишно основно образование.

- Во текот на опсервацијата на игровните активности во сите наставни предмети во првиот образовен циклус беа забележани голем број методски елементи. Анализата на податоците добиени од истражувањето покажа дека тие се доволни за да се опфатат сите микрометодски и макрометодски компоненти предвидени во протоколот за набљудување и со тоа се потврдува ***хипотезата бр. 7 во која се вели дека "во практичната реализација на игровната активност постојат сите елементи на микрометодските и макрометодските компоненти на игровната активност"***.
- Податоците од спроведениот протокол укажуват дека секој наставен предмет има своја специфична методика која се разликува од сите останати наставни предмети, но се рефлектира и врз методското конципирање и реализрање на игровната активност. Добиените податоци покажаа специфичност во изборот на методските елементи на игровните активности, како резултат на само за себе својствен методски пристап на содржините од секој поединечен наставен предмет со што се потврдува ***хипотезата бр. 8 дека "Методското конципирање и реализирање на игровната активност има своја специфичност во секој наставен предмет"*** .
- Специфичноста во изборот на методските елементи на игровните активности се покажа и во однос на степенот на одделението. Таа произлегува од развојните потреби на учениците но и развојниот пат на наставните програми во секое одделние од првиот образовен циклус и со тоа се потврдува ***хипотезата бр. 9 дека "методското конципирање и реализирање на игровната активност е***

***во голасност со развојните карактеристики на учениците и наставните програми".***

Во текот на истражувањето беше видливо постоење на игровни активности кои најчесто наставниците ги применуваа на почетокот или кон завршетокот на наставниот час. Но имаше примери каде наставниците доста умешно применуваа игровни активности за време на целиот наставен час. Скоро секогаш игровните активности беа во служба на тековните потреби на наставните програм во смисла на почитување на тековната наставна тема, и содржина. Додека пак целите и задачите природно произлегуваа од нив. Во однос на наставните методи и форми на работа, забележавме широка нивна примена и наставниците навистина немаа проблем во однос на соодветниот избор на потребите метофи и форми. Забележавме усогласеност на учениковите предзнаења и мометални можности од една страна и наставниот метод од друга страна. Во таа смисла постоеше градација на примена на методите главно условена од степенот на писменост на учениците. Иако неизбежна, но многу малку ја забележавме примената на фронталната форма на наставна работа наспроти останатите кои беа често применувани. Наставните методи многу повеќе од наставните форми се усогласуваа со природата на содржините на различните наставни предмети, но исто така и со степеност на одделнието. Имавме можност јасно да забележиме во која насока се движи игровната активност и што се труди да поттикне истата. Основна забелешка е најчестата насоченост на игровните активности во првото одделение главно кон развој на одредени вештини и спосбности, за да во второто одделение веќе се иницира развој на критичкото размислување за да во третото одделние типично и неизбежно се забележи тенденција на фактографско знаење. Насоченоста исто така се разликуваше помеѓу наставните предмети и главно забележавме поголема разлика помеѓу т.н. академски предмети (македонски јазик, математика и запознавање на околината) кои поттикнуваа критичко размислување, фактографско знаење и истражувачки постапки. Од друга страна т.н. уметнички предмети (ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование) кои беа насочени кон формирање на

навики и умеења, вештини и способности и ставови и вредности. Особено радува фактот што во секоја реализација на игровна активност забележавме интеграција барем со еден наставен предмет, а многу често беа интегрирани и со повеќе наставни предмети. Во однос на дидактичките средства и материјали можеме да забележиме дека наставниците применуваа исклучиво готови (индустриски или од поодамна изготвени) материјали. Не постоеше употреба на наменски изготвени дидактички материјали што навистина беше видливо во скоро секоја реализација на игровната активност. Многу често беше забележана иницијативата не само од страна на наставникот но и од страна на учениците кои со своите предлози во одредени моменти навистина даваа голема свежина во самиот процес на реализација. Во тие моменти кај самите ученици се забележа задоволство, горделивост и поголема спремност за активност. Воспитно-образовните ефекти беа неизбежен дел од секоја игровна активност иако сметаме дека ефектите немора да се веднаш видливи и да имаат моментален ефект. Напротив саканиот резултат може да дојде до вистински израз по одредено време. Овој став особено важи за оние игровни активности кои се насочени конразвој на ставови, вредности и слично. Наставниците беа навистина умешни во усогласувањето на игровната активност со предзнаењата, можностите, потребите и интересите на учениците како особено значаен пристап во современата настава. А како продолжување на ваквиот тренд несомено ученикот беше поистојано поставен во улога на активн субјект, самоиницијативен, задоволен, кооперативен и ангажиран што покажува дека игровната активност оди во прилог на потребите на современата настава. Наспроти ваквата позиција на учениците и наставниците се трудеа да ги следат сите позитивни карактеристики па така тие често беа во улога на поттикнувачи, медијатори, охрабрувачи, демокартични, снаодливи и слично. Јазикот и говорот во сите случаи на опсервација беше исклучително литературе, јасен, концизен и разбирлив. За време на набљудувањето на игровните активности забележавме интензивна вербална но и невербална комуникација на сите субјекти што укажува на послободната, позитивната, стимулативната атмосфера за работа. Иако постојат неколку софтверски програми за копјутерска примена на

одредени игровни активности, за време на нашето истражување не наидовме на таква практика.

На крајот можеме да заклучиме дека во текот на истражувањето наидовме на голем број методски елементи во реализацијата на игровните активности кои ги конципиравме според специфичностите на секој наставен предемти за секое одделение. Со тоа направивме два значајни чекори во актуелизација на оваа проблематика, а тоа се: прво ги дефиниравме методските компоненти и аспекти на игровните активности и второ ги диференциравме и издвоивме специфичностите по наставен предмет и одделние. Се надеваме дека овој пристап ќе биде особено значаен за наставната практика и постојаната тенденција за нејзино осовременување кое истовремено ќе ги следи потребите и можностите на учениците, на наставните програми но и на наставниците.

На самиот крај можеме да заклучиме дека истражувањето во целост ги задоволи поставените хипотези. Односно тргнувајќи од анализата и толкувањето на поединечните хипотези ***се повтрдува и главната хипотеза дека "Постои доволна застапеност на методските компоненти во организацијата и реализацијата на игровната активност во прviот образовен циклус (1, 2 и 3 одделение) на задолжителното деветгодишно основно образование"***.

# Препораки

## ПРЕПОРАКИ за понатамошен развој и имплементација на коцептот на игровна активност

***Афирмација на препораките***

Идејата за имплементација на игровната активност како методски концепт се заснова на многу научни теории и практинчи искуства кои генерации на научнци и практичари наназад ги давале во рамките на педагошката наука и практика. Современите текови во кои длабоко е навлезено и образованието несомнено водат кон преиспитување, ревидирање и редизајнирање на постојната состојба. Така игровната активност сфатена во контекст на методски димензии може да доживее свој развој кој ќе даде свој придонес во осовременувањето на наставниот процес. Во таа насока даваме неколку препораки кои ќе бидат значајни за оваа проблематика но пред се за оние за кои истата најмногу е наменета, а тоа се наставниците и учениците. Сметаме дека постојат неколку аспекти кои можат да бидат подлежни на промени а истовремено ќе бидат значајни во третманот на игровната активнос во првиот образовен циклус на основното образование. Тоа се:

1. Наставните планови и програми;
2. Обуки за наставници;
3. Стручна поддршка;
4. Соодветна литертура како стручно-теоретска поддршка.

1. Наставните планови и програми на првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно образование даваат добра основа за креирање и реализирање на игровната активност. Но сметаме дека е потребно да се разгледа рубриката на *активности и методи*. Оваа компонента го

претставува најзначајниот спој помеѓу наставната програма, наставникот и наставната практика. Токму заради тоа предлагаме таа да се редефинира во јасна и концизна рубрика која ќе упатува на конкретни препораки со дефинирани наслови и примери на игровни активности. Сметаме дека видовите и примерите на игровни активности добро е да бидат претставени преку кратка методска концептуализација која ќе биде од голема помош на наставниот кадар.

2. Поаѓајќи од добиените податоци од истражувањето според кои воспитувачите и наставниците сметаат дека е делумна застапеноста и влијанието на обуките за професионалното усовршување наменети за организацијата и реализацијата на игровната активност, сметаме дека во рамките на одредана обука од дидактичко-методска природа може да се дополни со еден модул насловен Игровната активнос како методски концепт во првиот образовен циклус.

*Целта* на овој модул би се однесувала на согледување на специфичниот методски приод во реализацијата на игровната активност во различните наставни предмети од првиот образовен циклус. Содржините би можеле да се однесуваат на:

- Значењето и улогата на игровната активност во раниот училишен период;
- Од игра до игровна активност;
- Игровна активност базирана на наставните програм;
- Методска артикулација на игровната активност;
- Специфичности на методската концилираност на игровната активност во одделните програмски подрачја од првиот образовен циклус;

*Излезните резултати* од реализацијата на овој модул би се однесувале на развојот на педагошките компетенции на наставниците во функција на методско концилирање и реализација на игровната активност.

3. Бидејќи наставата е процес кој постојано подлежи на промени, иновирања, осовременувања и слично на наставниот кадар им е неопходна

стручна поддршка од надворешни лица како: советници од Бирото за развој на образованието при Министерството за образование или професори и соработници од Високото образование. Иако овој предлог не е новина и тој се спроведува во досегашна практика, сепак го потврдуваме неговот значење во овој дел.

4. Во индивидуалните разговори со наставниците и воспитувачите, во текот на истражувањето добивме сознанија дека тие често применуваат игровни активности во реализацијата на наставниот процес, но според нив тие се еднолични и веќе познати. Чувствуваат голема потреба од стручна поддршка кон оваа проблематика која кај нив ќе иницира поголема креативност во осмислувањето и создавањето на соодветните методски параметри на игровните активности. Во таа насока предлагаме стручно-теоретска поддршка од прирачници (во вид на збирка, или прилози) кои ќе содржат опис на разновидни примери на методско конципирање на игровните активности по конкретни наставни предмети и конкретни одделенија. Стручната подршка на овие прирачници ќе биде во функција на показатели на методските специфичности на игровните активности за секој предмет, за секое одделение, односно според развојните карактеристики на учениците. Овој вид на прирачник и примерите нема да бидат поставени како единствени и еднаш засекогаш дадени, напротив тие ќе нудат варијанти на еден пример и на тој начин во себе ќе содржат стимулативна нишка која кај наставниот кадар ќе иницира многу нови идеи.

*ЛИТЕРАТУРА*


1. Адамчевска, С. (1994), *Методски прирачник за ученичката лектира (I – IV одделение),* Скопје: "Легис".
2. Адамческа,С.(1996), *Активна настава,* Скопје:ЛЕГИС
3. Адамчевска, С. (1997), *Почетно читање и пишување: Методски прирачник,* Скопје: Просветно дело.
4. Анасаров, Р. Керамичиева, Р. (1990), *Детето и математиката,* Скопје: Детска радост
5. Ангелоска-Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието,* Битола: Киро Дандаро
6. Ангелоска-Галевска, Н. (2003), Методологија на педагошките истражувања. Скрипта А4. Институт за педагогија Филозофски факултат, Скопје
7. Benjamin, S. B. (1970), *Taksonomija ili klasifikacija obrazovnih i odgojnih ciljeva (Knjiga 1 Kognitivno područje, Preveo s engleskog I. Furlan)*, Beograd: Jugoslovenski zavod za proučavanje školskih i prosvetnih pitanja
8. Bergen, D. Ed. (1988), *Play as a Medium for Learning and Development*, London: Heinemann Educational Books Inc
9. Bežić, K. (1973), *Metodika nastave prirode i društva*, Zagreb
10. Bežen, A. Jelavić, F. id r. (1995), *Osnove didaktike*, Zagreb: Školske novine
11. Bognar, L., Matijević, M. (1993), *Didaktika,* Zagreb: Školska knjiga.
12. Bratanic, M. (1993), *Mikropedagogija-interakcijsko komunikaciski aspekti odgoja,* Zagreb: Skolska knjiga
13. Brady, L. (1992), *Curriculum development*, Sydney: Prentice hall
14. Bruner, J.S. (1976), *Proces obrazovanja*, Pedagogija, Beograd
15. Bruner, J.S. (1972), *Tok kognitivnog razvoja*, Psihologija, Beograd
16. Carlgren,F.(1990),*Odgoj ka slobodi*, pedagogija Rudolfa Steinera, Zagreb:Društvo za waldorfsku pedagogiju
17. Child, D. (2004), *Psychology and the Teacher*, London: Continuum

18. *Curriculum guidance for the foundation stage-Investing in our future*, (2000), London:Department for Education and Employment & QCA
19. Čudina-Obradović, M. (2008), *Igrom do čitanja-igre i aktivnosti za razvijanje vještina čitanja*, Zagreb: Školska knjiga
20. Виготски,Л.В. (1989), *Учењето, играта и развојот, книга 1 и 2*, Скопје: ПРОСВЕТНО ДЕЛО
21. Вилотијевић, М. (2000), *Дидактика I, II и III*, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства
22. Вилотијевић, М. (1996), *Системско-теоријске основе наставног процеса*, Београд: Учитељски факултет
23. Gudjons, H.Teske, R. Winkel, R. (1994), *Didaktičke teorije*, Zagreb: Educa
24. Gudjons, H. (1993), *Pedaogija-temeljna znanja*, Zagreb: Educa
25. Дамовска, Л. (1995),*Играта и нејзиното организирање во предучилишните установи*,Скопје:Догер
26. Дамовска, Л. (2000), *Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование*, Скопје; КРУГ
27. Dahlberg, G. Moss, P. & Pence, A. (1999), *Beyond quality in early childhood education and care*, London: Palmer Press
28. Делчева-Диздаревиќ, Ј. ( 2003), *Дидактика на јазичното подрачје во основното образование,* Скопје:Просветно дело
29. *Developmentally Appropriate Practice in early Childhood Programs, serving Children from birth through Age 8*, (1992), Ed. Bredekamp, S. USA: National Association for the Education of Young Children
30. Donaldson, M. (1997), *Um deteta*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva
31. Dorothy,E.(1986), *Kreative Spiel kreative Kinder,* der deutschen Übersetzung Verlag Ullstein GmbH
32. Duran, M. (2003), *Djete i igra*, Jastrebarsko: Naklada sklap
33. Edwards-Carol, Linda. (2006), *The Creative Arts-A Process Approach for Teachers and Children*, New Jersy:PEARSON

34. Epstein, A.S. (2007), *The Intentional Teacher*, Washington, DC: National Association for the Education of Young Children
35. Evans, J.L. (2000), *Early childhood counts: a programming guide on early childhood care and development*, Washington, D.C. : The worl bank
36. Eljkonjin,D.B.(1990), *Psihologija dečje igre,* Beograd:Zavod za udžbenike i nastavna sredstva
37. Filipović, N. (1988), *Mogućnosti i domet stvaralaštva učenika i nastavnika*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva
38. Gallahue, L.D., Ozmun, C.J. (2006), *Understanding Motor Development-Infants, Children, Adolescents, Adults*, New York: Mc Graw Hill
39. *Govor u predškolskoj ustanovi,* (1998), Beograd:Zavod za udžbenike i nastavna sredstva
40. Hamilton, D.S. & Flemming B. M. (1990), *Resources for Creative teaching in early childhood education*, New York: Harcourt Brace Jovanovich College Publishers
41. Haylock, D. (2007), *Mathematics Explained for promary teachers*, London: SAGE Publications
42. Институт за педагогија. (2000), *Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи)*, Скопје: Филозофски факултет
43. Ivić, I. Novak, D. Atanacković, N. Ašković, M. (2003), *Razvojna mapa-pregled osnovnih prekretnica u mentalnom razvoju djece od rohenja do sedme godine*, Zagreb:PROSVETA
44. Joyce, B. Calhoun, E. Hopkins, D. (2002), *Models of learning-tools for teaching*, Philadelphia:Open University Press
45. Jukić, S. (2005), *Didaktičko-metodički fragmenti*, Novi Sad:Viša škola za obrazovanje vaspiača
46. Камберски, К.(1994), *Од буквар до универзитет*, Скопје: Просветно дело
47. Kamenov, E. (1997), *Intelektualno vaspitanje kroz igru*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva

48. Каменов, Е. (1999), *Предшколска педагогија*, (књига прва и втора) Београд: Завод за уџбенике и наставна средства

49. Кантарџиев, Р. (2002), *Историја на образованието и просветата во Македонија*, Скопје: Просветно дело

50. Kej, E. 1902, Stoljeće djeteta, EDUCA: Zagreb

51. Кожух, Б. Ангелоска-Галевска, Н. (2008), *Статистичка анализа на податоци*, Скопје: Филозофски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје

52. Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (2007), Скопје: Биро за развој на образованието

53. Lazarević-Bangjur-Stanimirović (1997), *Metodika nastave prirode i društva*

54. Латкович, М. Липовац, Д. Сотирович, В. (1984), *Методика развијања почетних математичких појмова*, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства

55. Лекиħ, Ђ. (1991), *Методика разредне наставе*, Београд: Нова просвета

56. Mallory, B. L. & New, R. S. Ed. (1994), *Diversity & developmentaly appropriate practices-challenges for early childhood education*, New York & London: Teachers College

57. Marsh, C.J. (1992), *Kurikulum-temeljni pojmovi*, Zagreb: Educa

58. Matić,R.(1989), *Igre i aktivnosti dece,*BEOGRAD:NOVA PROSVETA

59. Matijević, M. Ladislav, B (2005), *Didaktika*, Zagreb: Školska knjiga

60. Миовска-Спасева, С. (2005), *Прагматистичката педагогија и основното образование*, Скопје: Селектор

61. Milanović-Nahod, S. (1988), *Kognitivne teorije i nastava*, Beograd: PROSVETA

62. Militović, T. Malinović, N. (2002), *Metodika nastave matematike*, Vranje

63. Montessori, M. 2 izdanie, *Djete-tajna djetinstva*, Zagreb: Naklada Sklap

64. Moyles, J. (2005), *The Excellence of play*, London:OPEN UNIVERSITY PRESS

65. Mužić, V. (1986), *Metodologija pedagoshkog istraživanja,* Sarajevo: Svijetlost

66. Наставен план за деветгодишно основно образование,(2007), Биро за развој на образованието

67. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија

68. *Нацрт-програма за развој на предучилишното воспитание и образование*, 2005

69. Никодиновска-Банчотовска, С. (2008), *Професионалните компетенции на наставниците*, Скопје: Акдемски печат

70. Ново деветгодишно основно училиште (2007), Скопје: Биро за развој на образованието

71. *Основи на програмата за воспитно-образовната работа во подготвителната година,* (2005), Скопје: Биро за развој на образованието

72. Packer-Isenberg,J. Renck-Jalongo,M. (2006), *Creative Thinking and Arts-Based Learning*, New Jersy:PEARSON

73. Pavlovski, T. (1992),*Tematsko planiranje u decjem vrtiču*, Beograd: Institut za pedagogiju i andragogiju, Filozofski fakultet

74. *Pedagoška enciklopedija I i II* (1989), (red. N. Potkonjak, P. Šimleša), Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva

75. *Педагошки лексикон*,(1996),Београд: Завод за уџбенике и наставна средства

76. *Педагошки лексикон* (2000), (ред. Н. Поткоњак), Београд: Завод за уџбенике и наставна средства

77. Petersen, M.Velte,U.*500 5-Minuten-Spiele,*Hamburg:Xenos Verlag

78. Петковски, К. Н. Алексова, М (2004), *Водење динамично училиште*, Скопје

79. Петроска-Бешка, В. (1996), *Како се пишува извештај за спроведено емпириско истражување*, Скопје: Малинска

80. Pejčić, B. (1995), *Metodologija empiriskog naučnog istraživanja*, Beograd: Defektološki fakultet

81. Пијаже,Ж.(1988),Развој на интелигенцијата (избор на трудови),Скопје:ПРОСВЕТНО ДЕЛО

82. Pijaže, Ž. Inhelder, B. (1978), *Intelektualni razvoj deteta*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva

83. Poljak, V. (1988), *Didaktika*, Zagreb: Školska knjiga

84. Попоски, К. (2000), *Програмирање на воспитно-образовниот процес,* Скопје: Педагошки завод на Македонија

85. Porter, L. (2003),*Young Childrens behaviour*,London: Paul Chapman Publishing

86. Posner, J. G. (2004), *Analyzing the curriculum*, New York: McGraw-Hill

87. Прирачник, (204), *Со читање и пишување до критичко мислење,* Скопје:ФИООМ

88. *Програма за воспитно-образовна дејност во предучилишното воспитание и образование*, (1982), Скопје: Републички СИЗ за унапредување на образовнаието и воспитанието

89. Pugh, G. Duffy,B. (2006),*Conteporary Issues in the Early Years*, London:SAGE Publications

90. Quintero, P. E. (2009), *Critical Literacy in Early Childhood Education*, New York: PETER LANG, pg. 61[1] Carruthers, E. Worthington, M. (2006), *Children's Mathematics-Making Marks, Making Meaning*, London: SAGE Publications

91. Ракић, В. (1966), *Васиѿање игром и умеѿношћу*, Београд

92. *Razvoj govora kod deteta,* (1997), Beograd:Zavod za udžbenike i nastavna sredstva,

93. Riley, J. (2005), *Learning in the early years*, London: Paul Chapman Publishing

94. Ристова Л.(1999), *Детството и играта-прирачник за воспитно-образовна работа со предучилишните деца*, ГТУП Спектар АС, Неготино,

95. Roberts, R. (2006), *Self-Esteem and Early Learning*, London:Paul Chapman Publishing

96. Seefeldt, C.&Barbour, N. (1994), *Early Childhood Education*, New York: Macmillan College Publishing Company

97. Секуловски, К. (1973), *Методика на наставата по запознавање на природата и општеството*, Скопје: Просветно дело

98. Синадиновска О.(1996), *Говорот во слики, зборови и игра*,Софија

99. Синадиновска, О. Ристова, Ц. (1990), *Детето и говорот-прирачник за воспитно-образовна работа за развој и култура на говорот кај предучилишните деца*, Скопје: Детска радост

100. Scarlett, W.G, Salonius-Pasternak, S.N.D., Ponte, I. (2005), *Children's Play*, London:SAGE Publications

101. Smit, V. H. O. (1999), *Razvoj deteta*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva

102. Стаменкова-Трајкова, В. 1995, *Психологија, Скопје:* Универзитетска печатница Св. Кирил и Методиј

103. Sutherland, R. (2007), *Teaching for Learning mathematics*, New York: Open University Press

104. Тофовиќ-Ќамилова, М. (1993), *Вовед во методиката на наставата*, Скопје: Просветно дело 4 и 5

105. Трнавац, Н "и др" (1991), *Дидактичке игре*, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства

106. Tricia, D. Ed.(1998), *Researching Early Childhood Education: European perspective*, London: Paul Chapman Publishing Company

107. Thompson, I. (2004), *Enhancing primary mathematics teaching*, New York: Open University Press

108. Thompson, I. (2005), *Teaching & learing early number*, New York: Open University Press

109. *** Училиште по мерка на детето (2006), Скопје: Министерство за образование и наука

110. Ward, H. Roden, J. Hewlett, C. Foreman, J (2006), *Teaching Science in the Primary Classroom: A practical guide*, London: Paul Chapman Publishing

111. Weber, E. (1984), *Ideas influencing Early childhood education*, New York: Teachers College Press

112. Weinberger, J. Pickstone, C. Hannon, P. (2005), *Learning from Sure Start*, London: Open University Press

113. Wenham, M. (2006), *Understanding Primary Science-ideas, concepts &explanations*, London: Paul Chapman Publishing

114. Whitehead, M. (2003), *Supporting Language and Literacy Development in the Early Years*, Philadeplhia: Open University Press

115. Wood, E. Attfield, J. (2006), *Play, Learning and the Early Childhood Curriculum*, London: Paul Chapman Publishing

116. www.see-educoop.net

117. www.education-freedom.org

118. www.fso.hr

119. www.acceseric.org

120. www.eurydice.org

121. www.unicef.org

122. www.bro.gov.mk

123. www.mon.gov.mk

124. www.mstp.gov.mk

125. http://www.piaget.org/

# ПРИЛОЗИ

## Инструменти за истражување



# Евиденциска листа

## Наставна програма: ______________________

Одделение: ____________________

# *Евиденциска лисша*

| | |
|---|---|
| *Програмско ӣодрачје* | |
| *Содржински рубрики* | |
| *Цел* | |
| *Задачи* | |
| *Можносши за организација и реализација на игровна акшивносш* | |
| *Предлог решенија за соодвешни игровни акшивносши* | |

# Прашалник за воспитувачи и наставници

Основно училиште:____________________

Одделение:__________________________

Наставни предмети кои Вие ги предавате :

_______________________________________

_______________________________________

_______________________________________

**Почитувани,**

**Со овој анкетен лист сакаме да ги испитаме Вашите ставови и мислења во однос на организацијата и реализацијата на игровната активност како методски концепт во првиот образовен циклус на основното образование.**

**Вашите одговори ќе бидат употребени исклучиво за научни цели на докторската дисертација.**

**Ве молиме внимателно и искрено да одговорите на поставените прашања.**

**Ви благодариме на соработката!**

**На прашалникот одговара:**

1. Воспитувач 2. Наставник

(заокружи)

1. **Пол:** а) женски б) машки

2. **Степен на завршено образование:**

3. Средно
4. Вишо
5. Високо
6. Магистратура
7. Докторат

**3.Вид на завршено образование:**

2. Филозофски факултет
3. Педагошки факултет
4. Друго

**4.Вашето работно искуство во образование е:**

1. од 1 до 10 год.
2. од 10 до 20 год.
3. од 20 до 30 год.
4. повеќе од 30 год

## 5. *Иницијалнош образование за организација и реализација на игровниише акшивносши како мешодски концеиш*

❖ **Долунаведените прашања се однесуваат на Вашето иницијално образование. Размислете и заокружете еден од броевите кој што соодветствува на Вашиот став.**

| **4.** | **Иницијалното образование за организација и реализација на игровната активност како методски концепт беше ...** | Воопшто не | Делумно | Да, во потполност |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Содржински доволно застапено за време на стручната подготовка | 1 | 2 | 3 |
| 2. | Со задоволително практично искуство | 1 | 2 | 3 |
| 3. | Корисно за сегашното професионално работење | 1 | 2 | 3 |

## 6. *Обуки за професионално усовршување наменеши за организација и реализација на игровниише акшивносши како мешодски концеиш*

❖ **Долунаведените прашања се однесуваат на Вашите потреби и искуства од обуките за професионално усовршување наменети за организација и реализација на игровната активност како методски концепт. Размислете и заокружете еден од броевите кој што соодветствува на Вашиот став.**

| **5.** | **Обуките за професионално усовршување наменети за организација и реализација на игровната активност како методски концепт се ...** | Воопшто не | Делумно | Да, во потполност |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Доволно застапени | 1 | 2 | 3 |
| 2. | Корисни и применливи | 1 | 2 | 3 |
| 3. | Иновативни и современи | 1 | 2 | 3 |
| 4. | Кои обуки досега сте ги посетувале:<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________ | | | |

7. ***Соодветноста на наставните програми од првиот образовен циклус, за организација и реализација на игровната активност како методски концепт***

❖ **Долунаведените прашања се однесуваат на Вашите ставови и мислења за соодветноста на наставните програми од првиот образовен циклус, за организација и реализација на игровната активност како методски концепт. Размислете и заокружете еден од броевите кој што соодветствува на Вашиот став.**

| 6. | **Наставните програми во првиот образовен циклус на основното образование ...** | воопшто не е така | во најголем дел не е така | во најголем дел е така | во потполност е така |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Содржински нудат можност за организација и реализација на игровни активности | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2. | Нудат определени насоки за организација и реализација на игровни активности | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3. | Нудат готови решенија/примери за организација и реализација на игровни активности | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4. | Најсоодветни програмски подрачја за организација и реализација на игровни активности се:<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________ | | | | |

8. ***Дидактичко-методската подготовка на воспитувачите и наставниците во процесот на креирање и реализирање на игровната активност како методски концепт***

❖ **Долунаведените прашања се однесуваат на Вашите ставови и мислења за дидактичко-методската подготовка на воспитувачите и наставниците во процесот на креирање и реализирање на игровната активност како методски концепт. Размислете и заокружете еден од броевите кој што соодветствува на Вашиот став.**

| **1.** | **Во организацијата и реализацијата на огровната активност како методски концепт поаѓаме од:** |
|---|---|
| 1. | Наставната содржина |
| 2. | Интересите на децата |
| 3. | Актуелните случувања во училиштето |

| **2.** | **Во организацијата и реализацијата на огровната активност како методски концепт применуваме:** | Воопшто не | Делумно | Да, во потполност |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Тематски пристап | 1 | 2 | 3 |
| 2. | Интегриран пристап | 1 | 2 | 3 |
| 3. | Холистички пристап | 1 | 2 | 3 |

| **3.** | **Примената на игровната активност е:** | Воопшто не | Делумно | Да, во потполност |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Во готова форма зададена на учениците | 1 | 2 | 3 |
| 2. | Поттикната и насочена од страна на воспитувачите и наставниците | 1 | 2 | 3 |
| 3. | Иницирана и водена од страна на учениците | 1 | 2 | 3 |

| 6. | **Дидактичките материјали и средства кои се применуваат во реализацијата на игровната активносте е:** | Воопшто не | Делумно | Да, во потполност |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Дидактички материјали | 1 | 2 | 3 |
| 2. | Природни материјали | 1 | 2 | 3 |
| 3. | Наменски подготвени материјали | 1 | 2 | 3 |
| 4. | Комбинирани | 1 | 2 | 3 |

# Протокол за набљудување на методска артикулација на игровна активност

Основно училиште:______________________________

Одделение:______________________________

Наставен предмет:______________________________

Воспитувач/наставник:______________________________

Работен стаж:______________________________

Завршено образование:______________________________

Број на деца:______________________________

Дата и ден:______________________________

Време на набљудување:______________________________

## *Протокол за набљудување на методска артикулација на игровна активност*

➢ **Општи податоци за наставниот час**

| | |
|---|---|
| *Наставна тема* | |
| *Наставна содржина* | |
| *Цел* | |
| *Задачи* | |

## I. Микрометодски компоненти на игровната активност

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *1. Методи* | ***1. Методи на наставна работа во игровната активност*** | **ДА** | **НЕ** | |
| | 1.1 Метод на усно излагање | | | |
| | 1.2 Метод на пишување | | | |
| | 1.3 Метод на разговор | | | |
| | 1.4 Метод на читање и работа на текст | | | |
| | 1.5 Илустративен метод | | | |
| | 1.6 Метод на демонстрација | | | |
| | 1.7 Друго:____________ | | | |
| *2. Форми* | ***2. Форми на наставна работа во игровната активност*** | **ДА** | **НЕ** | |
| | 2.1 Фронтална | | | |
| | 2.2 Индивидуална | | | |
| | 2.3 Групна | | | |
| | 2.4 Тандемска | | | |
| *3.Насоченост* | ***3. Насоченост на игровната активност*** | **Воопшто не** | **Делумно** | **Во потполност** |
| | 3.1 Кон истражувачки постапки | | | |
| | 3.2 Кон фактографско знаење | | | |
| | 3.3 Кон критичко размислување | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3.4 Кон формирање на ставови и вредности | | | |
| | 3.5 Кон развој на вештини и способности | | | |
| | 3.6 Кон развој на навики и умеења | | | |
| | 3.7Друго:____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________ | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ***4. Вид на игровна активност*** | **ДА** | **НЕ** |
| | 4.1 Дидактичка | | |
| | 4.2 Сензомоторна | | |
| | 4.3 Физичка | | |
| | 4.4 Конструктивна | | |
| *4. Вид* | 4.5 Симболичка | | |
| | 4.6 Функционална | | |
| | 4.7 Имитативна | | |
| | 4.8 Творечка | | |
| | 4.9 Спонтана | | |
| | 4.10 Друго:____________________<br>____________________<br>____________________<br>____________________ | | |
| | ***5. Место на реализација на игровната активност*** | **ДА** | **НЕ** |
| *5. Место на реализација* | 5.1 Во училница | | |
| | 5.2 Во училишен двор | | |
| | 5.3 Во институција | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 5.4 Друго:__________________________________________ | | |
| | ***6. Времетраење на игровната активност*** | **ДА** | **НЕ** |
| *6. Времетраење* | 6.1 Еден дел од наставниот час | | |
| | 6.2 Еден наставен час | | |
| | 6.3 Блок часови | | |
| | 6.4 Еден наставен ден | | |
| | 6.5 Друго:__________________________________________ | | |
| | ***7. Интеграција на игровната активност*** | **ДА** | **НЕ** |
| *7. Интеграција* | 7.1 Со содржини од истиот предмет:____________________________ | | |
| | 7.2 Со други предмети:____________________________ | | |
| *8.Дидактички средства и материјали* | | | |
| *9.Цел на игровната активност* | | | |

## II. Макрометодски компоненти на игровната активност

| | *1. Иницијација на игровната активност* | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|
| *1. Иницијација* | 1.1 Од страна на наставникот: | | |
| | 1.2 Од страна на ученикот: | | |
| *2. Тек и реализација на игровната активност* | *2. Тек и реализација на игровната активност* | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *3. Восӣиӣно-образовни ефекӣи* | ***3. Восӣиӣно-образовни ефекӣи од игровнаӣа акӣивносӣ*** | | | |
| | | | | |
| *4.Комӣаӣи билносӣ* | ***4.Комӣаӣибилносӣ на игровнаӣа акӣивносӣ со учениковиӣе:*** | **ДА** | **НЕ** | |
| | 4. 1 Предзнаења | | | |
| | 4.2 Можности | | | |
| | 4.3 Потреби | | | |
| | 4.4 Интереси | | | |
| | 4.5 Возраст | | | |
| | 4.6 Социјален контекст | | | |
| | 4.7Друго:______________ | | | |
| *5. Улогаӣа и сӣаӣусоӣ на ученикоӣ* | ***5. Улогаӣа и сӣаӣусоӣ на ученикоӣ во ӣекоӣ на игровнаӣа акӣивносӣ*** | **Никој** | **Некои** | **Сите** |
| | 5. 1 Активен субјект | | | |
| | 5.2 Пасивен објект | | | |
| | 5.3 Ги следи потребите и интересите | | | |
| | 5.4 Самоиницијативен | | | |
| | 5.5 Задоволен | | | |
| | 5.6 Кооперативен | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 5.7 Ангажиран | | | |
| | 5.8 Друго:________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________ | | | |
| | ***6. Улогата и статусот на воспитувачот / наставникот во текот на игровната активност*** | **ДА** | **НЕ** | |
| | 6.1 Медијатор | | | |
| | 6.2 Активен субјект | | | |
| | 6.3 Поттикнувач | | | |
| | 6.4 Мотивира | | | |
| | 6.5 Охрабрува | | | |
| *6. Улогата и статусот на воспитувачот / наставникот* | 6.6 Демократичен | | | |
| | 6.7 Ги почитува потребите на учениците | | | |
| | 6.8 Динамичен | | | |
| | 6.9 Снаодлив | | | |
| | 6.10 Љубезен | | | |
| | 6.11 Доминантен | | | |
| | 6.12 Строг | | | |
| | 6.13 Авторитарен | | | |
| | 6.14 Друго:________________________<br>______________________________<br>______________________________<br>______________________________ | | | |
| *7. Јазикот и говорот* | ***7. Анализа на јазикот и говорот кој се користи во игровната активност*** | **ДА** | **НЕ** | |
| | 7.1 Литературен | | | |
| | 7.2 Јасен | | | |
| | 7.3 Концизен | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 7.4 Разбирлив | | |
| | 7.5 Соодветен на учениковата возраст | | |
| | 7.6 Друго:______________________ | | |
| | ***8. Опис и анализа на вербалната комуникација меѓу субјектите за време на игровната активност*** | **ДА** | **НЕ** |
| *8. Вербалната комуникација* | 8.1 Вербална комуникација меѓу сите субјекти | | |
| | 8.2 Меѓу учениците и наставникот | | |
| | 8.3 Меѓу група на ученици | | |
| | 8.4 Не постои вербална комуникација | | |
| | Друго:______________________ | | |
| | ***9. Опис и анализа на невербалната комуникација меѓу субјектите за време на игровната активност*** | **ДА** | **НЕ** |
| *9. Невербалната комуникација* | 9.1 Пратење со поглед | | |
| | 9.2 Изразени мимики | | |
| | 9.3 Потврда за следење и внимание | | |
| | 9.4 Слободно движење низ просторијата | | |
| | 9.5 Друго:______________________ | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *10.Климата и атмосферата* | ***19.Опис на климата и атмосферата за време на игровната активност*** | **ДА** | **НЕ** |
| | 10.1 Учениците ја прифаќаат игровната активност | | |
| | 10.2 Позитивна клима | | |
| | 10.3 Стимулативна атмосфера | | |
| | 10.4 Работна атмосфера | | |
| | 10.5 Соработништво | | |
| | 10.6 Интензивна интеракција | | |
| | 10.7 Нагласен индивидуализам | | |
| | 10.8 Друго:____________________ | | |
| *11. Технолошка подршка* | ***11. Технолошка подршка за време на игровната активност*** | **ДА** | **НЕ** |
| | 11.1 Компјутери | | |
| | 11.2 Софтверски програми | | |
| | 11.3 ДВД | | |
| | 11.4 Аудио-видео техника | | |
| | 11.5 Друго:____________________ | | |
| *21. Анализа на дидактичко-методска организација на игровната активност* | | | |

| | |
|---|---|
| *22. Анализа на просторно-временска организација на игровната активност* | |
| *23. Забелешка на опсерваторот* | |